***УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"***
***ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ- СКОПЈЕ***
***ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА ~~СО АРХИВИСТИКА~~***

# *РАЗВОЈ НА АРХИВСКАТА ДЕЈНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1918 - 1945 ГОДИНА*

***(докторска дисертација)***

***Ментор:***
***проф.-д-р Методија Манојловски***

***кандидат:***
***м-р Ѓорѓи Стојчевски***

***Скопје 2006***

# СОДРЖИНА

Содржина . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2 - 4
ПРЕДГОВОР . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5 - 11
ВОВЕД . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 12 - 14
ПРВА ГЛАВА
ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ВО НОВОФОРМИРАНОТО КРАЛСТВО НА СРБИТЕ, ХРВАТИТЕ И СЛОВЕНЦИТЕ ОД 1918 ДО 1921 ГОДИНА И ПОЧЕТОЦИТЕ НА АРХИВСКАТА ДЕЈНОСТ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 15 - 56
1.1. Унитаристичкото и централистичкото уредување во Кралството СХС . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 16 - 24
1.2. Големосрпската политика на централните државни органи 25 - 28
1.3. Административната поделба и организирањето на локалните органи на власта . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 29 - 33
1.4. Основање на научните и културните институции . . . . . . . . . 34 - 44
1.5. Карактерот на институциите-фондообразователи и почетоците на архивското работење . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 45 - 56
ВТОРА ГЛАВА
АРХИВСКАТА ДЕЈНОСТ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНАТА ПОЛОЖБА ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ОД ДОНЕСУВАЊЕТО НА ВИДОВДЕНСКИОТ УСТАВ ДО ВОВЕДУВАЊЕТО НА ШЕСТОЈАНУАРСКАТА ДИКТАТУРА ВО 1929 ГОДИНА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 57 - 99
2.1. Промените во организацијата на локалните органи по донесувањето на Видовденскиот устав . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 58 - 69
2.2. Законските прописи за органите на управата и други институции и нивната улога како фондообразователи во државната управа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 70 - 77
2.3. Карактеристиките на канцелариското и архивското работење до 1926 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 78 - 88

2.4. Основањето на Архивот во Скопје како прва професионална инс титуција од архивски тип и неговата улога во првите години (1926-1929) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 89 - 99

ТРЕТА ГЛАВА

АРХИВСКАТА ДЕЈНОСТ ВО ВАРДАРСКАТА БАНОВИНА ЗА ВРЕМЕ НА МОНАРХОФАШИСТИЧКАТА ДИКТАТУРА ВО КРАЛСТВОТО ЈУГОСЛАВИЈА (1929-1934 ГОДИНА) . . . . . . 100 - 147

3.1. Укинувањето на Видовденскиот устав и управувањето со кралски и владини закони и укази . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 101 - 120

3.2. Новата административно-територијална поделба на бановини и организацијата на канцелариското и архивското работење . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 121 - 138

3.3. Подарениот (Октроираниот) устав од септември 1931 година и ар ивското работење . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 139 - 147

ГЛАВА ЧЕТВРТА

ВРАЌАЊЕТО НА ПАРТИСКИОТ ПЛУРАЛИЗАМ И ПАРЛАМЕНТАРНИОТ СИСТЕМ ВО ВАРДАРСКАТА БАНОВИНА ДО ПРОПАЃАЊЕТО НА КРАЛСТВОТО ЈУГОСЛАВИЈА ОД 1935 ДО 1941 ГОДИНА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 148 - 213

4.1. Барањата на опозицијата за воведување на федеративен и демократски принцип на уредување и донесувањето на новиот устав . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 149 -158

4.2. Промените во внатрешното уредување на државата по спогодбата на Д. Цветковиќ - В. Мачек и формирањето на Хрватската Бановина . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 159 - 166

4.3. Органите на управата и другите институции и организации во Ма кедонија како фондообразователи и извори на документација. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 167 - 173

4.4. Карактеристиките на канцелариското и архивското работење до април 1941 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 174 - 180

4.5. Дејноста на архивот во Скопје до април 1941 година . . . . .181 - 204

4.6. Судбината на архивската граѓа во периодот на Априлската војна . ................................................ 205 - 213

ГЛАВА ПЕТТА

ВОСПОСТАВУВАЊЕТО НА ОКУПАЦИЈАТА И ПОДЕЛБАТА НА МАКЕДОНИЈА МЕЃУ БУГАРИЈА И ИТАЛИЈА И ПРОМЕНИТЕ ВО АРХИВСКАТА ДЕЈНОСТ (АПРИЛ-МАЈ 1941 ГОДИНА) . ................................................ 214 - 280

5.1. Воспоставувањето на бугарскиот окупаторски систем и спроведување на големобугарската политика во Скопската и Битолската област ................................ 215 - 225

5.2. Улогата на органите, институциите и организациите како фондообразователи ................................ 226 - 235

5.3. Архивската дејност под бугарска окупација ........... 236 - 259

5.4. Воспоставувањето на италијанската и албанската окупација во Западниот дел на Вардарска Македонија ............ 260 - 265

5.5. Организација на органите на управата, институциите и организациите како фондообразователи ..................... 266 - 274

5.6. Архивската дејност во Вардарскиот дел на Македонија под италијанска и албанска окупација ........................ 275 - 280

ГЛАВА ШЕСТА

СОЗДАВАЊЕТО НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ВО ТЕКОТ НА НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА 1941-1944 ГОДИНА ........ ................................................ 281 - 324

6.1. Настанувањето на документацијата во КПМ, Народноослободителната војска, органите на Народната власт и грижата за нејзината заштита ................................ 282 - 308

6.2. Конституирањето на македонската федерална држава и почетоци на архивската дејност ................................ 309 - 324

ЗАКЛУЧОК ................................................ 325 - 335

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА ................................ 336 -350

## ПРЕДГОВОР

Проучувањето на историскиот развоен пат на архивската дејност во Македонија во периодот 1918 - 1945 година, во себе носи одреден научен предизвик, во една целина да се обработат историската и архивистичката дејност и материја, како два составни делови на наведената проблематика.

*Значењето и улогата од проучувањето на оваа проблематика* се состои пред сé во задоволувањето на потребата да се дојде до нови сознанија за историскиот развој на архивската дејност во Македонија, посебно во периодот меѓу двете светски војни и во текот на Втората светска војна. Ова е дотолку потребно, што во досегашните научни истражувања на оваа проблематика секогаш се проучувале одредени аспекти на проблеми, при што целосното претставување на наведената проблематика изостанувало.

Значењето на разработката на оваа проблематика од наша страна го гледаме и од аспект на современите потреби од понатамошното проучување на историскиот развој на архивската дејност во Македонија, кое прашање се покренува поради задоволување на потребите за збогатување на сознанијата во врска со оваа проблематика при работата во архивите на Република Македонија.

*Мотивите* кои нé инспирира да се зафатиме за проучувањето на оваа проблематика главно беа: интегрално да се обработат аспектите на генезата на архивската дејност и при тоа да се примени тематскиот и хронолошкиот метод при истражувањето и обработката на материјата. Уверени сме дека овој пристап за тематското и хронолошкото истражување, ќе доведе до исполнување на нашата замисла.

Од друга страна, ги имаме во предвид и фактите дека од почнувањето со работа на Архивот на Македонија на 1 април 1951 година

до денес во Македонија сé уште не се појавил посебен труд посветен на проучувањето на оваа проблематика, од аспект и методологија како понудениот во нашиот труд. Тоа беше и поттик да се зафатиме со проучување на оваа проблематика.

*Концепцијата на нашиот труд* е градена врз основа на предавање на материјалот во шест одделни делови (глави), во чиј состав се вградени поднаслови со конкретната разработка на материјата предвидена во содржината на одредената проблематика.

Првата глава носи наслов: "Вардарскиот дел на Македонија во новоформираното Кралство на Србите, Хрватите и Словенците од 1918-1921 година и почетоците на архивската дејност". Во приложените поднаслови ги разгледуваме прашањата во врска со унитаристичкото и централистичкото уредување на Кралството на СХС и политиката на големосрпската буржоазија, административната поделба, односно функционирањето на локалните органи на власта; прашањето за формирањето на научните и културните институции, како и карактерот, улогата и значењето на институциите-фондообразователи и почетните елементи на архивското работење во Вардарскиот дел на Македонија.

Во вората глава, под наслов "Архивската дејност и политичко-правната положба во Вардарскиот дел на Македонија од донесувањето на Видовденскиот устав до воведувањето на Шестојануарската диктатура во 1929 година", ги анализираме организационите промени во власта од периодот по Видовденскиот устав; донесувањето на законските прописи за органите на државната управа за чувањето на документацијата, како и карактеристиките на канцелариското и архивското работење до 1926 година. Во овој дел од тезата се проследува и основањето на Архивот во градот Скопје и почетокот на неговата работа.

Во третата глава под наслов "Архивската дејност во Вардарската бановина за време на монарходиктатурата во Кралството Југославија (1929-1934 година)", ги проучуваме укинувањето на Видовденскиот

устав, појавата на новата административно-територијална поделба на Кралството Југославија на бановини, како и подарениот, октроиран устав од септември 1931 година.

Четвртата глава под наслов "Враќањето на партискиот плурализам и парламентарниот систем во Вардарска бановина до пропаѓањето на Кралството Југославија од 1935 до 1941 година" ги разгледува прашањата во врска со барањата на опозицијата за преуредување на државата на федеративни и демократскии принципи и се задржуваме на проучувањето на органите на управата и останатите институции и организации, како основни извори на документација и фондообразователи. Овде ги разработуваме исто така и карактеристиките на канцелариското и архивското работење до април 1941 година.

Во петтата глава "Воспоставувањето на окупација и поделбата на Македонија меѓу Бугарија и Италија и промените во архивската дејност (април–мај 1941година)" ги обработуваме прашањата во врска со воспоставување на бугарскиот окупаторски систем во Македонија и спроведувањето на големобугарската политика преку органите на управата, институциите и организациите во рамките на Скопската и Битолската област. Во овој дел ја анализираме улогата на институциите како фондообразователи, потоа односот на бугарските власти кон архивската документација од претходниот окупаторски систем на српската буржоазија меѓу двете светски војни на Вардарска Македонија; окупаторскиот систем на Италија во Западна Македонија; организациите на управата и нивната улога на фондообразователи, како и системот на окупаторската власт и нејзината архивска дејност.

Во последната шеста глава под наслов "Создавање на документацијата во текот на Народноослободителната војна 1941-1944 година", го обработуваме настанувањето на документацијата од страна на органите на КПМ, Народноослообoдителната војска и органите на народната власт, како и грижата за заштитата на архивската граѓа и документар-

ниот материјал. Овде се задржуваме на конституирањето на македонската федерална држава и почетоците на архивската дејност.

На крајот трудот содржи Заклучок, во кој се дефинираат постоечките и новите факти до кои е дојдено во однос на досега познатите сознанија за оваа проблематика, дадени се изворите и литературата, кои беа користени при проучувањето на проблематиката.

На ова место е потребно да се подвлече, дека во *досегашната обработка на оваа проблематика* се среќаваат повеќе трудови, кои обработуваат одредени делови или аспекти од историскиот развој на архивската дејност кај нас.

Меѓу првите архивски работници кои пишувале за архивската дејност во Република Македонија во повоениот период бил Нецат Јашар, првиот директор на Државниот Архив на НР Македонија. Тој дава исцрпна анализа на историските прилики при основањето и почетокот на работењето на Државниот архив во Скопје од 1926 година.[1] Во неговиот труд се наведени податоци за опременоста на архивот; првите раководители и резултатите од нивната работа; фондовите кои ги имало во архивот, нивниот состав и гранска поделба, како и податоците во врска со судбината на граѓата за периодот од 1941 до 1951 година, односно сé до времето кога тој го поднел својот труд за историскиот развој на македонската архивска дејност.

Директорот на Архивот на градот Скопје, сегашното Одделение Скопје, при Државниот архив на Република Македонија, д-р Милош Константинов, во својот творечки опус посветен на архивистиката, покрај повеќето помали трудови во врска со архивското законодавство, во својот обемен труд се задржува на заштитата на архивската граѓа.[2] Во истиот труд тој се осврнува на основните елементи при заштитата на архивската граѓа и регистратурскиот материјал, како категории на културно наследство, кај имателите и во архивите, а потоа преминува

[1] N. Jašar, Drzavna arhiva NR Makedonije 1926-1951, Arhivist, Beograd, 1954, sv. 1, 89-94.
[2] М. Константинов, Заштита на архивската граѓа, Скопје 1972, с. 159.

на обработката на архивската граѓа, осврнувајќи се на нејзиниот поим, евиденција, преземање, одбирање, чување и нејзиното движење во земјата или во странство. Во вториот дел од овој труд, се осврнува на архивските установи, давајќи карактеристики за архивската мрежа во Македонија (архивски установи, архиви во состав, документарни служби, Архив на Македонија) и се задржува на надлежноста, надзорот и управувањето на стручните тела и санкциите во областа на архивската дејност и служба. Во трудот се разгледани и сојузните југословенски и републичките македонски архивски прописи, при што трудот станува неопходна литература за секој архивист во Македонија. Споменатиот автор, кој се посветил на проучувањето во врска со повоениот период од историскиот развој на архивската дејност во Македонија, воедно го претставаува и самиот врв на ангажманот преземен од страна на нашите македонските архивисти.

Димче Стојанов - Мире, долгогодишниот директор на Архивот на Македонија, во својот творечки опус има дадено забележителен придонес во поглед на историскиот развој на архивистиката во Република Македонија. Тој ги насочуваше главните правци при развојот на архивот, а со тоа паралелно и на архивистиката како научна дисциплина и составен дел од историјата на македонскиот народ. Истакнуваше и една голема вистина: "Без документација нема нација !", односно дека "Архивот е лична карта на државата!". Неговите зборови беа доказ колку тој беше ангажиран во развојот на архивската дејност во Македонија. Исто така тој направи повеќе обиди, заедно со акад. Љубен Лапе, да оворат архивистички студии на Универзитетот во Скопје, но условите сеуште не беа созреани. Во своите неколку трудови за историскиот развој на архивите во Македонија Димче Стојанов – Мире една програма со визионерски насоки за понатамошниот развој на архивите во Република Македонија.[3]

[3] Неговите ставови и предлози се содржани во следните трудови: Некои остварувања на Архивот на Македонија и главните правци на идното делување. Македонски Архивист (по-

Исто така и архивистот Тодор Талески, помошник на директорот во Архивот на Македонија даде свој придонос во развојот на архивската дејност. Тој го обработува прашањето во врска со ангажирањето на архивите во писарниците, заштитата на граѓата; нејзиното одбирање и подготвување со пропишани регистратурски и архивски евиденции, како и преземањето на активностите при приемот на граѓата во архивот,[4] односно дава свој придонес и во поглед на регистрирањето на главните етапи во историскиот развој на архивската дејност во Република Македонија или еден вид хронологија на развојните процеси.[5]

За развојот на архивската дејност свој придонес даде и архивистот Трајко Зајковски, раководител во Архивот на Република Македонија. Тој е автор на повеќе стручни трудови и написи во врска со архивското работење на фондовите. Од посебно значење му се два труда. Во првиот исцрпно ја обработува проблематиката за административно-територијалната поделба на Македонија во периодот меѓу двете светски војни (1918-1941),[6] а во вториот ги анализира проблемите на фондовите настанати во социјалистичкиот период.[7] Наведениот автор го дава својот придонес и кон развојот на архивската дејност од областа на средувањето и обработката на архивските фондови, или усовршувањето на методологијата при работа на фондовите.[8]

Во врска со историскиот развој на архивската дејност во Република Македонија свој придонес има дадено и архивистката Радмила Поповиќ-Петковиќ. Таа се задржува врз основањето на Државниот архив во

---

натаму: МА), т. I, 1972, с. 15-17; Основањето регионални архиви - клучна задача, МА, 2, 1973, с. 7-9; Реферат за 25-годишната дејност на Архивот на Македонија, МА, т. V, 1976, с. 164-171

[4] Т. Талески, Одбирање на архивската граѓа од регистратурскиот материјал во работните организаици, МА, т. III-IV, 1974-1975, Скоопје, 1976, с. 5-12.

[5] Истиот. Развој на архивската служба во Македонија. МА, IX-X, Скопје, 1980, с. 5-21.

[6] Т. Зајковски, Административно-територијалната поделба, организација на власта и канцелариско работење во Македонија од 1918 до 1941 година. Републичко Советување одржано на 29 и 30 мај 1969 година, Скопје, 1969, с. 23.

[7] Истиот, Проблеми во врска со средување и обработка на архивската граѓа од социјалистичкиот период, Скопје, 1981, с.13.

[8] Истиот, Состојби и насоки за единствена методологија на средување на архивска граѓа во архивите на СРМ, МА, XV-XVI (1985-1986), кн. 15-16, Скопје 1987, с. 85-94.

Скопје во 1926 година и ги опишува условите во кои се одвивала архивската дејност.[9]

Ценет придонес имаат дадено и архивските работници од Државниот архив. Меѓу нив се истакнува м-р Станојка Тодоровска, која се занимава со заштитата на архивската граѓа и во својот магистерски труд го разгледува поновиот развој на архивската дејност во Република Македонија.

Исто така и нашиот магистерски труд, кој се однесува на историскиот развој на архивската дејност во Македонија во периодот 1945-2001 година несомнено претставува придонес во обработката на развојниот период од 1991 до 2001 година, т.е. последната деценија во историскиот развој на архивската дејност во Македонија.

Несомнен придонес претставува докторскиот труд на д-р Иван Алексов, кој се однесува на историскиот развој на архивската дејност во Република Македонија по ослободувањето до поновиот период. Во него се проучуваат повеќе аспекти од развојот, организацијата и работата на архивската дејност и служба во Република Македонија, со објективна оценка за постигнатите резултати во архивистиката.

---

[9] Р. Поповиќ-Петковиќ, Постанак и развој архивистике у Србији и Македонији, Београд 1972, с. 19-20, 143-147, 204-205.

# ВОВЕД

Проучувањето на проблематиката поврзана со историскиот развој на архивската дејност во Република Македонија претставува предмет на обработка кој се однесува на два значајни периоди од историјата на македонскиот народ: периодот меѓу двете светски војни и Втората светска војна, односно од 1918 до 1945 година. Во наведениот период архивската дејност се активира во втората половина на 1926 година, кога се формира српскиот државен архив на Скопје, во Вардарскиот дел на Македонија, како прва специјализирана установа од архивски тип. Неговата дејност со променлив интензитет се одвивала во текот на целиот период меѓу двете светски војни до пропаѓањето на Кралството Југославија. Во текот на НОВ во единиците на НОВ почнува да се одвива елементарна заштита на настанатите документи во воените единици, како и во органите на народната власт.

Во трудот се обработуваат приликите во Вардарскиот дел на Македонија во периодот на новоформираното Кралство СХС и државниот провизориум од 1918 до 1921 година. Потоа приликите по Видовденскиот устав до воведувањето на Шестојануарската диктатура 1921-1929 година; времето на монархистичката диктатура во Кралството Југославија од 1929 до 1934 година, како и враќањето на партискиот плурализам и буржоаскиот парламентаризам во 1935 година сè до пропаѓањето на Кралството Југославија во април 1941 година.

Исто така предмет на обработка ќе бидат воспоставувањето на новата окупација и поделба на Македонија помеѓу Бугарија и Италија во април-мај 1941 година и промените во архивската дејност. Посебно ќе се обработи создавањето на документацијата во текот на Народноослободителната војна 1941-1944 година.

Во дисертацијата *наведенаѿа ӣроблемаѿика* ќе биде обработена преку анализа на потребната литература, која се однесува на политичките прилики во Македонија во периодот 1918-1945 година.

*Сѿрукѿураѿа на дисерѿацијаѿа* беше определена врз основа на согледаните потреби и цели да се одговори на задачата за претставување на развојот на архивската дејност во Македонија во периодот 1918 - 1945 година. Од тие причини трудот беше поделен во шест глави, со повеќе поднаслови. Првата глава ги обработува прашањата во врска со унитаристичкото и централистичкото уредување на Кралството СХС, како и политиката на централните државни органи. Во оваа глава се разгледува административната поделба на Вардарскиот дел на Македонија и функционирањето на локалните органи на власта; прашањето за основањето на научни и културни друштва, како и институциите-фондообразователи и почетоците на архивското работење во Македонија.

Во втората глава се анализирани прашањата во врска со организационите промени во власта по донесувањето на Видовденскиот устав; законските прописи за органите на државната управа во однос на чувањето на документацијата; карактеристиките на канцелариското и архивското работење до 1926 година и основањето на Архивот во Скопје.

Во третата глава се обработуваат прашањата поврзани со укинувањетио на Видовденскиот устав; новата административно-територијална поделба на Кралството Југославија на бановини и донесувањето на уставот од септември 1931 година.

Во четвртата глава се анализираатпрашањата во врска со барањата на опозицијата за преуредување на државата на федеративен и демократски принцип; работата на органите на управата и другите институции и организации како извори на документација и фондообразователи. Овде посебно се разгледуваат карактеристиките на канцелариското и архивското работење во Вардарскиот дел на Македонија до почетокот на војната во 1941 година.

Во петтата глава се дава преглед на прашањата во врска со воспоставувањето на бугарскиот окупаторски систем и спроведување на големобугарската политика преку органите на управата, институциите и организациите во Скопската и Битолската област, потоа односот на бугарските власти кон архивската документација од претходната српска окупација на Вардарскиот дел на Македонија; организациите на управата и нивната улога на фондообразователи, како и архивската дејност во Западниот дел на Македонија под италијанска окупација.

Во последната глава се прави преглед на настанувањето на документацијата од страна на КПМ, Народноослообоодителната војска и органите на народната власт, како и грижата за заштитата на наведената документација. Во овој дел се задржуваме на конституирањето на македонската федерална држава и почетоците на архивската дејност.

На крајот трудот содржи Заклучок во кој се регистрирани сознанија и факти за наведената проблематика. Исто така даден е и преглед од користените извори и литература за историјата на македонскиот народ и архивистиката во Република Македонија.

# ПРВА ГЛАВА

## ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ВО НОВОФОРМИРАНОТО КРАЛСТВО НА СРБИТЕ, ХРВАТИТЕ И СЛОВЕНЦИТЕ ОД 1918 ДО 1921 ГОДИНА И ПОЧЕТОЦИТЕ НА АРХИВСКАТА ДЕЈНОСТ

## 1.1. УНИТАРИСТИЧКОТО И ЦЕНТРАЛИСТИЧКОТО УРЕДУВАЊЕ ВО КРАЛСТВОТО СХС

Со актот на обединувањето на југословеснките народи на 1 декември 1918 година во единствена југословенска држава Кралство на Србите, Хрватите и Словенците, беше остварена една историска желба на дел од нив да се обединат во една држава. Тогаш северниот и централниот дел на Вардарскиот дел на Македонија околу Повардарието влезе во рамките на новобразуваната држава.[10]

Со актот на обединувањето беше поставен камен-темелник на новата држава, а со Уставот од 1921 година и утврден карактерот на обединувањето на југословенските народи. Новосоздадената држава уште од порано била *наследна и уставна монархија* на чело со династијата на српскиот крал Караѓорѓевиќ, која *уставно* се конституирала врз принципите на компромисниот *национален унитаризам.* При тоа бил озаконет *централизмот*, но било задржано и "племенското" име во називот на новата држава.[11]

Во новосодадената држава не биле решени основните прашања на внатрешното уредување, посебно националното и социјалното во однос на интересите на широките народни маси. Во неа Македонците и Црногорците биле третирани како дел од "српски народ", при што се тргнувало од сваќањето дека териториите на Кралството Србија, Вардарскиот дел на Македонија, Црна Гора, Војводина и Босна и Херцеговина се "српски земји", кои ќе ја следат судбината на Кралството Србија како "'рбетник на новата држава воспоставена непосредно по распадот на Австро-Унгарија." [12]

---

[10] Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје 1969, с. 7. с

[11] Историја на македонскиот народ, том четврти, Македонија меѓу балканските и Втората светска војна (1912-1941), Скопје 2000, с. 153.

[12] Н. Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, Скопје 2000, с. 11-13.

Вардарскиот дел на Македонија по обединувањето во Кралство на СХС во текот на првите години од своето постоење ги доживуваше тешките социјално-економски последици од големите опустошувања и разурнувања во текот на Балканските и Првата светска војна, а територијата на Македонија беше скоро постојано поприште на жестоки судири на бројни и разнородни војски.[13]

Состојбата во новата држава се наоѓала во "знак на полно превривањње, со сенката на нерешените основни прашања во земјата, каде многу спротивности секојдневно избивале и сé повеќе се заостурвале."[14] Големите опустошувања и разурнувања од војните уште повеќе ја зголемуваа стопанската истоштеност, а пространи комплекси земја остануваа необработувани поради несредените поседовни односи и реквизициите на човечка и сточна храна.[15] Политичкиот и националниот развиток на македонскиот народ се одвиваше во насока на постојано заострување на класните и националните судари и спротивности, како последица од тешките стопански и политички услови за живот и националнопотиснувачката политика водена од страна на српската владеачка буржазија.[16]

Големосрпската политиката на монархијата во наведениот период се одликувала со национално-потиснувачки однос кон македонскиот народ, посебно кон најстрогата забрана на употребата на македонскиот јазик, печатењето на книги или било каков вид на публикации на македонски јазик.

При развојот на наведените состојби, македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија се наоѓал под непосредно влијание на неколку социјално-економски, политички и национални *чиниѿели* и идеологии, кои биле карактеристични при формирањето на новиот ам-

---

[13] Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје, 1969, с. 8.
[14] F. Čulinović, Jugoslavija između dva rata, I, Zagreb, 1961, s. 95.
[15] Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје, 1969, с. 8.
[16] Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 235-242.

биент во државата. Неколку чинители ги сочинуваат карактеристиките во Вардарскиот дел на Македонија:

*Првите чинители* произлегувале од политиката на големосрпската буржоазија, која се стремела да изврши колонизација, денационализација и асимилација на македонскиот народ во рамките на една одредена географска целина, како дел од територијата на целокупна Македонија. *Вторите* доаѓале од страна на "автономистичката" ВМРО предводена од Тодор Александров и Александар Протогеров, кои го раководеле врховизираното крило на ВМРО и се ставиле во непосредна служба на бугарскиот двор. *Третите* на политичката сцена во Вардарскиот дел на Македонија се појавиле во идеологијата на социјалистичкото и работничкото движење на Кралството СХС, односно Социјалистичката работничка партија на Југославија (комунисти) или преименувана во јуни 1920 година во КПЈ, а со цел да прерасне во еден од водечките политички фактори во земјата.[17]

Поголемиот дел од сиромашниот слој на население, посебно безземјашите во Вардарскиот дел на Македонија, по завршувањето на Првата светска војна очекувале подобрување на социјално-економската положба, односно правилно решавање на аграрното прашање во рамките на новоформираното Кралство СХС.[18] Владеачките структури на чело со Радикалната, Демократската, Муслиманската партија или "Џемиетот" и останатите буржоаски политички партии, на разни начини избегнувале правилно да го решат аграрното прашање во полза на селската сиромаштија, посебно на безземјашкото население.[19]

Од друга страна, со "Уредбата за населување на јужните нови краишта" од 24.ЏИ.1920 година, Македонците беа исклучени од можноста да добиваат земја од атарот на нивните живеалишта. Со колониза-

[17] Ј.Јанев, КПЈ во парламентарните изборни борби во Вардарскиот дел на Македонија ( 1919-1921), Скопје, 1992, с. 8.; I. Katardjiev, Prilog pitanju nastanka i razvitka komunistickog pokreta u Makedoniji i aktivnost KPJ u periodu od 1919 do 1920 godine, Zbornik radova, br.5, Beograd, 1968, s. 94.
[18] Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје, 1969, с. 9-10.
[19] Ibidem, с. 29-34.; Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 236.

цијата новите управници сакаа да создадат оази и кордони за разбивање на националната компактност на домородното население, а колонистите да станат упоришта на реакционерниот режим и мостови за брза и ефикасна денационализација и асимилација на македонскиот народ, кои беа диктирани од страна на националната идеологија на големосрпските политички сили.

Решавањето на аграрното прашање во Вардарскиот дел на Македонија, од страна на валадата на Кралството СХС, намерно не се решавало во полза на македонскиот народ, посебно на македонското селанство, каде сеуште се одржувале старите “чифликсајбиски” односи од турскиот период, за што најголема заслуга имала радикално-демократската влада на чело со Н. Пашиќ.[20]

Процесот на национално-потиснувачката политика и идеологија на владеачката буржоазија и монархија, на претставниците на македонскиот народ им го оневозможуваше слободното изразување, употребување и манифестирање на неговиот мајчин јазик, учеството во јавниот живот или формирањето на посебна национална партија, како слободен политички израз на македонскиот народ.

По завршувањето на Првата светска војна и формирањето на Кралството на СХС, македонскиот народ воопшто не беше *претставен,* кога на 1 декември 1918 година беше создадена новата држава[21], а исто така ниту во кругот на Привременото народното претставништво во Белград. Првата влада била формирана на 20 декември 1918 година, на чело со водачот на Народната радикална партија Стојан Протиќ и од кругот на останатите водечки буржоаски партии во Кралството СХС.[22]

За прв пат ова буржоаско претставничко тело се собрало на 27 февруари 1919 година во Белград, каде отпочнало со парламентарна работа без присуство на претставниците од Вардарскиот дел на Маке-

[20] F. Čulinović, Jugoslavija između dva rata, I, Zagreb, 1961, s.225, 227-229.
[21] F. Čulinović, Jugoslavija između dva rata, I, Zagreb, 1961, s. 141-150, 202-221.
[22] B. Petranović, Istorija Jugoslavije 1918-1988, Knjiga prva, Kraljevina Jugoslavije 1914-1945, Beograd 1988, s. 91.

донија.[23] Избирањето на народните претставници од наведениот дел на Кралството СХС се предвидувало да се изврши преку предлагањето на одредени кандидати од страна на тајни владини повереници со просрпска и пројугословенска политичка ориентација, односно со спроведувањето на една воено-полициска уредба, доставена до сите окрузи од страна на министерот за внатрешни работи.

Уредбата била формулирана и употребувана според српскиот Устав донесен уште од 1869 година. Во поглед на изборите, во неа се предвидувало за која област колку и кои лица да бидат избрани за народни пратеници, при што во Варадарскиот дел од Македонија самите избори не биле спроведени според предвидените државни и уставни прописи, во споредба со поголемиот дел од останатото Кралство на СХС.[24]

На овие први парламентарни избори во целата земја се предвидувало да бидат избрани вкупно 296 народни пратеници, од кои со посредство и режија на режимот само од Вардарскиот дел на Македонија биле избрани 14 народни пратеници.[25]

Во рамките на новосоздадената држава Кралството на СХС, големосрпската буржоазија, собрана окулу кралот Алексапдар Караѓорѓевиќ, на секаков начин настојувала да остане во позиција на трајно владеење над сите останати народи и народности преку спроведувањето на политиката на национална нерамноправност и обесправеност, национално и културно отуѓување, обезличување и асимилација.[26]

Како резултат на сложената социјално-економска, политичка и национална положба и ситуација на македонскиот народ во новофор-

---

[23] А. Апостолов, Варадарска Македонија од Првата светска војна до изборите за Конституантата – 28 ноември 1920 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, кн.13., Скопје, 1962, с. 74.

[24] B. Gligorijevic, Parlament i političke stranke u Jugoslaviji (1919-1929), Beograd, 1979, s. 29; B. Petranović, Istorija Jugoslavije, s. 93.

[25] А. Апостолов, Револуционерните прилики во Македонија како одраз на Октомвриската револуција, Историја, г. IV, бр. 2., Скопје, 1968, с. 40.

[26] В. Картов, Борбата на КПЈ за решавање на националното прашање во Југославија ( 1919 – 1945 ), Скопје, 1979, с. 6.

мираното Кралство СХС, мнозинството од работното население во Вардарскиот дел на Македонија се ориентирало сѐ повеќе кон идеите на Октомвриската социјалистичка револуција и кон обновувањето и поврзувањето на класното движење на југословенските народи и народности.[27]

Во Вардарскиот дел на Македонија и покрај аграрното нзадоволство на македонскиот народ од последиците на воените пустошења, големиот глад, сиромаштија и несредените социјално-економски прилики, сѐ до крајот на 1918 година, сеуште немало во доволна мерка развиено социјалистичко и работничко движење.[28]

Со текот на времето започнаа да се обновуваат и формираат социјалистичките партиски органиизации во рамките на Вардарскиот дел на Македонија. Меѓу првите кои беа формирани од првата половина сѐ до крајот на 1919 година се: во Скопје, Велес, Битола, Кавадарци, Куманово, Тетово, Охрид и останатите градови Вардарскиот дел на Македонија. Дваесет делегати од сите социјалистичките организации на овој дел на Македонија зедоа активно учество на Конгресот на обединувањето во Белград, кој се одржа од 20 до 23 април 1919 година, на која беше формирана Социјалистичката партија на Југославија (комунисти).[29] На Првиот конгрес на СРПЈ (к) или т.н. "Конгрес на обединувањето", посебно било разгледувано прашањето во врска со учеството на Партијата на општинските и парламентарните избори во Кралството СХС.[30]

На општинските избори одржани на 23 август 1920 година, како победник СРПЈ (к) излезе на изборите во Велес, Скопје, Куманово и

---

[27] Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје, 1969, с.14-16; Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 237.
[28] F. Čulinović, Jugoslavija između dva rata, I, Zagreb, 1961, s. 192.
[29] Одлуке Конгреса Уједињења СРПЈ (к), ( подлога, програма и резолуције ), држаног о Ускрсу, 21,22,23 априла 1919 годиен у Београду, Београд, 1920, с.1-48; Историски Архив Комунистичке Партије Југославије, Конгреси и Земаљске конференција КПЈ, 1919-1937, т. II, Београд, 1950, с. 9-26; Преглед на исто- ријата на Сојузот на комунистите на Југославија, Скопје, 1963, с. 48.
[30] F. Čulinović, Jugoslavija između dva rata, I, Zagreb, 1961, s. 197-202; Историја на македонскиот народ, Скопје 1972, с. 238.

Кавадарци. Комунистичките општини познати уште и како “црвени општини” во текот на своето релативно кратко постоење и делување, извршија одредено “подобрување на животните услови на населението.” [31]

На првите парламентарни избори за Конституантата на Кралството СХС одржани на 28 ноември 1920 година, во Вардарскиот дел на Македонија кандидатски листи истакнале Комунистичката партија, Националната турска организација (Џемиетот), Радикалната и Демократската партија и некои помали партии, како Републиканската, Земјоделската, Демократската муслиманска и останати буржоаски партии.[32]

Во Вардарскиот дел на Македонија на изборите биле официјално запишани вкупно 196.000 бирачи и своите гласови ги дале 105.000 гласачи, или 55%. За листата на КПЈ биле дадени 40.201 гласови од кои се добиени 15 комунистички мандати и плус 2 спорни мандати. Едниот се однесувал на Тетовскиот округ и вториот на Велешката околија, кои биле неправилно одземени од листата на КПЈ, односно КПЈ во Кралството СХС добило 198.736 гласа или од вкупно 419 пратенички места добиле 59 мандати. [33]

Буржоаските политички партии од Кралството СХС на првите парламентарни избори за Конституантата од 28 ноември 1920 година, наспроти КПЈ која славела победа во Вардарскиот дел на Македонија, доживеале неочекувани порази и не добиле подршка од македонскиот народ. Покрај Демократската и Радикалната партија во Вардарскиот дел на Македонија, како трета српска буржоаска партија во изборите за Конституаната, непосредно учествувала и Републиканската партија, ко-

---

[31] Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 240.; Историја на македонскиот народ, книга трета, с. 17-20.

[32] Во рамките на целото Кралство СХС од вкупно законски запишаните 2.480.623 бирачи, гласале 1.607.265 гласачи или 64.95%, односно КПЈ добила 198.736 гласа, или 12.36%, а во пратенички мандати, од вкупно 419, КПЈ добила 59, односно 58 официјално признати пратенички мандати.

[33] B. Petranović, Istorija Jugoslavije, s. 118.; J.Јанев, КПЈ во праламентарните изборни борби, с. 205-208,226.

ја во рамките на целото Кралство СХС освоила 18.136 гласа или 3 мандати, односно во Вардарскиот дел на Македонија добила 5.785 гласа, притоа, не добивајќи ниту еден пратенички мандат.[34]

Добиените изборни резултати за КПЈ на првите парламентарни избори во Кралството СХС, на одреден начин ѝ му послужија на буржоаскиот режим на 31 декември 1920 година, како главна политичка причина за донесувањето на далеку по зло прочуената *Обзнана*. Последиците од Обзнаната посебно се почувствуваа во Вардарскиот дел на Македонија, главно меѓу редовите на комунистичкото, синдикалното и воопшто работничкото движење, како составен дел на југословенското и меѓународното комунистичко движење на Балканот, Европа и останатиот свет.

Во непосредна врска со настанатата социјално-економска, воено-политичка и револуционерна ситуација беше и донесувањето на *Видовденскиот устав* од 28 јуни 1921 година. Тогаш, според развојот на политичките прилики, владеачките буржоаски кругови во целото Кралство СХС го "санкционираа капиталистичкиот општествено-економски систем во државата со монархиски облик на нејзиното уредување и централистичко владеење".[35]

Со цел да се разбие стопанско-политичката компактност на југословенските земји и нации, а врз основа на *Видовденскиот устав*, беше извршена нова административна поделба на државната територија на 33 жупании. На територијата на Вардарскиот дел на Македонија беа образувани 3 административни области *(жупании)*, а тоа беа следните: *Скопската, Битолската и Брегалничката жупанија*, со седишта во Скопје, Битола и Штип.[36]

---

0[34] Н.Цветковска, Политичките партии во парламентарните изборни борби, с.94 – 98; Ј. Јанев, КПЈ во парламентарните изборни борби, с. 208 – 223.
[35] Историја на македонскиот народ, книга трета, с. 23-27.; Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 242.
[36] Ibidem, с. 242.

Во оваа држава не беше признаен ниту *националниот плурализам.* Македонците и Црногорците не беа признаени како припадници на посебни нации. Хрватите и Словенците исто така не ги остварија наполно своите национални права. Во тоа, како значајна пречка, ги оневозможуваше *централистичкото уредување,* како и настојувањето на големосрпската буржоазија да оствари *интегрално југословенство,* тврдејќи дека *во земјата живее еден троимен југословенски народ или составен од три племиња (Срби, Хрвати и Словенци)..*[37]

При разгледувањето на постоечката состојба во Кралството на СХС, можно е да се заклучи дека големосрпската буржоазија на чело со кралот наметнаа унитаристичко и централистичко владеење со земјата. Архивската граѓа, настаната во рамките на државните служби и администрацијата, се пишуваше, водеше и регистрираше на српски јазик и во духот на големосрпското унитаристичко и централистичко владеење со земјата.

[37] Историја на македонскиот народ, том четврти, с. 153.

## 1. 2. ГОЛЕМОСРПСКАТА ПОЛИТИКА НА ЦЕНТРАЛНИТЕ ДРЖАВНИ ОРГАНИ ВО МАКЕДОНИЈА

Политика на централните државни органи во Вардарскиот дел на Македонија во периодот по создавањето на Кралството на СХС од 1918 до 1921 година, гледано од неколку аспекти, се карактеризира и со особено ангажирање на големосрпските и хегемонистички кругови во однародувањето на македонскиот народ и губењето на неговите национални, етнички и културни одлики, кои го одделуваат од другите нации во Кралството СХС.

Влијанијата на наведенката политика не се вршеле само на социјално-културен и економски поглед, туку и  со цел да се спречи појавата и формирањето на македонската национална свест.

Од страна на централните власти, најостро  биле задушувани сите национални манифестации и ослободителни стремежи на Македонците и нивните носители постојано биле прогонувани.[38]

Големосрпската политика била спроведувана и преку централните и пониските органи на власта, полицијата, жандармеријата, чиновништвото, чиј кадар главно бил состравен од редовите на одродените Македонци  и српскиоѕ националебн елемент..[39]

Поголемиот дел на македонскиот народ бил исклучен од општествено-политичкиот живот и немал право да учествуваат во органите на власта и во администрацијата. Во таквите околности, за да дојде до некое чиновничко место, Македонецот бил принуден отворено да се декларира како Србин и да го брани поредокот во државата.

Политика на владејачката буржазија и монархијата во Вардарскиот дел на Македонија, покрај другите форми на притисоци, најмногу

[38] Н. Цветковска, Политичкитре партии во парламентарните изборни борби во Вардарскиот дел на Македонија (1919-1929), ИНИ, Скопје 2004, с. 18.
[39] Ibidem.

се почувствува во строгите забрани на употребата на македонскиот јазик и печатењето на книги или било какви публикации.[40] Македонскиот народ беше оневозможен слободно и активно да учествува во јавниот и политички живот. Не му беше допуштено да ги штити своите национално-политички права и интереси преку самостојна македонска политичка партија.[41]

Гледано во целина, состојбата во Вардарскиот дел на Македонија иако била крајно сложена, всушност, тоа било време кога новата реалност влијаела врз политичките процеси за преориентирање и приспособување на дел од социјално-политичките сили во земјата кон тие процеси. Тогаш на политичката сцена се појавиле класните и социјалните заострувања под влијание на болшевизмот, но и настојувањата да се продолжи по старите патеки на големодржавната шовинистичка политика на Балканот.[42]

Доминантен белег на политичката ситуација во Вардарска Македонија ѝ давале режимските просрпски партии и организации, потоа и развојот на социјалистичкото и комунистичкото движење, а наспроти нив и активноста на "автономисти" од ВМРО на на чело со Тодор Александров.[43] Во исто време, големосрпската буржоазија продолжила да ги спроведува *денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ,* а најмногу преку *колонизацијата и просветата.*

Во настојувањата да ја зацврсти својата положба во Вардарскиот дел на Македонија и да го реши македонскоот прашање, Кралството СХС и понатаму продолжило да ја спроведува својата политика на *србизација на македонскиот народ.* За таа цел биле употребувани сите видови средства, посебно преку државните институции и органи, кои ѝ стоеле на располагање на државата: репресивните, економските, обра-

[40] Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје, 1969, с. 56-58.; Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 236-237.
[41] Ibidem.
[42] Н. Цветковска, оп. цит. с. 27-28.
[43] Ibidem.

зовните. културните, спортските, моралните итн. Употребата на наведените средства зависела од низа околности: од приемливоста или одбојноста, т.е. од степенот на отпорот на народот против *политиката на србизација*, од позициите на Кралството во меѓународните односи; од односите меѓу балканските земји и особено на тие со Бугарија; од терористичките акции организирани од ВМРО на Т. Александров, А. Протогеров, И. Иван Михајлов и сл.

Само на територијата на Бугарија делувале вкупно пет револуционерни комитети, и тоа: "Македонски извршен комитет", "Македонски комитет", "Федеративен комитет", "Илинденски комитет", "Тракиски комкитет", кои служеле за префрлување на комити во Вардарскиот дел на Македонија."[44]

Другата поважна карактеристика на големосрпската политика било спроведувањето на *колонизацијата на Вардарскиот дел на Македонија*, која задача можела да се постигне преку доведувањето српско население од Кралството СХС. Прашањето за сопственоста на земјата, исто така било од извонредно значење, кое непсредно било поврзано со измената на етничката структура на населението, односно прашањето за колонизацијата било активирано во текот на 1918 година, а во почетокот на 1919 година била донесена нова уредба или т.н. "Преодни одредби за подготовка на аграграна реформа", а во 1922 година бил донесен *закон за колонизација*[45]. Со овие големодржавни акти била создадена правна рамка за спроведувањето на аграрната реформа во Македонија, преку која требало да се реализира *големосрпската политика за денационализација и асимилација на македонскиот народ во целина.*

Аграрната реформа била спроведувана со многу противречности и недоследности, од кои најмногу привилегии добивале "воените доб-

---

[44] B. Petranović, Istorija Jugoslavije, s. 34.
[45] Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје, 1969, с. 29-34 ; F. Čulinović, Juoslavija između dva rata, s I, s. 228-230.

роволци", со право да располагаат со бесплатни парцели од 3 до 5 хектари во "знак на државното и народното признавање."[46]

Големосрпската политика на централните државни органи била раководена од неколку елементи: *репресиите, политичкиот терор, србизацијата и колонизацијата* - кои се значајни правци за утврдување на целите, кои српската буржоазија си ги поставила за постигнување во Вардарскиот дел на Македонија. Меѓутоа, средствата за постигнување на целта од која се раководела големосрпската буржоазија и дворот во своето дејствување во Македонија, во основа гледано, била една и првенствена: *денационализација на македонскиот народ и негова србизација.* Таквата политика јасно се огледува во сите сфери на дејствувањето на централните државни органи во Македонија. Македонскиот народ од своја страна остро ја почувствувал таквата политика уште во периодот пред создавањето на Кралството на СХС, или во времето на српската окупација во текот на балканските војни, при што знаел да дава отпор и конкретно да реагира во заштита на своите национални интереси, колку што тоа било можно при секоја реална политичка и историска состојба.

Архивската граѓа настаната од овој временски период се карактеризира со уредно водење на администрацијата во врска со наведените проблеми во државата. Повеќето од документите се однесуваат на регулирањето на состојбите настанати од спроведуавњето на колонизацијата и доселувањето на населението од Србија и останатите краишта на Кралството на СХС.

---

[46] B. Petranović, Istorija Jugoslavije, s. 63, 98.

## 1.3. АДМИНИСТРАТИВНАТА ПОДЕЛБА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА, ОРГАНИЗИРАЊЕТО И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ЛОКАЛНИТЕ ОРГАНИ НА ВЛАСТА

На 1 декември 1918 година, со актот за обединувањето, била формирана југословенска држава - Кралството на Србите, Хрватите и Словенците. Во новата држава се нашле и југословенските народи кои дотогаш се наоѓале во составот на австро-унгарската монархија, додека Србија и Црна Гора биле независни држави уште пред 1878 година, а Вардарскиот дел на Македонија исто така, влезен во Кралството Србија по балканските војни од 1913 година, преку Србија се нашол во составот на Кралството СХС. [47]

Административната и територијалната поделба на Вардарскиот дел на Македонија, како и организирањето и функционирањето на локалните органи на власта, главно се однесувале на утврдувањето на најосновните државни и административно-управни сегменти: 1) Организацијата на административно-управната власт; 2) Организацијата на полициската власт, и 3) Организацијата на судската власт.[48]

Во врска со Организацијата на административно-управната власт, можно е да се констатира дека нејзиното воспоставување започнало уште во текот на Балканските војни од 1912-1913 година, при што некои одредби на Српскиот устав од 1903 година биле проширени и врз територијата на Вардарскиот дел на Македонија. Владата на Кралството Србија веднаш потоа ја разделила Македонија на седум окрузи: Битолски, Дебарски, Кумановски, Скопски, Штипски, Тетовски и Тиквешки (Кавадаречки). По 1919 година бил укинат Дебарскиот округ, а според поделбата од 1920 година повторно биле формирани седум окрузи: Битолскиот, Брегалничкиот (тука влегла новодобиената Струмичка око-

[47] Н. Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парлемент меѓу двете светски војни, Скопје 2000, с. 21-37.
[48] Ibidem, с. 24-37.

лија), Кумановскиот, Охридскиот, Скопскиот, Тетовскиот и Тиквешкиот.[49]

Во окрузите, државната управна власт, постоеле и органи на локалната управа: окружни собранија и окружни одбори. Нивната главна задача била да водат грижа за чувањето и унапредувањето на просветните, стопанските, сообраќајните, санитетските и финансиските интереси на државата. Општините биле сместени во составот на окрузите и служеле за вршење на општинските работи. Истите имале свој *суд, одбор и собрание,* односно делокругот на работата и уредувањето на локалната *окружна, околиска и општинска власт* и односот помеѓу нив се уредувале со *специјални закони.*[50]

Со донесувањето на *Видовденскиот устав,* во значителна мерка се измениле наследените облици на локалната управа од некогашните покраини, кои влегле во составот на Кралството СХС. Според членот 95 од наведениот устав, било пропишано управата во новоформираната држава да се врши по *области, окрузи, околии и општини.* [51]

Целата територија на Кралството СХС била поделена на 33 *области,* од кои само три го сочинувале *Вардарскиот дел на Македонија*: *Битолската, Брегалничката и Скопската.* Помала административна единица во рамките на областа била *околијата,* односно во составот на Вардарскиот дел на Македонија имало вкупно 31 околија, од кои 14 во Битолската област[52], 6 во Брегалничката[53] и 11 во Скопската област[54].

---

[49] Ibidem, с. 24.

[50] Устав за Краљевину Србију, Београд, 1903, с. 43, 44.

[51] Видовденскиот устав бил донесен на 28 јуни 1921 година, и со него со незначителни отстапувања, се пренесувала организацијата на државата и на внатрешната управа на Кралството Србија од 1903 -1918 година во новото Кралство на СХС; F. Čulinović, Jugoslavija između dva rata, I, s. 348-359. ; B. Petraqnovič, Istorija Jugoslavije, s. 92.

[52] Ѓорѓе М. Пуриќ-Драгојевиќ, Збирка закона и законских прописа за Кеаљевину Срба, Хрвата и Словенаца, ИИ део, Нови Сад, с..а.стр. 54. Битолската област, која била најголема со површина од 11.696 км$^2$, ги опфаќала следните околии: Битолска (Битола), Дојранска (Валандово), Гевгелиска (Гевгелија), Горнодебарска (Дебар), Кавадаречка (Кавадарци), Кичевска (Кичево), Крушевска (Крушево), Мариовска (Битола), Неготинска (Неготино), Охридска (Охрид), Преспанска (Ресен), Прилепска (Прилеп), Струшка (Струга) и струмичка (Струмица).

[53] Ibidem. Брегалничката Област, со центар во Штип и со површина од 4.956 км$^2$, ги опфаќала следните околии: Царево Село, Кочани, Малеш (Берово), Овче Поле (Свети Николе), Радовиш и Штип.

На чело на секоја област се наоѓал *голем жупан*, кого го поставувал Кралот и тој бил државен орган кој управувал со работите на државната управа во одредена област. Од системот на оваа организација биле исклучени големите градови, кои располагале со свои посебни градски управи.

Покрај управните органи во областите, на чие чело стоеле жупаните, биле предвидени и конституирања на "самоуправни органи", избирани од страна на народот. Тие биле следните: *Обласни собранија* и *Обласни одбори*. Истата организација била формиорана и во рамките на околиите, каде постоеле околиски управни органи, на чело со *околиски началници*, односно со *околиски поглавари*, како и формирање на самоуправни органи на *околиски собранија* со свои *околиски одбори.*[55]

*Општините*, според Видовденскиот устав, биле организирани на истиот начин како што биле според Српскиот устав од 1903 година, односно со *општинско собрание*, *општински одбор* и *општински суд*. Меѓутоа, сите општински органи биле поставени на идентичен начин, како што биле порано во Кралството Србија, на ниво на месна полициска власт. Изборноста, всушност, била елиминирана со присуство на полицијата (при изборот на општинските форуми).[56] Наведената административно-територијална организација била во сила до 22 април 1922 година, кога со други два нови закони одново се прецизирала и се определувала нова организација на локалната управна власт.[57]

Покрај формирањето на административно-управната власт, значајни сегменти за воспоставувањето на српската власт во Вардарскиот дел на Македонија биле исто така и воспоставувањето и градењето на

---

[54] Ibidem. Скопската област, со површина од 8.849 км$^2$, ги опфаќала следните околии: Долни Полог (Тетово), Галичник (Ростуше), Горни Полог (Гостивар), Качаник, Куманово, Крива Паланка, Порече (Јужен брод), Прешево, Скопје, Велес и Жеглигово (Куманово).

[55] Устав Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца, Београд, 1922, с. 26-28.

[56] Ibiddem.

[57] Т. Зајковски, Административно-територијалната поделба, организација на власта и канцеларискотo работење во Македонија од 1918 до 1941 година, Скопје, 1969, с. 5-6.

организацијата на полициската власт (полицискиот апарат) преку спроведувањето на "Законот за заштита на државата" во првите години од "Видовденскиот устав", посебно против припадниците на КПЈ.[58] Како и во секоја држава, така и во Кралството на СХС, односно подоцна Кралството Југославија, на ова прашање му се обрнувало посебно внимание. Тоа било дотолку позначајно, бидејќи самото одржувањето на српската власт, особено во окупираниот Вардарски дел на Македонија, не можело ниту да се замисли без добро организираниот и голем полициски апарат.[59]

*Централниот дел* на полициската структура било *Министерството за внатрешни работи*, кое за координирање на севкупната работа, било поделено на 4 *одделенија*: *Одделение за државна безбедност, за јавна безбедност, за управно одделение* и *за самоуправа*. Тие ја сочинувале *Врховната полициска управа*. На чело на секое одделение се наоѓале *началниции*, кои му биле потчинети и одговорни на *министерот за внатрешните работи*. *Одделенијата* биле поделени на *отсеци*, на чие чело се наоѓале *шефови*, а отсеците биле поделени на *оддели*, со кои управувале *референти*.

Освен тоа, при Министерството за внатрешни работи постоел и *Генерален инспекторат за внатрешна управа* или на претходно наведениот начин била организирана полициската власт во Вардарскиот дел на Македонија во периодот од 1918 до 1922 година, а подоцна добила нешто изменета организација, односно биле формирани обласни, окружни, околиски и општински полициски управи. [60]

---

[58] F. Čulinović, Jugoslavija između dva rata, I, s.364-372.

[59] Н. Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парлемент ..., с. 32. За "воведување на ред и мир" во Вардарскиот дел на Македонија биле ангажирани околу 35.000 лица (војници, граничари, жандарми и четници), а преку 70 % од бројниот состав на југословенската жандармерија (12.000 од вкупно 17.000 жандарми) биле ангажирани и употребувани за "пацификација" на Вардарскиот дел на Македонија. Всушност, Вардарскиот дел на Македонија бил преполн со жандармериски станици.".

[60] Закон о унутрашњој управи - са уредбама и правилницима о његовом извршењу, Св. 137, Београд, 1932, с. 22- 23.

За воспоставувањето на локалната управа, значајна улога имала и судската власт. Имајќи го во предвид наведениот факт, во *Министерството за правда* биле преземени повеќе мерки за да се организира и судската мрежа во овој дел на државата.

Оганизацијата на судовите во Вардарскиот дел на Македонија, со некои исклучоци, не се разликувала од онаа во другите делови на Кралството на СХС, а во градот Скопје бил конституиран *Управен суд*. Неговата работа била поделена во *четири одделенија*: *административно, законоддавно, за казнени закони* и *за надоместок на воените штети.*

Во Скопје постоел и *главен апелационен суд*, а *првостепените судови* биле воспоставени во: Скопје, Битола, Велес, Кавадарци, Кичево, Куманово, Охрид, Прилеп, Струмица, Тетово и Штип. Исто така во Скопје постоел *машкиот казнен завиод* и *адвокатската комора.*[61] Покрај наведените судови, биле формирани и *Околиски шеријатски судови во Битола, Штип* и *Гостивар.*[62]додека судскиот кадар бил регрутиран главно од редовите на српската националност.

Документацијата и архивската граѓа настаната од работата на државната администрација, полициската и судската власт, во нешто изменета форма на организациона поставеност и понатаму се извршувала и по 1921 година, сé до постоењето на Кралството Југославија, односно сé до воспоставувањето на германската, бугарската и италијанската окупација на Вардарскиот дел на Македонија.

[61] Јубиларни зборник живота и рада Срба, Хрвата и Словенаца 1918-1928, I део, 107; Алманах Краљевине Југославија, Zagreb, 1932, s. 616.
[62] Ibidem, с. 626, 628, 632.

## 1. 4. ОСНОВАЊЕ НА НАУЧНИТЕ И КУЛТУРНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА

Со вклучувањето на "новоослободените краеви", во кои влегувала и територијата на Вардарскиот дел на Македонија во Кралството СХС, поради развојот на политичката состојба, се наметнала и потребата за преземање на поширока просветна акција на Југот и основање на образовни институции.[63]

Народните и средните српски училишта веќе имале формирано своја физиономија уште од времето на турскиот период, меѓутоа долготрајното влијание од страна на бугарските (егзархиски) училишта претставувало голема пречка за спроведување на просветната политика во новоформираната држава. Освен тоа, политиката на националната програма на Кралството СХС [64] во Јужна Србија[65], барала покрај другото, и отворање на соодветни културно-просветни установи од највисок ранг, под чии закрила на ефикасен начин би се спроведувала наведената политика, особено со формирањето на високообразовните институции, како што било примерот со отворањето на Филозофскиот факултет во градот Скопје.

Тезите за "растеретувањето" на белградскиот Филозофски факултет на почетокот биле само техничко средство за материјалното оправдување при отворањето на една таква установа. Од друга страна, составот на наставничкиот кадар на скопскиот факултет, кој го сочинувала научната и културната елита на Кралството СХС, укажува на сериозните национални намери на српската пропаганда и важното значење кое му се придавало на самиот чин на отворањето на факултетот.

---

[63] V. Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS, Beograd 2002, s. 333-334.

[64] Факторите на националната политика во Кралството на СХС воделе повеќе сметка за спроведување на големосрпските државни цели, а не за македонските национални интереси.

[65] Под поимот "Јужна Србија" се мислело на територијата на Вардарскиот дел на Македонија, Санџак, Косово и Метохија.

Една од водечките улоги кои му биле наменети на факултетот во Скопје било и стручното синхронизирање на акцијата за описменување на непросветената покраина. Авторот В. Јовановиќ во неговиот труд "Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929. Makedonija, Sandžak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS", со кое сака да ја оправда националната политика на Кралството СХС, наведува дека *во Македонската историографија основањето на скопскиот факултет било доживеано како создавање на клон на белградскиот универзитет, кој требал да послужи како стожер за понатамошна "србизација" на Македонија"*, кој заклучок не е далеку од вистината и случајно или ненамерно, претставува правилно дефинирање на замислата за создавање на оваа институција.

Во врска со иницијативата за основањето на Филозофскиот факултет, интересно е да се укаже на фактот, дека уште во 1913 година, тогашниот министер за просвета Љ. Јовановиќ ѝ предложил на српската влада основање на Филозофски факултет во Скопје.[66] Меѓутоа, политичкиот тек на настаните ја осуетил идејата. Подоцна, по формирањето на Кралството СХС, иницивативата била повторно оживеана и притоа српските научници и политичари одново ги разгледувале целите и задачите во врска со отворањето на наведената високообразовна установа. Во писмото од актуелниот министер за просвета П. Маринковиќ до тогашниот ректор на Белградскиот универзитет Ј. Цвијиќ од 1919 година, се вели дека факултетот "не само што би бил од големо национално и културно значење, туку со тоа што би привлекол знатен број на студенти, во извесна мерка би ја олеснил и работата на Универзитетот во Белград." [67]

Ј. Цвијиќ бил на мислење, дека вниманието на Белград било насочено како на центар з привлекување на подрачјата на српските земји северно од Белград, така да Вардарска уште повеќе ќе би била запоста-

[66] V. Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929, s. 333.
[67] Ibidem.

вена.[68] Поради тоа, тој сметал, дека било потребно во Скопје да се формира "силен центар" на српската цивилизација.[69]

Во врска со идејата за формирањето на факултетот во Скопје. Се мислело тој да биде автономна установа, чија главна задача би била за "сестрано испитување на Јужна Србија", односно научно и стручно и стручно истражување на националната историја на Јужна Србија. Освен тоа, оваа установа требала да го растерети белградскиот филозофски факултет и со тоа да го презела "најтешкиот и најубавиот дел на културно-просветната мисија на Југот." [70] Аналогно на наведената идеја се однесувала и австро-унгарска "мисија на носители на културата на Балканот", што во многу документи од турскиот период уште пред 1912 година, се споменува и од страна на дипломати на големите европски сили. Фледано од тој аспект, можно е да се претпостави дека културното, просветното и воопшто цивилизациското ниво на илјадагодишното царство на Австријците за време на неподносливото турско владеење во Македонија, можело видливо да допринесе за културно, стопанско и друго подобрување на приликите за живот на македонскиот народ. Меѓутоа, српските власти на освојувачки начин настапувале кон Македонија уште во текот на Првата балканска војна во 1912 година, а и подоцна во 1913 година, така што македонскиот народ имал можности добро да ја оцени и осети улогата на Србите во Македонија, уште во времето пред окупацијата во 1918 година.

Изворите кои се однесуваат на основањето на Филозофскиот факултет во Скопје, исто така претставуваат објективни сведоштва за конкретната постапка во таа насока, кога министерот за просвета П. Шуменковиќ, во почетокот на 1920 година, поднел предлог за основање

---

[68] Ibidem.

[69] Овој став на Ј. Цвијиќ, иако од научен аспект е коректен, сепак не ја исклучува српската национална компонента и интереси во Македонија, кои во ова мислење не се дадени во прв план, но секако дека под "нашата цивилизација" не се мисли на македонската, туку на српската цивилизација. Овие ставови се сериозни факти, кои сведочат за воведување на српска доминација, наспроти македонската денационализација.

[70] V. Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929., s. 334 .

на Факултетот во Скопје.[71] Тоа го образложил со фактот, дека Скопје како голем град и воедно "трговски, економски, политички, национален и културен", центар, имал потреба од државни институции, кои ќе ги подготвувале идните кадри за просветата, културата, науката и државната администрација. Бидејќи Скопје како град "бил еден од најзначајните градови во целото Кралство, ... просветната работа во Скопје започна веднаш по ослободувањето[72] да се развива во големи размери."[73]

Секако дека претходно наведените причини биле од пресудно значење, а исто така и српските национални интереси за зацврстување во Македонија, биле силно изразени како намера за започнување на постапката за основање на Филозофскиот Факултет во Скопје во 1919 година.

Започнувањето и реализацијата на предлогот за основањето на факултетот, иако со сите предзнаци на српска установа, званично се правдало како почеток на покачување на културното и научното ниво во сферите на образованието, просветата, културата и науката во Скопје и пошироко во рамките на Вардарскиот дел на Македонија, без оглед на фактот што имал само историско-филолошки отсек и бил огранок од Белградскиот универзитет.

Во понатамошната постапка за основањето, деканот на Филозофскиот Факултет во Белград, Ж. Ѓорѓевиќ, со свој акт од 29.XII.1919 година, го известил ректорот на Универзитетот во Белград, дека на седница од 25 декември истата година одлучил да се придружи кон мислењето на Универзитетскиот совет за основање на Филозофски Факултет во Скопје.[74]

---

[71] Архивски фондови и збирки, 1993-2005, ДАРМ-Централен дел, Скопје, 2006, (понатаму: ДАРМ), фонд: филозофски Факултет, 1.323.1.1/1-2.

[72] Се мисли на Вардарска Македонија како дел од Кралството СХС по завршувањето на Првата светска војна во 1918 година.

[73] V. Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929., s. 333-334 .

[74] ДАРМ, фонд: филозофски факултет, 1.323.1.2/3. Допис од Деканот на Филозофскиот Факултет во Белград до Ректорот на Универзитетот.

На 12 јануари 1920 година ректорот на Универзитетот во Белград со писмо го известил Министерството за просвета за отворањето на Филозофскиот факултет во Скопје,[75] а како прилог кон писмото бил приложен и документот: "*Уредба за филозофскиоѿ факулѿеѿ во Скоӣје и Правниоѿ Факулѿеѿ во Субоѿица*".[76]

Содржинатана Уредбата наведува дека двата факултети ќе биле самостојни во својата администрација и секој од ќе располагале со свој буџет. ќе траела по шест семестри. На овие факултети не ќе можеле да се бранат докторати и нити дипломите ќе имале иста вредност како и дипломите од Универзитетот во Белград. Во членот 4 се наведува дека наставата на Филозофскиот факултет во Скопје ќе се изведувала по следните предмети: 1) Филозофија со педагогија, 2) Географија, 3) Етнографија со Етнологија, 4) Српски јасик со јужнословеснки јазици, 5) Останати словенски јазици со нивните литератури, 6) Историја на српската книжевност со југословенските книжевности, 7) Класична филологија, 8) Историја на Србите, Хрватите и Словенците со историја на Балканскиот Полуостров, 9) Општа историја, 10) Византологија, и 11) Археологија со историја на старата уметност. Исто така се предвидувало во согласност со Филозофскиот факултет од Белградскиот Универзитет да се дополнеле и местата за предметни наставници по физика, хемија и математика.

Разгледаниот состав на групите кои биле застапени и утврдени со споменатата Уредба за отворање на факултетот, во основа гледано, ги задоволувала барањата за воведување високо образование во Вардарскиот дел на Македонија. Со тоа се отвориле нови и широки перспективи за образование и почеток на научноистражувачката работа. Се разбира во рамките во кои таа можела на почетокот да се одвива, како

---

[75] ДАРМ, фомд бр. 1.323.1.3/4.Писмо од Ректорот на Универзитетот во Белград до Министерството за просвета во Белград.

[76] Уредба од 2 фебруара 1920 о Филозофском факултету у Скопљу и Правном факултету у Суботици, објавена во Службене новине, бр. 27 од 7 децембра 1920.

и соработка со други универзитетски центри, на почетокот во прв ред со Белград, Загреб и Љубљана.

За почетокот на работата на факултетот како прва културна, научна, просветна и воопшто високошколска институција во Вардарскиот дел на Македонија ни сведочат и неколку зачувани записници од работните седници на Универзитетскиот совет во Белград. На седницата одржана на 13 декември 1919 година[77], се одлучило што поскоро да се основа Филозофскиот факултет во Скопје, со оглед на фактот, дека постоеле повеќе причини.[78] Од нив се гледа дека, покрај потребата од образование, постоеле и други причини, пред сé од практична природа, а очигледно и најмногу политички причини.

Наведените образовни прашања, кои на одреден начин се потенцираат поради нивната политичка природа, истите биле од полза и за покачувањето на културното и научното образование на македонскиот народ, како и за одвивањето на образованието и во останатите градови во Вардарскиот дел на Македонија.

На факултетот во Скопје требало во прво време да бидат застапени националните и хуманитарните науки, со цел да се истражувале обичаите на македонскикот народ, земјата, старата цивилизација, а подоцна можеле да се прошират и предметите по физика, хемија и математика, односно Филозофскиот Факултет во Скопје ќе требало да има автономен карактер.[79]

Во содржината на една од седниците на Универзитетскиот совет на Филозофскиот факултет во Белград од 13 март 1920 година, се наведува дека на библиотеката на Филозофскиот факултет во Скопје ќе ѝ

---

[77] ДАРМ, фонд: филозофски Факултет, 1.323.1.4/11-14. XV Записник од седницата на Универзитетскиот совет од 13 декември 1919 година.

[78] Ibidem. Во точката 2 од записникот од истата седница се наведува: "Оддалеченоста на Македонија од Белград, дека вниманието за Белград како центар е привлечено на просторите северно од Белград, така да Македонија уште повеќе ќе биде занемарена. Заради тоа е потребно да се има силен центар на цивилизација во Скопје. Затоа е потребно таму да се основа Филозофски факултет".

[79] Ibidem.

бидат подарени поголем број книги.[80] Во истиот записник се наведува, дека за редовен професор по "Словенска филологија" на факултетот во Скопје бил избран редовниот професор по славистика од Харковскиот Универзитет Стјепан Куљбакин,[81] односно дека Советот за редовен професор за "Српска книжевност со јужнословенски книжевности" го избрал Т. Остојиќ, секретар на Матицата српска и дописен член на Српската академија на науки. На истата седница бил избран и д-р Р. Грујиќ за вонреден професор по преедметот "Историја на српскиот народ", како и д-р С. Ристиќ за професор по предметот "Историја на филозофијата со логика". Со наведените избори на наставници било овозможено да се отпочне со редовна наставно-педагошка и научно-истражувачка дејност. Д-р Т. Остојиќ, како редовен професор на Филозофскиот Факултет во Скопје, преку своето писмо од Белград од 15 мај 1920 година, го известил Министерството за просвета, дека новооснованиот Филозофски факултет во Скопје се организирал и на својата прва седница на 10 мај истата година го избрал него за декан.[82]

За секретар на наведениот факултет во Скопје бил избран во средината на 1921 година П. Сланкаменац,[83] со што административното екипирање на факултетот во почетните години на неговото работење било заокружено и во голем дел завршено, при што Факултетот можел нормално да отпочне со својата редовна наставно-педагошка и научно-истражувачка дејност.

Времето кога се формирал факултетот во Скопје било обременето со општ хаос во државната администрација, па поради тоа едвам била пронајдена зграда во која можел да бидсе сместен. Со деноноќна работа на осуммината професори, на чело со Т. Остојиќ и Р. Грујиќ, во

---

[80] Ibidem. (Записниците се здружени во една архивска единица.)
[81] Ibidem.
[82] ДАРМ, фонд: филозофски Факултет, 1.323.1.5/15. Писмо од Т. Остојиќ од Скопје до Министерството за просвета во Белград.
[83] ДАРМ, фонд: филозофски Факултет, 1.323.1.11/26-26. Писмо од деканатот од 2.7.1921 година до Окружната финансиска Управа во Скопје, во кое се известува дека за секретар на Филозофскиот факултет бил назмачен Првош Сланкаменац.

есента на 1920 година била подготвена зградата, мебелот и библиотеката. Првите предавања во т.н. *"Идадија"* (зграда на Учителската школа[84] биле одржани на 21-ви декември 1920 година, пред околу 60 студенти, а следната година факултетот бил преместен во сопствена зграда.[85]

Основањето и почетокот на работа на Филозофскиот факултет во Скопје претставувал основа за почеток на создавање на кадри во неколку сфери од културниот, просветниот, образовниот, политичкиот, стопанскиот живот, како и во други сфери на образованието на предметните групи кои биле застапени на факултетот.

Со почнувањето на работата на факултетот, всушност, започнува појавата на високото школство и научноистражувачката дејност во Вардарскиот дел на Македонија, кој се вбројувал во земјите во кои постоело и работело високото образование[86].

При анализата на наведените состојби, неопходно е да се истакне, дека во врска со образованието и просветата во Вардарскиот дел на Македонија бил присутен и еден друг елемент во политиката на великосрпската буржазија. Таа водела посебна политика во врска со унапредувањето на просветата во одделни области во државата. За просветата во Вардарскиот дел на Македонија доделувала многу мали суми на пари, а кога се работело за Шумадија, од своја страна покажувала поголема дарежливост. Сето тоа го правела со една посебна цел: Шумадија да ги достигне оние области, кои во својот напредок отишле подалеку од неа, а со цел и да ги надмине.[87]

---

[84] Денес на тоа место е останат само мермерниот портал од школата во еден мал парк на 100-тина метри источно од Министерството за народна одбрана на РМ. Во учителскта школа подоцна беше сместена осмолетката "Никола Карев".
[85] V. Jovanović, , Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929, Makedonija, Sandžak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd 2002, s. 334.
[86] М. Јовановиќ, Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија (1919-1929), Скопје, 1983, с. 266.
[87]Ibidem, с. 269.

Во текот на 1920 година била отворена и *библиотеката при Филозофскиот факултет во Скопје.*[88]

Нејзината дејност во почетниот период била насочена кон зголемување на книжниот фонд, по пат на добивање бесплатни примероци од изданијата на културните и научните списанија. Така на пример, таа се потрудила да добие по еден бесплатен примерок и од изданијата на Српската кралска академија во Белград. [89]

Книжниот фонд на библиотеката се зголемувал и со порачување на одреден број на списанија, меѓу кои "Критика" од Загреб, "Српски книжевен гласник", "Напредак" од Белград, итн.

Библиотеката добивала во вид на подароци повеќе изданија, како на пример: "Матица Српска", "Згодовинско Друштво" ("Историско Друштво") од Марибор, Друштвото "Словенска узајамност" и сл.[90]

Библиотеката најчесто ја остварувала својата соработка со библиотеките и културните друштва од Белград, Загреб, Љубљана и други поголеми градови во кралството. Со размена на книги и часописи и воопшто збогатување на својот книжен фонд, таа постепено почнала да ја извршува својата функција за која била наменета. Основањето на библиотеката на Филозофскиот факултет во Скопје во 1920 година истовремено значело и почеток на професионално бавење со библиотекарство за потребите на високото школство во Скопје и останатите градови во Вардарскиот дел на Македонија.

Непосредно по основањето на Филозофскиот факултет и библиотеката во Скопје, започнале подготовките и за отворањето на една *посебна културно-просветна институција*, односно на *Народниот универзитет.*[91] Веќе кон крајот на 1920 година некои професори од Факултетот и Учителската школа почнале да држат предавања за граѓаните,

---

[88] Архивски фондови избирки во СФРЈ-СР Македонија, АМ, фонд бр. 336, Библиотека на Филозофскиот факултет – Скопје, 1920-1941,Скопје, 2006, с. 82.

[89] ДАРМ, фонд бр. 336, Библиотека на Филозофскиот факултет – Скопје, 1920-1941, Деловоден протокол од 1920-1930, л. 1.

[90] Ibidem, л. 2.

[91] V. Jovanović,Jugoslovenska država i Južna Srbija, s. 339-340.

а поради зголемениот интерес на почетокот од учебната 1923/24 година "популарни предавања" биле држани редовно.[92]

Од областа на културните установи, меѓу кои посебно се истакнувале *просветните*[93], во овој период се отвораат неколку гимназии, меѓу првите била во Битола.[94] Следната година била основана "Државна реална гимназија" во Кавадарци,[95] а нешто подоцна, во 1923 година, во Штип била основана "Реална гимназија".[96]

Освен тоа, во областа на просветата, како дел од културата, неопходно е да се наведе и основањето на установите од нижото образование, како што биле "Занатаско-трговското училиште" во Кавадарци, основано во 1922 година[97], како и "Основното школо" во с. Извор, Велешко, основана во 1923 година. [98]

За карактерот на архивските документи настанати во врска со основањето и работата на научните, културно-просветните и образовните институции и друштва, од гледна точка на историскиот развој на науката и културата во Република Македонија, можно е да се заклучи, дека претставуваат објективен доказ и мошне важен придонес за развојот на високото школство и културата во Вардарскиот дел на Македонија. Документите биле формирани и според потребите на организацијата и развојот на социјално-економските, политичките и националните потреби во Кралството СХС.

---

[92] Ibidem. Прво предавање на Народниот универзитет во Скопје било одржано на 4 ноември 1923 година и било бесплатно за сите заинтересирани граѓани. Следната 1924 година биле одржани 11 предавања во салата на Филозофскиот факултет, а на 9 декември 1925 година под раководство на просветниот инспектор Д. Обрадовиќ бил основан Акционен одбор, а неколку дена подоцна и "првиот одбор" на Народниот универзитет. На таа седница било одлучено дејноста на Универзитетот тематски да се прошири на техничките и природните науки и предавањата во иднина да се одржуваат во салата на Просветниот дом.

[93] Архивски фондови и збирки во СФРЈ, СР Македонија, АМ, фонд бр. 340, Народен музеј - Скопје, 1911 -1941, фонд бр. 337, Државна архива – Скопје, 1926-1939, Белград 1982, с. 49.

[94] Ibidem, с. 83.

[95] Ibidem, с. 191.

[96] Ibidem, с. 207.

[97] Ibidem, с. 192.

[98] Ibidem.

Во овој период почнала да функцира библиотека на едно високо факултетско ниво при Филозофскиот Факултет во Скопје, започнала со работа Државната архив, Народниот музеј и Народниот универзитет.

Работењето на наведените научни и културни институции и основањето на Филозофскиот Факултет во Скопје, како прва високошколска, факултетска установа, одиграле важна улога и при работата на гимназиите во Битола, Кавадарци и Штип.

## 1.5. КАРАКТЕРОТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ-ФОНДООБРАЗОВАТЕЛИ И ПОЧЕТОЦИТЕ НА АРХИВСКОТО РАБОТЕЊЕ

Карактерот на институциите-фондообразователи во Вардарскиот дел на Македонија во периодот од 1918 година до 1921 година, кој е предмет на обработка, на одреден начин бил формиран според состојбата и потребите на територијалната организација и според социјално-економските, политичките и националните потреби на Кралството СХС[99].

Институциите-фондообразователи произлегле пред сé од органите на локалните *власти и правосудството;* од сферата на *просветата, културата и науката, стопанството и банкарството*, како и од другите дејности на општествениот живот на државата.

При проучувањето на прашањето во врска со институциите-фондообразователи посебно инстересни се архивските фондови со *грански дејности* поврзани со институциите на локалната управа.

Непосредно по воспоставувањето на српската власт во Вардарскиот дел на Македонија, владата на Кралството Србија ги разделила освоените територии на седум *окрузи, како највисоки и најкрупни административно-територијални единици на локалната управа.* Граѓата што настанувала кај овие *органи-фондообразователи* имала *административно-организационен* карактер. Во неа се среќаваат и актите настанати при работата на локалните органи на власта, кои се однесуваат на сферата на просветата, стопанството, сообраќајот, санитетската дејност, комуналните служби, финансиите и сл. Составот на оваа граѓа, што потекнувала од работата на *локалната управа* и нејзините тела, која била разнородна, има *повеќестран карактер,* кој се однесува на целокупниот живот во округот.

---

[99] Н. Цветковска, Локалната управа во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1919-1941), Историја, год. XXXIV / XXXV, Скопје 1998/1999, бр. 1-4, с. 57- 72.

Органите на округот, како институции-фондообразователи, биле следните: *окружни собранија* и *окружни одбори*,[100] чиј делокруг на работа и уредување, како и односот меѓу нив и државната власт, бил уредуван со специјални закони.[101]

При институциите-фондообразователи од сферата на правосудството или *институции-фондообразователи* со *правосуден карактер*, кои биле настанати во периодот од 1918 до 1921 година во Вардарскиот дел на Македонија, првата регистрирана архивска граѓа била произлезена од работата на Апелациониот суд во Скопје.[102] Освен него, како највисока судска инстанца, работел и Окружниот суд во Скопје, како соодветна судска институција.[103]

Освен наведените два фонда со правосуден карактер, во 1919 година бил основан и "Црковен (Духовен) суд на православната митрополија во Скопје"[104], кој не претставувал институција со определен правосуден карактер, туку повеќе бил во служба на црквата. Меѓутоа, според името, можно е да се претпостави дека вршел и одредена функција на судство од областа на православната религија во однос на потребите на црквата во Скопје и на подрачјето за кое била надлежна православната митрополија од истиот град.

Освен овие институции-фондообразователи со правосуден карактер, во Битола постоел и отпочнал да функционира *Првостепениот суд*, кој бил основан уште во 1913 година.[105] Исто така и во Скопје постоел и функционирал во текот на 1918 година *Првостепен суд*, кој претходно бил основан во 1914 година.[106]

---

[100] Н. Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни.Скопје 2000, с. 24-25.
[101] Устав за Краљевину Србију, Београд, 1903, с. 43, 44.
[102] Архивски фондови и збирки во СФРЈ, СР Македонија, СДАРЈ, Белград 1982, АМ, фонд бр. 219, Апелационен суд-Скопје, 1919-1941, с. 45.
[103] Ibidem, с. 45.
[104] Ibidem.
[105] Ibidem, с. 26.
[106] Ibidem. с. 45.

Во редот на институциите-фондообразователи од сферата на просветата, културата и науката во првите години од формирањето на Кралството СХС, најпрво се јавува Филозофскиот Факултет во Скопје, кој бил основан во 1920 година.[107] Тој претставува комплексна, за тоа време, високообразовна институција, од највисок ранг формирана во Вардарскиот дел на Македонија.

Институција која имала функција како фондообразовател и носела чисто *кулурен карактер* исто така била и Библиотеката на Филозофскиот факултет[108] во Скопје, која била основана во 1920 година. Таа главно работела за потребите на факултетот и нејзината основна дејност била ориентирана кон збогатување на книжниот фонд за потребите на просветата и воопшто напредокот на високото образование. Истовремено претставувала и основа за развојот на наставно-педагошката и научно-истражувачката дејност на факултетот.

Во текот на 1919 година во Скопје почнале со работа уште две значајни институции со *просветен карактер: "Државна прва полна машка гимназија"*,[109] и *"Државна женска гимназија"*,[110] кои работеле до 1944 година. Во 1919 година во Скопје било отворено и "*Српско-еврејско училиште",* како дел од фондообразователите со *просветен карактер,*[111] а во истата година се појавува и почнува со работа "*Местниот училишен одбор-Скопје".*[112]

Во рамките на Вардарскиот дел на Македонија во периодот меѓу 1918 и 1921 година, биле основани и првите гимназии, кои според содржината на архивската граѓа, се јавуваат исто така како фондообразователи со *просветен карактер*. Првата *гимназија* била отворена во Битола во 1918 година,[113] потоа во Кавадарци во 1919 година била отворена

[107] Ibidem, с. 48.
[108] Ibidem, с. 49.
[109] Ibidem, с. 148.
[110] Ibidem..
[111] Ibidem, с. 149.
[112] Ibidem, с. 150.
[113] Ibidem, с. 83.

*"Државна реална ѓимназија"*,[114] а во 1922 година во истиот град било отворено "*Занаѿско-ѿрѓовско училиѿе".*[115] А во 1923 година била отворена "*Реална ѓимназија"*, што претставувала исто така фонд со *ӣросвеѿен караќѿер.*[116]

Во наведенниот период се слична содржина се среќаваат поголем број фондообразователи за Прилеп и Прислепско. Од нив ќе ја наведеме *"Учиѿелскаѿа школа во Приӣел"*, која била основана во 1923 година и работела до 1929 година.[117] Во 1919 година во истиот град било отворено и *"Училиѿе за домаќинско ӣросвеѿување Мара Јосифоска"*, кое работело до 1961 година.[118]

Фондообразователи од *сроден караќѿер* се јавуваат и во неколку села од прилепската околија, во кои биле отворени основни училишта во периодот од 1918 до 1921, односно поголем дел од нив биле отворени уште пред Балканските и Првата светска војна и работеле до 1940-1941 година.[119]

Како друг вид на фондообразовател со *здравсѿвен караќѿер* се појавува во градот Велес отворањето на *"Државнаѿа болница"* која работела од 1919 до 1941 година.[120]

Во текот на 1920 година во Скопје биле основани две институции-фондообразователи со *социјален и здравсѿвен каракѿ*,.[121] по основањето на Филозофскиот Факултет во Скопје, при што на одреден начин се заокружила физиономијата на високото школство во Вардарскиот дел на Македонија во наведениот временски период.

Од институциите-фондообразователи во сферата на стопанството и банкарството, во Скопје биле отворени *"Народнаѿа Банка на Крал-*

---

[114] Ibidem, с. 191.
[115] Ibidem, с. 192.
[116] Ibidem, с. 207.
[117] Ibidem, с. 134.
[118] Ibidem.
[119] Ibidem, с. 134-135.
[120] Ibidem, с. 192.
[121] Ibidem, с. 49.

*ството Југославија"* [122] во 1920 година, а година потоа и втората *"Извозната банка.*[123]

Од сферата на *стопанството* во Скопје било основано *"Трговско здружение",* наменето за организација на трговијата,[124] а во истата година во навеениот град започнал со работа и вториот фондообразовател со *стопански карактер, "Сојузот на аграрните задруги.*[125] Со слична дејност започнала да работи уште една друга институција-фондообразовател со *стопански карактер*, тоа била *"Занаетчиската комора на Скопје".*[126] Една година подоцна почнала со работа и *"Фабриката за производство на шамии на Петар и Рајко Митровиќ".*[127]

Во градот Велес во 1921 година започнала со работа "*Велешката банка"* како фондообразовател со *стопански и банкарски карактер,*[128] и *"Државната зејтинова фабрика на Костови - Настови".*[129]

Во Битола во 1922 година посебен импулс добило банкарството, кога започнале со работа три институции-фондообразователи со *стопански и* главно *банкарски карактер.* Тоа биле: *"Државната хипотекарна банка-Филијала Скопје-Агенција Битола""*[130] потоа *"Народна Банка на Кралство Југославија-Филијала Битола-Битола",*[131] и *"Младинската задруга за штедење и кредит–Битола".*[132] Во истопт град во 1920 година била основана и *"Стопанска задруга на Битолската Епархија",* која како институција-фондообразовател имала *стопански карактер,*[133] како и во 1921 година во Штип, каде била основана *"Брегалничката банка.*[134]

---

[122] Ibidem, с. 50.
[123] Ibidem.
[124] Ibidem, с. 51.
[125] Ibidem.
[126] Ibidem, с. 151.
[127] Ibidem.
[128] Ibidem, с. 192.
[129] bidem.
[130] Ibidem, с. 85.
[131] Ibidem.
[132] Ibidem..
[133] Ibidem, с. 86.
[134] Ibidem, с. 207.

Претходно разгледаните и државно-правни, културно-просветни и образовни, стопанско-трговски и банкарски институции, како фондообразователи на архивската граѓа и документација, кои се формирале во Вардарскиот дел на Македонија во периодот од 1918 до 1921 година, во голема мерка го карактеризираат социјално-економскиот и културно-образовниот начин на живеење на македонскиот народ во овој дел на Кралството на СХС.

Периодот од 1918 до 1921 година ги означува почетните елементи на првата фаза од развојот на архивското работење во Вардарскиот дел на Македонија. По завршувањето на Првата светска војна овој дел од земјата беше окупиран од страна на Кралството Србија и приклучен кон него,[135] а со конституирањето на Кралството на СХС влезе како составен дел од Србија.

Во врска со почетоците на архивското работење во Вардарски-от дел на Македонија, можно е да се констатираат истите состојби, кои се среќавале на територијата на целото кралство во периодот непосредно по неговото конституирање во 1918 година.

Во новосоздадената држава на Кралството на СХС, во поглед на архивското работење, од почетокот на функционирањето на централните државни органи административната управа, како и оние на пониско ниво, постоеле повеќе видови системи на канцелариско работење. Тие биле формирани во различни системи на канцелариска организација, кои се пренесувале од претходниот начин на работење и биле во користење.[136] Единствени прописи за архивското работење на целата територија на Кралството СХС биле донесени дури во 1931 година.[137]

Во меѓувреме секој државен орган сам за себе го пропишувал начинот на архивското и канцеларискoто работење, врз основа на прак-

---

[135] Историја на македонскиот народ, том четврти, Македонија меѓу Балканските и Втората светска војна (1912-1941), Скопје, 2000, с. 135-152.

[136] Во Словенија и Хрватска останале и понатаму во сила системите на архивското и канцеларискoто работење, кои важеле во Австро-Унгараија до 1918 година.

[137] Z. Nežić, Razvitak sistema upravnih registratura, Arhivist, Beograd, Godina XX/1970, br. 2, s. 134-179.

тичните потреби кои му се наметнувале и според разбирањето на работата. Така, за еден подолг период од конституирањето на државата во 1918 па сѐ до 1930 година, за архивското работење на државните органи на управата не постоел посебен единствен регулатив за работа врз основа на новодонесени прописи и со одредени насоки. За овој период карактеристично е постоењето и употребата на цела низа различни одредби и посебни прописи главно од ресорен карактер. Со нив било регулирано архивското работење, а се вршеле и повремени службени интервенции, со цел да се регулира нивното усогласување со дадените практични потреби.[138]

За пореално претставување на архивската дејност и нејзините почетоци на територијата на Вардарскиот дел на Македонија во рамките на Кралството на Србија, како и за правилно ориентирање кон карактеристиките на административно-територијалната поделба[139], која е еден од клучните елементи за развојот на архивското работење, неопходно е потребно да се наведе фактот, дека наведениот дел на Македонија до 1919 година бил разделен на седум *окрузи*. По 1919 година во Кралството СХС бил укинат Дебарскиот округ, а според поделбата од 1920 година, повторно биле формирани седум окрузи: Битолски, Брегалнички, Кумановски, Охридски, Скопски, Тетовски и Тиквешки.[140] Со Видовденскиот устав, од 28 јуни 1921 година, Кралството на СХС било поделено на 33 *облас̄ши,* односно Битолската, Брегалничката и Скопската, го сочинувале Вардарскиот дел на Македонија, а како помала административна единица била *околијаш̄а.* Во овој дел од државата имало 31 околија.[141]

Како органи во кои се вршело административното работење и кои всушност го претставуваат почетокот на архивското работење во

[138] Ibidem.
[139] B. Petranović, Istorija Jugoslavije 1918-1978, Beograd, s. 38.
[140] V. Simeunović, Stanovništvo Jugoslavije i socijalističkih republika 1921-1961. – Ukupno stanovništvo, polna i starosna struktura, Beograd, 1964, с. 22.
[141] Н. Цветковска, Локалната управа во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1919-1941), Историја, год. XXXIV / XXXV, Скопје, 1998/1999, бр. 1-4, с. 57-73.

Вардарскиот дел на Македонија, во наведениот период се јавуваат државните органи во рамките на државната управа. Покрај *управните органи,* на чие чело стоел Голем жупан, во областите биле предвидени и *самоуправни органи* (обласни собранија и обласни одбори). Истата организација била воведена и во *околиите. Големите градови* имале своја посебна градска управа, а *општините*, според Видовденскиот устав, го имале општинското собрание, со *општински одбор и со* општински суд.[142]

При почетоците на архивското работење во Кралството СХС, како и во Вардарскиот дел на Македонија, не се сретнуваат во постојните уредби во 1919 година, кои се однесуваат на организацијата на министерствата, како највисоки централни органи, како и кај другите органи на државната управа од овој период, не се познати поблиски одредби за неговото уредување. Работењето со документацијата се уредувало врз основа на регулирањето на поединечни членови во врска со организационата структура и со задачите кои ги извршувале подрачните единици во составот на органите на управата.[143]

Исто така и врз основа на регулативата за составот и должностите на персоналот, можно е да се најдат воопштени формулации за архивското и канцелариското работење. Така на пример, во врска со должностите на архиварот, во "Уредбата за привремената организација на Министерството на верата" од 1919 година, се наведува дека "Архиварот е должен да се грижи за правилната и сигурна евиденција на пристигнатите деловни акти, околу нивното брзо и точно препишување, за испраќањето на изготвените решенија, како и за прегледното чување на документите."[144] Овие насоки, всушност, ги претставуваат елементите од канцелариското работење, кои ги означуваат претходните работи во стандардите и нормите на архивското работење во регистратурите.

---

[142] Ibidem, с. 159.
[143] Z. Nežić, Razvitak sistema ..., с. 134.
[144] Ibidem, с. 135.

Од посебно значење треба да се истакне и фактот, дека во некои министерства, врз основа на уредбите за нивната организација, било утврдено и работното место "главен архивар", како што тоа се однесува на случајот на Министерството за надворешни работи, во каде на чело на организационата единица "Главна архива" имало главен архивар. Во исто време, во Министерството за просвета местото на главниот архивар му било одредено во општиот отсек.[145]

Во некои уредби за организацијата на министерствата, се одредувало дека министерот ќе донесувал правилник во врска со начинот, со кој ќе се уредувале елементите на внатрешниот ред на работата во министерството, односно и во делот на канцелариското и архивското работење. Била предвидувана исто така и можноста, началниците на одделенијата да ги изработуваат потребните наредби и упатства за извршувањето на работите во нивните одделенија.

Основната карактеристика на канцелариското и архивското работење во наведениот период во Вардарскиот дел на Македонија, не се менувале. И понатаму се работело врз основа на донесуваните поединечни решенија, наредби и други управни акти, со кои на еднostran начин се решавале само поедини прашања од областа на канцелариското и архивското работење, со исклучување на примерот со "Расписот за еднообразното и прегледно вршење на државната администрација" од јануари 1921 година. Во наведениот распис се пропишувале одредени елементи во врска со обликувањето на законите во органите на државната управа и локалната самоуправа, со што на одреден начин се допринело за оформувањето и употребата на потребните конкретни елементи, што ќе требало да ги содржи секој настанат службен акт.[146]

Наведениот распис во доволна мерка го уредува прашањето за оформување на актот при неговото настанување во органите на државната управа и локалната самоуправа, во смисол на одпределување

[145] Ibidem.
[146] Ibidem.

на потребните основни елементите кои треба да ги содржи секој настанат акт. Со овој распис се придонело за унифицирање на формата на актите во органите на државната администрација, што секако треба да се смета за чекор напред кон подготовката за воведување на позначајни стандарди во архивското и канцеларисќото работење во државата.

Врз основа на фактот, дека во периодот непосредно по оформувањето на Кралството СХС, не постоел единствен пропис за канцелариското работење во државната администрација, се темели и претпоставката дека органите на управата морале самите, преку интерни акти, според своето наоѓање, да го уредуваат начинот на водење на канцелариското работење за својот ресор, врз основа на своите конкретни потреби и дадените услови.[147]

Не е исклучена и можноста, дека биле донесувани и повеќе други наредби од ваков и сличен карактер, со кои на единствен начин се регулирале поедините прашања од канцелариското работење. Сепак, тие не можеле да ја одиграат улогата, ниту пак го имале значењето на единствен пропис, со кој на единствен начин целосно би се решило прашањето на системот на архивското и канцелариското работење. Токму овој елемент, дека биле донесувани повеќе прописи за работењето со актите, укажува на фактот, дека ова е периодот на почетоците на архивското работење, кое постепено ќе се изградува врз основа на веќе донесените прописи, уредби и другите акти, кои на одреден начин ќе ја сочинуваат основата за донесувањето на значајните стручни, грански законски акти од сферата на архивското работење во државата.

Во државната администрацијата што била водена во Вардарскиот дел на Македонија состојбите биле идентични. И тука, поради непостоењето на потребните прописи во архивското и канцелариското работење, во централните управни установи и во органите на локалната самоуправа се работело според расписите и уредбите што биле донесувале

[147] Ibidem.

од ресорните министерства. Така, на пример, во текот на 1918 и 1919 година предметите биле одлагани во архивата на државните установи според последниот деловоден број, под кој бил заведен односниот предмет во *деловодниоӣ. Проӣокол,*[148] или на нивото на градската општина на градот Скопје за актите кои настанувале во 1918 до 1919 година, во наведената институција бил воден деловоден протокол, кој служел за евиденција на предметите и сведоштво за начинот на кој биле заведувани актите во деловодниот протокол при почетоците на архивската дејност во Вардарскиот дел на Македонија.[149]

Една година подоцна, во 1919 година во деловодниот протокол се појавиле две нови рубрики,[150] и овој протокол, врз основа на оваа дополна, можно е да се посматра како поразвиена форма на архивска книга за евиденција, кон која од 1919 година се водел и *именичен азбучник,* односно *реīисӣар,* кој содржел неколку рубрики.[151]

Врз основа на констатираните состојби, кои се однесуваат на почетоците на архивското работење во Вардарскиот дел на Македонија, можно е да се заклучи дека тоа се паѓа во периодот 1918– 1921 година, кој е релативно краток, за да можело да се оформат елементите на едно ефикасно канцелариско и архивско работење, кое би се регулирало на оперативното ниво, во рамките на институциите на системот на државната и локалната управа во овој дел од Кралството СХС. При тоа биле донесувани и во најголемиот дел користени, прописи и уредби за канцеларискогто и архивското работење, кои се движеле во рамките на задоволувањето на јавените потреби во администрацијата на државните управни и самоуправни органи. Сеуште во јавените прописи се користеле искуствата од претходниот административен период.

---

148 T. Zajkovski, Razvitak sistema upravnih registratura, Makedonija, Arhivist, God. XX/1970, br. 2, Beograd 1972, s. 99-179.
149 Ibidem, c. 144.
150 Ibidem, c. 144-145.
151 Ibidem, c. 145.

Архивската граѓа од разгледуваниот период се карактеризира главно со бројни информации и податоци, кои се однесуваат на средувањето и регулирањето на социјално-економските, политичките и безбедносните прилики во Вардарскиот дел на Македонија и воопшто во рамките на целокупната територија на Кралството СХС.

# ВТОРА ГЛАВА

# АРХИВСКАТА ДЕЈНОСТ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНАТА ПОЛОЖБА ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ОД ДОНЕСУВАЊЕТО НА ВИДОВДЕНСКИОТ УСТАВ ДО ВОВЕДУВАЊЕТО НА ШЕСТОЈАНУАРСКАТА ДИКТАТУРА ВО 1929 ГОДИНА

## 2.1. ПРОМЕНИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ЛОКАЛНИТЕ ОРГАНИ ПО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ВИДОВДЕНСКИОТ УСТАВ

Промените во *организацијата на локалните административни органи* по донесувањето на Видовденскиот устав во 1921 година во Кралството СХС и понатаму се задржале како организационен систем до 1929 година. Тие се јавиле во внатрешното политичкото уредување и воделе и кон нова административна поделба во земјата на административни области. На територијата на Македонија беа образувани три административни области (жупании).[152]

Во претходниот период од Втората балканска војна во 1913 година и сé до 1918 година, Вардарскиот дел на Македонија, во рамките на Кралството Србија, воопшто немал одреден државно-правен и административен статус. По 1913 година, само некои одредби од српскиот устав од 1903 година, а не Уставот во целина, биле проширени и на Вардарскиот дел на Македонија. Истиот бил поделен на седум окрузи: Битолски, Дебарски, Кумановски, Скопски, Штипски, Тетовски Тиквешки (Кавадарски). По 1919 година бил укинат Дебарскиот округ, а според поделбата од 1920 година, повтосно имало седум окрузи: Битолски, Брегалнички (тука влегла новодобиената Струмичка околија), Кумановски, Охридски, Скопски, Тетовски и Тиквешки.[153] Меѓутоа, со воведувањето на Видовденскиот устав значително се измениле облиците на локалната управа во некогашните покраини кои влегле во составот на Кралството на СХС, а кои се однесуваат и на Вардарскиот дел на Македонија.

---

[152] Историја на Македонскиот народ, книга трета, Скопје, 1969, с. 27; Т. Зајковски, Административно-територијалната поделба, организација на власта и канцелариското работење во Македонија од 1918 до 1941 година, Период на Обласна и среска самоуправа (1922-1929), Реферат на Републичко советување одржано на 29 и 30 мај 1969 година, изд. Друштво на Архивските Работници на СРМ, Скопје 1969, с. 17-35.

[153] В. Симеуновиќ, Становништво Југославије и социјалистичких република 1921-1961, Београд, децембра 1964, с. 22.

Видовденскиот устав од своја страна ја озаконил приватната сопственост над средствата за производство, ги ликвидирал остатоците од старите сопственички односи, со што го овозможил натамошниот развој на капитализмот и со него воведеното искористување на работните маси во Вардарскиот дел на Македонија во рамките на Кралството на СХС. Новоформираната држава била создадена од земји, коишто економски биле нееднакво развиени, бидејќи пред обединувањето се наоѓале во составот на различни држави, во кои владееле поинакви социјално-економски историски услови во текот на XIX век. Посебно подолго време се чувствувале последиците од Првата светска војна во Србија, Црна Гора и Вардарскиоит дел на Македонија, кои во текот на војната биле окупирани од страна на Централните сили.[154]

Меѓутоа, капиталистичкиот начин на производство, како и другите значајни политички причини, како што било нерешеното национално прашање на некои од народите и националните малцинства кои биле во составот на Кралството (Македонци, Албанци, Црногорци, Унгарци) не дозволувале да се отстрани разликата во економската развиеност на поодделните подрачја во државата, бидејќи капиталистите биле заинтересирани првенствено за зголемување на профитот, а не и за економскиот развој.

Врз основа на уредбата од Видовденскиот устав, Кралството СХС било уредено како уставна, парламентарна и наследна монархија. Структурата на државните органи била поставена како израз на типична бирократска држава формирана на централистички принцип, а ингеренциите честопати биле самоволно ограничувани од страна на кралот заедно со Народната скупштина и законодасвната валст, но често самиот крал своите одлуки ги ставал над Народната скупштина.

Една од карактеристиките на Крлаството СХС била политичко и национално бесправие над широките народни маси. На македонскиот

[154] F. Čulinović, Jugoslavija između dva rata, I, s. 353-359.

народ му биле одземени можностите и правата за слободен национален живот и развиток.[155] Овој период, од 1921 до 1929 година, кој се означува како период на *"ограничен парламентаризам"*, бил период на постепено, но и постојано и доследно ограничување на политичките права на народот.[156]

На 22 април 1922 година биле донесени два закони, со кои на извесен начин се одредувле органите на локалната власт. Првиот бил: *Законот за обласната и околиската самоуправа* и вториот *Законот за општинската управа.*[157]

Во првиот биле вклучени *окрузите* како посебни *територијални управни и самоуправни единици*, иако биле предвидени уште претходно со уставот од 1921 година. Така, поделбата на целокупната државна територија, а со тоа и на Вардарскиот дел на Македонија, биле воведени *области, околии и општини.*[158] Според наведениот Закон, територијата на Кралство СХС била поделена на *33 области со истиот број на околии.*[159] Меѓутоа, и понатаму во *Вардарскиот дел на Македонија* бројот на *областите* и *околиите* останал идентичен како со поделбата што била извршена во 1921 година.

При поделбата на *надлежностите* меѓу *локалните и централните органи*, гледано во целина, применет бил *принципот на пренесување на дел од функциите од централните органи врз локалните органи,* односно бил утврден и прецизиран кругот на надлежностите на локалната управа (*обласна, околиска и општинска).*

Другиот комплекс од проблемите се однесувал на *поделбата на надлежностите* помеѓу *управните и самоуправните органи.* Во првиот случај, поделбата на надлежностите помеѓу управните органи, проб-

[155] Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје, 1969, с. 27.
[156] Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 242-243; F. Čulinović, Jugoslavija između dva rata, II, Zagreb 1951, s. 5-14; B. Petranović, Istorija Jugoslavije, s. 176-180.
[157] Службене новине Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца, Београд, 5.2.1922.
[158] Н. Цветковска, Локалната управа во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1919-1941), Историја, год. XXXIV/XXXV, Скопје 1998/1999, бр. 1-4, с. 57- 73.
[159] F. Čulinović, Jugoslavija između dva rata, I, s. 353.

лемот станал сложен, бидејќи и едните и другите претставувале само *делови на една иста централизирана организација на државната власт.*

*Локалните управни органи во областа - Големиот жупан* и *околиските поглавари - биле строго подредени на* централните органи и ги извршувале сите нивни наредби, односно одлуките на владата. Посебно, *Големиот жупан* имал големи овластувања.[160] Тој бил политички претставник на владата и ја претставувал владата во однос на *обласната самоуправа.* При вршењето на работите на Големиот жупан, му биле доделени потребен број *правни и стручни референти* и *помошен персонал.* Исто така тој *вршел надзор и донесувал решенија* над сите власти на општата управа во *областа* и решавал проблеми и прашања во врска со жалбите и донесувањето на нивни управни акти.

Во *надлежност на Големиот жупан* спаѓале сите работи од општата управа, кои според постојните прописи биле одземени од надлежноста на *околиските (среските) управни власти*, а не биле задржани во надлежност на односниот министер. *Големиот жупан,* во случај на спреченост, го заменува според рангот најстариот правен референт во рамките на обласната управа.

Кругот на надлежностите на *самоуправните органи* бил прецизиран, така што биле наброени *секторите на дејноста*, кои биле опфатени според нивната надлежност. Така, во *областите, самоуправните органи* биле надлежни за: обласните финансии, за утврдување на обласните буџети и за располагање со обласните давачки, кои им биле дадени врз основа на *Законот за покритие на обласните расходи (даноци и дополнителни даноци).* Потоа, воделе грижа за унапредување на стопанството и за управување со обласниот имот; воделе грижа за народ-

---

[160] Т. Зајковски, Административно-територијална поделба, организација на власта и канцеларископо работење во Македонија од 1918 до 1941 година, И Период на Обласна и среска самоуправа (1922-1929), Реферат на Републичко советување одржано на 29 и 30 мај 1969 година, изд. Друштво на Архивските Работници на СРМ, Скопје 1969, с. 17-35.

ното здравје и социјалните задачи, како и за сообраќајните установи; за соработката со соодветните органи за унапредување на просветата и стручното обазование; за воведување на установа за штедење итн.

Од друга страна, *обласниѿе самоуйравни орѓани* биле надлежни и за давање мислења на барање на владата, кои се однесувале на законските предлози што се однесувале на областа, како и за други предмети, за кои владата ќе побарала нивни сугестии.[161]

*Обласѿиѿе*, како самоуправни единици, според своите задолженија претставувале правни лица, како и според јавното и приватното право.[162] Како органи во составот на *обласнаѿа самоуйрава* биле формирани *Обласнаѿа скуйшѿина (собрание)* и *Обласниоѿ одбор.*[163]

На ист начин и со исти надлежности, само за територијата на *околијаѿа (срезоѿ)*, биле регулирани и *надлежносѿиѿе* на *околискиѿе (срескиѿе) самоуйравни орѓани.*

*Околииѿе*, како самоуправни административни единици претставувале правни лица и според јавното и приватното право.[164] Како органи на *Околискаѿа самоуйрава* биле формирани *Околискаѿа скуйшѿина* (собрание) и *Околискиоѿ одбор.*[165]

Со членот 135 од Видовденскиот устав било пропишано *окрузиѿе* да останат како единици на државната управа додека не се укинат со закон. *Окрузиѿе* не се потполно укинати ниту со *Уредбаѿа за йоделба на земјаѿа на обласѿи*, ниту со *Законоѿ за ойшѿа уйрава.* Со Уредбата само поедини стари окрузи биле претворени во области, а со Законот биле укинати окружните началства (Жупании), кои постоеле во седиштата на обласната управа. Меѓутоа, на територија-та на старите окрузи биле задржани *окружниѿе началници* како помошници на Големиот

---

[161] Устав Краљевине, Срба, Хрвата и Словенаца, Београд, 1922, 27.
[162]Т. Зајковски, Административно-територијална поделба … с. 18-19.
[163] Ibidem, Т. Зајковски, с. 9-20.
[164] Ibidem, с. 21.
[165] Ибидем, с. 21-22.

жупан.[166] Нешто подоцна, окризите како самоуправни единици, се укинати со *Уставот* и со *Законот за обласна и среска самоуправа* во 1922 година.

Во однос на задачите, кои им биле поставувани на околиските и обласните самоуправни органи, доколку тие не биле во состојба да ги извршат со сопствените средства, во тој случај било предвидено државата по барање на обласните собранија, а според одлука на парламетот, да се определат потребни средства или да се одбијат нивните барања. Меѓутоа, располагањето со *обласните и околиските средства* било под надзор на централните органи, односно под строг надзор на министерот за финансии. Во *Секторот за регулирањето на правните односи,* на Обласните собранија им било дадено право да издаваат уредби, а исто така и на Обласните собранија им било дадено правото да издаваат уредби за прашањата во врска со средствата од својата надлежност.

Меѓутоа, овие уредби не ги прогласувало Обласното собрание, туку *обласниот Голем жупан.* Тој можел да ја задржи од прогласувањето секоја уредба на Обласното собрание, доколку најде дека не е заснована врз Уставот или законот, односно тој морал своето мислење да го достави до Државниот совет на одлучување. Доколку Државниот совет не донесел решение според донесената забелешка во рок од два месеци, се сметало дека одлуката била извршена.[167]

Во основа, целиот систем на локалната самоуправа бил така поставен, да ѝ се овозможува на државната власт, т.е. на државните органи извршување на целосна контрола врз работата на самоуправните органи преку обласниот Голем жупан, како и преку околиските поглавари и преку посебните стручни тела. Со други зборови, сите овие управни органи имале право да ги задржат сите одлуки на самоуправните органи од извршувањето во секој момент.[168]

---

[166] Ibidem, s. 22.
[0] Службене новине Краљевине Срба, Хрвата и Солвенаца, Београд, 5.В.1922 г.
[168] Устав Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца, Београд, 1922, 28.

Ваквиот начин на работа на попречување на локалната самоуправа, според наше мислење, на објективен начин ја илустрира лажната демократија и лажниот парламентаризам, кои не можеле да бидат маскирани во секојдневната практика од работата на самоуправните органи.

Во рамките на обласната и околиската самоуправа, како *основна, управна и судска единица* функционирала и *општината.*[169] Истата ја сочинувале државјани, кои постојано живееле во градовите и селата. Во своите внатрешни работи општините биле самоуправни административни и територијални единици, а како составни делови во однос на државната целина биле подложени на надзорот од државните власти.[170]

Секој жител бил член на општината на која му припаѓало местото во кое бил роден, или во кое бил примен за член според прописите на законот. Должностите на сите членови на општината биле следните: а) да плаќаат општински прирез и давачки, кои биле потребни за одржување и напредување на општината, и б) во случај на потреба, принудно да работат на општински работи преку примена на кулук.[171]

Како *самоуправни органи* во општината делувале *Општински собир*[172] и *Општински одбор.*[173]

Во општината функционирал и *Општински суд*, кој претставувал прва непосредна власт во општината. Него го сочинувале: *претседателот, два кмета и деловодителот.* Ако општината била составена од град и село, или од повеќе села, кметовите се повикувале на судење и решавање според редоследот на предметите.

Општинскиот суд[174] решавал со мнозинство на гласови, при што гласот на претседателот немал одлучувачко значење, но му било даде-

[169] Службене новине Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца, Београд, 5.В.1922 г.
[170] Т. Зајковски, Административно-територијална поделба ..., с. 23.
[171] Ibidem.
[172] Ibidem, с. 24.
[173] Ibidem, с. 24-26.
[174] Ibodem, с. 26-27.

но правото, одлуките на општинскиот суд кои биле од административен карактер, за кои сметал дека го применувале делокругот на работата на општинскиот суд, или дека се спротивни на законите или законските одредби на властите, можел привремено да ги запре од извршување. Со даденото право, претседателот на Општинскиот суд можел да ја спроведува волјата ва државната власт, а да занемари или заобиколи одредени демократски права и принципи, се разбира "врз основа на законските одредби на властите." [175]

Претседателот на општината како највисока извршна власт во општината, претседавал со судот, одборот и собирот и ја претставувал надзорната власт врз кметовите и службениците.

*Кметовите* биле членови на општинскиот суд. Покрај таа функција што ја ја вршеле колективно, на истите им биле доделени и знатен број на посебни функции, како со законот за општината, така и со некој специјален закон. Покрај кметовите и општинскиот благајник, секоја општина требало да има, без оглед на бројот на правните избирачи, најмалку еден деловодител, а според потребите и еден или повеќе писари.

Поделбата на земјата на *области*, кон која се пристапило по донесувањето на споменатите два закони (*Законот за областната и околиската самоуправа* и *Законот за општинската управа)*, предизвикала голем отпор и незадоволство во круговите на политичарите и народот, кои се залагале за федеративно уредување на државата. Се протестирало против административното разбивање на историските покраини, кои влегле во состав на Кралството СХС.

Поделбата на *области*, која била извршена во текот на 1921 година на целата територија на Кралството на СХС, а со тоа и во Вардарскиот дел на Македонија, не била ирационална во замислата, но во практиката излегла мошне неизводлива.

---

[175] Ibidem, с. 28.

Можно е да се констатира, дека бројот на околиите бил предвиден во врска со специјалните државни интереси, но во никој случај не бил сразмерен според површината на онаа област, на која ѝ припаѓала некоја одредена околија.[176] На пример, *Битолската област* била два пати поголема од *Брегалничката* и имала двапати повеќе околии (14:6), а *Скопската* била само за околу 60 % поголема од *Брегалничката*, но имала 90 % повеќе околии (11:6).

Редоследот на несразмерноста уште подобро се гледа и во случајот кога ќе се земе предвид бројот на населението. Според пописот од 1921 година во Скопската и Битолската област бил приближно идентичен: 336.423 и 341.095 жители, па според тоа на една околија просечно се паѓало 30 и 24 илјади жители, за разлика од Брегалничката околија која имала само 104.460 жители, значи по 17 илјади на една околија.

На тој начин, државната власт, поради работничкото и комунистичкото движење на населението и упадите на комитските чети на ВМРО "Автономисти" од Бугарија, сакала да има поефикасна контрола во одредена област, каде што состојбата секогаш била немирна.

Врз основа на претходните примери и сознанија, исто така е мошне чудно што градот Струмица, и покрај големата оддалеченост, припаѓал во Битолската област наместо во Брегалничката, што административно би било многу поприродно. Меѓутоа, овде решавале политичките причини, наполно спротивни на географските и пред сé на националните интересите на населението.[177]

*Скопската област* за својот административен центар го имала одредено градот Скопје. Функцијата Голем жупан ја вршел А. П. Вилдовиќ, а за секретар на жупанијата бил поставен Љ. Тадиќ. Во управата на Областа имало назначени правен, земјоделски, ветеринарен, граде-

---

[176] Н. Цветковска, Локалната управа во Вардарскиот дел на Македонија, с. 61; F. Čulinović, Jugoslavija između dva rata, II, Zagreb 1951, s. 355.

[177] Хенрик Батовски, Историја на политичките граници и територијалниот облик на Социјалистичка Република Македонија, ГИНИ, ЦВИ/И, Скопје, 1972, с. 17, 18.

жен, за води и санитарен референт, како и просветен инспектор. Во наведената областа имало 9 средни училишта и 8 основни школи.[178]

*Битолската област* за свое централно седиштето го имала градот Битола. Функцијата Голем жупан ја вршел В. Б. Алексиќ, а за секретар на жупанијата бил одреден Д. М. Јовановиќ. Во оваа област имало назначени правен, земјоделски, ветеринарен и санитетски референти, а за просветата инспектор. Имало вкупно 8 државни гимназии, додека како средни училишта во градот постоела Богословија, Трговачка академија и Земјоделска школа, а во Прилеп имало Државна учителска школа. Во двете области исто така имало 11 основни школи и библиотеки.[179]

*Брегалничката област* го имала сместено своето седиштето во градот Штип. Функцијата Голем жупан ја вршел Ѓ. Ц. Ѓорѓевиќ, а секретар на жупанијата бил М. Јеремиќ. Во областа имало назначен правен, санитетски, земјоделски и ветеринарен референт, исто така и просветен инспектор и областен школски надзорник. Во градот своја настава одржувале: Државната гимназија, 4 виши основни школи, 5 нижи стручни училишта и 3 основни училишта.[180]

Во периодот од 1922 до 1929 година во обласната и околиската управа и судството во Вардарскиот дел на Македонија, постоел и функционирал во Скопје *Апелационен суд*, а *првостепени судови* имало во Битола, Велес, Кавадарци, Охрид, Тетово и Скопје, при што во рамките на секоја општина функционирал и *Општински суд*.

Во областа на *здравството*, постоеле *Инспекторат на Министерството за народно здравје* во Скопје, а имало и *обласна болница* во Скопје; *окружни болници* во Тетово, Битола, Кавадарци, Куманово, Охрид и Штип, како и *среска* во Гевгелија. Од *медицинските установи* имало во градот Скопје *Завод за тропски болести; Установи од обла-*

---

[178] Т. Зајковски, Административно-териториjалната поделба ..., с. 28-29.
[179] Ibidem, с. 29-31.
[180] Ibidem, с. 31.

*сшта на шумарсшвошо, Дирекција за шуми* во Скопје; од областа на *рударсшвошо* имало *Обласна рударска уйрава* во Скопје, а од областа на *водниШе служби* функционирало *Обласно хидрошехничко одделение.*

Од областа на *финансиише,* постоеле и работеле *Окружни финансиски уйрави* во градовите: Битола, Скопје и Штип, со свои *околиски* финансиски управи во повеќе градови во Македонија. Бидејќи тутунот бил еден од поважните и баран производ, постоеле поголем број на монополи и стоваришта во повеќе градови во Македонија.[181]

Од областа на *йаричниШе заводи,* кои работеле во Вардарскиот дел на Македонија во 1920 година, во Скопје функционирала "*Народнаша Банка" на Кралсшвошо СХС*, која потекнувала од "*Привилеїиранаша народна банка на Србија"*, која била основана уште во 1883 година. "Народната банка" имала свои филијали во Скопје и Битола, а *"Државна хийошекарна банка"* имала *филијала во Скойје.*

Од областа на *индусшријаша, шрїовијаша и обршош,* во Скопје функционирала *"Трїовска индусшриска комора–Скойје". Во* школството на оваа област работеле *"Трїовска академија"* во Скопје, *"Државна шрїовска академија"* во Битола и *Трїовскиош курс"* во Скопје.[182]

На овој начин поставената локална управа и локалната самоуправа се задржале сé до воведувањето на Шестојануарската диктатура во 1929 година. Тогаш со "Законот за обласната и околиската самоуправа" биле укинати, а со нив заедно и областите. На 3 октомври 1929 година бил донесен и "*Законош за имешо и йоделбаша на Кралсшвошо на уйравни йодрачја"* според кој "...државата на Србите, Хрватите и Словенците е наречена Кралство на Југославија". Извршена била и новата административна поделба на земјата, односно општата управа во Кралството Југославија се извршила по *бановини, околии и ойшшини.*[183]

---

[181] Ibidem, с. 32-33.
[182] Ibidem, с. 34-35.
[183] Н. Цветковска, Локалната управа во Вардарскиот дел на Македонија, с. 61.

Во врска со претходно наведените состојби, можно е да се констатира, дека постои мошне обемна архивска граѓа, која се однесува на средувањето на административните и комуналните прилики во државата, како и регулирањето на колонизацијата и решавањето на аграрното прашање во рамките на Вардарскиот дел на Македонија.

## 2.2. ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ЗА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И НИВНАТА УЛОГА КАКО ФОНДООБРАЗОВАТЕЛИ ВО ДРЖАВНАТА УПРАВА

Врз основа на важечките законски прописи во новосоздадената држава на Кралството СХС, во почетокот на неговото постоење во текот на 1918 година, постоеле различни системи на канцелариско и архивско работење во неговите органи на државната управа, како и во другите установи и институции, кои влегувале во составот на државната управа на земјата со ингеренции за чување на документација.

Наведената состојба не претставувала пречка од посебен вид, за да не можела работата на државните органи нормално да се одвива во рамките на органите на државната управа. Тоа и поради фактот, што развојот на политичките настани во уредувањето на Кралството СХС заземале водечко место при формирањето на законската регулатива во однос на развојот на државата, додека уредувањето на администрацијата, како практичен елемент, претставувало проблем со помало и споредно значење.[184]

Опишаната состојба на архивската регулатива во органите, организациите и институциите во составот на државната управа била на одреден начин резултат на околностите што постоеле во институциите при разните делови на Кралството СХС, кое се формирало од земји, кои уште пред 1918 година биле под австро-унгарска власт и во рамките на хабзбуршката монрхија, или  и земји кои биле во составот на Кралството Србија, се формирале под различни општествени-политички и стопански влијанија и претставувале одраз од потребите на полтичкиот и административниот развој во двете државни уредувања во периодот пред 1918 година.[185]

---

[184] Z. Nježić, Razvitak sistema upravnih registratura,  Arhivist, XX'2, Beograd 1970, s. 134.
[185] Ibidem.

Единствените архивски прописи за сите органи на управата на Кралството СХС биле донесени дури во 1931 година. Во меѓувреме, секој орган на државната управа сам за себе, според развојот на конкретните потреби при дадените услови, самиот си го пропишувал начинот за извршувањето на работите во канцелариското работење.

На тој начин, можно е да се заклучи, дека во текот на периодот од 1918 до 1930 година, постоеле низа различни архивски одредби и посебни прописи, кои имале ресорен карактер или важеле за одредените министерства и за нивните пониски работни единици, кои се однесувале на канцелариското работење во регистратурите; во министерствата и другите државни органи и институции, како и во рамките на повеќе административно територијални единици во државата.

Во наведените архивски одредби и прописи, повремено се вршеле интервенции, со цел да се усогласеле со потребите, а исто така и да биле во хармонија со прописите што владееле и на одредено пошироко управно и административно подрачје на државата.[186]

Така на пример, во уредбите за уредувањето на министерствата и другите органи на државната управа во Кралството СХС по 1920 година, за архивското и канцелариското работење сѐ уште не се среќаваат поконкретни и подетални одредби. Во таквите случаи, врз основа на анализата на поедини членови за организационата структура, како и за задачите на организационите единици во министерствата, како и во однос на поглавјата за нивниот персонал, можно е да се најдат одредени најопшти формулации за канцеларискoто работење.[187]

Во содржината на наведените формулации спаѓа на пример и следното: "На архиварот му спаѓа во должност да се грижи за правилната и редовна евиденција на пристигнатите деловни акти, за нивното брзо и точно препишување и испраќање на решенијата, како и за пра-

[186] Ibidem.
[187] Ibidem, с. 135.

вилното и прегледно архивирање на документите.”,[188] односно, во составот на секое одделение имало писар, архивар, водител на протоколот, регистратор и практикант.[189]

Така на пример во уредебата на Министерството за трговија и индустрија, со еден акт за уредување на архивското и канцелариското работење, се наведува: “Административниот отсек ги врши административните работи. Во негова надлежност спаѓаат работите во врска со: водење на протоколот, препишување, преведување, испраќање на поштата и архивата.”

Понатаму, во неколку други министерства, врз основа на уредбите за нивната организациона поставеност, утврдено било местото на “Главен архивар”; во Министерството за надворешни работи имало исто така главен архивар, кој стоел на чело на “Главната архива”, а во Министерството за просвета,[190] местото на главниот архивар било сместено во “Општиот отсек.”

Понатаму, во содржината на поедините уредби, кои се однесуваат на организацијата на поедени министерства, на посебен начин се утврдува, дека: “Министерот ќе донесе правилник, на кој начин ќе се извршуваат работите на министерството и како ќе се уредува внатрешниот ред на работите.”[191]

Основните и главните правци на канцелариското работење во органи на управата и другите институциите на Кралството СХС, кои во исто време ги имале и ингеренциите за зачувување на документацијата создавана при нивното работење, не ги менувале поединечните административни решенија, наредбите и другите државни акти. Тие сами по себе и на единствен начин ги решавале поединечните прашања од областа на архивското и канцелариското работење.

---

[188] ДАРМ, фонд бр. 1041, Министарство вера, Београд, 1919/1940.
[189] Ibidem.
[190] ДАРМ, фонд бр.1038, Министерство за просвета, Белград,1919-1941, л. 5.
[191] Z. Nježić, оп. цит. с. 135.

Така на пример, во "Расписот за еднообразно и попрегледно вршење на работите во државната администрација", на конкретно се пропишува, дека "државната администрација се врши без некакви правила и прописи, а во интерес на уштеда во материјал".[192]

Бидејќи во овој период од 1921 до 1929 година, не постоел единствен пропис за архивското и канцелариското работење, во смисол на задолжителен службен закон за архивското работење во државните органи на управата и во другите институции на Кралството СХС, можно е да се заклучи, дека органите на државната управа, биле приморани сами со интерни акти, според свое наоѓање да го уредуваат начинот на водење на архивското и канцелариското работење во одреден ресор ио врз основа на сопствените работни искуства, потреби и локални искуства.[193]

Така, на пример, во Министерството за трговијата и индустријата[194], со наредбите од 1924, 1926 и 1929 година се одредувале и прописи за водењето на книгите за евиденцијата за единствениот протокол и регистрите. При тоа се утврдувало, дека во протоколот и на актите, покрај регистрирањето на бројот според хронолошкиот редослед, се впишува исто така и бројот, кој се однесува и на утврдената шифра на одделението каде припаѓал актот.

Потоа, Министерството за просвета, на пример, со својот распис под наслов "За грешките во школската администрација"[195], објавен во 1922 година, од своја страна укажува на грешките во врска со потпишувањата на актите.[196]

Покрај поединечните и делумни наредби, издавани од поедини високи државни службеници; правилниците на министерствата за работа на поедини одделенија или министерствата во целина, комплетно ги ре-

---

[192] Ibidem.
[193] Ibidem.
[194] ДАРМ, фонд бр. 1039, Министерство за трговија и индустрија, Белград, 1919-1941, к. 3.
[195] ДАРМ, фонд бр. 1038, Министерство за просвета, Белград,1919-1941., к-4, л. 17.
[196] Z. Nježić, оп. цит. с. 136.

гулирале, покрај останатото и прашањата за канцелариското работење. Со Правилникот за работата на Одделението за државна безбедност се предвидувале некои од општите административни работи да бидат пренесени во првиот отсек, каде ги имал во својот состав и следните подотсеци: секретаријат, архива и регистратура.[197]

Во поглавјето на Правилникот што се однесува на делот "Архива", се зборува за поделбата и архивирањето на актите. Според Правилник, архивата била троделна, и тоа: 1) индивидуална архива, 2) содржинска архива и 3) обична.[198]

Потполно решение во врска со канцелариското работење во органите на државната управа дало Министерството за финансии, и тоа подоцна, дури во мај 1930 година, кога бил донесен Правилникот за деловниот ред во органите на државната управа.

Во поглед на архивските прописи на ниво на области, во Кралството СХС, како карактеристика за подолг временски период (од 19121 до 1929 година), се забележува непостоење на посебна правна, а во тие рамки и архивска регулатива за канцелариското и регистратурското работење.

Со Уредбата за поделбата на земјата на области донесена на 26.04.1922 година, државата била поделена на 33 области. Тие функционирале во времето од 1924 до 1929 година. Организацијата, делокругот и начинот на работа на областите, а во нивниот состав и на обласните собранија и одбори, како и околиските (среските) собранија и одбори, биле одредени врз основа на *"Законот за обласната и среска самоуправа"* од 26.04.1922 година.[199]

Областите, на подрачјето на целото Кралство СХС, немале на единствен начин уредено канцелариско работење, ниту регистратурско работење.[200] На чело на секоја обласна управа се наоѓал големиот жу-

---

[197] ДАРМ, 1.1037, Министерство за внатрешни работи, Белград, 1919-1941, к-10, л. 17-18.
[198] Z. Nježić, оп. цит. с. 136.
[199] Zbornik zakona, uredbi i naredbi, sv. V, Zagreb 1927.
[200] J. Butorac–S. Bačić, Iz historije pisanog dokumenta, Zagrebu, 1966, с. 34-35.

пан. Работите во надлежност на големиот жупан во областа биле водени по Оддели, а работите за обласното собрание по одбори. Врз основа на таа организациона поделба, во регистратурата на областа се разликувале службени акти на серии односно подсерии на службените акти.

Канцелариското работење било уредено на тој начин, што секој акт, кој го решавале Одделите, проаѓал низ два доставни записници: низ општиот или централниот записник и низ записникот на Одделот. Според тоа, актите имале двократна нумерација.[201]

Карактерот на архивската граѓа настаната при канцелариското и архивското работење на државните институции и органи во разгледуваниот период, главно се однесува на донесување и регулирање закони и прописи во администрацијата, како и при самиот начин на средувањето на службените акти во архивата.

Најголем број фондообразователи во Кралството СХС, во периодот од 1921 до 1929 година, се јавуваат од составот на административните служби при највисоките државни органи и установи. Во нив, според редоследот на нивното значење, биле следните: Претседателството на Министерскиот совет, Министерството за надворешните работи, Министерството за внатрешните работи, Министерството за просвета, Министерството за правда, Министерството за верата, Министерството на војската и морнарицата, Министерството за сообраќај, Министерството на поштата и телеграфот, Министерството за градежништво, Министерството за народното здравје, Министерството за социјалната политика, Министерството за финансии, Министерството за трговија и индустрија, Министерството за земјоделство и води, Министерството за шуми и рудници и Министерството за аграрна реформа.[202]

Во трите области, кои го сочинувале Вардарскиот дел на Македонија во периодот од 1921 до 1929 година, односно Битолската, Брегалничката и Скопската, постоеле и дејствувале повеќе оддели на минис-

[201] Ibidem, с. 35.
[202] Краљевина Срба, Хрвата и Словенаца, Алманах, III., Загреб 1928, с. 18-24.

терствата, како нивни институции, кои работеле на теренот. Тие играле мошне значајна улога како фондообразователи од највисок државен ранг во Обласста, и врз основа на тоа имале и ингеренции за зачувување на документацијата што се создавала во текот на нивната работа.

Така, на пример, од ресорот на Министерството за трговија и индустрија, во Скопската област постоел и дејствувал *Трговскиот Инспекторат во* градот *Скопје*, како значаен фондообразовател од подрачјето на трговијата и индустријата во Македонија.[203]

Во ресорот на Министерството за земјоделство и води, на Скопската област, со седиште во градот Скопје, постоел и функционирал *Земјоделскиот инспекторат за Јужна Србија и Скопје*, како и *Генералната дирекција за води во Скопје*, кои биле значајни фондообразователи од подрачјето на земјоделството и водостопанството.[204]

Од ресорот на Министерството за шуми и рудници, на Скопската област во Скопје постоел и дејствувал како значаен фондообразовател од сферата на стопанисувањето со шумите и рудите *Шумарскиот инспекторат во Скопје*, и *Обласната рударска управа во Скопје*.[205]

Од ресорот на Министерството за аграрна реформа, на Скопската област во градот Скопје постоел и дејствувал фондообразователот на *Главното повереснтво за аграрна реформа во Скопје* и во останатите градови, каде биле поставени окружни поверенства и како резултат од нивната работа се создавала мошне значајна граѓа од обласста на тогашниот аграрен сектор.

Во ресорот на Министерството за градежништво постоел и дејствувал фондообразователот *Градежна дирекција* со седиште во Скопје,[206] а во нејзиниот состав имало *секции*, како помали работни единици или фондообразователи на градско ниво. Тие биле следните: *Градежната секција во Тетово, Куманово, Кавадарци, Штип, Битола и Охрид.*

[203] Краљевина Срба, Хрвата и Словенаца, Алманах, И, Загреб 1922, с. 1–9, 121-123.
[204] Ibidem.
[205] Ibidem.
[206] Ibidem, с. 122.

Во ресорот на Министерството за социјална политика, во Скопје постоел и дејствувал фондообразователот *Обласна државна заштита за деца и младинци.*[207] Наведената служба била поделена на окружни единици во градовите: Скопје, Куманово и *Тетово.*[208] Во составот на наведената служба за градот Скопје исто така влегувала и *Месната државна заштита за деца и младинци* од градот, како и детските домови во Скопје и Велес.[209]

Покрај наведените градови, слични служби биле формирани и во Битола, Штип и Охрид, а во составот на истото министерство дејствувал во градот Скопје и фондообразователот *Инспекција на трудот*, со *Шеф на Обласна инспекција на трудот.*[210]

Наведените фондообразователи, како составни делови на органите од државната управа на Кралството СХС во Вардарскиот дел на Македонија, извршувале мошне значајна дејност на ниво на трите области. Поради значењето на дејноста која ја извршувале и видот на актите кои настанувале во текот на нивното работење, тие имале и законски ингеренции да ја чуваат граѓата што се создавала во текот на нивната работа.

Наведените фондови и граѓата која била создадена, денес за македонскиот народ и Република Македонија претставуваат драгоцен извор на податоци. Тие се однесуваат на работата на политичките фактори, управи и самоуправи на одделните стопански здруженија и дејности, социјалните и комуналните установи итн. При нивното проучување, можно е да се заклучи, дека тие ги одразуваат социјално-економските и националните состојби и односи од историјата на македонскиот народ, кои се одигрувале во разгледуваниот временски период.

---

[207] Ibidem, с. 122-123.
[208] Ibidem, с. 123.
[209] Ibidem.
[210] Ibidem.

## 2.3. КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА КАНЦЕЛАРИСКОТО И АРХИВСКОТО РАБОТЕЊЕ ДО 1926 ГОДИНА

Канцелариското и архивското работење до 1926 година го носело печатот на времето од државата на Кралство СХС, во чиј состав бил анектиран и Вардарскиот дел на Македонија.

Во новосоздадената држава постоеле различни административно-правни системи на канцелариско работење. Тоа било последица на фактот, дека тие биле формирани во различни услови и врз основа на различни влијанија. Единствениот пропис за сите органи на државната управа бил донесен дури во 1931 година.[211]

Во врска со канцелариското и архивското работење по прокламирањето на новата држава, од 1.XII.1918 година, разните покраини подолго време останале да го употребуваат дотогашното сопствено канцелариско и регистратурско работење, а потоа со *"Уредбата за поделба на земјата на области"* од 26.IV.1922 година, државата била поделена на 33 области, кои функционирале од 1924 до 1929 година.[212]

Во периодот од 1918 до 1931 година секој орган сам за себе си го пропишувал својот начин на канцелариското работење, и тоа според сопствените сваќања и потребите кои се јавувале. За наведениот период карактеристично е да се подвлече издавањето на низа различни одредби и посебни законски прописи од ресорен карактер, кои се однесувале на административното работење во Кралството СХС, како и во Вардарскиот дел на Македонија. Во наведеното работење повремено од државните органи се интервенирало, со цел истото да се усогласело со потребите во практиката. [213]

Во уредбите за организацијата на министерствата и другите органи на државната управа од 1919 година, во врска со канцелариското

---

[211] Z. Nježić, Centralni organi (1918-1930), Arhivist, XX/2'70, Belgrad 1972, s. 134-138.
[212] J. Butorac- S. Bačić, Iz historije pisanog dokumenta, Sisak 1966, s. 34.
[213] Т. Зајковски, Административно-територијална поделба..., с. 34-35.

уредување, не се среќаваат поконкретни одредби. Во нив, врз основа на поединечните членови, кои се однесувале на организационата структура и задачите на организационите единици, како и поглавјата во врска со персоналот, можат да се најдат само најопшти формулации за канцеларискотo работење.

Така, на пример, наидуваме на формулацијата: "Архиварот е должен да се грижи за правилната и сигурна евиденција на пристигнатите деловни акти, за брзото и точно препишување и испраќање на решенија, како и за правилното и прегледно чување на документите." Или, на пример, во "*Уредбата за привремената организација на Министерството на верата*", во врска со канцеларискотo работење, се утврдува: "Секое одделение има писар, архивар, лице кое го води протоколот, лице кое ги води регистрите, практикант и друг потребен персонал."[214]

Во *"Уредбата за организацијата на Министерството за трговија и индустрија"*, во врска со канцеларискотo работење, се утврдувало следното: "Административниот отсек ги врши административните работи. Во негова надлежност спаѓаат водењето (работењето) на актите, преписите, преведувањето, експедицијата на поштата и архивата." Во "Уредбата за организација на Министерството за сообраќај" се наведени исто така слични работи и компетенции. [215]

Во некои министерства, врз основа на уредбите за нивната организација, било утврдено работното место на "Главен архивар", како што е случај на пример кај "Министерството за надворешни работи", каде што бил поставен *"Главен архивар"* на чело на *"Главната архива"*, додека пак во "Министерството за просвета" било одредено работното место на "Главен архивар" да биде сместено во Општиот отсек. [216]

Во поедини уредби, што се однесуваат на централните државни органи, за организацијата на управните регистратури, се утврдувало де-

---

[214] Z. Nježić, Centralni organi ..., с. 135.
[215] Ibidem.
[216] Ibidem.

ка министерот донесувал “Правилник”, на кој начин ќе се извршувале работите во министерството, односно на кој начин ќе се регулирал внатрешниот ред на службите. При тоа се предвидувала и можноста, самите началници на одделенијата да ги изработуваат потребните наредби и упатства за работа.

Основната карактеристика на канцелариското работење во централните органи на државната управа во овој период е работење според поединечни решенија, наредби и други видови акти, кои на одреден начин решаваат само определени прашања од канцелариското работење. Меѓу нив се јавува и еден “Распис за еднообразно и прегледно вршење на работите во државната администрација”.[217]

Не се исклучува оценката, дека постоеле и други слични расписи, со кои на одреден начин се регулирале поединечните прашања во областа на канцелариското работење при централните органи на државната управа на Кралството СХС, кои непосредно се однесувале и на Вардарска дел на Македонија. Меѓутоа, овие, во основа парцијални, регулирања на поедини сегменти од канцелариското работење, не можеле да одиграат значајна улога како пример на единствен пропис, кој би довел до комплетно решавање на системот на канцелариското работење.

Од самиот факт, дека не постоел единствен пропис за канцелариското работење, произлегува и претпоставката дека органите на управата самите морале, преку донесување на интерни акти, според свое наоѓање, да го регулираат начинот на водењето на канцелариското работење во својот ресор, според сопствените потреби и во рамките на условите во кои работеле.

---

[217] Во оовој распис се наведува: “Бидејќи се утврдило дека државната администрација се извршува без примена на одредени правила и прописи, а во интерес на заштеда на материјал, Министерскиот совет со свое решение бр. 14120 од 14.И.1921 година, наредува: 1. Во иднина во сите државни надлештва и установи, како и во општинските и самоуправните тела, актите повеќе да не се нумерираат на својата опачина, туку само и единствено со ставање на штембил веднаш под текстот и тоа од левата страна на самкиот текст. Вака да се постапува по сите предмети, 2. При оснивњето на еден предмет, на почетниот акт секогаш треба при врвот на текстот од левата страна да се стави краток опис на содржината.”

Врз основа на претходно прикажаните состојби во регулирањето на канцелариското работење, можно е пообјективно да се констатира, дека развојот на канцелариското, а со тоа и архивското работење во системот на државната управа на Кралстото СХС една деценија по прогласувањето на оваа држава не се посветувало потребно внимание на овој мошне значаен сегмент од работењето во администрацијата.

Најверојатно немало израз на посебен мотив за добро организирање и регулирање на работата во архивите (писараниците), а секако и дека не се имало желба да се види како се работело во западноевропските држави (Франција, Англија, Германија и др.) со кои кралството соработувало и на кои во оваа државно-службена дејност, можело и требало да се угледа или да размени, одредени и неопходни работни искуства во интерес на успешната работа. Од таа гледна точка, можно е да се заклучи и дека персоналот надлежен и задолжен да го врши канцелариското и архивското работење во установите на системот ја немал доволната иницијатива за работа на регулативата, или во одредена мерка бил попречуван во исполнувањето на својата работа, за што немаме релевантни докази.

Меѓутоа, работите се одвивале зависно од потребите на практиката. Во прилог на оваа констатација се однесуваат и поедините наредби, како и други материјали, пред сè правилниците за деловниот ред или други правилници, кои постоеле и се употребувале кај некои министерства и во кои со повеќе или помалку поединости, покрај останатото, се утврдувал начинот на водењето на канцелариското работење. Така, во “Министерството за трговија и индустрија” со наредби од 1924, 1926 и 1929 година, покрај останатото, се одредува и водењето на книгите за евиденција - единствениот протокол и регистрите. Во содржината на протоколот и на актите, покрај бројот одреден според хронолошкиот редослед, се впишувал и бројот, односно утврдената шифра на одделението, на кое му припаѓал актот.

Слични примери се среќаваат и во дејноста на “Министерството за просвета”, каде со својот распис во својство на наредба, под наслов “За грешките во администрацијата” од 1922 година, се укажува на грешките при потпишувањето на актите. Се претпоставува дека слични наредби, повеќе или помалку прецизирани, биле упатувани и од другите министерства и органи на државната управа до нивните подредени служби.

Организацијата, делокругот и начинот на работа на областите (Областни собранија и одбори) и сресквите (околиските) собранија им биле одредени со *“Законот за обласната и околиската самоуправа"*, од 26.IV.1922 година. Областите немале единствено канцелариско работење или регистратурско уредување. Како последица од таквата состојба постоеле помали или поголеми разлики во работењето. [218]

Канцелариското работење било уредено на начин, што секој акт кој бил решаван во одделите, сукцесивно поминувал низ два, општиот или централниот записник за предавање и записникот за предавање од одделите. По укинувањето на Обласната самоуправа и воведувањето на Комесаријатите во 1929 година, покрај актите на Големиот жупан и нивните оддели, постојат и акти на Комесаријатите.

Состојбите во канцеларискoто и архивското работење не се разликувале многу од оние во централните органи на Кралството СХС. Во основа, тие идентично се пренесувале во Вардарскиот дел на Македонија, онака како што тоа било барано од централните органи и според одвивањето на постојната регулатива што важела за наведеното подрачје во државата.

Поради немање прописи за регулирањето на канцеларискoто работење, како и поради потполното уништување на архивите на централните управни установи во рамките на Вардарскиот дел на Македонија (архивата на окружните началства, сресквите (околиските) начел-

---

[218] J. Butorac-S. Bačić, Iz historije pisanog, s. 34-35.

ства, обласните собранија и обласните одбори и Банската управа) настанати во периодот меѓу двете светски војни, не е можно да се даде попотполн приказ за периодизацијата на канцелариското и архивското работење во Македонија, кој се однесува на периодот меѓу двете светски војни, т.е. од 1918 до 1941 година.[219]

Со доаѓањето на српската војска во Македонија во 1912 година, во текот на Првата балканска војна, српската администрација вовела свое канцелариско работење, кое било во пракса во Кралството Србија. Таквиот начин на канцелариско работење, се разбира со одредени мали дополнувања и измени, според сите негови позначајни белези и карактеристики се вршело сé до 1941 година.

Во Вардарскиот дел на Македонија не било воведено никакво канцеларискато работење врз основа на "Пословникот за општите управни власти", од 23.X.1931 година,[220] туку и понатаму се работелно врз основа на усвоената пракса формирана уште во Kралстрвото Србија.

Претходно наведеното прашање јасно и недвосмислено упатува на фактот, дека постоела голема негрижа од страна на официјалните управни власти во однос на функционирањето на канцелариското и архивското работење во Вардарскито дел на Македонија. Овој момент упатува и на фактот дека овој процес бил значително забавен, или на некој начин сопрен при развојот на архивската дејност во Вардарскиот дел на Македонија во наведениот период. Таквиот развој на состојбите и не е факт за изненадување, бидејќи државните власти на овие простори очигледно ја развивале праксата, во поедини случаи од одредени причини да не намеравaат да делуваат во насока на развој на работата и управувањето со документацијата што настанувала, туку сета таа дејност да биде диктирана од страна на државните власти. Тоа се одвивало со физичко пренесување на документацијата или надлежностите, врз

---

[219] Т. Зајковски, Arhivist, XX/2'70, Развој на системот на управните регистратури, Белград 1972, с. 144-147.
[220] "Службене новине" бр. 270-LXXXV од 18 ноември 1931 година.

основа на политички оправдувања, во Белград, каде се наоѓале централните органи на државните инстуции.[221] Ова прашање го констатираме и од гледна точка на недоволното кадровско и финансиско водење на работите со архивите и канцеларискoто и архивското работење во текот на целиот период меѓу двете светски војни, кој на непосреден начин се однесува на Вардарскиот дел на Македонија, каде традицијата на канцеларискoто и архивското работење била помалку развиена во споредба со другите делови на земјата.

При анализата на проблемот за канцеларискoто и архивското работење во Македонија, истиот го претставуваме, поради недостаток на фондови од централните државни органи, врз основа на фондот Градска општина на град Скопје, кој содржински е комплетно зачуван за периодот од 1918 до 1941 година.

Со цел што поконкретно да се претстават елементите на канцеларискoто работење во институциите формирани во Вардарскиот дел на Македонија, неопходно е да се анализираат архивските книги, кои биле во употреба и во кои била регистрирана севкупната документација заведена во рамките на институциите на системот на државната управа, при работата на "Градската општина од градот Скопје".

Како основна евиденција во канцеларискoто работење во установите бил во употреба Деловодниот протокол, кој содржел 8 рубрики.[222] Покрај него, Именичниот азбучник (регистерот), бил помошна книга и приклучок кон деловодниот протокол за канцелариско работење.[223]

[221] Како што тоа, значително подоцна, кон средината на 1939 година, бил случај со укинувањето на значајната и најзначајната архивска граѓа од Државниот архив во Скопје, кој морал граѓата да му ја предаде на Државниот архив во Белград.
[222] Тоа биле следните: 1) Реден број; 2) Ден, месец и година, кога е заведен актот во деловодниот протокол; 3) Име на лицето или надлештвото и, од кој чинител или институција актот доаѓа; 4) Број и дата на актот, кога е примен; 5) Содржина на актот; 6) Ден, месец и година на донесеното решение; 7) Содржина на решението; 8) Забелешка.
[223] Истиот ги содржел следните рубрики: 1) Реден број; 2) Содржина - оваа рубрика била поделена на две подрубрики: а) Име на лицето или надлештвото, и б) Содржина на актот; потоа 3) Архивирано - фасцикла и реден број, и 4) Забелешка. Овие деловодни протоколи и азбучни именици (регистри) биле во употреба заклучно до 1922 година.

Во текот на 1923 година се јавуваат нови рубрики во деловодниот протокол и Именичниот регистер, кои траат сè до 1931 година.[224] Тие биле во употреба од 1918 до 1926 година и понатаму до 1932 година. Од 1932 до 1941 година во Деловодниот протокол и Именичниот регистар не се менуваат рубриките.[225]

По почнувањето со работа на српската администрација во Вардарскиот дел на Македонија, во текот на 1918 и 1919 година, предметите биле примани и одлагани во архивата, и тоа според редоследот на последниот број од деловодниот протокол, кој се однесувал за односниот предмет.

Од 1920 до 1926 година и понатаму до сè 1941 година, предметите биле одлагани исто како и во последниот деловоден број во предметот и истите не биле фасцикулирани и биле средени според редоследот на последните броеви од соодветниот предмет на деловодниот протокол.

И покрај фактот, што постоел единствен деловоден протокол за целата Банска управа, предметите се средувале според организационите единици, а внатре во нив според последните броеви на деловодниот протокол од предметот. Од овој период интересен случај е предметот во врска со работењето на "Централниот хигиенски завод во Скопје", кој се однесува на водењето на канцелариското и архивското работење

---

224 Деловодниот протокол од тој период ги содржи следните рубрики: 1) Регистрирано; 2) Реден број на деловодниот протокол; 3) Име на лицето или надлештвото, од кој доаѓа предметот; 4) Ден, месец, година и број на примениот предмет; 5) Содржина на предметот; 6) Такса: 7) Ден, месец и година на разводот; 8) Содржина на решението; 9) Број на врската; 10) Ден, месец и година на експедицијата (испраќањето); 11) Ставено во архивата под фасц./ ред/ бр.; 12) Забелешка. Именичниот регистар ги содржи следните рубрики: 1) Реден број (во рамката на секоја буква); 2) Надлештво (установа), лице или предмет; 3) Содржина (покрај содржината се наведени и сите броеви од деловодниот протокол за односниот предмет); 4) Ставено во архивата под фасц. / ред. бр.; 5) пренесено во година; 6) Забелешка.

225 Тие се следните: Деловоден протокол: 1) Регистрирано - регистарска ознака од Именичниот регистар; 2) Реден број; 3) Ден, месец и година, кога е заведен актот; 4) Име на лицето или надлештвото, од кој доаѓа актот; 5) Содржина на предметот; 6) Такса; 7) Ден, месец и година на донесеното решение; 8) Содржина на решението; 9) Дата на експедицијата; 10) Здружено со актот број или број на врската; 11) Ставено во архива фасц. / ред. бр.; и 12) Забелешка. Именичен регистар: 1) Реден број; 2) Назначување на име на предметот; 3) Деловодни броеви; 4) Забелешка.

во Вардарскиот дел на Македонија во перидот од 1918 до 1926 година и подоцна.

Во Централниот хигиенски завод во Скопје се водел еден Централен деловоден протокол, а имал регистрирано и деловодни протоколи на организационите единици на заводот.[226] При тоа, актот при примањето во централната писарница се заведувал во Централниот деловоден протокол и добивал број него, а потоа се доставувал до односното Одделение. Со доаѓањето на актот во Одделението, се заведувал во одделенскиот деловоден протокол и според тоа добивал уште еден деловоден број. Предметите овде се одлагале во предметот според последниот број од деловодниот протокол на одделението.

Во Централниот деловоден протокол на Хигиенскиот завод во Скопје предметите се средувани според организациони единици и според броевите на деловодниот протокол од одделенијата.

Да се зборува за развојот на архивската дејност во Вардарскиот дел на Македонија во периодот од 1918 до 1926 година, навистина е сложено, бидејќи во наведениот период развојот на архивската дејност како да се сопрел или како да бил отворено сопиран. Давајќи ја наведената констатација, треба да се нагласи дека таа резултирала од фактот, што властите на Кралството СХС со своето стапнување на просторот на Вардарскиот дел на Македонија започнале со систематска политика на денационализација, дискриминација и национално гушење на слободите на македонскиот народ. Мнозинството од работното население, пред сѐ селанството очекувало подобрување во неговата социјално-економска положба, но тоа не се случило. [227]

Како резултат од наведените социјално-економските состојби од животот на македонскиот народ, се појавиле разновидни реакции и от-

[226] Поребно е да наведеме дека оваа "шема" или начин на водење на Централен деловоден протокол и деловодни протоколи во посебните организациони единици е основен, стандарден пример за работа во регистратурите во периодот меѓу двете светски војни, а и подоцна до денешни дни.

[227] Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје 1969, с. 9.

пори, сѐ до оживување на политичката дејност и национално движење, развој на работничкото движење, формирање на граѓански и политички партии и преземање комитски акции. Развојот на таквите настани допринел за покренување на одредени промени во политичкиот амбиент на Вардарска Македонија.

При развојот на таквата состојба не можело да стане збор за забележителен развој на социјално-економски напредок и развој на култур-но-просветните прилики. Во тој однос и самата архивска дејност, како дел од културата, богатството и наследството на македонскиот народ, била на границата на своето постоење. Централните власти во Белград, посебно Министерството за просвета, не се ангажирале да создадат приближно нормални услови за одвивање на архивската дејност во Вардарскиот дел на Македонија.

Основањето на Државниот архив во Скопје како главно административно седиште во септември 1926 година, за периодот од 1918 до 1926 година, сепак било многу најзначајно. Започнувањето на неговата работа, иако со персонал од само двајца вработени, и тоа во улога на управник Делимир Лазаревиќ и служителот Стојиљко Нешиќ, и покрај нерешеното просторно прашање и други проблеми од сферата на нормалното функционирање на архивот, сепак не претставувале голема пречка при почетокот на работа во сферата на архивската дејност во овој дел на државата.

Во рамките на разгледаниот период, неопходно е да се констатира, дека настанатата архивска граѓа од овој период претставува клучен момент од формирањето на архивската дејност во Вардарскиот дел на Македонија, како основна база за понатамошното собирање и средување на историски документи, кои настанувале при работата на државните органи и служби. Иако само одреден дел од нив останале во Република Македонија, работата на Државниот архив од 1926 година претставу-

ва почетна фаза од развојот на македонската современа архивска дејност.

## 2.4. ОСНОВАЊЕТО НА АРХИВОТ ВО СКОПЈЕ КАКО ПРВА ПРОФЕСИОНАЛНА ИНСТИТУЦИЈА ОД АРХИВСКИ ТИП И НЕГОВАТА УЛОГА ВО ПРВИТЕ ГОДИНИ (1926-1929)

Со буџетот на Кралството СХС за 1926/27 година бил основан Државниот архив во градот Скопје. На предлог од Р. Одавиќ, управник на Државниот архив во Белград, за негов управник бил поставен Делимир Лазаревиќ, професор на Машката гимназија во Скопје.[228] Меѓутоа, со одлуката на Министерството за просвета од мај 1926 година, било определено Р. Одавиќ и во Скопје, покрај Нови Сад, каде исто така таа година се отворал државен архив, да изврши подготвителни организациони работи за почнување со работа на државниот архив во Скопје.

Првото доаѓање на Р. Одавиќ во Скопје и активностите што ги презел биле од чисто информативен и организаторски карактер, т.е. со цел да се воспоставело мрежа за изнаоѓање архивска граѓа, за да можел конечните резултати од својата активност да ги види при своето повторно престојување во Скопје во текот на мај 1926 година.

Бидејќи, според неговите реални согледувања при двете посети во Скопје, условите на теренот го оправдувале постоењето на една архивска институција, на 16 септември во истата 1926 година започнал со својата работа Државниот архив во Скопје.

Работата на архивот започнала под многу тешки услови. Р. Одавиќ доаѓал од Белград и се советувал со управникот и кој истовремено бил единствениот службеник во архивот. Меѓутоа, поволни услови за почнување со нормална работа уште не биле исполнети. [229]

Со чинот на започнување на работата на Државниот архив на Скопје, можно е да се оцени дека архивската дејност во Македонија во поновата историја на македонскиот народ почнала да се одвива на про-

---

[228] Р. Поповиќ-Петковиќ, Постанак и развој архивистике у Србији и Македонији, Београд 1972, изд. Заједница Архива Београд, Београд 1972, 143.
[229] Ibidem.

фесионално ниво и во рамките на институција од стандарден архивски тип.

Основањето на архивот во Скопје, како прва професионална институција од овој вид на општествена институција, се случило на 16 септември 1926 година, а пред тоа, во текот на август, Министерството за просвета на Кралството СХС со указот од 21.08.1926 година[230], го именувало Д. Лазаревиќ за архивист-управник, а потоа и за директор на Државниот архив во Скопје,[231] во согласност со тогашните државни закони и прописи.[232]

Учеството во претходните подготовки за основањето на Државниот архив во Скопје имал и тогашниот управник на Државен архив во Белград. Р. Одавиќ,. кој претходно, кон крајот на јануари 1925 година, добил задача да патува во Нови Сад и Скопје со цел да се ангажира за собирање граѓа, која ќе послужела за основање на државните архиви. Од своја страна изработил предлог, врз основа на кој биле основани архивите во Нови Сад и Скопје, со средствата од буџетот на Кралството СХС за 1926/27 година.[233] Овој факт ни говори дека во времето на своето основање и почнување со работа, Државниот архив во Скопје бил буџетска институција.

Во поглед на организационата поставеност на Државниот архив во Скопје, присутна била постојаната тенденција да се оди според редоследот направен од страна на Државниот архив во Белград, бидејќи сеуште немало формулирано закон за овој вид установи. Меѓутоа, управувањето и понатаму се одвивало според прописите од законот за бел-

[230] ДАРМ, фонд бр. 1.337.1.1/34. Указ Пбр. 2420 од 21 август 1926 година, со кој Д. Лазаревиќ се поставува за архивар во Државната архива во Скопје, ДАРМ, фонд: Државна архива у Скопљу, 1932-1936.
[231] ДАРМ, 1.337.1.1/35. Д. Лазаревиќ бил поставен за Директор на Државниот архив во Скопје со Декрет од 22.09.1926 година.
[232] N. Jašar, Državna arhiva NR Makedonije 1926-1951, Arhivist, Organ Saveza Arhivskih radnika FNRJ, IV/4, Beograd, 1954, s. 90-91.
[233] N. Jašar, Državna arhiva NR Makedonije 1926-1951, .... 90.; Р. Поповиќ-Петковиќ, Постанак и развој архивистике у Србији и Македонији, Београд 1972, изд. Заједница Архива Београд, Београд 1972, с. 143-147.

градскиот архив од 1898 година.[234] Врз основа на овој закон, кон средината на 1927 година управникот на белградскиот архив му предложил на Министерството за просвета да се основа "Одбор", кој ќе раководи со Државниот архив во Скопје. Било предложено "Одборот" да се состои од десет членови. Од изворите не е можно да се констатира, дали овој "Одбор" бил потврден од страна на наведеното министерството и дали започнал да ја обавува својата основна дејност. [235]

На самиот почеток од своето работење во есента на 1926 година, Државниот архив на Скопје се соочил со главниот проблем, кој се однесувал на просториите и бил принуден да го решава истиот.Првиот управник Д. Лазаревиќ, ја започнал работата во својот приватен стан во Скопје во тогашната Новосадска улица или подоцна Брегалничка.

Меѓутоа, бидејќи сеуште не се изнашол простор за сместување на Архивот, тој во самиот почеток на работата се нашол пред бројни потешкотии, поради што истиот управник се обратил до Министерството за просвета во Белград и замолил да му се додели извесна сума пари за опремување на просториите во неговиот приватен стан, со цел да се сочувале во добра физичка состојба веќе собраните драгоцени архивалии. Меѓутоа неговото барање било одбиено, тој успел да добие само една соба на долниот спрат во тогашниот Просветен дом во градот Скопје. Бидејќи граѓата не можела да се смести во една соба, Д. Лазаревиќ се обратил до деканот на Филозофскиот факултет, П. Колендиќ, и побарал архивата да се смести во просториите на Филозофскиот факултет.[236] И во вториот обид Државниот архив не ги добил потребните

---

[234] Р. Поповиќ-Петковиќ, Постанак и развој .... стр. 144.
[235] Ibidem, с. 160. Биле предложени: Витомир Вилдовиќ, велики жупан во Скопје, митрополит Варнава, Петар Колендиќ, декан на Филозофскиот факултет во Скопје, Трајановиќ, претседател на Апелациониот суд во Скопје, Сапунџиќ, претседател на општина, Зачевиќ, командант на III армиска област во Скопје, Александар Белич, Радослав Грујиќ, Мита Костиќ и К. Павловиќ.
[236] ДАРМ, 1.337.1.2/49. Деканот на Филозофскиот факултет во Скопје П. Колендиќ го повлекол своето дадено усмено ветување на Државниот архив во Скопје, дека нема да има ништо против во просториите на факултетот да се смести Државниот архив и го известува дека за таа цел требало да се обрати до Советот на Филозофскиот факултет.

простории. Состојбата уште повеќе се усложнила, кога од страна на “Просветното одделение" на Големиот жупан во Скопје на 19 март 1928 година му испртило на Државниот архив службено барање, според кое во рок од пет дена да бидат отстранети сите архивски материјали од споменатата соба на “Просветниот дом". Наводно, дека истата била потребна за питомците на ‘Школата за плетење"” одн. собата требала да му биде ставена на располагање на областниот школски надзорник. Сепак, после жалбата на Д. Лазаревиќ, ситуацијата била регулирана, на тој начин, што во истиот дом на архивот му била доделена друга просторија.

Решавањето на просторниот проблем заслужува посебно внимание, затоа што го претставувал првиот и неопходен услов за нормалното започнување и одвивање на работата на архивот.[237]

Персоналното прашање исто така не било адекватно решено, според потребите кои се однеувале на работата на архивот. На почетокот самиот Д. Лазаревиќ оваа должност ја обавувал и покрај својата професорска должност во Машката гимназија. Иако од своја страна верувал дека доделувањето на помошници, или некој друг просветен работник за работа во архивот, немало да претставува голем проблем, тоа прашање долго време останало отворено и нерешено. [238]

Финансирањето на Државниот архив во Скопје било решено да се регулира од буџетот на Кралството СХС, но сепак тоа претставувало голема потешкотија за неговото нормалното функционирање. Најголемиот дел од средствата биле наменети за подмирувањето на обврските за издатоците, кои се однесувале на закупот на просториите, за огревот, осветлувањето и сл, додека сумите за откуп на документи, книги за библиотеката, фотографирање и инвестиции биле сведени скоро на

[237] ДАРМ, 1. 33.1.253. Д. Лазаревиќ во март 1927 година добил од страна на најкомпетентните лица ветување дека ќе се изгради специјална архивска зграда, при што за таа цел се обратил и до Претседателот на Судот на град со Скопје да одреди место за истата.
[238] Р. Поповиќ-Петковиќ, Постанак и развој .... с. 146.

минимум.[239] Напоредно со акцијата за собирање на документи, се започнало и со формирањето на прирачната библиотека на архивот. Неговиот управник писмено се обраќал до разни културни установи, чии изданија содржински би биле поврзани со проучувањето на историјата и развојот на "Јужните краеви", т.е. на Вардарскиот дел на Македонија. Се интервенирало и преку Големиот жупан од страна на сите редакции да се испраќаат до Државниот архив приомероци од весниците и другите публикации.[240]

Недостигот на простор за работа, малобројниот персонал при почетокот на работата а и подоцна, како и начинот на финансирањето, не му дозволувале на Државниот архив да пристапи кон извршувањето на некоја поголема и позначајна работа. Отсуството на разбирање од страна на месните органи на власта, како што видовме претходно, и од страна на Министерството на просветата во Белград, на Државниот архив во Скопје не му создале неопходни услови за да почне да се развива во права архивска установа. На тој начин гледано, ќе можело и да се започне со формирањето на свест за значењето и улогата на архивската дејност и воопшто улогата на архивот во границите на Вардарскиот дел на Македонија, а кај македонскиот народ појавата и развојот на архивска традиција.

Изворот од кој се црпеше најголемиот дел од потребните податоци за односниов труд, беше архивската дејност на Државниот архив на Скопје односно фондот бр. 337 "Државна архива - Скопје[241], 1926-1939", со 3 архивски кутии граѓа.[242] Од граѓата на наведениот фонд можеше да

[239] Р. Поповиќ-Петковиќ, оп. цит. .... с. 146-147. Во многу обемната документација за финансиското работење на ржавниот архив, најмногуте документи се однесуваат на плататат на Лазаревиќ, додатоци на неговата плата и пресметки на пензискиот стаж. Ретко се среќаваат докуемнти кои сведоќат за откуп на граѓа или набавка на стручна периодуика и други публикации.

[240] ДАРМ, 1.337.1.2/63. Молба од Д. Лазаревиќ до Великиот жупан на Скопската област во Скопје од 18.4.1927 година, бр. 54.

[241] Посебно кога станува збор за користење на архивската граѓа за периодот од 1926 до 1939 година.

[242] Фондот е обработен и е во фаза на изработка на аналитичен инвентар, а потоа може да биде даден на користење како целосно обработен.

се прати најмногу финансиското работење на архивот. За неговиот историјат мошне корисни податоци пружаат извештаите, дописите, финансиските извештаи, реверсите и друга помалку значајна архивска граѓа за нашата тематика. Материјалите во најголемиот дел се испраќани од архивот до Големиот жупан во Скопје и до Просветното одделение на Министерството за просвета во Белград. Во извештаите можат да се согледаат резултатите од работата на Државниот архив во Скопје и во поглед на работата врз фондовите, т.е. нивното средување и обработка.

Државниот архив во Скопје исто така ѝ се обратил и на Академијата на Науките во Белград и ја информирал за основањето на Државниот архив во Скопје. При тоа ги замолил да му испратат научни дела, книги и други публикации со содржина, која се однесува на "јужните краеви". Понатаму тој известува дека во Државниот архив ќе се собираат и чуваат, покрај пишаните документи исто така и печатени материјали, кои се однесуваат на историјата на "јужните краеви".[243]

Државниот архив во Скопје му се обратил на Великиот жупан на Скопската област, со цел да го замоли, институциите во Скопската област да ги предаваат документите во Државниот архив во Скопје, а меѓу нив исто така се барало и црквите и манастирите во Вардарскиот дел на Македонија да му го отстапат на Државниот архив архивскиот материјал, весници, публикации, и сл.[244]

Молба со слична содржина била испратена и до Великиот жупан на Брегалничката област, во која се барало затечената непријателска архива во Брегалничката област да му се испрати на Државниот архив во Скопје. Во молбата се барало и од просветните установи, гимназиите и основните училишта да ја подготват архивата за предавање во државниот архив. [245]

---

[243] ДАРМ, 1.337.1.2/23. Допис од архиварот Д. Лазаревиќ во Државната Архива во Скопје, бр. 37 од 4.12.1926 година.

[244] ДАРМ, 1.337.1.2/63. Молба од Д. Лазаревиќ до Великиот жупан на Скопската област во Скопје од 18.4.1927 година, бр. 54.

[245] ДАРМ, 1.337.1.2/72. Допис од Д. Лазаревиќ до Великиот жупан на Брегалничката област од 19.5.1927 г., бр. 72.

Службата на Државниот архив во Скопје исто така им се обратила и на жупаните во Скопје, Битола и Брегалница и се барало на сите српски поглавари да им го достави доверливиот распис за архивите. Оваа постапка не останала без успех. Така, архивските материјали на поранешните бугарски, австриски, германски и други конзулати, трговски агенции и други установи, за чија граѓа се мислело дека е уништена, биле пронајдени и речиси во целост биле депонирани во Државниот архив на градот Скопје.[246] Претежно материјалот бил на бугарски јазик и се однесувал на периодот од 1900 до 1908 година. Потоа следувале материјали од времето на бугарската окупација од 1915 до 1918 година, архивите на турските општини од периодот до 1912-1913 година, како и други видови архивск материјали.

Во врска со собирањето на архивската граѓа, во Државниот архив пристигнувале извештаи од повеќе страни. Така на пример, судот на Муртинската општина од Струмица известувал, дека целата архива создадена во времето на бугарските власти била однесена при евакуацијата во 1918 година.[247] Во извештаите од Гевгелија се наведува дека во таа област сите архивски материјали биле уништени. Во Старавина се известува дека архивата се наоѓала во слична состојба.[248] Од општината Сува река во Подгорскиот округ било испратено “извесно количество акти од бугарската администрација” односно од времето на бугарската окупација од 1915 до 1918 година.[249]

Државниот архив во Скопје исто така побарал и од управата на црквата да се доставела затечената граѓа. Од судот на општината Жи-

---

[246] ДАРМ, 1.337.1.2/36. Д. Лазаревиќ со допис од 17.1.1927 год., бр. 16 го известил Министерството за просвета, Општо одделение дека неговите истражувања биле крунисани со успех, бидејќи сета архива, за која порано известил дека била уништена, скоро во целина ја пронашол во Скопје.
[247] ДАРМ, 1.337.1.2/79. Допис од Суд Општине Муртинске до Државниот архив на Скоопје од 31 мај 1927 година, пов. бр. 40.
[248] ДАРМ, 1.337.1.2/88. Допис од Суд Општине Старовинске до Државниот архив на Скопје од 18 јуни 1927 година, пов. бр.54, со кој се известува дека нема никаква архивска архива.
[249] ДАРМ, 1.337.1.2/88. Допис од Сува река, Подгорски срез, до Државниот архив на Скопје од 25 јуни 1927 година, бр.2754.

тен Поток бил добиен одговор дека, доколку кај нив се најде затечена непријателска архива, истата ќе се испратри на архивот.[250]

Начинот на примањето на граѓата мошне сложено е подетално да се прати, бидејќи за тоа постојат скромни податоци во содржината на самата граѓа. Меѓутоа, позначаен е фактот да се подвлече дека Државниот архив на 26 јули 1927 година, односно една година по неговото основање и почнување со работа, од Скопската жупанија ја примил целокупната дотогаш зачувана граѓа, која била сместена во 12 сандаци.[251] Врз основа на постоечкиот реверс од предавањето на наведената граѓа не е можно да се донесат подетални заклучоци за нејзината содржина. Граѓата била собрана и ставена во една соба. Разбирливо е дека истата при тоа трпела и одредени физички оштетувања. [252]

Бидејќи упорните настојувања за да се добиел потребниот простор и да се решел проблемот на адекватното сместување на граѓата сеуште останале без успех, Д. Лазаревиќ сакал да формира Одбор на Државниот архив во Скопје. Затоа на 22. IX. 1927 година на Министерството за просвета му упатил Предлог за неговиот состав. За жал, не постојат документи дали одборот бил именуван или не, меѓутоа прашањето на просториите сеуште не било решено. Сепак, важно е да се подвлече дека "Просветното одделение" при Министерството за просвета покажало поголем интерес за архивските материјали и постајано барало да му се испраќаат извештаи за новата граѓа која се примала во Државниот архив во Скопје.

Кога на 29 август 1929 година Д. Лазаревиќ го известил Министерството за просвета, дека Државниот архив во Скопје ги поседувал архивите од поранешните бугарски претставници и конзулати за периодот од 1902 до 1912 и дека граѓата од 1908 до 1909 година била побројна

[250] ДАРМ, 1.337.1.2/102. Допис од Суд на Општината Житен Поток од 26 јули 1927 година, бр. 3/12.
[251] N. Jašar, Državna arhiva u Skoplju ..., s. 92.
[252] ДАРМ, 1.337.1.2/104. Реверс, за примање на 12 сандаци архивски материјали од Жупанијата во Скопје во Државниот архив, од 26 јули 1927 година, бр. 112.

и побогата од останатите фондови, како и дека не ги пронашол архивите на српските конзулати, му пристигнало барање, со кое Министерството за просвета го известувало да се подготвела целокупната бугарска граѓа и да му се предала на Министерството за надворешни работи во Белград.

Тоа било и сторено кога на 20 декември 1929 година бил направен записник за примопредавање[253], помеѓу Д. Лазаревиќ и Д. Адамовиќ, секретарот на Министерството за надворешни работи, во присуство на двајца членови на комисијата: Д-р М. Грујиќ, професор на Универзитетот во Скопје и Д-р М. Костиќ, исто така професор на Универзитетот.

Во содржината на записникот се наведени вкупно 152 архивски единици, од кои еден дел биле регистрирани како поединечни а другиот со ознаки. Во рамките на наведените материјали се движел и фундусот на фондовите и другите архивалии, кои ги имал во својата сопственост Државниот архив сé до 1929 година. Покрај другото, во записникот за примопредавањето се споменува и поставувањето на Недков за бугарски книжевен трговски агент во Скопје, наместо дотогашниот агент Јуруков, потоа етнографските карти кои се однесуваат на битолскиот, скопскиот и Солунскиот вилает. Понатаму, податоци за работата на францускиот вицеконзул во Скопје; државните празници на странските конзулати; одликувањето на Недков со орден на "Романска круна" од IV степен, поставувањето на Радев за секретар на агенцијата во Скопје, именувањето на Спасов за аташе во агенцијата; извештаи за формирање нови бугарски влади; продолжување на трговските договори со странските земји, политичката вина на Атанас Христов итн.

Исто така биле значајни и оние архивски единици кои и понатаму останале во сопственост на Државниот архив. Меѓутоа, не било презе-мено ништо да се заштити граѓата од оштетување. Таа била оставена незаштитена, а истовремено се инсистирало и на пронаоѓање на нова,

[253] N. Jašar, Državna arhiva u Skoplju ...,s. 90.

со цел истата да биде пренесена во архивот на Министерството за надворешни работи во Белград.

Во државниот архив во Скопје граѓата пристигнувала во поголеми количества особено после извршената реорганизација на архивот од 1 ноември 1929 година, кога државата била поделена на бановини и државниот архив го проширил подрачјето на своето делување.

Во поглед на работата врз средувањето на фондовите во наведениот период, очигледние е дека самиот Д. Лазаревиќ најмногу работел на тоа. Посебно на собирањето на разновидна и позначајна граѓа во тек на три години, од 1926 до 1929 година, која била дотогаш во Државниот архив на Скопје, а во 1929 година била предадена на архивот при Министерството за надворешни работи, односно на неговото Просветно одделение во Белград. Интересно е да се наведе дека, за тоа време Д. Лазаревиќ успеал да среди вкупно 104 предмети со содржина од 2.381 листови.

Покрај тоа, тој ја средил и граѓата од архивата на Егзархијата, која ја опфаќала Скопската епархија со архиерејските намесништва во Тетово, Гостивар и Куманово, која изнесувала 48 предмети со 5.069 листови. Исто така ја средил и архивата на т.н. “Албанска буна”, која била во две свески[254] и се однесувала на периодот од пред почетокот на Првата балканска војна. При тоа треба да се забележи, дека оригиналните извештаи, кои биле испратени до надлежните органи, во врска со работата во Државниот архив во Скопје во поглед на средувањето на граѓата, не се сложуваат со концептите за истите извештаи. Во концептите се наведени поголемо количество на средена граѓа, додека во оригиналните извештаи нејзиниот број е сведен речиси на половина.[255]

Д. Лазаревиќ работел и во средувањето на граѓата во архивот. Тој наведува бројка на средените листови и тоа: за српска пропаганда 104,

[254] Ibidem, s. 93.

[255] Така, во еден концепт пишува дека е средена т.нар. дипломатска преписка на бугарските агенти (претставници - Ѓ. С.) и конзули во Скопје и од други места на бившата Турска Империја.

за Кочанската афера 52, за Албанската буна и комитетот 7, појавата на колерата 117; извештаи од Генералниот конзул 52, за затворањето на црквата во Козјак 144, комисија за разоружување 120, за направените зверства 26; изводи од званични извештаи 56; за Штипската афера 71 и преминување на селата во Кумановскиот крај 95 или вкупно 844 листови. [256]

На наведениот начин средените материјали стоеле сместени во Државниот архив и не биле користени од никого, ниту пак се помислувало тие да се публикуваат. Во еден свој извештај [257] Д. Лазаревиќ наведува дека подготвил 16 предмети со 1.126 листови за публикување, меѓутоа, целокупната граѓа останала во ракопис и не била публикувана.

Средувањето на наведената архивска граѓа и особено нејзиното количество, од своја страна укажуваат на скудноста на државниот архив во Скопје сп граѓа, а посебно со податоци од поголемо историско значење.

Потребно е да се констатира, дека почнувањето со работа на Државниот архив во Скопје во 1926 година, на посебен начин го дал импулсот за започнувањето на развојот на архивската дејност и служба во тогашниот Вардарски дел на Македонија, а во неговата појава и почетокот со функционирањето се состои и вистинското негово значење за македонскиот народ, како архивска институција, во која ќе се собира севкуното негово историско, културно, научно богатство и наследството од останатите сфери на јавниот и државниот живот во Македонија.

---

[256] N. Jašar, Državna arhiva u Skoplju . . .s. 94.
[257] Ibidem.

# ТРЕТА ГЛАВА

# АРХИВСКАТА ДЕЈНОСТ ВО ВАРДАРСКАТА БАНОВИНА ЗА ВРЕМЕ НА МОНАРХОФАШИСТИЧКАТА ДИКТАТУРА ВО КРАЛСТВОТО ЈУГОСЛАВИЈА (1929-1934 ГОДИНА)

## 3.1. УКИНУВАЊЕТО НА ВИДОВДЕНСКИОТ УСТАВ И УПРАВУВАЊЕТО СО КРАЛСКИ И ВЛАДИНИ ЗАКОНИ И УКАЗИ

Укинувањето на Видовденскиот устав претставувало последица на политичката и стопанската криза во која се наоѓаше Кралството на СХС. Новоформираната држава до укинувањето на уставот на 6 јануари 1929 година најмногу се наоѓаше во нестабилна состојба поради обременоста со нерешените прашања од различен карактер. Земјоделството во Македонија уште од 1926 година покажуваше симптоми на аграрна депресија, а големата светска економска криза во 1929 година го зафати селското стопанство и потоа се прошири во другите стопански гранки.[258]

Сите претходни елементи ја засилија политичка и социјално-економската криза во земјата, кои состојби во наведениот период не можеа да бидат избегнати, кој уште беше познат и како "Период на лажен парламентаризам". Политичките односи во земјата беа мошне сложени, при што сеопштата криза ја достигна и својата кулминација со убиството во 1928 година на познатиот хрватски политичар, водач и претеник на Хрватска Републиканска Селанска Странка Стјепан Радиќ во Народното СОбрание на Југославија во Белград.[259]

Поради преголемата улога на кралот, често со неговата волја биле ограничувани компетенциите на парламентот во Кралството СХС и наведениот период беше означен како "лажен парламентаризам" или ограничен парламентаризам.[260] На 6 јануари 1929 година кралот Александар Караѓорѓевиќ со државен удар од своја страна ја распушти Народната скупштина  и самиот себе си се прогласи за "носител на сета

[258] Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопјке, 1969, с. 59-62.
[259] Историја на македонскиот народ, том четврти, Скопје, ИНИ, 2000, с. 473-475.
[260] B. Petranović, Istorija Jugoslavije, s. 178-179.

власт во земјата". Таквиот политички чекор практично значеше воведување на диктаторскиот режим, како последен начин за барање излез од кризата во која се наоѓаше земјата.

Причините кои довеле до укинувањето на Видовденскиот устав, претставувале рефлексија на последиците од приликите кои владееле во земјата, најмногу во сферата на политиката и стопанството, а уште повеќе и поради начинот на управувањето во државата со кралски, а помалку владини закони и декрети.

Од политички аспект гледано, во периодот од Обзнаната во декември 1920 година, по изгласувањето на Видовденскиот устав во јуни 1921 година и по донесувањето на Законот за заштита на државата во август 1921 година, настапиле нови промени во политичките прилики во Кралството на СХС. Целокупниот политички живот бил скоро наполно оневозможен и понатаму продолжил да се поврзува со монархистичката диктатура во земјата. Со воведувањето на централистичкиот режим во државата, српските и великосрпските сили упорно се переле да го зачуваат Видовденскиот устав како што бил изгласан,[261] при тоа применувајќи разни видови на репресивни методи, а Комунистичката партија на Југославија била забранета и принудена да води борба во илегални услови. Се развивал многу бурен политички живот во редовите на граѓанските партии при меѓусебни борби на релативна формална политичка слобода. Меѓутоа, постојаните и непомирливите борби меѓу централистичките и федералистичките ориентирани владеачки партии, наполно негативно се одразувале врз целокупниот политички живот во земјата.[262]

Со наметнувањето на централистичкиот режим во Кралството на СХС, уште повеќе се заостриле и влошиле социјално-економските и политичките и национални прилики во Вардарскиот дел на Македонија.

[261] М. Јовановиќ, Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија (1918-1929), Скопје, 1982, с. 52.
[262] F. Čulinović, Jugoslavija između dva rata … , kn. III, s. 24.; J. Marjanović, Političke partije Kraljevine SHS ….., s. 207-210.

КПЈ била ставена надвор од законот, а со тоа и отстранета главната и единствената организирана политичка сила, што имала свои корени во редовите на македонскиот народ и исто така непоколебливо ги изразувала неговите суштествени интереси и барања.[263] Со фрлањето на Партијата во илегалност вонредно многу осиромаши јавниот политички живот во вардарска Македонија. Со тоа истовремено до крајни граници биле намалени можностите за разобличување на насилствата и грабежите во Македонија и обевозможени основните човекови и граѓански права.[264]

Од стопански аспект гледано, економската основа на Кралството СХС била капиталистичка и врз таа основа, од една страна се развивале спротивностите меѓу приватните сопственици и работниците, а од друга, и заострените спротивности помеѓу конкурентските слоеви во редовите на самата владеачка буржоазија.[265]

Освен тоа, врз целокупниот јавен и економски развој на Кралството СХС свое влијание имала и хегемонистичката економска политика на привилегираните елементи собрани околу власта и врвот на државата, како и присуството на коруптиските методи на наведените елементи во врска со акумулацијата на финансискиот капитал во земјата. Постојаното наведени појави предизвикувале реакции во јавноста, но решавањата на проблемите биле безуспешни.[266]

Со цел Кралството СХС правно да се уреди и од страна на диктаторскиот режим, преку закони и укази донесувани од дворот и од владата да се управува, истите биле објавувани, со намера постојано да се зацврстува власта на монархот и поредокот во државата. Тие биле следните: *Законот за власта на кралот и за врховната државна управа*; потоа *Законот за заштита на јавната безбедност и на поредокот на*

[263] Ibidem.
[264] Историја на македонскиот народ ….., книга трета, с. 24-25.
[265] М. Јовановиќ, Просветно-политичките прилики ..., с. 77
[266] D-r F. Čulinović, Ekonomsko i političko stanje Jugoslavije od 1921 do 1929. Iz istorije Jugoslavije 1918-1945. Zbornik predavanja. Nolit, Beograd, 1958, s. 192-193.

*државата* и *Законот за името и поделбата на кралството на административни области.*[267]

*Законот за власта на кралот и за врховната државна управа*[268] од 1929 година, во самиот наслов, ја потенцирал вонредно значајната управна функција и права на кралот, како и на државната управа. Во членовите 1 до 7 од истиот закон, еднострано се упатувало на моќта и на значењето на власта, која кралот Александар И Караѓорѓевиќ ја поседувал и непосредно извршувал повеќе функции, што биле во негова лична компетенција.[269]

Диктаторскиот карактер на кралската власт посебно се одредувала преку членот 6 од наведениот закон, каде се подвлекува дека: "Личноста на кралот е неприкосновена. Кралот за ништо не може да биде одговорен, ниту кралот може да биде тужен." Со овој член јасно и недвосмислено се упатувало на неограничената кралска власт, а со тоа и на диктаторскиот, монархистички режим и класен режим на владеење со земјата.

Членовите 7 и 8 од истиот закон се однесуваат на кралската династија и во нив се соопштува дека: "Во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците владее Кралот Александар И од Династијата на Караѓорѓевиќите.", како и наведениот состав на кралскиот дом т.е. династијата преку која се владеело со Кралството.

Во членовите 10 и 11 се одредувале начинот на вршењето на работата на "Намесништвото", т.е. застапничката власт. Притоа се одредувало, дека кралската власт ја вршело "Намесништвото", кога кралот е малолетен и кога поради болест е трајно неспособен да ја извршува

---

[267] Историја на македонскиот народ…., Скопје, 1972, с. 473.

[268] Службене новине Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца, од 11 јануари 1929 год., Година XI – 1929 Бр. 9-IV.

[269] Во член 1 од споменатиот закон одредува дека "Кралството на Србите, Хрватите и Словенците е наследна монархија, членот 2 одредува дека кралот е носител на сета власт во земјата, ги издава и прогласува законите, ги поставува државните службеници и дава воени чинови. Понатаму, врз основа на членот 3, во областа на правосудството, покрај другото, кралот врши и помилувања, може да прости досудена казна, да ја смали и ли ублажи казната.

кралската власт. Според членот 11 намесничката власт му припаѓа на наследникот, и тука се нагласува дека намесниците ги одредува кралот со акт или тестамент и им одредува заменици, што практично значи дека кралот и во овој случај ја вршел власта.

Понатаму, според членовите 15, 16 и 17 се одредува надредената позиција на кралот во однос на Министерскиот совет, министерствата и министрите, односно спрема целата врховна државна власт, додека посебно, според членот 18, кој се однесува на врховната власт на кралот, му се доверува да ги издава и прогласува законите со укази. Овој дел од законот непосредно упатува на отвореноста на монархистичкото владеење на режимот и на полн недостаток на чувството за потребата од спроведувањето на демократијата во ограничени размери во земјата.

Следниот закон донесен по воведувањето на Шестојануарската диктатура од 1929 година, бил *Законот за заштита на јавната безбедност и на поредокот на државата*[270]. Истиот закон претставувал забрана за изразување на слободното мислење на прогресивните движења и политички партии, особеено на КПЈ.[271]

Во врска со претходните констелации, можно е да се заклучи, дека како резултат на законите донесени во периодот на најголемиот притисок на диктатурата од 1929 до 1931 година, во Вардарскиот дел на Македонија наполно замрел јавниот и политички живот, и само се одржувале официјални прослави на државните празници.[272] Посебно се сметало за злочин организирањето, помагањето или станувањето член на

---

[270] Службене новине Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца, од 11 јануари 1929 год., Година ЦИ - 1929 Бр. 9-IV.

[271] За тоа наоѓаме потврда и во членот 1 од законот, според кој "како злосторство во смисол на казнениот закон ќе се сметаат и делата: пишување, издавање, печатење, растурање: книги, весници, плакати или објави, со кои се поттикува на насилство спрема државните власти и воопшто угрозување на јавниот мир или доведувале во опасност на јавниот поредок. Истото важи и за секаква писмена или усмена пропаганда или убедување на други лица дека треба да се промени политикиот или социјалниот поредок во државата по пат на злосторство, со сила или со било каков друг вид тероризам."

[272] Власта упорно настојувала да создаде и да шири во Вардарскиот дел на Македонија т.н. "национални" организации ("Соко", "Јадранска стража", "Коло српских сестара" и др.), кои никако не можеле да пуштат корени во редовите на македонскиот народ. Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 259.

некое политичко здружение, кое за цел би имало ширење на комунистичка пропаганда, анархизам, тероризам, или пак здружување за нелегално приграбување на власта во државата.

Според одредбите на *Законот* за заштита на јавната безбедност и на поредокот во државата, исто така се сметало за злочин организирањето, здружувањето или правењето пропаганда, преку кои би се предизвикала воена побуна, немир, непослушност или незадоволство кај војниците. Граѓаните или војниците требало да се јавуваат редовно на своите воени и цивилни должности. Целта на режимот била да се спречело дејствувањето на прогресивните елементи од работничкото движење во редовите на војската и граѓанството. Најстрого била прогонувана секоја демократска и национална појава на македонскиот народ, при што наполно бил задушуван политичкиот живот во Вардарскиот дел на Македонија.[273]

Според истиот закон се сметало за злочин поврзувањето со некоја личност или со некое друштво во странство, со цел за добивање некаква помош за подготовки за револуција или насилна промена на моменталната политичка состојба во земјата. Државна власт одела до таму, што со истиот закон се предвидувало дека, кој ќе направел било кое од претходно разгледаните дела, ќе се казнел со смрт или робија до 20 години. Наведените казни биле резултат од стравот на власта пред барањата на народот за давање демократски права, политичка слобода и социјално-економска еманципација.

Според одредбите од истиот закон, се воведувало претреси во куќите на граѓаните, особено ноќе, со што се отежнувала работата на напредното работичко движење во Македонија, како и донесување забрани за одржување на собири на отворено или во затворен простор, како

[273] Ibidem, с. 258. Прогоните и апсењата најмногу биле насочени против илегалните организации КПЈ, СКОЈ, ВМРО "автономисти", ВМРО (Обединета) и др., кои биле отворени противници на режимот, дотолку повеќе што раководствата на граѓанските партии (првенствено на србијанските партии) кои дејствуваа во Македонија ја прифатиле диктатурата или не давале посериозен отпор.

и на било какви состаноци без претходна дозвола од страна на надлежните управно-полициски органи.

Во функција на спроведувањето на своите ингеренции за поефикасно владеење со државата, кралот Александар И Караѓорѓевиќ на 3 октомври 1929 година го донел и *Законот за името и поделбата на кралството на одреден број на административни подрачја.*[274] Со овој закон се одредувало дека новото службено име на државата Кралство на Србите, Хрватите и Словенците ќе се нарекува "Кралтво Југославија", со што било решено прашањето за промената на името на државата. Потоа се преминало и кон новата поделба на административните подрачја.

Се одредувало дека општата управа во "Кралството Југославија" ќе се вршела по бановини, околии и општини и дека ќе имало девет бановини: Дравската со седиште во Љубљана, Савската со седиште во Загреб, Врбоската со седиште во Бања Лука, Приморската со седиште во Сплит, Дринската со седиште во Сараево, Зетската со седиште на Цетиње, Дунавската со седиште во Нови Сад, Моравската со седиште во Ниш и Вардарската со седиште во Скопје.

Во делот кој се однесувал на Вардарска бановина, се одредувало дека таа ќе биде ограничена од север со означените граници на Зетската и Моравската бановина, а од исток, југ и запад со државната граница спрема Бугарија, Грција и Албанија. Исто така се предвидувало дека евентуалните спорни прашања за деталните граници на поедините бановини ќе се решавале од страна на министерот за внатрешни работи.

Во содржина на разгледаниот закон, на детален начин се разработувала управата на бановината, на чие чело се наоѓал банот со неговите службено определени надлежности. Понатаму во посебен дел се одредувале и регулирале работите во врска со земјоделството и сточарството во бановината; функционирањето на патиштата; работите поврзани

---

[274] Службене новине Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца, од 5 октомври 1929 год., Год. XI – Бр. 233-XCVI, Београд 1929.

со надзорот над акционерските и командатските друштва; стопанските и кредитните задруги и сл. Потоа, извршувањето на законот за шумите и ловот, надзорот над самоуправните, црквените и вакафските шуми, работите во врска со сопственоста на општините итн. Во посебен дел се одредувале работите во врска со заштита на трудот; посредувањето при вработувањето и надзорот врз работничките комори; работите и надзорот над сите специјални установи во бановината; грижата за инвалидите, доклку со други закони тоа не било регулирано, како и грижата за сите хуманитарни установи, лекарските и аптекарските комори, а на крајот се одредувале работите во врска со школството; градбата на училишта; грижата за дадените завештанија, како и надзор врз сите друштва во бановината. Сите претходно наведени состојби и односи врз основа на законот се поставувале под врховен надзор на банот и ќе се спроведувале според упатства дадени од страна на ресорниот министер и врз основа на постојните закони. Според преодните одредби се одредувало, дека министерот за внатрешните работи ќе подготвел сé што било потребно за воведување во живот на законите, односно се одредувало, дека прописите од сите претходни закони кои било во спротивност со наведениот закон не престанувале да важат.

На овој начин поставената административно-територијална поделба на државата била одраз на стремежите за зацврстување на унитаризмот во формата на интегралното југословенство, а за исполнување на крајната цел: задушување и "претопување" на потиснатите нации.[275]

Во контекст на законите донесувани непосредно по воведувањето на Шестојануарската диктатура, со задача да се организирала државата според желбата на режимот за апсолутистичко владеење, законите биле во функција на заштита на државата и нејзиното управување, спаѓал

[275] Историја на македонскиот народ, …….. Скопје, 1972, с. 259.

и *"Законот на државниот суд за заштита на државата"*, донесен на 31 декември 1929 година. [276]

Донесувањето на наведениот закон, според одредбите на првиот член, давало одговорност врз целата држава на територијата да врши испитувања и истраги, претреси и судења, за кривични дела кои се однесувале на *"Законот за заштита на јавната безбедност и поредок во државата"* донесен на 6 јануари 1929 година, што значело дека наведениот закон спаѓал во сферата на легислативата за заштита на државата. Според овој закон, членовите на "Државниот суд за заштита на државата" ги именувал кралот со указ, на предлог од министерот за правда, а во усогласеност со претседателот на министерскиот совет, од редот на судиите во вишите редовни судии или од претседателите на судовите од прв степен.

На "Државниот суд за заштита на Државата" му се доделувал државен тужител, со кралски "Указ", на предлог од министерот за правда, во усогласеност со претседателот на министерскиот совет, кој бил од редот на вишите државни тужители, замениците на врховниот државен тужител или од касационите судови.

Против пресудите и другите одлуки од "Државникот суд за заштита на државата", според законските одредби, како и против тужителите на државниот тужител на овој суд, била исклучена употребата на правото за жалење. Посебна специфичност претставуваат прописите на овој закон за кривичните дела направени пред неговото стапување во сила, доколку за таквите судот од прв степен сеуште не изрекол пресуда. Таквата насока на законите го регулирала и промовирала режимот на диктатурата, а со цел да се извршела нејзина стабилизација и воведување на општествениот поредок во рамките кои му ги одредувал монархот. Секако дека исполнувањето на демократските принципи на владеење овде не биле на преден план, туку заштитата на прокламира-

[276] Службене новине Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца, од 31 декември 1929 год., Година XI –Бр. 307–CXXXI, Белград 1929.

ниот унитаризам и “интегралното југословенство”, кое пак било во функција на великосрпскиот хегемонизам и непризнавањето на другите, освен на трите - српската, хрватската и словенечката - нации во “Кралството Југославија”.

Од комплексот на законите за заштита на државата, особено внимание привлекува “Законот за укинување, измена и дополна на законските прописи", кој се однесува на врховната државна управа од 1931 година. [277] И овој закон, како и сите останати донесени после воведувањето на диктатурата, исто така бил наменет да ја помогне и засили власта на монархот. Биле направени измени во споредба со уредувањето на врховната власт, односно Министерскиот совет и неговиот однос кон кралот во текот на неговата работа. Таквите состојби се потврдуваат со “Законот за уредување на врховната државна управа" од 31 март 1929 година, кој се менувал и дополнувал во повеќе членови, односно: “Стапувајќи на должност, Претседателот на Министерскиот совет и Министрите полагаат заклетва дека ќе му бидат верни на кралот и дека ќе работат според Уставот и законите.” Оваа измена во законот со дадената заклетва за верност на кралот, иако по службена должност, во други услови не би била дискутабилна, имала диктаторски обележја.

Улогата на монархот била експонирана, односно “Министерскиот совет ги претресувал и предметите, за кои тоа го предвидувале специјални закони, или за кои кралот или Претседателот на Министерскиот совет ќе го сметаат тоа за потребно,” што значи, мислењето или вољата на кралот морале да се почитуваат и во највисока инстанца на власт, составена од сите министри на владата.

Понатаму се одредуваоло, дека “Министерскиот совет не издава никакви административни акти во свое име, туку само дава претходна согласност за предлозите од министрите до кралот или за претходно одобрените акти од министрите,” односно министерскиот совет се по-

[277] Службене новине Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца, од 5 декември 1931 год., Година XIII -Бр. 285 - XLIII, Белград 1931.

ставувал во целосно подредена позиција во однос на кралот, давајќи му согласност за предлозите од министрите и очекувајќи или барајќи од негова страна согласност.

Несомнено е дека овој закон ја засилувал водечката улога на кралот во рамките на врховната државна управа, особено при донесувањето на одлуките во министерскиот совет, што е многу значајно, пред сѐ во водењето на внатрешната државна политика.

Во 1929 година била донесена и "Уредбата" за извршување на "Законот за државниот суд за заштита на државата.[278] Оваа Уредба, како подзаконски акт, била донесена од страна на министерот за правда д-р М. Сршкиќ во Белград на 14 јануари 1929 година, со која поблиску се уредувале работите за начинот на функционирање на "Државниот суд за заштита на државата. Истата уредба го имала своето значење, во смисол на тоа, што децидно го уредувало работењето на судовите, кои имале задача да ја штитат диктатурата на монархот, односно се уредува-ло работењето на режимот.

Во содржината на првиот став од уредбата се одредувало, дека "Државниот суд за заштита на државата е установен при Касациониот суд во Белград, но не е одделение на тој суд, туку самостоен суд, кој има свој посебен печат." Во вториот став се подвлекувало, дека "Државниот суд за заштита на Државата ќе има како судии осум членови и четири заменици, како и еден државен тижител, кои на таа должност ќе бидат одредени со кралскиот Указ., а инаку ќе ги задржуваат своите дотогашни положаи."

Одредувањето на персоналот со кралскиот Указ претставува акт преку кој директно се упатувало на улогата и значењето на кралот во режимот. Самиот однос на назначување со кралскиот указ непосредно упатува на барањето и потребата за верност и служење на кралската

[278] Службене новине Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца, од 17 јануари 1929 год., Година XI -Бр. 13 - VII, Белград 1929.

власт и династијата, што било спротивно на сите основни принципи за непристрасноста на правосудство во една држава.

Истовемено, покрај донесувањето на законите и управувањето со државата кралот вршел и издавање на укази, кои како законски акти се извршувале. Во одредени случаи, кралот од своја страна го задолжувал министерот за просвета да извршувал одреден указ, потоа министерот за правда, или министерот на војската и морнарицата, или пак тоа можело да биде указ од самиот крал, кој не задолжува некој од министрите и тогаш неговото извршување стапувало во сила по објавувањето во "Службениот весник на Кралството СХС.

Указот, како канцелариски и државен документ, имал своја пропишана, вообчаена стандардизирана форма изразена во преамбулата.[279]

Меѓу првите укази издадени по донесувањето на Октроираниот устав во 1929 година, бил укзот кој се однесувал на прогласувањето на "Законот за Претседателството на Министерскиот совет", од 1 мај 1929 година.[280] Во неговата содржина, според параграфите се одредувал составот на "Претседателството на Министерскиот Совет", на "Општото Одделение на Претседателството", составот на "Централното Пресбиро", и на "Одделението за Општа Државна Статистика". Овие одделенија ја сочинувале "Канцелатријата на Претседателството", на чие чело се наоѓал "Шефот на Канцеларијата на Претседателството на Министерскиот Совет". При "Претседателството" постоел и "Врховен Инспекторат", кој во име на "Претседателот на Министерскиот Совет" вршел врховна инспекција врз сите гранки на севкупната државна управа.

Во содржината на понатамошните параграфи од указот, на поединечен и опреденен начин биле наведени надлежностите на отсеците.

---

[279] Текстот на преамбулата гласел:

"Ние
АЛЕКСАНДАР I
по милоста Божја и по волјата на Народот
КРАЛ НА СРБИТЕ, ХРВАТИТЕ И СЛОВЕНЦИТЕ."

[280] Службене новине Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца, од 7 мај 1929 год., Година XI -Бр. 105 - XLII, Белград 1929.

Работите на “Општото одделение” ги водел началникот на тоа одделението; работите на сите отсеци на “Пресбирото" ги водел шефот на одделението, а сите работи на “Општата Државна Статистика” ги водел нејзиниот началник. Наведениот закон стапувал во сила кога ќе се потпишел од кралот и станувал обврзен кога ќе бидел објавен во “Службениот весник” на Кралството СХС.

Пример за “Указ”, со кој кралот нешто одобрувал и при тоа истовремено го задолжувал одрден министер да го изврши, претставува указот од 18 април 1929 година, со кој кралот, на предлог од министерот за просвета, а во договор со “Државниот совет” извршувал одобрување за основање завештание, или: ”Фонд на Јаниќ С. Самуил и Голуб во Маврово”, за наградување на ученички теми на Филозофскиот факултет од историја и етнографија на Јужна Србија, со кое ќе раководел “Професорскиот Совет на Филозофскиот факултет”, кој указ требало да го изврши минстерот за просвета.[281]

Друг указ, со кој кралот одобрувал некои државни работи и задолжувал одреден министер за извршување во форма на указот биле указот од 18 април 1929 година, со кој кралот, на предлог од министерот за просвета, а во договор со “Државниот совет”, одобрил да се формира: ”Завештание на Арија Ј. Јосиф, генерален директор на банката “Вардар” во Скопје”, за помагање на сиромашните студенти и студентки на “Филозофскиот факултет во Скопје”, со кое ќе управувала службата на факултетот и истиот указ требало да се изврши од страна на министерот за просвета.[282]

Следниот пример за кралски указ со вообичаената преамбула и наведување на ресорен министер за неговото извршување, претставува указот за давање амнестија и помилување, кој врз основа на “членот 3 од Законот за Кралската Власт и за Врховната Државна Управа”. Пр-

[281] Службене новине Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца, од 7 мај 1929 год., Год. XI –Бр. 105 – XLII, Белград 1929.
[282] Ibidem.

виот дел се однесувал на простување на лица осудени од граѓанските и воените судови, вториот на делумна амнестија, а во останатите се давало помилување, кој требало да го изврши министерот за правда.[283]

Следува актот издаден од кралот за извршување од страна на ресорен министер, на "Указот за прогласување на Законот за протоколот за потпишување на Статутот на Постојаниот Меѓународен Суд", кој бил во врска со "Пактот на Друштвото на народите", кои спогодби биле ратификувани уште на 12 август 1921 година во Женева.[284] Во содржината на указот, од страна на потписникот, кралот Александар И, на министерот за правда му се препорачувало да го објавел законот; на министерот за надворешни работи да се грижел за неговото извршување, на властите им наредува да постапуваат според него, и на сите и на секого му се наредувало да му се покоруваат на наведениот закон.

Посебно внимание привлекува указот за пописот на населението, односно државните стопански газдинства (господарства), на приватните имоти и на стоката, донесен на ден 31 март 1931 година.[285] Истиот указ претставувал стандардизирана форма изразена во преамбулата, без задолжување на ресорскиот министер да го изврши, при што се наредувало "на целата територија на Кралството Југославија да се изврши попис на населението", а "истовремено да се попишат и сите стопански имоти и стока." Со овој попис, било одредено да управува "Одделението за Општа државна статистика при Претседателството на Министерскиот Совет", и тоа за Дунавската, Моравската, Вардарската и Зетската бановина и за управата на градот Белград непосредно, а за Дравската, Савската и Приморската преку статистичката служба во Загреб и за Врбаската и Дринската бановина преку статистичката служба во Сараево.

---

[283] Службене новине Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца, од 15 август 1929 год., Год. ЦИ – Бр. 189 – LXXVII, Белград 1929.

[284] Во овој Постојан Меѓународен Суд, се наsираат никулците или првите иницијативи за меѓународен суд од типот на современиот Меѓународен суд во Хаг(Хашки трибунал).

[285] Службене новине Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца, од 9 февруари 1931 год., Година XIII –Бр. 29 – VIII, Белград 1931.

Кон обзнанувањето на на овие законски акти, не треба да го изоставиме и "Уставот на Кралството Југославија" донесен во есента на 1931 година, бидејќи и тој спаѓа во актите кои ја регулирале и промовирале монархистичката диктатурата во земјата.

Кралот Александар И Караѓорѓевиќ спроведувајќи ја личната диктатура до септември 1931 година, на државата ѝ го подари т.н. Октроиран устав[286], бидејќи го донесе без работа и учеството на законодавно тело, скупштината, е подарен од карлот. Иако донесувањето на "Уставот", не значело крај на диктатурата, сепак, барем формално, беше воведен уставниот и парламентарниот режим во државата. Овој устав, всушност, ја озакони диктатурата, која и понатаму остана во сила, бидејќи уште на почетокот, во Одделот за општите одредби се подвлекува дека "Кралството Југославија е наследна и уставна монархија".

Диктаторскиот карактер на новиот устав јасно се одразува и во членот, со кој се соопштува дека: "Кралот има право да ја распушти скупштината и да нареди нови избори.", што практично значело воведувањето на отворен апсолутизам, неприкосновено право на одлучување на монархот, без усогласување на своите ставови со претставничките тела на Сенатот и Народната скупштина.

Доколку уставноста во Кралството Југославија навистина се почитувала, во тој случај гледано, немало потреба во уставот, покрај друго да се дефинирало, дека "Личноста на кралот е неприкосновена. На кралот не може ништо да му се стави во одговорност, нити кралот може да биде тужен.", што било во директна спротивност со нормите во земјите со развиена парламентарна демократија, каде и граѓаните решаваат за највисоките законски акти, како што е донесување на устав.

Октроираниот устав предвидувал реопрганизација на државата и воведување на две претставнички тела (дома): скупштина и сенат. Голем дел од сенаторите кралот директнио ги именувал, и од сите одредби

[286] Службене новине Краљевине Југославије, од 9 септември 1931 год., Година XIII – Бр. 207 – LXVI, Белград 1931.

на уставот произлегуваше дека власта и натаму е концентрирана во рацете на кралот.[287]

Донесувањето на уставот кралот го оправдувал со тоа, дека ги остварил целите од 6 јануари 1929 година, ја средил политичката состојба и го остварил националното единство. Меѓутоа, вистинските причини за донесувањето на уставот биле големото незадоволство што го предизвика појавата и владеењето на диктатурата во земјата, посебно економската криза, како влијание и последица од појавата на светска економска криза, како и влошувањето на меѓународните односи на Балканот и Европа.

Веќе во тоа е време се вршат подготовки за Втората светска војна, па според развојот на внатрешната и надворешната политика, кралот сметаше за потребно да ги среди и приликите во земјата. Тој и понатаму си го задржал правото да ја поставува владата, која требало да биде одговорна пред него за својата работа, а не пред "Собранието ", а исто така и најголемиот дел од сенаторите кралот директно ги именувал.[288] Парламентаризмот се користеше како маска за одржувањето на централизмот, а со уставот се санкционирала диктатурата во земјата.

Конкретно, со *Законот за името и поделбата на кралството на административни области*, наполно било сменето официјалното име на државата, претходно определено со Видовденскиот устав, кое од Кралство на Србите, Хрватите и Словенците сега станало Кралство Југославија, што беше во согласност со реализацијата на историските стремежи на големосрпските политички сили и на кралот за создавање на интегрално југословенство.

Карактеристичните црти се одразуваат веднаш по воведувањето на диктатурата на кралот Александар Караѓорѓевиќ, кој непосредно по распуштањето на скупштината и преземањето на власта, постави нова влада од политичари што беа во служба на дворот, на чело со генера-

[287] Историја на македонскиот народ, книга трета, с. 73-74.
[288] Ibidem, с. 73-77.

лот П. Живковиќ.[289] Оваа промена беше нужно направена од кралот за да може непречено да владее и управува со државата преку своите кралски закони и укази.

За македонскиот народ во текот на овие години започнало времето во кое завладеал крајно репресивен и полициски режим, диктатура на монархот и на крајно конзервативните и национални српски граѓански партии. Воведениот режим во земјата, а со тоа и во Вардарска бановина, всушнст, претставувале елементи на фашизам, иако не ги имаше истите одлики како во Германија и Италија. Овој потег на кралот, т.е. ваквиот начин на управување со државата, не беше неочекуван, тој претставуваше само чекор понатаму кон постојаното задушување на основните политички слободи и права на граѓаните во земјата.[290]

Со актот на воведувањето на диктатурата, граѓаните ги загубија и оние малку права што ги имаа и беа претворени во верни лојални поданици. Кралот реално гледано на никого не му беше одговорен, а нему му беа потчинети сите, додека органите на власта веќе ни формално не беа одговорни пред народот, но затоа пак на кралот во потполност му беа одговорни. Фактички, беше воведен апсолутистички режим, кој требаше само преку кралските и владините закони и укази да се озакони и да отпочне да се спроведува.

Револтот на народот против централизмот и диктатурата во 1932 година се изразуваше преку демонстрации, штрајкови, судири со режимот и ги буткаше граѓанските опозициони партии на пат за борба за парламентарна демократија.[291] Политичката ситуација во Вардарскиот дел на Македонија во 1932 година почнува да се менува. И покрај важечката забрана за политичкото организирање, била формирана "Се-

[289] Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 254-267.
[290] Кралот Александар и пред тоа покажуваше стремеж кон апсолутизам. Затоа тој и до 1929 година доаѓаше во судир со политичарите кои ги бранеа парламентарните слободи, како што беа: Љ. Давидовиќ, А, Станоевиќ, С. Радиќ и други. Од друга страна, скоро сите политичари што беа во власта ја користеа состојбата во земјата за да се збогатат за сметка на народот.
[291] Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје, 1969, с. 74.

ланско-демократска коалиција", како израз на опозиционо политичко движење, а наскоро потоа биле објавени и познатите "загрепски пункттации" т.е. програмата, во која се барала реорганизација на земјата врз рамноправни основи на српскиот, хрватскиот и словенечкиот народ, како и гарантирањето "посебни интереси на јазичните малцинства". [292]

Меѓутоа, сите граѓански партии и групи не наоѓаа за потребно да обрнат внимание на потребата за изнесување и остварување на оправданите барања на македонскиот народ за национална рамноправност и слобода.[293]

Незадоволството и барањата на широките народни маси за демократски промени во политичкиот живот на Југославија, во првата половина на 1933 година придонесуваа кризата на апсолутустичкиот и диктаторскиот режим, по воведувањето на Шестојануарската диктатура од 1929 година, за првпат да прерасне во негово постепено и неизбежно распаѓање.[294] Оставката на владата на генералот П. Живковиќ во април 1932 година и подоцнежното брзо менување на краткотрајните влади на В. Марковиќ, д-р М. Сршиќ и Н. Узуновиќ, јасно го покажуваа опаѓањето на влијанието на владеачките кругови кај народот. Нивните лажни ветувања и отстапки, сакаа да им бидат признати како "олабавување" на диктатурата.

Со цел да се избегнат натамошните заострувања и потреси во внатрешниот политички живот во земјата, владата на Н. Узуновиќ пристапила кон подготвки за одржување на општински избори во втората половина на 1933 година.[295] Така, со *Законот за општините*, се определуваше да се извршат изборите по бановините. Спроведувањето на овие општинските избори во Вардарскиот дел на Македонија, поради сложената политичка ситуација беше оставено да се изврши најпосле. Меѓутоа, распишувањето на општинските избори и агитацијата околу

[292] Историја на македонскиот народ, том четврти, Скопје, ИНИ, 2000, с. 475.
[293] Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје, 1969, с. 74.
[294] Историја на македонскиот народ, …….. Скопје, 1972, с. 261.
[295] Ibidem.

нивното спроведување, во Вардарскиот дел на Македонија и во другите југословенски земји, доведоа до оживување на политичката активност.

Политичката ситуација во Вардарскиот дел на Македонија во 1934 година се карактеризира со засилување на прогресивните сили, кои под влијанието и насоките на КПЈ постигнаа успеси во политичкото раздвижување и расветлување на сите поважни прашања низ призмата на политиката на КПЈ, а илегалниот орган на "Обласниот комитет" на КПЈ за Македонија, весникот "Искра", укажуваше дека единствениот фронт на борбата на работништвото за уривањето на постојниот систем ќе може да ги уништи корените на стопанските кризи, експлоатацијата и угнетувањето.[296]

Со цел да го ублажи незадоволството и отпорот на народот во кралството, владата на чело со Б. Јевтиќ при крајот на 1934 година, ветуваше, дека ќе го либерализира владеачкиот режим и дека ќе настојува да привлече и активира во државната управа поширок круг на политички и општествени работници.[297] Меѓутоа, расчекорот меѓу официјалните изјави и делата, веднаш се видела при спроведувањето на вонредните општински избори во Вардарскиот дел на Македонија односно во Вардарската бановина.

Кралот Александар I Караѓорѓевиќ остана на престолот сѐ до октомври 1934 година. Таа година при неговата официјална посета на Франција, во градот Марсеј беше убиен. Атентатот го извршија припадници на ВМРО на чело со Ванчо Михајлов, во договор со усташките хрватски емигранти.

Бидејќи најстариот син на кралот и престолонаследникот Петар II беше малолетен, формирано беше намесништво, во кое влегоа кнезот Павле Караѓорѓевиќ, Р. Станковиќ, И. Перовиќ и други.

Во мај 1935 година беа одржани парламентарни избори под теророт на владата на Б. Јевтиќ, еден од водачите на режимската Југосло-

---

[296] Историја на македонскиот народ, книга трета, с. 76.
[297] Историја на македонсксиот народ, Скопје, 1972, с. 265.

венска национална странка (ЈНС). Меѓутоа, иако изборите беа фалсификувани во корист на власта, владата сепак мораше да поднесе оставка, а нова влада беше составена од страна на М. Стојадиновиќ, кој беше претставник на финансиската буржоазија.[298]

Архивската граѓа настаната во рамките на анализираниот период, претставува главен извор за проучувањето на историјата на македонскиот народ меѓу двете светски војни, посебно за настаните во Вардарскиот дел на Македонија, поврзани со социјално-економските, националните, воено-политичките и административно-териториjалните промени во Кралството СХС, а од 1929 година Кралство Југославија.

Укинувањето на Видовденскиот устав и управувањето во државата со кралски и владини закони, укази, уредби и други значајни подзаконски акти на државно ниво и нивното објавување, ѝ биле потребни на монархистичката диктатура за одржувањето на власт. Тие, како инструменти на врховната државна власт, ја одиграле својата реакционерна улога што им била наменета. Меѓутоа, Диктатурата со своите крајно апсолутистички и режимски карактеристики, долго време не можела да се одржи како водечка сила во државата, а атентатот врз кралот само ја означил завршницата на времето на управување со државата со употреба на методи со исклучителна суровост и самоволие на монархот.

[298] B. Petranović, Istorija Jugoslavije 1918-1978, Beograd, 1980, s. 111.

## 3.2. НОВАТА АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕРИТОРИЈАЛНА ПОДЕЛБА НА БАНОВИНИ И ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА КАНЦЕЛАРИСКОТО И АРХИВСКОТО РАБОТЕЊЕ

Организацијата на новата административно-територијална власт, односно локалната управа и самоуправа воспоставена во Вардарскиот дел на Македонија во времето на Кралството СХС од 1918 година, без промени се задржала сé до воведувањето на Шестојануарската диктатура во 1929 година. Тогаш бил укинат "Законот за обласната и околиската самоуправа, а заедно со нив биле укинати и областите.[299]

На 3 октомври 1929 година бил донесен "Законот за името и поделбата на Кралството на управни подрачја", според кој " државата на Србите, Хрватите и Словенците била наречена Кралство Југославија".[300] Истовремено била извршена новата административна поделба на земјата. Целото Кралство СХС било поделено на 9 *бановини* (наместо на 33 области), околии и општини (кои ги задржале постојните управни органи, додека самоуправните органи биле укинати). Оваа административна поделба била потврдена со Уставот од 3 септември 1931 година, при што градовите Белград, Панчево и Земун сочинувале посебно управно подрачје.[301]

При разгледувањето на улогата и значењето на ова прашање, неопходно е да се подвлече дека, со оваа поделба била разбиена националната структура на државата, со исклучок на Словенија и Вардарскиот дел на Македонија, каде и покрај направените обиди на режимот,

---

[299] Н.. Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парлемент меѓу двете светски војни, Скопје 2000, с. 21-37.

[300] Устав Краљевине Југославије, в. "Политика", год. XXXIII, бр. 8375, Београд, 3.X.1931, 3 (Вонредно издање).

[301] Устав Краљевине Југославије, в. "Политика", XXXIII, бр. 8375, Београд, 3.X.1931, 3 (Вонредно издање).

елементарната негација на историските целини не можела да се спроведе.[302]

Од друга страна, новата поделба значела поголем степен на централизација: со неа биле обезбедени ефектите на државниот и национален унитаризам, т.е. *"интегралното југословенство"*. Со усвојувањето на поделбата, режимот создавал свои големодржавни претпоставки за исполнувањето на националната *југословенска унификација.* Анализираниот период во литературата бил наречен и како "Период на Банска управа", кој траел од 3 октомври 1929 па сé до 6 април 1941 година. Во рамките на овој период Вардарскиот дел на Македонија бил опфатен во т.н. *Вардарска бановина,* со своето централно седиште во градот Скопје. Како управно-административно единица, оваа бановина ја опфаќала територијата на Вардарскиот дел на Македонија, дел од Јужна Србија и цело Косово и Метохија. Во наведените граници Вардарската бановина (по некои промени) имала 36.672 км$^2$ .

Белградската влада намерно ги поврзала македонските и српските краишта во една административна целина, за да може на тој начин, покрај другото, да го негира постоењето на македонската етнографска и историска посебност.[303]

Според пописот на населението од 31 март 1931 година, Вардарска бановина била поделена на 44 околии и 453 општини. Бројот на населените места изнесувал 3.169.[304] Вардарскиот дел на Македонија што влегол во составот на Вардарска бановина бил поделен на 29 околии;[305]

---

[302] Н. Цветковска, Локалната управа во Вардарскиот дел на Македонија ... с. 62; Т. Зајковски, Административно-територијалната поделба, организација на власта и канцелариското работење ... оп. цит. с. 7-17 и 36-51.

[303] Н. Цветковска, Воспоставување на српската ...оп. цит., с. 28.

[304] V. Simeunović, Stanovništvo Jugoslavije i socijalističkih republika 1921-1961. - Ukupno stanovništvo, polna i starosna struktura, - Beograd, 1964, с. 18.

[305] Ibidem, с. 26. Вардарскиот дел на Македонија бил поделен на следните околии: Галичка (Ростуше), Горнополошка (Гостивар), Долнополошка (Тетово), Кривопаланечка (Крива Паланка), Жеглиговска (Куманово), Кратовска (Кратово), Битолска (Битола), Горнодебарска (Дебар), Кичевска (Кичево), Прилепска (Прилеп), Охридска (Охрид), Преспанска (Ресен), Струшка (Струга), Крушевска (Крушево), Мариовска (Битола), Поречка (Јужен Брод), Кочанска (Кочани), Малешевска (Берово), Овчеполска (Свети Николе), Радовишка (Радовиш), Царевоселска (Царево Село), Штипска (Штип), Велешка (Велес), Дојранска (Валандово),

делот од Србија во составот на Вардарска бановина опфаќал 8 околии,[306] а делот од Метохија опфаќал 7 околии.[307] Во составот на Вардарска бановина, според пописот од 31 март 1931 година, имало 271.873 домаќинства со 1.574.243 жители.[308]

*Бановините* биле организирани како највисока форма на централизмот, притоапретставувајќи ги административно-територијални единици на централната власт. Со диктатурата била зголемена централизацијата на власта одоздола нагоре, а сите важни директиви за нејзиното функционирање потекнувале од кралот. Поединечно во бановините биле предвидени следните органи: *бан, банска управа, бановински совет* и *бановински одбор.*[309]

*Банот* бил на чело на бановината и ја извршувал највисоката политичка, општествена и управна власт на територијата на бановината. Ги извршувал наредбите на владата, управувал со имотот на бановината, ги пропишувал даноците, го подготвувал буџетот и му биле потчинети сите органи на општата управа на бановината.[310]

---

Гевгелиска (Гевгелија), Неготинска (Неготино), Кавадаречка (Кавадарци), Струмичка (Струмица), и Скопска (Скопје) - вкупно 949.958 или 60.34 % од попишаните жители на територијата на оваа бановина.

306 Ibidem.Тоа биле околиите: Босилградска (Босилград), Јабланичка (Лебане), Лесковачка (Лесковац), Масуричка (Сурдулица), Пчињска (Врање), Пољаничка (Владичин Хан), Прешевска (Прешево) и Власотинска (Власотинци) - вкупно 348.040 или 22,11 % од попишаните жители на територијата на оваа бановина.

307 Ibidem.Тоа биле околиите: Гњиланска (Гњилане), Горска (Драгаш), Грачаничка (Приштина), Качаничка (Качаник), Неродимска (Урошевац), Подгорска (Сува Река) и Шар Планинска (Призрен) - вкупно 276.245 или 15.55 % од попишаните жители на територијата на оваа бановина.

308 Ibidem. Меѓутоа, според податоците објавени од М. М. Сокиќ, во “Статистика избора за Прву југословенски народну скупштину”, Београд 1935, с. 81, Вардарската бановина имала 37.389 км$^2$, 1.575.185 жители и 274.070 домаќинства.

309 Ваквата територијална поделба и локална управа, воведени со Шестојануарската диктатура, се задржале сè до донесуавњето на Уставот од 3 септември 1931 година. И со новиот Устав останала истата територијална поделба, со таа разлика, што сега, покрај управните, биле воведени и самоуправните органи (бановинксиот совет и бановинскиот одбор како самоуправни органи).

310 Закон о називу и подели Краљевине на управна подручја. Збирка закона, Свеска 141, Београд, 1933, с. 10-21.

Во секоја бановина бил формиран Бановински *совет*,[311] како советодавен орган на банот, при што во Вардарската бановина го сочинувале 72 члена. Советот од своја страна *одбор*, кој претставувал негов извршен орган.

Во однос на организацијата на полициската власт, во периодот од 1929 година и понатаму, со новата административна поделба од 1931 година, била извршена промена и на полициската власт, односно на месните полициски установи, а министерството за внатрешни работи преку своја уредба го уредувало делокругот на нивната работа, соодветно на одредено подрачје.

Според чл. 60 од "Законот за внатрешната управа", во седиштето на бановината, а во тој контекст и во Вардарска бановина, била формирана *"Управа на полицијата"*, која претставувала *месна полициска установа*. На раководното место се наоѓал *управник на полицијата,* кој непосредно на банот му бил потчинет. Воедно тој му бил и референт на банот задолжен за регулирањето на полициските работи од општо значење, како и за поедини работи од полициска природа и карактер кои му биле доверени на извршување за подрачјето на целата бановина.

*Управата на полицијата* била поделена на *одделенија: политичко, кривично, извршно, пријавно, техничко и сообраќајно*, со поединечни *отсеци*, а овие по потреба на посебни *оддели* (референти). На чело на одделенијата се наоѓале *началници,* на отсеците - *шефови*, а на одделите - *референти.*

За вршење на полициската егзекутивна служба на подрачјето, на чело на "Управата на полицијата" постоел "*Збор на униформирана полициска стража"*, во чија надлежност, покрај другото, спаѓало одржу-

[311] Н. Цветковска, Локалната управа во Вардарскиот дел .., с. 68. Во бановинскиот совет, кој заседавал во седиштето на бановината, се поставувал по еден член од секоја околија. Освен тоа за секој град од 3-15.000 жители се поставувал по еден член, од 15-30.000 жители по два, од 30-50.000 жители по три, а за сите градови со преку 50.000 жители по четири членови.

вањето на јавната безбедност, ред и мир во областа, а.на нејзино чело се наоѓал *заповедник на полициската стража.*[312]

Кога е во прашање воспоставувањето, функционирањето и организирањето на полицискиот апарат, неопходно е да се нагласи, дека во Вардарскиот дел на Македонија истиот главно бил регрутиран од добро обучени луѓе по потекло Срби, дојдени од Србија и од Црна Гора, или од колонисти населени во Вардарскиот дел на Македонија. Тие според своите задолженија работеле по принципот на основните начела и упатства, но и според одредени упатства, посебно подготвени од страна на министерството за внатрешни работи.

Во однос на организацијата на судската власт, во периодот од 1929 до 1934 година, во Вардарскиот дел на Македонија постоела судска мрежа, како и во претходниот период до 1929 година. Во Скопје постоел "Управен суд" со седиште во Скопје, чија работа била поделена на четири *одделенија: административно, законодавно, за казнени закони и за надоместок на воените штети.* Исто така во Скопје постоел и *Апелационен суд*, а *првостепените судови* биле воспоставени во следните градови: Скопје, Битола, Велес, Кавадар-ци, Кичево, Куманово, Охрид, Прилеп, Струмица, Тетово, Штип, како и во Гњилане, Призрен и Приштина. Во градот Скопје исто така постоеле, машкиот казнен завод и адвокатската комора.[313]

Покрај наведените судови биле воспоставени и муслимански *околиски шеријатски судови* во градовите: *Битола, Штип* и *Гостивар.*[314]

Врз основа на "Законот за уредување на аграрните односи" донесен на 5 декември 1931 година, со измени и дополнувања од 24 јуни 1933 година, во градот Скопје бил воспоставен "*Виш аграрен суд*".[315] Када-

---

312 Закон о унутрашњој управи - са уредбама и правилницима о његовом извршењу, Збирка закона, св. 137, Београд, 1932, с. 22, 32.

313 Алманах Краљевине Југославије, ИВ Јубиларни свезак 1929-1931. Саставио Виктор Манакин, Загреб, 1932, с. 616; Јубиларни зборник живота и рада Срба, Хрвата и Словенаца 1918-1928, I део, с.и. , с.а., с. 107.

314 Ibidem, с. 626, 628, 632.

315 А. Апостолов, Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија, Скопје, 1966, с. 105.

рот во судските установи во Вардарскиот дел на Македонија, со ретки исклучоци, бил регрутиран главно од редовите на Србите.

Промовирањето на интегралното југословенство во Вардарскиот дел на Македонија по Шестојануарската диктатура и политиката на србизација се покажала како погрешна и целосно не решила ниту едно од прашањата што ја потресувале земјата. Со поделбата на бановини се целело да се створи нов процес, преку кој од различните народи и национални малцинства во земјата ќе се создаде *единствена југословенска нација.*[316]

Меѓутоа, со укинувањето на уставот од 1921 година, забраната на активноста на политичките партии, цензурата на печатот, зајакнувањето на улогата на полицијата, разузнавачката служба итн., настанатата политичка ситуација довела до лично владеење на кралот со земјата.[317]

Во духот на "ублажување и дотерување за намалување на општото незадоволство", се практикувал пофлексибилен однос на српската политика во Вардарскиот дел на Македонија. Меѓутоа, таквиот однос во никој случај не значел откажување од крајната цел во однос на србизацијата и асимилацијата на македонскиот народ, според политиката на грчката и бугарската реакција кон решавањето на македонското национално прашање на Балканот.

Сега, наместо терор, српската власт си поставила за цел меѓу македонскиот народ да создаде широка база за поткрепа на својата политика. Особено била заинтересирана да се придобие оној дел од македонската интелигенција, што во претходниот период дејствувал опозиционо и против кого биле преземени мерки на репресија. Сепак за власта мошне важно било тие да не се комунисти и особено да не се луѓе со развиена и изразена македонска национална свест, дејност и идеологија.[318]

---

[316] B. Petranović, Istorija Jugoslavije 1918-1988, s. 181-183.
[317] Ibidem, c. 181-183.
[318] Историја на македонксиот народ, том ИВ, с. 477.

Впрочем, во тој период, *официјалнаша йолишичка (државна) докшрина* била *иншеїраниош јуїословенизам* - создавање на единствена југословенска нација, односно на југословенска државна заедница поставена на релативни демократски основи на чело со српската династија. [319] Еклатантен пример во променетиот однос и начин на работа на српската политика во Вардарскиот дел на Македонија и во употребата на новите и посуптилни методи на дејствување, посебно претставува односот спрема осудените македонски студенти во процесот во Скопје од 1927 година.[320]

Што се однесува до замислената младинска организација на Кралството Југославија, нејзината културно-политичка програма требала да се темели врз актот на Шестојануарската диктатура: *сише во Југославија се единсшвен народ, со "исша крв, исш јазик, исши идеали и исша судбина."*

Основите на новата режимска организација *"Здружение на иншелекшуалнише сили на Јужна Србија (Удружење иншелекшуалних снаїа Јужне Србије)"* биле поставени во почетокот на декември 1930 година во Белград, а потоа бил формиран *Акционен одбор* во Скопје.

На 10 јануари 1931 година била создадена режимската младинска организација *"Југословенска младина на Вардарска Бановина (Југословенска омладина Вардарске Бановине - ЈОВБ)".* Програмските цели на оваа организација исто така се темеле врз основната доктрина на *иншеїралношо југословенсшво*, и тоа: 1) Југославија со југословенската нација и династијата Караѓорѓевиќи се највисоката цел на ЈОВБ; 2)

Моменталните гледишта на поединци или на групи што се одделуваат од својата национална оска за ЈОВБ се од привремен карактер во животот на младите и неискусни нации. [321]

---

[319] Ibidem.

[320] Ibidem. Им било ветено ослободување од затвор ако се откажат од своите идеи и станат членови на проектираната младинска режимска организација во Вардарскиот дел на Македонија.

[321] Историја на македонксиот народ, том 4, с. 477-478.

Ваквата изградена политичка платформа овозможила во редовите на ЈОВБ да се најдат луѓе со изразито просрпско и пробугарско убедување. Но, истовремено во неа се нашол и “голем број на добронамерно расположени поединци од двата табора, како д-р Милош Јаковлевиќ, Љубомир Марковиќ, инж. Киро Жерновски, д-р Муратовски” и др. ЈОБВ како политичка организација немала долг живот. Замислена како инструмент во служба на политиката за приближувањето меѓу Бугарија и Југославија, во моментот кога таа станала реалност, повеќе немало потреба од нејзиното постоење. Тоа говори дека целта при создавањето на оваа режимска организација во дел од редовите на македонската младина, повеќе била со шпекулативен карактер, односно била наменета да послужи како мост за контакт меѓу српскиот режим и македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија, кој инаку официјално за српската национална политика не постоел.

Во својата основа, ЈОВБ во Вардарскиот дел на Македонија претставувала *нова формула за србизација и ја затскривала отворената цел на големосрпскиот режим,* но од македонскиотнарод не добила поддршка. Затоа и елиминарањето од страна на режимот на ЈОВБ од политичкиот живот во Вардарскиот дел на Македонија, не значело напуштање на моделот за југословенизмот, низ кој метод се реализирала политиката за србизација на Македонија.

Организацијата на канцелариското и архивското работење во Вардарската бановина од 1929 до 1931 година, според своите карактеристики и систем на работа, се надоврзувало на претходниот период од 1918 до 1926 и потоа до 1929 до 1931 година.

Во основа, многу форми на описи од содржината на деловодните протоколи и другите архивски книги за евиденција, и понатаму останале во употреба и истите продолжиле да служат во работата со документацијата во установите на централната државна управа и во останатите административни и државни установи.

Најважно решение за начинот на работата и извршување на канцелариското работење дало Министерството за финансии, со донесувањето на *"Правилник за деловен ред"*, донесен во мај 1930 година.[322]

Во поглавјето *"Ракување со акшише и нивношо решавање"*[323], бил даден детален опис на работата врз пристигнатите акти, односно од нивното примање сé до архивирањето, според фазите на работењето, без оглед на тоа, дали актите пристигнале по пошта, преку поштенската книга или биле директно поднесени до надлежните служби.

По пристигнувањето на поштата, актите биле прелиминарно разгледувани од шефот на "Канцеларискиот отсек" или од началникот на "Општото одделение", кој на секој од актите им регистрирал ознака на кое одделение, отсек или подотсек му припаѓаат, а потоа се доставувале во "Канцеларискиот отсек" или во писарницата на заведување.

Во "Деловодниот дневник", кој постоел како книга за регистрација на архивските материјали, биле заведувани сите пристигнати акти, освен оние за кои било исклучително пропишано да не се заведуваат. Во *"Правилникош за рабоша во Одделениешо за државна безбедносш"* се пропишувало секоја година да се отвора нов деловодник, кој почнувал со бројот 1, а се заклучувало со последниот број заведен на денот 31 декември, со забелешки за водењето на службениот деловодник и за евентуалните грешки, како и забележување на податоци за причините за направените грешки.

Во врска со начинот на заведување на актите, според членот 68 од наведениот "Правилник" се предвидувало: "во деловодниот дневник секој акт и поднесок редовно се заведува под свој посебен број, под кој се ставала ознаката на отсекот (Одделението) со арапски број, кој му припаѓа на односниот отсек (Одделение) според овој Правилник".

---

[322] Фонд Министарства унутрашњих послова Краљевине Југославије (14), Архив на Србија, Белград.
[323] Z. Nježić, B. 1918-1941., Centralni organi (1918-1930), Arhivist, XX/2'70, Belgrad 1972, s. 136.

Во деловодниот дневник се впишувале и податоците, за кои постоеле рубрики, кратка содржина на актот или поднесокот и забелешка во однос на прилозите. На заведениот акт се втиснувал печат (жиг), а на одредено место од неговиот отисок се впишувал бројот на деловодниот дневник со бројот на отсекот (Одделението), датата (ден, месец и година) и забелешка за прилозите."

Според членот 75 од наведениот "Правилник", актите се разведувале во деловодниот дневник со впишување на датата на разведување, адресантот и кратката содржина на актот, односно содржината на поднесокот.

Со овој "Правилник" се изземале од заведување во деловодниот дневник печатените работи, како што биле: трговски огласи, извештаи за работа на јавни корпорации, акционерски друштва, повикувања за давање прилози за добротворни цели, и сл., дневни редови на комисии и конференции, требувања, реферати за набавка, поправки, доколку претходно не биле одобрени од надлештвото итн. Ова изземање на погоре наведените печатени работи од заведување, упатува на фактот, дека тие немале својство на архивска граѓа, туку напротив дека се сметале како документарен материјал, кој подлежел на уништување. Наведените печатени материјали, од денешен аспект гледано и дефинирани како проблем во врска со документарниот материјал, претставуваат посебно важен документарен материјал.

Со споменатиот "Правилник" исто така се утврдувало, дека под посебни броеви се заведуваат: акти за ажурирање, извештаи за извршени наредби, периодични извештаи кои ги доставуваат подредените надлештва и установи, разни потврди за примени наредби, расписи, решенија и слично.

Со оглед на фактот дека актите од овој вид биле еднообразни и на број повеќе, предвидено било да се заведуваат во собирен листа, која со матичниот акт му се предавале на надлежниот отсек. За останатите

акти кои пристигнувале и не се заведувале под посебен број, се правела потребна забелешка во деловодникот на бројот од матичниот акт, а на содржината од актите се втиснувал деловодниот печат и се впишувал бројот на матичниот акт, при што актот се разведувал.

Ваквото заведување во посебна собирна листа на еднообразните и поголем број акти, упатува на фактот дека станува збор за конкретна работа за собирање на документарен материјал со одредени рокови за негово чување.

Во врска со средување на актите во надлештвата и установите во разгледуваниот период, односно спојувањето на актите во една целина или според современата работна методологија: здружување во архивски единици, предмети), во предмет, според членот 71 од "Правилникот" се предвидувало, дека "на заведениот акт ќе му се придружат поранешните акти од истиот предмет, доколку ги има во регистратурата, а во деловодниот дневник, во рубриката "Забелешка" кај бројот на тие акти, ќе се забележи на кој број му се придружува тој акт. На местото на здружениот акт во регистратурата ќе се остави белешка со ознаката на фасциклата и деловодниот број на актот, со кој изземениот акт од фасциклата е здружен." [324]

Во поглед на излачувањето на документите посебно во делот на "Правилникот" во врска со "Уништувањето на актите", со членот 78 се утврдувало следното: "Административните акти, на кои не се наоѓа посебно барање во поглед на уништување, ќе се чуваат 10 години. По истекот на времето, тие акти ќе се прегледаат, и, доколку не биде потребно нивното понатамошно чување, ќе се издвојат од регистратурата поради уништување. Актите, кои немаат трајна или начелна вредност[325], ќе се уништат по пет години." Исто така се предвидувало, на таквите

[324] Ibidem, с. 137.

[325] Под овој термин "Актите, кои немаат трајна или начелна вредност" се мисли на документарен материјал, во денешен смисол на терминот.

акти уште пред да се достават во “Канцелариските оддел" ќе требало да им се ставел печатот со текст: “Да се уништи по пет години”.

Актите од трајна или начелна вредност[326], кои ја задржувале својата важност и по 10 години, го добивале печатот: “Не смее да се уништи”. Клаузулите за уништување требало да се ставаат истовремено со изработката на актите, а ќе требало да ги парафира шефот, односно референтот или началникот на Одделението.

Уништувањето на актите, на кои ја немале регистрирано клаузулата за “уништување", ќе му се доверела на искусен и сигурен службеник, кому началникот на одделението ќе му ги издал потребните упатства. Во рубриката на актите, кои биле уништени во деловодниот дневник, ќе требало да се одбележат со печатотот “поништено” под парафот на старешината на “Канцелариските оддел.”

Во делот на “Правилникот” кој се однесува на прашањето на “Канцелариски книги”, се утврдувале сите книги за евиденција и начинот на нивното водење, а во прилогот кон “Правилникот”, освен за деловодниот протокол, дадени се обрасци со рубрики, кои требало да ги содржат утврдените книги.

Покрај деловодниот протокол, предвидено било и водењето на книга за примена пошта[327], регистри на туѓи броеви[328], индекси[329] и отправни книги.[330]

---

[326] Под овој термин: “Акти од трајна или начелна вредност"се мисли на архивска граѓа, во денешен смисол на терминот.

[327] Книгата за примена пошта се води со следните рубрики: ден, месец и година на приемот на актот, број на актот кој се прима, име на испраќачот, место и забелешка.

[328] Во регистерот на туѓи броеви се впишувале сите деловодни броеви од туѓите надлештва и установи, под кои пристигнале актите, со соодветните броеви под кои биле заведени во деловодниот дневник. Регистерот се водел паралелно со деловодниот дневник.

[329] За водењето на индексите Правилникот го предвидувал следното: “Паралелно со деловодниот протокол ќе се водаат по азбучен ред истовремено и индексите по имиња и по содржина, поделено по партии, а овие по слогови. Индексот по имиња ќе се води по семејното име на странките, водејќи сметка за тоа една странка да има што помалку броеви во индексот. Во случај на повторно заведување, во индексот се означува бројот, под кој тоа име порано било индицирано. Индексот по содржина ќе се води по најзначајниот збор во предметот односно според зборот во кој се содржи суштината на предметот. Доколку предметот не може доволно точно да се обележи со еден збор, ќе се заведе по повеќе зборови. По воведувањето на предметот во индексот, покрај неговиот број во деловодниот дневник ќе се забележи и под кое друго слово е индициран.” Именичниот индекс ги содржел следните рубрики: семеј-

Во членот 76, под насловот "Регистратура", се утврдувал начинот на *архивирање и чување на акшиише*. Покрај останатото, се предвидува сите решени акти да се чуваат во "Канцеларискиот оддел", средени по години и деловодни броеви во фасцикли со иста дебелина, ставени во прегради за време од 5 години.

Актите, кои не се заведувале, според одредбите во наведениот член, се предвидувало да се "соберат во посебни корици, а периодичните извештаи ќе се соберат според времето и хронолошкиот ред". Старешините на одделенијата се задолжувале да проверат, дали актите се наоѓале во состојба да бидат средени и подврзани.

Одредбите од вториот дел во Правилникот, кој се однесува на "Ракување со актите и нивно решавање", се определувало "да важат и за подрачните установи на министерствата".

Според претходните становишта, правилниците за деловодниот ред, како и другите правилници, кои во овој период ги донесувале поедините министерства, особено оние кои се донесени при крајот на 1929 и 1930 година, содржат *низа решенија за канцелариското работење*, и истите секако претставувале солидна *основа за уедначување на системот на канцелариското работење* и истовремено претставувале појдовни основи за понатамошно донесување на нови прописи во наредниот период.

Во содржината на претходно претставениот *"Правилник за деловен ред"*, донесен во текот на мај 1930 година, од своја страна го претставивме како пример, преку кој се *опишувваат начинот на канцелариското и дел од архивското работење* во кругот на надлештвата и

---

но и родено име, занимање и место, од каде е, содржина, место во архивата (фасцикла, ред), забелешка.

[330] Отправната книга за доставување на актите во отсеците (Одделенијата) ги имале рубриките: ден, месец и година на отпремање (испраќање) на актот, броеви на актот кој се праќа, имиња на лица или надлештва на кои им се праќаат актите, место и потпис на примачот. Меѓу обрасците на овие канцелариски помагала се наоѓа и образецот на книгата "Контролник на акти", во која се евидентираат актите со податоци, кому му се дадени актите за работа и кога се вратени.

установите во периодот од 1926 до 1930 година во Вардарскиот дел на Македонија.

Во контекстот на архивското работење, за истакнување е и примерот во врска со функционирањето *"Главнаѿа архива"* при *Министерсѿвоѿо за надворешни работи во ѿекоѿ на 1930 ѓодина.*[331] Во неговиот член 5 се наведуваат надлежностите на "Главната архива" во која спаѓале: "чувањето и средувањето на старите архиви од сите одделенија од министерството и од сите дипломатски и конзуларни претставништва и делегации, за кои се покажала исклучителна потреба да биделе пренесени во министертсвото; реконструкцијата на документите и канцелариските книги, кои биле уништени за време на војната или на друг начин биле исчезнати; грижењето за враќање на тие документи; изработувањето на публикации со збирки од дипломатските документи; учеството во склучувањето и извршувањето на меѓународните договори и конвенции кои се однесувале на архивите."

Од содржината на наведениот член можно е да се констатира, дека во наведеното министерство била *водена сериозна ѓрижа* и било посветено нужно внимание за правилната работо и ефикасното функционирање на "Главната архива". Преку нејзината работа се одвивал *ѓолем дел од канцелариското работење*, одредени делови од *зашѿиѿаѿа на архивскаѿа ѓраѓа* и документарниот материјал, се предвидувало и издавањето на дипломатските документи, како и учеството во меѓународната соработка.

Во неговиот член 6 се одредува дека, "Организацијата на архивата, експедицијата и приемот на поштата ги пропишувал министерот за надворешни работи со посебен правилник."

Во врска со истражувањата во *"Главнаѿа архива"* во министерството за надворешни работи во 1930 година, бил донесен и *"Правил-*

---

331 Закон за уредување на Министерството за надворешни работи и дипломатските и конзуларните претставништва на Кралството Југославија во Странство, Службен весник на Кралство Југославија, од 29 март, год. XII, бр. 72 - XXVI, Белград 1930, с. 658.

*ник за истражувањата во Главната архива на Министерството за надворешни работи и за неслужбеното објавување на дипломатските и конзуларните документи*"[332]

Во "Правилникот" поблиску се одредувале постапките во врска со службените, како и со приватните архивски истражувања. Така во поглед на службените истражувања, се одредувало, дека "Сите службени архивски истражувања го вршеле според редовната должност персоналот на Главната архива од министертсвото. Понатаму, во врска со користењето на архивската граѓа, се одредувало дека "ниеден акт не можел да се даде на користење надвор од просториите на Глаавната архива, ниту на државни власти, ниту на физички лица." На корисниците граѓата им се издава во состојбата во која таа се наоѓа, како и според нејзината важност.". Во врска со техничките услуги кои се вршеле при истражувањата, се одредувало дека, фотографските и другите факсимилни репродукции од документите можеле да се вршат само после претходно писмено одобрение од страна на началникот на Главната архива." Исто така се одредувало и дека, "Преписите, исписите, наводите или наводите на користените документи можеле да се прават на јазикот на кој се пишувани самите документи, или во превод на друг јазик, но морале секојпат да ја носат идентификационата ознака од оригиналот." Од наведените одредби во врска со истражувањето во Главната архива на министерството за надворешни работи, можно е да се констатира дека на истражувањето во споменатото министертсво му било посветено нужното внимание и дека истото се извршувало на прилично високо стручно ниво.

Од 1931 година се направил првиот сериозен чекор кон воведување методолошки промени на еднообразниот канцеларски деловодник. Тоа бил "Деловник за општи управни власти", донесен од министерски-

[332] Правилник за истражувања во Главната архива на Министерството за надворешни работи и за неслужбеното објавување на дипломатските и конзуларните документи, Службен весник на Кралството југославија, од 28 април, год. XII, бр. 95-XXXVII, Белград 1930.

от совет, на предлог од министерот за внатрешни работи од 23 октомври 1931 година, со влегување во важност од 1 јануари 1932 година. [333]

Во воведниот дел на "Деловникот", под наслов "Задача и важење на Деловникот", се одредува, дека "според овој "Деловник" ќе постапуваат сите општи управни власти, сите државни власти од внатрешната управа, за кои не постојат специјални прописи за работење и ракување со службени акти." Врз основа на оваа формулација, која се однесува на прописите, бил ставен крај на поединечното интерно регулирање на канцелариското работење во управните регистратури, според законот кој важел до 1930 година.

Деловникот во однос на управните власти ја сменил методологијата во постапката со актите. Тоа биле следните состојби: начинот на приемот и прегледот на актите и нивното поделување по "работните единици"; начинот на изработката на концепти; формата на актите; кој вид канцелариски книги треба да се водат; начинот на водење на книгите и начинот на заведување на актите во книгите; средувањето и подврзувањето на актите и прилозите; средувањето на актите во архивата (писарницата); уништувањето на доверливите акти и сл.

Од кругот на деловите на кои се однесуваат на канцелариското работење, можно е да се констатира, дека истиот претставува ефикасно помагало во канцелариското работење, преку кое се овозможува правилно управување и работа со актите во надлештвата, со тоа што ги опфаќа сите основни елементи на работните операции, кои треба да се извршуваат врз документацијата при нејзиното користење и после нејзиното архивирање во писарницата. Тоа значи воведување нова понапредна методологија, која помага при стандардизацијата на поедините етапи на постапката во писарницата.

Покрај "Деловникот" се дадени и обрасците за канцелариските книги, кои според него биле предвидени, а во делот кој се однесува на

[333] Z. Nježić, оп. цит. с. 138.

прашањето за "Канцелариски книги", го утврдувал водењето на следните книги: главен регистар, специјални регистри, индекс, индекс на туѓи броеви и собирен табак.[334]

Во поглед на средувањето на материјалите, се предвидувало завршените акти да се средуваат според години и хронолошки според броевите од деловодниот протокол, сместени во фасцикли со приближно иста дебелина. Предметите со повеќе регистратурски броеви, се средувале според последните броеви, а од повеќе години според последните години. Актите кои не се заведувале, се архивирале според хронолошкиот ред, или според хронолошкиот ред за поедините надлештва.

Посебно бил значаен податокот за користење на актите. Под насловот "Јавна употреба на актите", посебно се наведувало: "Доколку актите се стари 30 години, според правилото се пристапни за јавноста. Исклучително, со одобрение од ресорното министерство, можат да се употребат за научни цели и актите од поново време."

Во врска со новата административно-територијална поделба на бановини во наведениот временски период, значаен елемент претставува спроведувањето на новата административно-територијална поделба на Кралството Југославија на бановини, со која голем дел од територијата на Вардарскиот дел на Македонија бил опфатен во една административна целина.

Документите настанати во овој период за македонската историска наука претставуваат драгоцена архивска граѓа, бидејќи се однесуваат на настаните во врска со воведувањето на Шестојануарската диктатура и новата административна поделба на земјата.

За развојот на канцеларискито и архивското работење во овој временски период значаен напредок претставува донесувањето на "Деловникот за општите управни валсти" од 1931 година, преку кој со еле-

[334] Во другите делови на Деловникот се споменуваат и останатите книги за евиденција, како што биле: контролник на списи, доставна книга, книга на примена пошта и експедициони книги.

менти на новата методологија биле уредени организацијата и работата на архивската служби и воопшто архивската дејност во Кралството Југославија. Извршените методолошки зафати секако придонеле кон понатамошен напредок во развојот и унапредување на канцеларискoто и архивското работење, што претставувало основа за понатамошен развој на архивистиката, и придонело во Вардарскиот дел на Македонија да се зачуваат одреден број фондови кои се однесуваат на наведениот период.

Во делот на средувањето на документацијата во писарниците, регулативата во одредена мерка се угледувала и на начинот на водењето на канцеларискoто и архивското работење во развиените западноевропски земји Франција, Англија и Германија, што секако придонело и кон воведување на нови поефикасни форми во работењето

## 3.3. ПОДАРЕНИОТ (ОКТРОИРАНИОТ) УСТАВ ОД СЕПТЕМВРИ 1931 ГОДИНА И АРХИВСКОТО РАБОТЕЊЕ

Апсолутизмот на кралот Александар Караѓорѓевиќ воведен на 6.I.1929 година се покажал како несоодветен, како на внатрешен, исто така и на надворешно-политички план.

На внатрешен план се откривала слабоста на апсолутистичкиот режим, бидејќи не биле постигнати ниту внатрешниот мир, ниту стабилноста на династичкото и централистичкото владеење со државата. Многу знаци покажувале дека апсолутизмот го слабеел, а не го јакнел режимот. Исто така и се појавувало сé поголемото огорчување против репресивните мерки на режимот при што му се сигнализирало на “Дворот” дека би било препорачливо одговорноста за тоа да се “префрли на другите фактори”, или барем да се подели со политичарите кои за тоа “Дворот” ќе ги избере, т.е. се наметнувала потребата за воспоставување уставен и парламентарен поредок. [335]

На надворешен план се покажало дека апсолутиззмот бил неблагопријатен и во буржоаско-демократските влади во сојузничките земји (Францијаи и Англија) од една страна, а од друга, бил изложен и на сé поостри напади во скоро целиот демократски печат во Европа. Исто така, апсолутизмот не претставувал сигурна основа за влегување на странскиот капитал во државата. [336]

Овие два моменти, како и фактот дека се нашол во тешка ситуација, го натерале режимот на кралот набрзо да свати дека се потребни ублажувања за намалување на општото незадоволство на народот.

---

[335] Т. Стојков, Граѓанска опозиција и парламентарни избори од 8 новембра 1931 године, Историја XX века, Зборник радова. IV, Београд, 1962, с. 252-256.
[336] Ibidem, с. 252-256, 303.

За таа цел на 2 септември 1931 година бил воведен т.н. *"Октроиран устав* на Кралството Југославија", кој стапил на сила веднаш, заедно со издадената "Прокламацијата на кралот Александар".[337]

На 10 септември 1931 година бил донесен *"Законот за избори"*, врз основа на кој, на директни избори со јавно гласање биле избрани 306 пратеници за "Скупштината". Според бројот на населението, Вардарска бановина била претставена со 37 пратеници, а изборите за новосоздаденото собрание биле спроведени на 8 ноември 1931 година[338] На изборите била истакната само една кандидатска листа, со претседателот на владата П. Живковиќ како нејзин носител.

Следниот чекор по изборите, под ограничени и строго контролирани услови, факторите на режимот го насочиле кон постепено обновување на политичкиот живот во земјата. За реализација на таа цел била создадена *режимска политичка партија*, чие првобитно име гласело *"Југословенска радикална селанска коалиција"*, а потоа *"Југословенска национална партија"*.

Во текот на ноември 1932 година и покрај важечката забрана за политичко групирање, била организирана *"Селанско-демократска коалиција"*, како опозиционо политичко движење на режимот. Наскоро потоа биле објавени *"Загрепските пунктации"* како програма, во која се барала *реорганизација на земјата* и тоа врз рамноправни основи за српскиот, хрватскиот и словенечкиот народ, како и гарантирање на "посебните интереси на јазичните малцинства." [339]

Ова опозиционо движење, според своите политички оценки и ставови, сеуште немало осет и слух за интересите и потребите на македонскиот и црногорскиот народ во југословенската држава. Затоа во својата програма на преден план ги истакнало *барањата за децентрализација и федерализација на Југославија.* Во неа немало ниту збор за по-

---

[337] F. Čulinović, Dokumenti o Jugoslaviji. Historijat od osnutka zajedničke države do danas, Zagreb, 1968, s. 300-312.
[338] Историја на македонскиот народ, том 4, с. 474.
[339] Ibidem.

ложбата и местото што требало да го има Вардарскиот дел на Македонија во рамките на новото преуредување на земјата, затоа што во овој период на политичката сцена немало македонски граѓански партии.

Ваквиот однос на владеачките структури и партии во Кралството Југославија во однос на Вардарскиот дел на Македонија, без оглед на нивната моментална позиција кон ставот на власта, дали биле на власт или во опозиција, и понатаму продолжил и по обновувањето на политич-киот живот во земјата, започнат со изборите од 5 мај 1935 година.[340]

Монархистичката диктатура своето вистинско лице си го покажала со целокупната бескрупулозност и суровост најмногу *во Вардарскиот дел на Македонија.* За претседатели на општините биле поставени во прв ред луѓе предани на дворот. Најстрого била прогонувана секоја демократска и национална појава на македонскиот народ, а со тоа бил наполно задушуван националниот и воопшто политичкиот живот во овој дел на државата.[341]

Прогоните и апсењата најмногу биле насочени против илегалните организации: КПЈ, СКОЈ, ВМРО (Обединета) и ВМРО автономистичка. Единствено тие останале вистински противници на режимот во Вардарскиот дел на Македонија, дотолку повеќе што раководствата на граѓанските политички партии (првенствено на српските партии), кои дејствувале во овој дел на земјата, ја прифатиле диктатурата или не ѝ давале никаков вид на отпор.[342]

Во првите денови по воведувањето на "Октроираниот устав" и подоцна, режимот правеше усилби да ја зацврсти и да ја прошири четничката организација *"Народна одбрана"*, со чии разграноци во Вардарскиот дел на Македонија раководеше И. Трифуновиќ-Бирчанин, генералот Ристиќ и скопскиот митрополит Јосиф. Во есента и при крајот на 1931 година настана мало подобрување на општите политички усло-

340 B. Petranović, Istorija Jugoslavije 1918-1988, s. 402.
341 Историја на македонскиот народ, Скопје 1972, с. 258.
342 Ibidem.

ви во Југославија, кои се почувствува и во Вардарскиот дел на Македонија. Ова промена на делумно подобрување дошло како последица од кризата, во која сѐ повеќе западнала диктатурата на режимот.

Во текот на 1932 година, во Вардарскиот дел на Македонија се интензивирале повеќе активности на планот на обновувањето и поврзувањето на организациите на КПЈ и СКОЈ, за што било одржано илегално советување во Скопје,[343] на кое им било посветено најголемо внимание на прашањата во врска со работата на комунистите во синдикалните организации, спортски и културно-уметничките друштва и секции.

При оценката на прашањата во врска со *"Октроираниот устав" од 1931 година,* можно е да се наведе дека, кралот Александар на систематски начин постојано ја спроведувал диктатурата од претходниот период сѐ до септември 1931 година. Донесувањето на "уставот" кралот го оправдувал со фактот дека ги остварил целите од 6 јануари 1929 година, односно ја "средил политичката состојба" и го остварил националното единство на југословенските народи. Сепак, донесувањето на уставот во внатрешното уредување на Кралството Југославија не довело до промени, од причини што парламентаризмот и уставноста биле сведени на формални, односно биле утврдени и дадени извесни граѓански права, но и понатаму останале во сила многу реакционерни закони донесени во периодот од 1929 до 1931 година.

Како главна карактеристика и појдовна основа за разгледување на комплексот на прашањата поврзани со канцелариското и архивското работење во Кралството Југославија во текот на 1931 година и подоцна како појдовен модел на работење, се смета *"Деловникот за општите управни власти"*, како и регулативата донесена за територијата на

[343] Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 260.

Кралството Југославија, која се однесува на работата во *регистратурите на судовите* во периодот меѓу 1929 и 1933 година.[344]

Преку *"Деловникот за општите управни власти"* од 1931 година, било воведено еднообразно канцелариско работење со актите и книгите.[345] Со него биле на единствен начин регулирани работите во однос на *канцелариските книги, главниот регистар, комплетирањето на предметите, уништувањето на доверливите акти, средувањето и условите за користењето на актите.*[346]

*Регулативата* што била донесена во врска со работата во судските регистратури во текот на 1929 и 1933 година година, со важност на целото подрачје на Кралството Југославија, на одреден начин фрла светлина врз канеларискто и архивското работење во судовите како составен дел од државната управа.

Во рамките на претходно наведените прилики биле донесени *единствени прописи за работењето во судовите и водењето на нивните регистратури.*[347] Покрај *судскиот деловодник,* во врска со наведеното прашање тогаш биле пропишани и 109 обрасци за водење на *службените книги, разните евиденции, прегледи, извештаи и други видови на акти.*

Со *"Деловникот за општите управни власти"* била пропишана надворешната форма на *поднесокот, одлуката, записникот* и на другите *изворници,* нивната *техничка опременост*, потоа начинот како ќе се постапува со нив од примањето односно од постанокот до испраќањето и чувањето во регистратурата.

*Применитe списи* во *судската писарница* се заведувале во *уписник,* кој секоја година почнувал да се води од број 1 па натаму. *Уписникот* се водел посебно за *секое одделение* или за *сите одделенија* во

[344] Z. Nježić, Razvitak sistyema upravnih registratura, B. 1918-1941, Arhivist XX 2'70, Beograd 1972, s. 138-141; .J. Buturac-S. Bačić, Iz historije pisanog dokumenta, Sisak 1066, s. 45-48.
[345] Бил воведен Проект од страна на министерскиот совет на предлог од министерот за внатрешни работи на 23 октомври 1931 година со важност од 1 јануари 1932 година.
[346] Z. Nježić, op. cit., Poslovnik za opšte upravne vlasti ..., s. 139-140.
[347] Službene novine br. 20-VII.1933 i Zbornik zakona i naredaba, g. 1933, sv. I – XII.

еден заедно. Податоците се запишувале на табаци (араци), кои на крајот на годината се подврзувале. За впишување на податоците имало 35 рубрики, од кои се добивало добар преглед на работата и постапката со поедините акти и можеле да послужат при средувањето, чувањето и пронаоѓањето на актите.[348] Можно е објективно да се констатира, дека веќе при самата работа на заведување на актите, впишувањето во уписникот, биле направени првите чекори за олеснување на канцеларското и дел од архивското работење во судовите, што било нормално, но и неопходно потребно, со оглед на фактот што судовите биле установи во кои во наведениот период се создавала повеќе граѓа и документарен материјал.

Во однос на начинот на обележувањето на актите, односно употребуваните знаци, врз основа на *единствените прописи за работењето во судовите и водењето на нивните регистратури*, во *општинските (котарските) судови* при канцелариското работење во водените *уписници* се употребувале посебни знаци.

Во *околиските судови од прв степен* се воделе *уписници* за предмети, за кои судовите биле надлежни. За *казнени (кривични) предмети*, судовите воделе *уписници*, кои биле пропишани со *"Уредба за деловниот ред за редовните кривични судови"*.[349] Во рамките на таа "Уредба" биле пропишани вкупно 50 разни видови обрасци.

Останатите *помошни службени книги* и разни *евиденции (пописи и прегледи) на актите* служеле за тоа да се подобрело работењето на судовите, односно актите полесно да се пронаоѓаат.[350]

Актите кои го сочинувале предметот, а тоа можеле да бидат разни поднесоци, записници, доставници и други акти, се означувале како "списи" и се здружувале, со тоа што се прошивувале или се ставале во

[348] Poslovnik za opšte upravne vlasti . . ., s. 45.
[349] Služb. novine od 5.XII.1929 g., br. 286 – CXVI. Zbirka zakona I uredaba g. 1930. sv. I – XII.
[350] Освен овие функции, книгите за евиденција, и воопшто другите средства за евиденција, во регистратурите и во архивите, го имале и значењето да служат и како доказ на сопственоста врз актите.

обвивка, на кој покрај другите податоци, се напишувала и *ознаката на предметот.*[351]

Поедините списи во предметот се ределе според *хронолошки ред* и добивале *посебни броеви* или *подброеви*, кои во секој предмет почнувале со бројот 1 и течеле непрекинато без оглед на крајот на годината. Завршените предмети се чувале две години во писарницата[352], а потоа се ставале во архивата на писарницата. Овде доаѓале и сите *уписници,* како и *другите помошни книги и евиденции.*[353]

Предметите заведени во трговскиот и задружниот регистар можеле трајно да останат архивирани во судската писарница.

Предметите во писарницата биле архивирани *според одделенија,* по што *според видови на букви и на крајот според редни броеви.* Доколку предметот имал повеќе ознаки, во тој случај се оставал според последната ознака.

Нешто позначајно и поконкретно во однос на архивското работење во судските писарници, не е можно да се констатира, поради фактот што канцелариското и архивското работење биле меѓусебно многу испреплетени, најмногу поради оперативните значења на актите и неодложната потреба, регистратурските акти да се прифатат и обработат, а по потреба во секое време и да се стават на располагање. Од тие причини, во "Уредбата за деловниот ред за редовните кривични судови"[354], далеку поголем простор му било посветено на канцелариското, отколку на архивското работење.

[351] Актите во судовите биле чувани во посебно изработени печатени кошулки или, за поголемите предмети служеле посебни папки со специјален формат, на кои бил испишуван бројот на предметот, што била вообичаена пракса на судовите од тој период, како и подоцна во судската пракса.

[352] Се сметало дека просечната оперативност на документите и потребата за нивно користење била најмногу присутна во текот на првите две години од неговото формирање, за потоа да биде архивиран во писарничката архива, од каде, по потреба, повторно можел да биде земен за користење.

[353] J. Buturac-S. Bačić, Iz historije pisanog dokumenta, … s. 47.

[354] Službene novine od 5..XII.1929 g., br. 286-CXVI. Zbirka zakona i uredaba, g. 1930, sv. XII.

Од аспект на архивското работење, во наведената "Уредба" се пропишувало, дека "*предметите од посебна, политичка, доверлива и научна вредност можат да се чуваат на друго место*, но и на нивно место треба да се стави упатно ливче (цедулка). Исто така се постапува кога предметот се позајмува за службени потреби."[355]

Во "Уредбата", исто така, а врз основа на "Деловникот за управните власти" од 1931 година, како прв званичен акт во историјата на југословенските регистратури, изричито се пропишувало, дека "регистратурската граѓа мора да се заштитува од влага, пожар, кражба и секакво губење."[356] Тоа значи дека и делот на архивската граѓа која се наоѓа во регистратурите заедно со регистратурската била по овој режим на чување.

Предвидени биле *рокови за чување* на *списите* и *службените книги* и за *одредени видови на акти*, кои требало *трајно да се чуваат*, односно кои имале својство на архивска граѓа. Исто така со наведената "Уредба" била пропишана и *постапката за излачување и уништување на регистратурската граѓа со поминати рокови на чување од архивската граѓа.*

Врз основа на разгледаните прописи можно е да се констатира, дека биле обработени најзначајните неопходни елементи од архивското работење потребни за работа во правосудните установи, односно судовите и нивните писарници во периодот од 1929 до 1934 година.

Важноста на регулативата во врска со канцелариското и архивското работење во правосудството и административната управа, се согледува во фактот, што тие претставувале значаен сегмент и составен дел на работата на власта, односно дека на сите нивоа во сферата на правосудството било потребно да биде вршено ажурно канцелариско и

---

[355] Ibidem.
[356] Ibidem.

архивско работење. Тоа било со цел да се одговорело на задачите кои се поставувале пред администрацијата.

Една од поважните и меѓу првите задачи се однесувала на одржувањето и спроведувањето на власта, на што објактивно гледано морало да му се посвети големо внимание во еден централистички и диктаторски режим, каков што владеел со Кралството Југославија. Од друга страна, можно е да се констатира совесноста во работата и организацијата на одговорните и службените лица, кои биле ангажирани во водењето на администрацијата и извршувањето на конкретната работа во канцелариското и посебно во архивското работење.

# ГЛАВА ЧЕТВРТА

# ВРАЌАЊЕТО НА ПАРТИСКИОТ ПЛУРАЛИЗАМ И ПАРЛАМЕНТАРНИОТ СИСТЕМ ВО ВАРДАРСКАТА БАНОВИНА ДО ПРОПАЃАЊЕТО НА КРАЛСТВОТО ЈУГОСЛАВИЈА ОД 1935 ДО 1941 ГОДИНА

## 4.1. БАРАЊАТА НА ОПОЗИЦИЈАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ФЕДЕРАТИВЕН И ДЕМОКРАТСКИ ПРИНЦИП НА УРЕДУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕТО НА НОВИОТ УСТАВ

Севкупните прилики во Кралството Југославија во почетокот на 1935 година добиле нов импулс во внатрешната и надворешната политика на земјата, со тоа што владата на Б. Јевтиќ била присилена да направи нов потег во внатрешната политика, со формално напуштање на диктатурата.[357]

По амнестирањето на неколкумина буржоаски политичари од опозицијата, во февруари 1935 година владата ја растурила Народната скупштина и распишала нови парламентарни избори за 5 мај истата година. Веднаш потоа залопочна активирање на старите политички партии и дошло до општо раздвижување на политичкиот живот во земјата.[358] Меѓутоа, партиското раздвижување претставувало само добивање на интензитет во континуитетот на состојбата, која траела од ноември 1932 година.[359] Уште тоагаш на преден план биле истакнати барањата за децентрализација и федерализација на Кралството Југославија.[360]

Меѓутоа, во "загрепските пунктации" немало ниту збор за положбата и местото што требало да го има Вардарскиот дел на Македонија во рамките на преуредувањето та земјата, иако во "пунктациите" исто така се барало и гарантирање "на посебните интереси на јазичните малцинства", под кои се мислело и на Македонците во Вардарскиот дел на Македонија.[361] Пример за односот на буржоаските политички партии

[357] B. Petranović, Istorija Jugoslavije 1918-1988, s. 211. Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 255-267.
[358] Ibidem.
[359] Историја на македонскиот народ, том ИВ, с. 474. Кога и покрај важечката забрана за политичко групирање почнало да дејствува опозиционо политичко движење, а потоа биле објавени и познатите "загрепски пунктации", како програма за реорганизација на земјата.
[360] Ibidem, с. 475.
[361] Ibidem, с. 474.

кон Вардарскиот дел на Македонија наоѓаме во ”Прогласот на здружената опозиција” од 8 октомври 1937 година, во кој се барало ”новото уставно уредување да биде “поставено врз начелото на владеењето на народот, што ќе се остварува како заедничко дело на Србите, Хрватите и Словенците.”[362]

Од содржината на ”Прогласот” јасно се констатира ставот на буржоаските граѓански политички партии спрема македонскиот народ, кој и понатаму бил третиран како српски проблем во рамките на Кралството Југославија.

При развојот на наведената состојба, граѓанските политички партии постигнале спогодба и го формирале блокот на т.н. ”Здружена опозиција”,[363] а за носител на листата на оваа опозиција бил прифатен д-р В. Мачек. Здружената опозиција, создавајќи го ”Блокот на спогодбата”[364] на 8 октомври 1937 година го објавила “Прогласот”, во кој била истакната заедничката борба за остварување и спроведување на политичката и државната програма, која покрај другото се состоела од барање за промени, притоа тргнувајќи од одредбите на Уставот, сé до измени во изборниот закон.[365] “Прогласот” на опозицијата предизвикал голем интерес и кај јавноста во Вардарскиот дел на Македонија. Имено, во периодот 1936-1938 година биле постигнати акциони спогодби меѓу претставниците на граѓанските политички партии од здружената опозиција (од Демократската и Земјоделската партија), чии терен на

---

[362] B. Petranović, Istorija Jugoslavije 1918-1978, s. 136.

[363] Н. Цветковска, Македонското праашње во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, с. 39-78. Здружената опозиција била формирана на 7 февруари 1935 година и нејзе ја сочинувале српските граански партии: Демократската на чело со Љ. Давидовиќ, Земјоделската на чело со Ј. Јовановиќ, од една, а од друга страна, Селско-демократската коалиција (СДК ја сочинувале ХСС, и СДС на С. Прибичевиќ). Здружената опозоција повеќе претставувала една техничка, отколку политичка заедница, бидејќи сите опозициони партии, коишто ја сочинувале, поради различните идеолошки погледи за некои државни прашања, а особено за федеративната или за унитаристичката концепција на државното уредување, не успеале да изработат заедничка изборна платформа.

[364] Ibidem, с. 39-78. Блокот на спогодбата го создале хрватската опозиција (претставена од СК), Белградска здружена опозиција (составена од Демократската партија, Земјоделската партија и од групата Радикали на А. Станојевиќ)..

[365] F. Čulinović, Dokumenti o Jugoslaviji, Historijat od osnutka zajedničke države do danas, Zagreb, 1932, s. 334-335.

дејствување бил концентриран во рамките на Вардарскиот дел на Македонија, дотолку повеќе што се активирале и претставниците на македонското комунистичко и национално ослободително движење во врска со општинските избори во 1936 година и парламентарните избори во 1938 година.

Меѓутоа и покрај ваквите акциони спогодби на опозицијата, сепак српскиот став по однос кон решавањето на македонското национално прашање си останал и понатаму непроменет. Протестите на македонскиот народ поради повреденото национално чувство, како и неговите стремежи тој да се прифати и третира како национална индивидуалност, не наидувале на поголема поддршка кај партиите од здружената опозиција. Кај македонскиот народ било и понатаму зацврстено убедувањето, дека “ниту една од постојните партии кои имале право на непречена активност во Македонија не сакала да излезе во пресрет на македонските барања”.[366]

Незадоволството на македонскиот народ од тешката социјално-економска, национална и политичка положба резултирало со избувнување на акции и штрајкови, при што во едно движење од 1936 година, повеќе десетици илјади градежни работници насекаде во државата зеле учество во генералниот штрајк на градежните работници.[367] При тоа се барало утврдување на минималните надници, должината на работното време, како и плаќањето на прекувремената работа.

Еден од главните импулси кој го пропагирале буржоаските партии преку своите политички акции било ветувањето за подобри работни услови и слободен живот на населението. Но тоа не се исполнувало, бидејќи било спротивно на интересите и идеологијата на југословенската буржоазија, а со таквото ветување само намеравала да ги придобие народните маси за промени на политички план, што и понатаму ќе ѝ овозможело несметана експлоатација на народот.

---

[366] “Јужна стварност”, Лист за сва културна питања Македоније, Скопље, 1939, 13.
[367] Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 267.

Од претходно наведените причини, пред сé да се дојде до власт и моќ, и понатаму се воделе остри расправи во претставничките тела на кралството во врска со државното уредување на земјата. Од таа гледна точка во југословенскиот парламент по ова прашање се конфронтирале две спротивни идеи: една централистичка и друга федералистичка, позади кои стоеле посебните интереси на некои национални буржоазии и кои биле основни причини за нестабилноста на државната заедница и појава на постојаната криза во функционирањето на нејзиниот политички систем на класно владеење во земјата.[368]

Централистичката концепција на државното уредување почивала на претпоставката, дека Србите, Хрватите и Словенците се еден народ и дека сите разлики меѓу нив се сведувале на разликите во името, верата, азбуката, а во случајот на Словенците, делумно и во јазикот. Народното единство на Србите, Хрватите и Словенците било лажна претпоставка на државното единство. Истото требало да значи потполн раскин со поранешните посебни "племенски" држави или покраини – делови на бившата Австро-Унгарија.[369] Желбата за племенско (национално) одвојување се сметала како пречка за создавањето на една национална држава. Поради тоа на Србите, Хрватите и Словенците не можело да им се дозволи развивање во своите посебни "племенски" области. Племенската национална свест требала што поскоро да исчезне за да се појавела идејата за еднонационална држава.[370]

За концептот на реализацијата на унитарна држава и централистичко државно уредување се залагале српските политички групи, во помала мера југословенско ориентирани Хрвати и Словенците.

Федералистичката концепција ја дозволувала можноста Србите, Хрватите и Словенците да бидат три племиња на еден ист народ, но помеѓу нив гледа и разлика во верата и во културата. Историскиот разви-

---

[368] Н. Цветковска, Расправите во југословенскиот парламент за државното уредување и македонското прашање меѓу двете светски војни, Скопје, 2000, с. 79-118 .
[369] Ibidem.
[370] Ibidem, с. 80

ток во посебните општествени, економски и политички услови направил тие разлики, освен сличноста на јазикот, да се толку големи што секој од нив создавал една "племенска" (национална) индивидуалност. Хрватите и Словенците сакале заедничка држава со Србите, но биле против централизмот, кој го оневозможувал нивниот посебен културен (национален) и племенски развиток. Заштитата на таа култура и на својот економски развиток, Хрватите и Словенците ја гледале во задржување на дотогашните области кои ќе биделе обезбедени со законодавна и управна автономија.

Затоа, федерализмот бил единствен начин во државата да се оствари "племенската" (националната) рамноправност. Србите биле помногубројни од Хрватите и Словенците, па централната управа би била претежно под нивно влијание. Во една централистичка држава, Србите, како најмногубројна политичка група, со посредство на законите, можеле многу да го намалат практичното значење на хрватската и словенечката самоуправа. Затоа било потребно законодавната надлежност да се подели на неколку покраински парламенти. Рамноправноста на Хрватите и Словенците не можела да се замисли без една самостојна законодавна и управна сфера, во која ќе биле заштитени од српското мнозинство во централниот парламент и владата.[371]

За децентрализацијата, до опсег на федерализам или конфедерализам, се залагале хрватските[372] и словенечките политички групи[373], како и Муслиманите, а во помала мера и српските политичари.

Посебните национални гледишта на Македонците и Црногорците не биле изразени во парламентарната борба, било од причина што немале свои претставници (Македонците), или поради непостоењето на посебна национална свест (кај Црногорците).

[371] Ibidem, s. 82.
[372] Stjepan Radić, Politički spisi, Zagreb, 1971, s. 361, 403-406.
[373] B. Vošqak, op. cit., s. 403-405.

Како во Вардарскиот дел на Македонија, така и во Црна Гора, отпорот против централистичката држава бил изразуван со давање поддршка на револуционерните сили на КПЈ, а потоа и на црногорските федералисти.[374]

Укинувањето на Диктатурата и воведување на парламентарниот живот по 1931 година не донеле никакви битни промени во Вардарскиот дел на Македонија. Меѓутоа, по 1935 година, особено се актуелизирало прашањето за ревизија на државното уредување. Во тој поглед била значајна “Резолуцијата на Главниот одбор на Демократската партија", која била донесена на 13 април 1937 година. Во неа демократите, во своето начелно изјаснување, тргнувале од гледиштето, дека унитаристичкото уредување не одговара на сегашната ситуација и дека се заложуваат за посложен облик на државно уредување.

Нова надеж кај македонскиот народ за решавање на неговиот државно-правен статус, а со тоа и признавање на неговиот национален индивидуалитет, предизвикало решавањето на т.н. “Хрватско прашање”, коешто особено ќе се интензивира во 1938 година и првата половина на 1939 година.

Своите надежи македонскиот народ ги полагал во д-р Владимир Мачек, лидер на ХСС, кој ги водел преговорите за решавањето на “Хрватското прашање”. Контактите со В. Мачек и македонските претставници започнале поинтензивно да се одвиваат за време на предизборните активности за парламентарните избори во 1938 година. Македонскиот народ на овие избори ја видел можноста за вклучување на МАНАПО во Блокот на опозицијата и за истакнување на неговите кандидати во рамките на здружената опозиција, бидејќи само преку свои кандидати–пратеници, ќе можеле поуспешно да се борат за решавање на државно-правниот статус во Народното собрание.[375]

---

[374] Д. Вујовиќ, Из историје Црне Горе 1918-1941 са посебним освртом на уједињење Црне Горе и Србије. Гласник Цетињског музеја, Титоград, 1971, с. 53-55.
[375] Н. Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент..., с. 88-118.

Водачите на српските граѓански партии во опозицијата, без исклучок, најрешително одбиле да прифатат еден ваков предлог и солуција. Затоа претставниците на МАНАПО решиле да стапат во контакт со В. Мачек. Во таа смисла, една делегација на МАНАПО, на 9 септември 1938 година, во Белград го посетила В. Мачек и му предала Меморандум.[376] Во "Меморандумот" накусо била изнесена борбата на македон-скиот народ за неговата слобода во минатото.

Со истакнување на посебноста на македонскиот народ, меѓу другото, во "Меморандумот" се барало од В. Мачек да ги застапува интересите на македонскиот народ на ист начин како и на хрватскиот, па во таа смисла, македонскиот народ од него очекувал решавање на македонското национално прашање.[377]

Како првата, така и втората влада на М. Стојадиновиќ, формирана по изборите од 11 декември 1938 година и по конституирањето на Народното собрание и понатаму останала на одбивање во однос на федералистичкото барање, и покрај тоа што "Хрватското прашање" повторно избило на преден план, како неминовност, која во целокупната политичка стабилизација на Кралството Југославија не смеела да се заобиколува.[378]

Во првата половина на 1939 година, кога се воделе преговорите меѓу Д. Цветковиќ и В. Мачек за решавање на "Хрватското прашање", во решавањето на внатрешно-политичките односи видно место зазема-

---

[376] А. Апостолов, Мачек и македонските патриоти. Документи, "Дело", год. VII, бр. 331, Скопје, 3, III 2000, с. 32. За овој настан, Министерството за внатрешни работи на Кралството Југославија соопштува: "Во врска со извештајот на началникот на Жеглиговската (Кумановската) околија од 31 август таа год. (1938 – б.м.) Банската управа на Вардарска бановина известува дека една делегација од Јужна Србија (Вардарскиот дел на Македонија) на чело со Димитар Ѓузелов(иќ) … и членовите: Томо Кленков(иќ), …, Димитар Шкатров(иќ), …, Сотир Тренчев(иќ), …, Киро Димковиќ, …, Божо Шаиновиќ, …, Сотир Аќимовиќ, …, Рампо Левковиќ, …, Методи Андоновиќ, … и уште четири студенти од "Јужна Србија кои им се придружиле во Белград, му предале Меморандум на д-р Мачек, во времето на неговата посета во Белград. Меморандумот бил напишан во два примерока, од кои еден му бил предаден на д-р Мачек, а вториот останал кај делегацијата, веројатно кај Ѓузелов(иќ)."

[377] Архив Југославије, Београд, фонд Милан Стојадинови□, фасц. 35, Меморандум, 9 септ. 1938 година.

[378] Н. Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент ..., с. 113.

ле и акциите кои имале за цел: истакнување на македонската национална индивидуалност и на македонското национално прашање. Тоа придонело да се покрене и неговото решавање во рамките на "Блокот на здружената опозиција" за внатрешно преуредување на земјата на федератувен принцип. За таа цел во Вардарскиот дел на Македонија особено се користеле собирите на Земјоделската партија.[379]

Склучувањето на "Договорот" помеѓу Цветковиќ и Мачек и решавањето на "Хрватското прашање", кај македонскиот народ биле примени со воодушевување, бидејќи начинот на кој било решено "Хрватското прашање" требало да стане патоказ за македонскиот народ за извојувањето на неговите национални права во Кралството Југославија.

Меѓутоа, барањата на опозицијата за преуредување на државата на федеративен и демократски принцип и за донесување нов устав во периодот од 1935 година до 1941 година не биле остварени и Кралството Југославија не се преобразило во федеративна држава. Тоа не се остварило од повеќе причини, затоа што големиот српски централистички и хегемонистички систем на национално и економско владеење не сакал да се откаже од постојниот начин на доминација, во која имал целосно првенство во сите сфери на животот. Од друга страна, секоја од националните буржоазии, српската, хрватската и словенечката, си имале свои претстави за промените во државата, кои секогаш не биле меѓусебно идентични, па дури во извесни погледи биле и многу остро спротивставени. На пр. за унитарно и централистичко државно уредување, секоја од посебните граѓански политички групи поаѓала од свои становишта и интереси, кои не се совпаѓале, туку биле различни од интересите на граѓанските партии на другите нации. Истиот случај се јавувал и во врска со другите концепции, кои непосредно се однесувале на децентрализацијата, т.е. федералистичкото и конфедералистичкото уредување на земјата.

---

[379] Ibidem, с. 114.

Во случајот на Црна Гора, немањето на јасна концепција, поради непостоење на посебна национална свест, не можело да се очекува Црногорците да се определат за некоја концепција. Македонците наидувале на жесток отпор и негирање на нивните политички пројави од страна на српските граѓански партии. Обидите на МАНАПО со помош на д-р В. Мачек да доведат до одредено решавање и на македонското прашање по примерот на "Хрватското прашање" во секој случај гледано, не бил успешен, главно од причина што д-р В. Мачек не сакал да си ги расипе односите со српските граѓански политички партии, што пак би можело да има негативно влијание во решавањето на националното "Хрватско прашање" како и воопшто заострување на хрватско-српските односи во Кралството Југославија.

Изборите од декември 1938 година се извршија по стариот реакционерен изборен закон, со јавно гласање и купуцвање на гласови, т.е. антидемократски методи.[380] Новата влада формирана од Д. Цветковиќ, во која бил партнер и В. Мачек, ја продолжила политиката на непочитување на демократските начела, задушување на политичките слободи и фашизација на земјата. Од друга страна, нерешеното национално прашање во рамките на Кралството Југославија постојано создавало политички судири и ја подривало воопшто и не така многу цврстата положба на владеачкиот режим, посебно изразен во идеологијата на големосрпската буржоазија.

Во намерата да дојде на власт и блокот на хрватската буржоазија концентриран околу ХСС, истата била подготвена на компромис, при што во август 1939 година, дошло до спогодба меѓу Цветковиќ и Мачек, со која наводно беше "решено" националното "Хрватско прашање". Меѓутоа, во текот на своето реакционерно дејствување, владата на Цветковиќ-Мачек предизвика против себе огромно незадоволство во земјата, и со претходно зацртаната цел да се одржи на власт, сепак таа

[380] Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје, 1969, с.110.

на 25 март 1941 година го потпиша стапувањето на Југославија кон Тројниот пакт. Оваа историска одлука предизвика големи демонстрации, како израз на “срамен чин”, кој истовремено значеше и непочитување на демократските права на народите во рамките на Кралството Југославија, кои покрај незадоволството од уредувањето на државата на внатрешно-политички план, исто така беа изневерени и на надворешно-политички план од страна на државата.

## 4.2. ПРОМЕНИТЕ ВО ВНАТРЕШНОТО УРЕДУВАЊЕ НА ДРЖАВАТА ПО СПОГОДБАТА НА Д. ЦВЕТКОВИЌ - В. МАЧЕК И ФОРМИРАЊЕТО НА ХРВАТСКАТА БАНОВИНА

Промените во системот на внатрешното уредување на Кралството Југославија според развојот на политичките настани, морале да се случат како израз на резултатот од повеќе пред сé внатрешно-политички причини. Во нив, меѓу првите, се рефлектираат нерешеното национално прашање, кое постојано создавало политички несогласувања и судири во блокот на владеачките буржоаски нации и на тој начин ја подривало и така не многу цврстата положба на владеачката класа, а посебно на изразената големосрпска буржоазија. Поради таквите нестабилни состојби, српските буржоаски кругови биле начелно примора-ни да прават отстапки во одделни сегменти од политичкото уредување и начин на живеење во земјата.

Во периодот од пред 1939 година, при развојот на внатрешните состојби во кралството, хрватската буржоазија и граѓанските политички партии во Хрватска собрани околу ХСС и на чело со нејзиното водство, според националната идеологија на своите народни стремежи, имаа силни желби да дојдат на власт и при тоа биле подготвени да направат компромис со српската буржоазија.

Состојбите во Вардарскиот дел на Македонија во овој период претставувале дел од општите состојби во кралството, чиј предзнак било заострување на социјално-економските и националните спротивности и воедно зголемување на незадоволството на народот од севкупната внатрешна и надворешна политика на владата.[381] Во Скопје, како политичко, економско и културно средиште на Вардарска Македонија, се одвиваа настани и акции на прогресивните сили, а особено беше зна-

[381] Историја на македонскиот народ, том четврти, Скопје, 2000, с. 276-284.

чајна дејноста и борбата на младината против обидите за ширење на фашистичката пропаганда.[382]

Со цел да се преземеле чекори за промена во внатрешното уредување на земјата, во текот на првата половина на 1939 година, повторно биле започнати и водени преговори помеѓу Д. Цветковиќ и д-р В. Мачек за решавање на "Хрватското прашање", кое претставувало еден од посебните и почувствителни проблеми во кралството. Тоа прашање требало да се реши како дел од проблемот за решавање на внатрешно-политичките односи во државата.[383]

Во претходно наведениот контекст, можно е да се наведе, дека при решавањето на внатрешно-политичките прилики, односно регулирањето на внатрешното уредување на земјата, значајно место заземале и акциите, кои имале за цел да ја истакнат македонската национална индивидуалност и посебност, како и решавањето на македонското национално прашање.[384] Тоа подоцна ќе придонесе за покренување на акцијата за неговото решавање во рамките на "Блокот на здружената опозиција" во врска со внатрешно преуредување на земјата врз федеративни принципи. За таа цел во Вардарскиот дел на Македонија, посебно ќе бидат користени собирите на "Земјоделската партија".

Во контекстот на внатрешното уредување на Кралството Југославија, за политичката состојба во Вардарскиот дел на Македонија, како и за другите делови на земјата, било посебно посветено внимание, меѓутоа без звучни декларации, на ниво на Сојузната скупштина. Во неа јасно и прецизно биле изнесени програмските барања за промените барани од страна на македонскиот народ, сообразени со можностите што ги давале постоечките конкретни историски услови.

Во својот говор од 10 март 1939 година, народниот пратеник на Земјоделската партија за Кавадаречка околија, И. Чулев(иќ), осврну-

[382] Историја на македонскиот народ, книга трета, с. 116.
[383] Н. Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент..., Скопје, 2000, с. 79-118.
[384] Ibidem. .

вајќи се на многубројните стопански проблеми што го притискале Вардарскиот дел на Македонија, изнел повеќе барања за подобрување на социјално-економската состојбата на македонскиот народ.[385] Неговото излагање во својство на народен пратеник од Кавадарци претставувало реално дефинирана национална програма за исполнувањето на економските бафрања при постоечките политички услови во земјата.

При сложените прилики на стопански план и одбивањето на федералистичките барања, во времетраењето на владата предводена од М. Стојадиновиќ, од 21.12.1938 до 4.2.1939 година, повторно на преден план избило "Хрватското прашање". По падот на наведената влада на М. Стојадиновиќ, новата влада на 5.2.1939 година ја формирал Д. Цветковиќ. Оваа влада, во однос на уредување на земјата се претставила со "Декларација", врз основа на која се продолжила дотогашната надворешна политика, а на внатрешен план се предлагало промени на стопанската, социјалната, финансиската и просветната политика. При тоа, сепак главно место заземала владината политика односно решавањето на хрватското прашање.[386]

Преговорите водени помеѓу Белград и Загреб, на релацијата Д. Цветковиќ-д-р В. Мачек течеле мошне споро и без заемна довберба. На крајот, завршувајќи врз основа на постигнатиот договор од 26.VIII.1939 година со израз на меѓусебна ""доверба", била формирана нова влада со Д. Цветковиќ како претседател и В. Мачек како потпретседател.[387] Со "Указот" од 26.VIII.1939 година биле распуштени "Сенатот и Народното

[385] Stenografske beleške Narodne skupštine Kraljevine Jugoslavije, Redovan saziv za 1938/39 . I knj., XII redovni sastanak – 10 marta 1939, god. VIII, Beograd 1939, s. 672. Овој говор на И. Чулев(иќ) бил отпечатен во брошура, но неговото растурање во Вардарскиот дел на Македонија било забрането.

[386] Н. Цветковска, Граѓанските партии во вардарскиот дел на Македонија (1935-1941), Скопје, 1996, с. 123-150.

[387] Весник "Самоуправа", LIX, бр. 1058, Београд, 28.VIIИ.1939, с. 1. Во новата влада, позната како "Влада Цветковиќ–Мачек", влегле уште 4 претставници на ХСС (1 претставник на Селско-демократската паертија, радикалите на Б. Максимовиќ, Б. Чубриновиќ од Сојузот на земјоделците, вонпартиски личности и претставници на владејачката ЈРЗ.

собрание", при што било констатирано, дека со новиот устав ќе се извршеле избори за народните пратеници и сенатори.[388]

Договорот Цветковиќ–Мачек, од реална политичка гледна точка, претставувал само спогодба на претставниците на двете буржоазии – хрватската и српската, околу поделбата на власта во зем,јата, но не за промена на внатрешното уредување на земјата.[389] Наведениот "Договор" не значел победа на опозиционите сили, кои дотогаш се бореле за преуредување, и тоа врз основа на федерален принцип за уредување на Кралството Југославија. Всушност, наведената спогодба го предизвикала распаѓањето на "Блокот на опозиционите партии". Фактички, најактивниот дел на опозициониот блок и воедно најсилното национално движење што го презентирала ХСС, со склучената спогодба истовремено се одрекол од федерализмот и отпочнал да дејствува отворено од позиција на борба за поделба на власта во земјата.

Всушност поделбата на власта на владејачки сфери на релацијата помеѓу српскта и хрватската буржоазија и блоковите на граѓанските политички партии кои стоеле позади нив, го претставувале реализираниот резултат од спогодбата. Таа наедно го забрза распаѓањето на Здружената опозиција и предизвика оживување на унитаристичко-хегемонистичките тенденции кај водачите на српските буржоаски опозициони партии.[390] Како завршен акт на наведениата "спогодба", како што подоцна е позната во нашата македонска историска наука, исто така била донесена "Уредба за формирање на Бановина Хрватска", која беше формирана и преименувана како посебна политичка и автономна државно-правна област.[391]

Меѓутоа, формирањето на "Бановината Хрватска" и политичката игра на владата Цветковиќ–Мачек, покажале дека склучената спогодба

388 Ibidem.
389 Н. Цветковска, Граѓанските партии во Вардарскиот дел на Македонија (1935-1941), Скопје, 1996, с. 123-150.
390 Историја на македонскиот народ, книга трета, с. 119.
391 Н. Цветковска, Граѓанските партии во Вардарскиот дел на Македонија ..., с. 123-150.

била исклучително во интерес на хрватската буржоазија и дека ни најмалку не успеале да се подобрат социјално-економската и политичката положба на хрватскиот народ.

Склучувањето на спогодбата Цветковиќ–Мачек, а во тој контекст и решавањето на “Хрватското прашање”, како дел од активностите на режимот во државата, истовремено се сметало како работа врз преуредувањето на внатрешниот систем и со право се очекувале промени за подобрување на животот.

Со влегувањето во владата на режимот, д-р В. Мачек ги изневерил поранешните ветувања дадени како лидер на ХСС на мнозинството од своите приврзаници и на своите избирачи, при што со направената спогодба југословенската граѓанска политика тргнала во нови неодредени и недефинирани насоки, што претставувало објективен предуслов за промена во внатрешното уредување на Кралството Југославија.[392]

Со наведената спогодба се активирале судирите помеѓу најјаките партнери, српската и хрватската буржоазија и уште повеќе се потиснале на втор план сложените национални проблеми, вклучувајќи го тука и македонското национално прашање, како составен дел на спротивностите, кои постоеле во рамките на југословенската државна заедница.

Склучувањето на спогодбата Цветковиќ–Мачек и решавањето на “Хрватското пршање”, со формирањето на “Хрватската Бановина”, кај македонскиот народ биле примени со воодушевување, бидејќи начинот на кој било решено “Хрватското пршање” “требало да постане патоказ за извојување на своите права за сите покраини во државата, односно предизвика желба и кај македонскиот народ да ги добие истите права како и Хрватите.[393]

Од владата на Цветковиќ–Мачек се очекувало да се развие нов курс на промени, во смисол на политичко смирување и стабилизација на

---

[392] Н. Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент ..., с. 116.
[393] Архивот на Институт за македонска национална историја, фонд ИИИ Армиска област, к. XXXV/6. Пов. –. Об. бр. 1390, Извештај за 4.В.1939 године.

внатрешно-политичките состојби во државата. Но таа во тоа не успеала, бидејќи самата со направените потези набрзо се разобличила како спрега на здружувањето помеѓу влстољубивите српски и хрватски буржоаски кругови. Од наведените причини владата не била во состојба да внесе промени во внатрешното уредување, односно да ја воведе очекуваната демократија во земјата. Во конкретниов случај, едноставно "антидемократската гарнитура во Белград, "била поткрепена"со уште една антидемократска гарнитура во Загреб.[394]

Периодот на дејствувањето на наведената влада од 26 август 1939 до 27 март 1941 година, како претпоследна во текот на постоењето на Кралството Југославија, според начинот на своето функционирање претставувал општа состојба на социјално-економски, национални и политички спротивности во кралството, како резултат од последиците на неизвршените барања на народните маси за промени во внатрешното уредување.

Политиката на профашистичкиот режим Цветковиќ–Мачек претставуваше опасност за слободата и независноста на народите во кралството, бидејќи склучената спогодба со Хитлер и Мусолини беше и причина за забрана за слободно експонирање на политичките ставови на граѓанските партии[395]

Во врска со барањата за промени во внатрешното уредување по потпишувањето на спогодбата Цветковиќ-Мачек, граѓанските опозициони партии во рамките на Вардарскиот дел на Македонија активно се залагаа за промени на социјално-економски план, при тоа критикувајќи ја владината социјално-економска политика, како и надворешната политика, која полека се доближуваше до земјите носители на фашистичката идеологија.[396]

---

[394] P. Damjanović, Peta zemaljska konferencija u svetlosti pripremanja KPJ za ustanak, ЛČ, br. 1-2, Beograd, 1960, s. 83.
[395] Н. Цветковска, Македонското прашање во југословенскиот парламент, с. 123-150.
[396] Ibidem, с. 135.

Што се однесува до македонското национално прашање, граѓанските опозициони партии во Вардарскиот дел на Македонија, бидејќи беа српски и прорежимски ориентирани, а не претставници од македонскиот народ, имаа идентичен став како и владејачката партија, т.е. не го признаваа постоењето на македонското национално прашање и воопшто постоењето на македонскиот народ како посебна нација.[397]

По пристапувањето на Бугарија кон Тројниот пакт и навлегувањето на германските трупи во Бугарија на 1 март 1945 година, со разни средства на притисок и ветувања Хитлер настојуваше да ја привлече и Југославија кон Тројниот пакт.[398] По повеќе куси советувања на Дворот и заклучокот на владата од 24.III.1941 година да се прифати "Тројниот пакт", на 25.III.1941 година во Виена претседателот на владата Д. Цветковиќ и министерот за надворешни работи А. Цинцар-Марковиќ го потпишале "Договорот" за пристапување на Кралството Југославија кон "Тројниот пакт".[399]

Промените во внатрешното уредување на Кралството Југославија по потпишувањето на спогодбата Д. Цветковиќ–В. Мачек, претставувале едни од најзначајните настани што настапиле во внатрешнополитичката состојба на Кралството Југославија во периодот од средината на 1939 година до април 1941 година.

Врз основа на наведената спогодба, склучена помеѓу претставниците на српската и хрватската буржоазија, односно ХСС, била формирана "Бановина Хрватска", на чело со банот И. Шубашиќ. Со ова не било решено хрватското национално прашање, туку била поделена власта во кралството, така да и хрватската буржоазија зела учество во експлоатцијата на народот во земјата.

---

[397] Ibidem, с. 135-136.
[398] Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, стр. 276-284.
[399] F. Čulinović, Dokumenti o Jugoslaviji, Zagreb, 1968, 347 (Bečki protokol od 25 marta 1941); "Политика", XXXVIII, br. 11786, 26.III.1941, s. 1.

Архивската граѓа настаната и регистрирана во разгледуваниот временски период, за македонската историска наука претставува значаен извор во врска со проучувањето на националната борба на македонскиот народ, посебно против навлегувањето на фашизмот, експлоатацијата на широките народни маси и настаните поврзани со почетокот на Втората светска војна на Балканот и во Кралството Југославија.

## 4.3. ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА И ДРУГИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА КАКО ФОНДООБРАЗОВАТЕЛИ И ИЗВОРИ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Најзначајните фондообразователи и извори на документацијата, кои на административен, службен и државен план дејствувале во периодот од 1935 година, сé до април 1941 година, односно до пропаста на Кралството Југославија во априлската војна, како одговорни претставници на власта се наоѓале меѓу највисоките и воедно најзначајните органи на државната управа и другите високи државни институции и организации во Вардарскиот дел на Македонија, односно соодветни чинители ги исполнувале нивните определени бановински и пониски функции на локалните органи на власта и самоуправата.

Граѓата од голем број значајни фондообразователи од наведениот период, денес се чува во Државниот архив на Република Македонија и истата се користи од поширок круг истражувачи за научно-истражувачки цели, особено онаа која повеќе се однесува на аспекти од животот на Кралството Југославија.

Во врска со фондообразователите, интересно е да се нагласи дека во рамките на Кралството Југославија тие ја извршувале својата државна и управна дејност, посебно како институции на владеачкиот буржоаски режим и се наоѓале во функција на одржувањето и спроведување на политичката идеологија на владеачката големосрпска буржоазија.

Институциите-фондообразователи што функционирале во овој период во Вардарскиот дел на Македонија во составот на државната управа, од посебна важност е да ги наведеме следните: Министерство за земјоделие и водостопанство; Министерство за внатрешни работи; Министерство за просвета; Министерство за трговија и индустрија; Министерство за градежи и Министерство за вера и правда,[400] како и админис-

[400] Водич низ архивските фондови, Државен архив на Република Македонија, Скопје 2002, с. 33, и тоа: фонд бр. 1036, Министерство за земјоделие и водостопанство на Кралството Југос-

тративните служби и канцеларијата на Претседателството на Министерскиот совет.[401]

Во управните и извршните органи на наведените министерства се создавала најзначајната граѓа од управно-правен карактер, која имала иницијативно и решавачко значење за појавата и формирањето на многу други видови на државни акти во пониските органи на власта и сè до нивото на локалните органи.

Во рамките на правосудна сфера како фондообразователи и извори на документација се јавуваат неколку видови фондообразователи од оваа сфера, кои претставуваат неколку различни области и начин на работа во рамките на правосудната дејност. Тука најпрво треба да се наведат: Врховниот шеријатски суд во Скопје[402], кој работел до април 1941 година, како и Апелациониот суд во Скопје, кој ја одвивал својата дејност од 1919 до 1944 година.[403]

Правосудна установа со посебен вид дејност, која како фондообразовател создавала значајна граѓа на теренот на Вардарскиот дел на Македонија во периодот од 1922 до 1941 година, секако бил и Судот за ограничување на државните шуми во Скопје.[404] Сличен случај е и примерот со фондообразователот на скопска продуктивна берза или судот на берзата, кој имал карактеристичен вид на граѓа од областа на продуктивната берза и неправилностите кои се случувале во нејзината работа.[405]

---

лавија–Белград, 1919/1941; фонд бр. 1037, Министерство за внатрешни работи на Кралството Југославија–Белград; 1919/1941; фонд бр. 1038, Министерство за просвета на Кралството Југославија-Белград; 1919/1941; фонд бр. 1039, Министерство за трговија и индустрија на Кралството Југославија–Белград 1919/1941; фонд бр. 1040, Министерство за градежи на Кралството Југославија–Белград; 1919/1941; фонд бр. 1041, Министерство за правда и вера на Кралството Југославија–Белгтрад; 1919/1940.

401 Ibidem, ДАРМ, фонд бр. 1042, Претседателство на Министерскиот совет–Централно пресбиро–Белград; 1929/1941.

402 Архивски фондови и збирки во СФРЈ-СР Македонија, Правосудство, с. 45.

403 Ibidem.

404 Ibidem.

405 Ibidem.

Од областа на религијата во наведениот период како фондообразовател во градот Скопје се јавува исто така и Црковниот (Духовен) суд на православната митрополија, кој работел и создавал граѓа во времето од 1919 до 1941 година. [406]

Во рамките на просветна дејност во периодот од 1935 до април 1941 година, како фондообразователи и извори на документација се јавуваат две институции, кои имаат првоуразредно значење за формирањето и развојот на просветата во Вардарскиот дел на Македонија. Тоа претставува Филозофскиот факултет во Скопје, за чија просветна дејност постои граѓа од 1920 до април 1941 година.[407]

Во рамките на културна и научна дејност, исто така, како значајни елемнти во функционирањето на државниет институции во Кралството Југославија во периодот од 1935 до април 1941 година, се јавуваат како фондообразователи и извори на документација, кои се однесуваат на неколку значајни институции од областа на културата и науката, кои сведочат за почетоците на архивската, театарската и музејската дејност во Вардарскиот дел на Македонија во периодот пред Првата светска војна и главно во периодот меѓу двете светски војни.

Во рамките на дејноста од областа на социјалната и здравствената сфера, како фондообразователи и извори на документација во Вардарскиот дел на Македонија, во делот на социјалните установи се јавуваат фондообразователи, кои преку дејноста настојувале да го подобрат стандардот на студентите на Универзитетот во Скопје. Тоа биле Југословенскиот студентски потпорен фонд во Скопје[408] и Фондот за здравствена заштита на студентите[409], исто така во Скопје. Овие два фондообразователи со дејноста на одреден начин потврдуваат дека во сферата на просветата се водела сметка за условите на живеење и работа на студентите на факултетите во рамките на Универзитетот. Ова

---

[406] Ibidem.
[407] Ibidem.
[408] Ibidem, с. 49.
[409] Ibidem.

становиште говори, дека на успехот пру студирањето му се придавало одредено внимание.

Во контекстот на фондообразователите од сферата на социјалните установи во Скопје дејствувала и една друга институција од САД со малку поинаков, спомагателен карактер, која помагала на сирачињата од војната.[410]

Во рамките на здравствената сфера во границите во Вардарскиот дел на Македонија дејствувале и неколку позначајни институции, кои како фондообразователи со својата граѓа оставиле белег за почетоците и дејноста на професионалното организирање на работниците од сферата на здравството. Во врска со ова потребно е да се наведат Лекарската комора[411], Секцијата на Апотекарската комора[412] и Хигиенскиот завод во Скопје[413], сите со седиште во Скопје. Покрај овие значајни институции-фондообразователи, потребно е да се наведе и Болницата на битолската грчка општина "Благовештание" во Скопје[414].

Во рамките на дејноста од областа на стопанството и банкарството, како фондообразователи на документација во Вардарскиот дел на Македонија се јавуваат повеќе банкарски институции во периодот од 1935 до април 1941 година. Тие биле во функција на извршување на увозно-извозни и трговски управно-правни постапки во сферата на индустриското производство и трговските односи. Од тој аспект тие претставуваат значаен допринос кон прашањето за проучувањата на социјално-економската историјата. Меѓу повеќето фондови од оваа сфера, најпрво ќе се задржиме врз регистрирањето на банките и паричните заводи, а потоа ќе поминеме на стопанските здруженија, задругите и банките во рамките на Вардарскиот дел на Македонија.

---

410 Ibidem, АМ, фонд бр. 346, Американски воспитен дом за воени сирачиња– Скопје; 1933/1936.
411 Водич низ архивските фондови и збирки, Скопје 2002, с. 18.
412 Ibidem.
413 Ibidem.
414 Ibidem.

Од банките и паричните заводи како значајни фондообразователи треба да ги наведеме "Јужната банка" во Велес, "Трговската индустриска банка" во Куманово, "Извозната и прометната банка" исто така во Куманово, "Народната Банка на Кралството Југославија", "Државната хипотекарна банка"", "Поштенската штедилница", "Првата хрватска штедилница"" сите во Скопје и др..[415]

Од стопанските здруженија како фондообразователи се јавуваат како позначајни "Занатската комора", "Трговската индустриска комора" и "Сојузот на аграрните задруги""сите во градот Скопје.[416]

Од областа на задругарството во Вардарскиот дел на Македонија, како фондообразовател најпрво се појавила "Филијала на српските задруги" во Скопје, а од областа на банкарството, како фондообразовател се формирала "Народната банка", за која има граѓа од почетокот на нејзината дејност од 1921 до 1941 година и подоцна[417]

Исто така во споменатиот период, како фондообразователи на документација во рамките на Вардарскиот дел на Македонија, се јавуваат и разни други <u>општествено-политички организации, друштва и здруженија, како и и останати асоцијации</u> со различна дејност. Во групата на институции-фондообразователи, кои ги сочинувале општествено-политичките организации, друштва и здруженија, спаѓаат: сталешките[418], хуманитарните[419] и културно-просветните друштва.[420]

Како позначајни фондообразователи во составот на групата од останати друштва со различна дејност, треба да се наведат: културните, научните и студентските потпорни и неколку останати друштва, кои со својата дејност на одреден начин значеле збогатување на културниот и

---

[415] Архивски фондови и збирки во СФРЈ-СР Македонија, Стопанство и банкарство, с. 50.
[416] Ibidem, с. 51.
[417] Ibidem.
[418] Ibidem, с. 55.
[419] Ibidem.
[420] Ibidem.

општествениот живот во Вардарскиот дел на Македонија во дадениот период.[421]

Во рамките на верските установи и организации исто така настанувала значајна граѓа во Вардарскиот дел на Македонија, која се однесува на дејноста на источната православна црква. Тука како фондообразовател се среќава Српската православна црква[422], која дејствувала во Вардарскиот дел на Македонија. Таа функционирала преку архиерејските намесништва[423], црковните општини и настојателства[424], како и преку црковните управи во градовите[425].

Архивската граѓа од наведените фондообразователи ги регистрирала разните видови државни институции и организации, како што биле: централната управа, стопанските дејности, културата, просветата и верската организација во Вардарскиот дел на Македонија. Овие фондови за македонската историска наука го карактеризираат националниот, социјално-екононмскиот, политичкиот, културно-просветниот и верскиот живот на македонскиот народ во составот на Кралството Југославија во разгледуваниот временски период.

Наведените фондообразователи ги претставувале институциите на системот, односно органите на управата и другите државни институции и ораганизации; потоа стопанските организации; културата, просветата, како и верската организираност во Вардарскиот дел на Македонија во периодот од 1935 до април 1941 година, кои како фондообразователи и извори на документацијата што настанувала биле значајни и според развојот на своите приликки го карактеризирале времето и целокупните состојби во Кралството Југославија. Врз основа на граѓата

[421] Ibidem.
[422] Ibidem, с. 56-57.
[422] Ibidem, с. 57.
[423] Ibidem.
[424] Ibidem.
[425] Ibidem.

од наведените фондообразователи, можно е објективно да се заклучат и анализираат сотојбите во врска со најсуштествените сфери на државниот, општествениот и останатите сфери на животот во Вардарскиот дел на Македонија во разгледаниот период.

## 4.4. КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА КАНЦЕЛАРИСКОТО И АРХИВСКОТО РАБОТЕЊЕ ДО АПРИЛ 1941 ГОДИНА

Карактеристиките на канцелариското и архивското работење во Вардарскиот дел на Македонија во времето до април 1941 година, главно произлегувале од состојбите на административно-територијалната организација на Кралството СХС, во чиј состав се наоѓаше и овој дел од земјата.

Според прописот за канцелариското и архивското работење за наведениот период од 1931 година, "Деловник за општите управни власти"[426], детално се одредувале начините, како треба да се постапува со актите од примањето во канцеларијата до давањето во писарницата. При тоа на конкретен начин биле давани решенија за уредување на работењето во установите. Станува збор за службената писарница (архива), за контролата на работењето, за благајничките и сметководствените документи, за службените простории, за куќниот ред (работното време), за работата со странките, за седниците итн. Овој "Деловник" требало да се применува во сите гранки на државната управа и администрација, за кои не постоеле посебни прописи.

<u>Примената надлежна пошта</u> уште пред отворањето се запишувала во посебна книга за "Примена пошта", а потоа му се предавала на службеникот, одреден за отворање на поштата. На примените списи се ставал приемен штембил, во кој се забележувале: денот на примањето, работната единица (одделение, отсек), број на предајниот (враческиот) записник (регистарски број), број на прилозите и референт, кој ќе го реши списот.

<u>Списите се запишувале</u> во "Главниот" и во "Специјалниот регистар" или во "Предајниот (враченниот) записник". Во "Главниот регис-

[426] "Деловник за општи управни власти", Збирка на закони и уредби од 1931 г., св. I-III, с. 1345, Загреб 1931.

тар" имало 17 рубрики. Броевите во него течеле во текот на 1 година од број 1 па натаму. Позади последниот број се ставала белешка за односниот број, која била потпишувана и оверувана со жиг, од страна на шефот на канцеларијата.

Секој поединечен предмет има свој регистарски број. Дополнително примените акти од истиот предмет го добивале бројот од првиот акт на тој предмет, со ознаката "К бр.". На пр. К. бр. 27 - 1932 година. Актите од еден предмет се ределе според хронолошкиот ред и добивале посебни редни броеви: 1, 2, 3 итн. Во писарницата се ставале на едно место и заведени под заеднички регистарски број.

Стварната содржина на предметот се означувала во регистарот со "одредница". Во нејзината содржина во кратки црти се изразувала состојбата на работа, за која станувало збор. Одредницата ја опфаќа суштината и целовитоста на целиот предмет, а не само содржината на еден акт или дел од актите. Таа почнувала со презимето на лицето за кое се работи во предметот или со презентирањето на името од местото, за кое објективно гледано била поврзана суштината на предметот.

Во специјалните регистри се запишувале, чија содржина често се повторува, па затоа се решавале на идентичен начин. На пр.: дозвола за лов, држење и носење на оружје, управување со моторни возила, итн. На овие акти името на работната единица се означувало со големи букви, на пр. О (оружје). Специјалните регистри имале 14 рубрики, кои се пополнувале на сличен начин како и кај "Главниот регистар".

Во "Регистрите" не се вбројувале следните документи: а) печатени материјали; б) годишни извештаи за работата на јавните корпорации и друштва, позивите за собирање на прилози во добротворни цели, трговски огласи и сл. доколку не биле приложени акти. Врз основа на податоците од регистрите, за истите се изработувале "Индекси". Во нив се впишувале актите според почетниот збор на одредницата по абецеден или азбучен ред. Во случај на потреба, истите се бележеле заедно со

стварната (предметната) одредница. Кај поголемите установи, заради полесно и побрзо пронаоѓање на актите, биле водени два вида индекси: именичен и стварен (предметен). На идентичен начин биле водени и "Службените книги" за доверливи и строго доверливи акти.

Интересно е да се нагласи, дека кај поголемиот дел од надлештвата, заедно со регистрите, бил воден и "Индекс на туѓи регистарски броеви" или т.н. Броевник. Во разгледаниов индекс се запишувало поединечно името на туѓото надлештво (орган на власта) и сите броеви од актите, кои биле примени од страна на тоа надлештво како испраќач во тек на една или повеќе години. Таквиот систем на работење со индексот го олеснувал пронаоѓањето на актите, кои биле примени, односно доставувани од разни испраќачи.

Со разгледуванатиот "Деловник од 1931 година, исто така било пропишано и каков требал да биде редоследот на актите од слични предмети и како на актот ќе се пишувале разни забелешки и упатства. На пр. забележувањето на претходните акти од истиот предмет, кои канцеларијата не можела да ги приложи кон актот; упатствата во поглед на испраќањето и доставувањето; роковите; налогот за референтот кој требало да го реши актот и сл..

Доколку решавањето на актот било едноставно и за надлештвото немало некаква вредност, тогаш тоа било пишувано во продолжение на актот на истиот или на посебен лист, без правење на соодветен концепт. Концептот секогаш бил пишуван , доколку актот бил наполно основан, односно постапката би била започната. Кај решенијата, кои се однесувале на жалби и пресуди, при утврдување или оспорување на правото, давање на согласност или кога било секогаш потребно да се осигурат според направениот концепт да се дојде до податоци за решавање на предметот.

Доколку актот, кој што го поднела странка, опфаќал повеќе работи кои треба да се решаваат посебно, тогаш се одредувало раздвоју-

вање на тие документити со помош на преписи или со посебни реферати. Овие се заведувале во регистарот под нова ознака на предметната содржина, а регистарските броеви меѓу себе се поврзувале во регистарот и на актите. Ако актот му припаѓал на предмет кој имал повеќе нерешени акти, тој акт, по можност, ќе се решавал заедно со нив под еден регистарски број и тоа под најголемиот, а на секој акт ќе се ставела белешка под кој број бил решаван.

Текстот на актот се пропишувало да се пишува јасно и концизно, на разбирлив стил и излагањето да биде јасно за секого. Кратенките, освен пропишаните, можеле да се употребуваат, доколку биле вообичаени и лесно рабирливи. Кон таа насока, во содржината на чистописот требало кратенките да се избегнуваат.

"Деловникот" исто така пропишувал, секој предмет да се ставел во "референтен завој" т.е. во кошулка од (еден арак) хартија. На првата страница бил отпечатен насловот на надлештвото и 13 рубрики, кои се однесувале на пополнувањето податоци во врска со актот, односно податоците на предметот.

Откако овластеното лице со својот потпис ќе го одобрел концептот, актот се предавал во писарницата за препишување и потоа на испраќање. Тогаш службата на писарницата врз актот ставала пропишан "писарнички жиг", во кој се впишувала датата, кога е примен актот во писарницата, кога е препишан, срамнет (проверен) и испратен, како и параф од службеникот кој ги обавувал наведените работи. Непосредно пред испраќањето на чистописот, актот се забележувал во "Книга за експедиција", а преостанатите акти се враќале во одредени работни единици.

По истекот од една година актите се ставале во писарницата односно се средувале и се архивирале. Понатаму се поредувале според редниот број на регистерот и се ставале во сврзоци (фасцикли) со соодветно еднаква големина, обично по 500 броеви во еден сврзок. Ако

предметот имал акти со повеќе регистарски броеви, сите тие квантитативно му се приклучувале на последниот број и се регистрирале и архивирале според неговата големина. Актите со броеви од повеќе години се приклучувале кон редоследот на последната година. Доколку имало одредена граѓа која не била протоколирана или регистрирана во регистарот, таа се ставала на чување во посебни картонски корици.

Актите од писарницата, што истовремено ја претставувало архивата, можеле да се даваат само на службеници од истото надлештво за принадлежноста на одредена службена употреба. Во сите останати појави на несоодветни случаи, актите се издавале само со потврда, која им се ставала како ознака на нивното место и истата тука останувала сѐ до враќањето на актите.

Според нормите од правилата од анализиратиот "Деловник", актите не ѝ биле пристапни на јавноста 30 години по нивното архивирање во писарницата. Само надлежниот министер располагал со законско право да го намали предвидениот временски рок, доколку се работело за употреба на актите за проучување на научни проблеми и потреби.

Како помагала при регулирањето на прашањето во врска со елементите на решавањето на актите, поедини надлештва располагале со три вида на различни "збирки": а) Збирка на печатени обрасци, кои се употребувале во самото надлештво и во рамките на органите кои му биле подредени; б) Збирка од начелно значајни решенија во врска со решавање по слични и конкретни случаи, и в) Збрика на нормативни решенија, односно решенија кои се однесувале на начелни и општи вредности.

Преку законските регулативи на наведениот "Деловник" канцелариското и регистратурското работење требало да се унифицира како составен дел на работата во органите на управата во целото Кралство Југославија.

Од посебен интерес за нашето проучување на извршувањето на стручната работа во регистратурите е и донесениот "Правила за полагање стручни испити на чиновничките приправници во ресорот на Министерството за просвета, кој бил донесен во почетокот на 1940 година.[427] Чиновничките припаравници во ресорот на Министерството за просвета, според членот 1 од истите "Правила", можеле да бидат поставени на чиновничко службено место само доколку го положеле државниот стручен испит според пропишаните "Правила".

Полагањето на државниот стручен испит за стручниот и технички персонал во државните архиви се обавувало секоја година во Белград и Љубљана.

Во наведените "Правила", во делот што се однесува наза приправниците, како стручен и технички персонал во државните архиви, се предвидува дека истите полагаат испит, кој бил составен од неколку предмети. Од предвидените предмети биле застапени: а) народна историја (политичка, дипломатска, културна и економска) со основи на историјата на народната книжевност и етнологијата; б) основи на палеографијата (словенска, латинска и грчка), дипломатиката, сфрагистиката и хронологијата; в) архивистика, како и главните обележја на државните архиви во Југославија и нивната граѓа; в) латински или старословенски јазик или еден од странските јазици на кој е пишувана граѓата во државните архиви, а кој кандидатот не го полагал во општиот дел од испитот.

Потребно е да се подвлече и можно да се констатира дека, полагањето на стручниот државен испит, според наведените "Правила" за чиновничките приправници во ресорот на Министерството за просвета, претставувало солидна, но и потребна стручна подготовка за кандидатите, кои откако ќе го положеле испитот, можеле да започнат со своја-

[427] Службен весник на Кралството Југославија, бр. 13-IV, год. XXII, од 17 јануари, Белград 1940. с. 140-146.

та работа во државните архиви во кралството, а во тие рамки и во Вардарскиот дел на Македонија.[428]

Документацијата и “Деловникот за општите управни власти” со својата систематичност и опфатност на елементите и според својот квалитет на понудените решенија, означувале воведување стандарди во работата во писарниците и давање конкретни насоки за начинот и содржината на канцелариското работење во државните органи во Вардарскиот дел на Македонија и воопшто во администрацијата на Кралството Југославија во периодот од 1931 до април 1941 година.

Секако дека со примената на неговите значајни насоки на реализација, биле отстранети повеќе дилеми и неразјаснети ситуации во сферата на канцелариското и архивското работење во период од една деценија. Неговите насоки значеле обезбедување на еден стабилен развој на стручното извршување на работењето во администрацијата на државните органи на власта, во текот на наведениот период меѓу двете светски војни, како и подоцна во годините на развојот на архивската дејност во повоена Југославија по нејзиното ослободување во 1945 година.[429]

---

[428] Изборот на предметите, кои го сочинувале стручниот испит, е многу идентичен со составот на предметите, кои се полагаа во југословенските и во архивите во Македонија во повоена Југославија во текот на почетоците на архивската дејност.

[429] Овој “Деловник” ќе послужи и во периодот на Народноослободителната војна во некои подрачја на Југославија, а потоа ќе се користи и во периодот по ослободуавњето југословенските народи во 1945 година, како одредена база и појдовна основа во понатамошниот развој на канцелариското работење на југословенските власти по 1945 година.

## 4. 5. ДЕЈНОСТА НА АРХИВОТ ВО СКОПЈЕ ДО АПРИЛ 1941 ГОДИНА

Дејноста на "Државниот архив на Скопје" во рамките на периодот од септември 1926 до април 1941 година, од основа гледано претставува негово ангажирање при извршувањето на повеќе стручни задачи. Таквата систојба била придружена со повеќе тешкотии, но напорите и активното работење на управникот Д. Лазаревиќ, во текот на поголемиот дел од наведениот период, сепак овозможиле архивската дејност со променлив успех да го одржи својот работен континуитет.

Управникот на "Државниот архив во Скопје" .Д. Лазаревиќ бил роден во Гевгелија на 5 август 1883 година. Бил поданик на Кралството СХС, оженет и имал две деца. Имал завршено основно училиште и гимназија до ВИ клас во Солун, а матурата ја полагал во Скопје. Дипломирал во Белград на ВИИ група на Филозофскиот факултет во јануари 1908 година. По дипломирањето работел како учител во Ужице до 1909 година, а испит за професор положил во 1922 година. Бил образован човек, кој со работно искуство во просветата ја започнал својата архивска дејност во "Државниот архив во Скопје".

Поконкретни сознанија за научниот профил на Д. Лазаревиќ како интелектуалец и научен работник, не можеме да стекнеме од граѓата на фондот "Државна архива на Скопје 1926 - 1939". Тоа и не било можно, со оглед на постојните обврски како управник, администратор и архивист што ги имал во архивот.

Меѓутоа, за одбележување е неговото пријавување на темата: "За значењето на Вук Караџиќ во нашата книжевност", со која се пријавил за учество на манифестацијата по повод "Вуковата јубилејна година на Народниот универзитет во Скопје". Темата била поздравена и со задоволство прифатена за претставување на манифестацијата.[430]

---

[430] ДАРМ, 1.337.1.3/632. Допис од претседателот на Народндиот универзитет во Скопје А. Радовановиќ до Д Лазаревич, од Скопје, бр. 148 од 15.II.1937 година.

Основните проблеми кои се провлекувале низ целиот период на постоењето и работата на "Државниот архив во Скопје" биле поврзани со просторот, персоналот и напорите за собирање и работа врз граѓата. Можно е да се констатира појава и присуство на одредени опструкции вршени од страна на локалните и централните власти во однос на решавањето на овие проблеми кои ја оптеретувале работата на архивот.

Во поглед на внатрешното уредување на службениот простор, со кој располагал "Државниот архив"" истиот бил многу сиромашен. За сместување на документите и книгите биле употребувани дрвени полици и ормани. Не е можно да се утврди дали биле набавени кутии за чување на документите. За чување на документите бил купуван коноп и цврста хартија за завиткување, па веројатно е дека документите биле врзувани во пакети.[431]

Од годините на своето официјално основање во 1926 па до 1930 година, "Државниот архив" постојано се судиррал со проблемот на неговото просторното сместување. Наведениот проблем го претставувал основното прашање за неговото нормално функционирање и одвивање на архивската дејност и истиот бил постојано актуелен и не овозможувал услови за нормална работа.[432]

Меѓутоа, охрабрен од буџетот за 1930 година, управникот Д. Лазаревиќ се обидел да направи обид за добивање на простор, односно преку оглас побарал куќа со шест простории. На 26 април 1930 година Д. Лазаревиќ изнајмил зграда од скопскиот адвокат Ѓ. Паркачев(иќ) или по четири години од своето постоење "Државниот архив" успеал да добие посебни простории.[433]

---

[431] Р. Поповиќ-Петковиќ, Постанак и развој архивистике у Србији и Македонији, Београд 1972, с. 204-205.

[432] ДАРМ, 1.337.1.1/6.Д. Лазаревиќ го известил општото одделение во Белград при министерстсвотио за просвета за неговото работење врз граѓата во неговиот стан во улица Новосадска бр. 1 во оние услови кои ги имал во Државниот архив со акт бр. 4 од 23.9.1926 г.

[433] ДАРМ, 1.337.1.5/571-574.Договор од Министерството за просвета" во Белград, П. бр. 15943 од 31 мај 1930 година, склучен меѓу Државниот архив во Скопје и адвокатот Ѓ. Паркачев(иќ) за земање под наем на неговата зграда за потребите на архивот.

Од 1931 до 1941 година "Државниот архив" во градот Скопје изнајмувал уште три простории и еден магацин во куќата на Исмаил Хаки, рентиер од градот[434], на улицата "Престолонаследник Петар" бр. 19 во Скопје. Од страна на Министерството за просвета бил овластен Д. Лазаревиќ да го потпише договорот за закуп на просториите. Тука бил сместен и работел "Државниот архив" сé до своето укинување во 1939 година и неговото приклучување кон "Музејот на Јужна Србија" во 1941 година.

Во поглед на прашањето во врска со стручниот персонал во "Државниот архив на Скопје", кој се однесува на периодот од 1927 до 1939 година, според платните списоци од неговата архива[435], во однос на персоналот, можно е да се констатира дека од апил до ноември 1927 година во архивот биле вработени: архиварот Д. Лазаревиќ, како управник и администратор, работно лице С. Нешиќ, од с. Кучевиште, скопската околија [436]. Од април до декември 1928 година, во "Државниот архив" биле и понатаму вработени наведените лица на истите работни места, кои се јавуваат и во платните списоци од 1929 до 1938, додека во 1939 година останал само С. Нешиќ, како служител-надничар. Посочениот состав работел, со мали исклучоци сé до април 1941 година, кога и самиот Д. Лазаревиќ ја напуштил службата во архивот.

Со незадоволителната состојба во однос на просторното сместување и малиот персонал, "Државниот архив" не бил во состојба да одговори на сите задачи што му се поставувале. Како негова главна цел била собирање, т.е. концентрација на архивската граѓа во архивот, во поглед на средувањето на граѓата учествувал и самиот управник Д. Ла-

---

[434] ДАРМ, 1.337.1.6/783, 785-786. Договор за закуп склучен меѓу рентиерот од Скопје И. Хаки, и управникот на "Државниот архив во Скопје" Д. Лазаревиќ на 4 мај 1931 година во Скопје.
[435] ДАРМ, 1.337.3/45-215.Платни спсисоци на Државот архив во Скопје 1927-1939.
[436] ДАРМ, 1.337.3/1-2.За неговото поставување како служител во архивот на 16.9. 1926 година Управникот на Државната архива Д. Лазаревиќ ја известил "Окружната финансиска управа" во Скопје со акт бр. 1 од 16.9.1926 год., Ова е воедно и првиот заведен акт во Државниот архив на Скопје.

заревиќ, кој секогаш ургентно ги извршувал службените активности при приемот е средувањето на материјалите.

За поуспешно ангажирање на стручната архивска работа врз средувањето на граѓата, Д. Лазаревиќ побарал од државните служби да му се додели барем еден администратор[437], кој ќе ја извршувал тековната работа, така да и самиот би можел во поголемиот дел од работното време да се зафати со средувањето на архивската граѓа. При работата врз средувањето на граѓата, Д. Лазаревиќ се убедил дека било потребно тој подобро да ја проучи архивската струка и архивистиката и нешто повеќе да се запознае со начинот на средувањето и обработката на граѓата, што била сместена во "Државниот архив на Скопје", како и во врска со организацијата на архивите во државата.

За таа цел тој успеал, подоцна во октомври 1932 година, да ги посети архивите во Белград, Загреб и Љубљана[438]. Увидот во работата врз фондовите на овие архиви му овозможил стекнување на нови искуства за работата, кои му дале поголем поттик за понатамошна работа.

Управникот Д. Лазаревиќ посебно внимание му посветил на контактирањето со државните институции во Македонија, со цел да му се испраќала граѓа и друг вид на документарен материјал за прием и обработка во архивот.[439] Во текот на работата тој дошол на помислата, дека незаштитената граѓа би требало барем да се копира. Во тој смисол поднел барање до "Министерството за просвета" во Белград, со образложение дека во "Државниот архив на Скопје" не постои одделение за реставрација и репродукција на материјалите. Меѓутоа, ниту ова барање не било успешно. Меѓутоа, во текот на 1932 година, "Државниот ар-

---

[437] ДАРМ,1.337.1.3/57.Барањето го проследил до "Министерството за просвета", при "Општо одделение", во кое образложил, дека административната работа е зголемена и дека персоналот што му е на располагање не му е доволен.

[438] ДАРМ, 1.337.1/17. При посетата на овие архиви Д. Лазаревиќ се интересирал за нивниот начин на работа, персоналот, организаицијата и пред сé за техничката опрема.

[439] ДАРМ, 1.337.1.1/300.Еден од таквите обиди претставува и дописот испратен од него до "Скопското научно друштво", бр. 25 од 18.2.1929 година, во кое замолува да се испратат изданија и други трудови од ова друштво, кои го опишувале животот, јазикот и обичаите на населението.

хив" набавил фотографски апарат, како и додаток за зголемување и друга помала опрема. За исполнувањето на оваа задача, потоа во буџетот постојано била барана парична сума од 300 до 600 динари за фотографирање и останати материјали за работа. [440] Во врска со претходните состојби, интересно е да се нагласи дека, главната цел и најголемите напори на "Државниот архив" во овој временски период биле вложувани за спасувањето на граѓата и нејзиното собирање. Но сепак ова не било многу успешно и се одвивало повремено.

Во поглед на општата работа врз граѓата, можно е да се констатира дека основната и најзначајната операција претставувало средувањето на фондовите и останатите документарни целини. На нив се ставале печати и броеви, а кога биле сместени во кутии или направени како сврзоци, истите ги ставале во ормани или на дрвени полици.

Секако дека во наведениот период, на нивото на стручноста на кое бил и самиот Д. Лазаревиќ и другите негови помошници, не можело да стане збор за некоја подетална обработка на граѓата. При нивната работа бил воден еден вид сумарен инвентар, кој за жал не е зачуван за денешните истражувања.[441] Работата врз граѓата се извршувала со цел истата да биде во состојба да може да се користи, иако многу корисници во "Државниот архив" немало, само понекогаш биле бараени податоци за административните и судските потреби.

Очегледно е дека управникот Д. Лазаревиќ на крајот сфатил, дека по одбивањето на неговите повеќегодишни оправдани барања за подобрување на состојбите со граѓата и работата во архивот од Министертсвото за просвета во Белград, не се имало намера да му се помогне

---

[440] Р. Поповиќ-Петковиќ, Постанак и развој архивистике у Србији и Македонији, Београд 1972, 147; ДАРМ, 1.337.1.3/346.исто така и во Предлог-буџетот на "Државниот архив" за 1932/33 година доставен до "Крал. банска управа во Скопје", Д. Лазаревиќ материјалните трошоци или за набавка на книги, фотографски материјали, откуп на документи и други канцелатриски материјали се барало 1.300 динари.

[441] Ibidem.

во неговата работа.[442] Таквата намера можно е да се констатира и од барањето испратено од Министерството за просвета во Белград до “Државната архива во Скопје" да врати повеќе предмети, кои биле позајмени од “Општото одделение на великиот жупан” во Скопје, со образложение, дека персоналот во архивот немал многу работа.[443]

Следната 1930 година управникот Д. Лазаревиќ ја започнал со напори да го зголемел работниот простор во кој веќе била сместена архивата, при тоа образложувајќи, дека и тој простор не е доволен за работа со граѓата за да би била ставена на располагање за користење.[444]

Во врска со припадноста на државните институции кон одредени ресори, Државниот архив, како и останатите просветни установи, во 1930 година, како и претходната 1929 година, според Законот за банската управа, спаѓал во просветни установи, кои непосредно се наоѓале под компетенција на Министерството за просвета. За кредитирање или за регулирање на финансиските работи на архивот, тој спаѓал под компетенција на банот, како државен наредбодавец од II степен. [445]

Водењето на грижа за нормалното одвивање на администрацијата и работата врз граѓата, од своја страна барало и службени одлуки во врска со употребата на финансиските средства на архивот, кои управникот Д. Лазаревиќ ги донесувал во однос на канцелариското и другото опремување на архивот.[446]

---

442 ДАРМ, 1.337.1.1/346.Во тој смисол неповолно делувало на неговиот работен елан и отпуштањето на државниот службеник од архивот, Злата Олењин, дневничар во “Државната архива во Скопје", врз основа на актот од Министерството за просвета во Белград П бр. 5266 од 3 април 1929 година.

443 ДАРМ, 1.337.1.1/455. Допис од Великиот жупан, Просветно одделение, до Државната архива во Скопје бр. 7166 од 5.11.1929 година.

444 ДАРМ, 1.337.1.5/481-483.Акт упатен од управникот Д. Лазаревиќ на Државната архива во Скопје до Министерството за просвета, Општо одделение во Белград, бр. 2 од 9.1.1930 година.

445 ДАРМ, 1.337.1.5/497-498.Допис од Д. Лазаревиќ во Државната архива во Скопје бр. 33 од 6.2.1930 год., и допис од Министерството за просвета, Општо одделение, Пбр. 4684 од 13 февруари 1930 година.

446 ДАРМ, 1.337.15/511.Одлука за набавка на канцелариски и други потребни материјали за работа на Државниот архив во Скопје бр. 64 од 22.3.1930 година.

Во врска со финансирањето на “Државниот архив на Скопје”, Министерството за просвета, преку “Општо одделение” од Белград, со свои акти го известило управникот на архивот за расходите на Министерството за просвета, каде влегувал и “Државниот архив”, за буџетската 1930/31 година.[447]

Во врска со буџетот за следната 1931/32 година, врз основа на актот доставен[448] од Крал. Банска управа на Вардарска бановина во Скопје до “Државниот архив во Скопје”, управникот Д. Лазаревиќ поднел свој “Предлог”.[449] Во него тој образложува, дека “За да може Државната архива да одговори на својата задача, да го собира и средува целиот архивски материјал, треба да се одобрат кредити за патување и посета ....на јужните краеви,” Со својот став тој ја нагласувал потребата од истражување на архивска граѓа кај имателите (физички и правни лица), а ова становиште укажува за неговата сесрдна ангажираност врз развојот на архивската дејност во Македонија. Тој известувал дека поради службена несовесност, граѓата се фрлала во отпад. Д. Лазаревиќ понатаму констатирал: “Навистина дека властите интервенираа, колку што е тоа можно, и наредуваа, таму каде случајно ќе наидеа на фрлена граѓа во ѓубре, да се чува и спасува граѓата. Но, останата е уште многу зафрлена граѓа, која треба да се собере, да се среди и подоцна да се употреби за научни цели.”[450]

Во својот “Предлог” на буџетот за 1931/32 година, кој многу сведочи за самата архивска дејност која се обавувала во “Државниот архив во Скопје”, Д. Лазаревиќ понатаму предлагал: “Се разбира дека Државната архива не треба да се остави во оваа состојба, туку треба да се развие нејзиниот делокруг, да му се даде реален живот, полет и со преобразување да се доведе во врска со модерните архиви во другиот свет. А се-

[447] ДАРМ, 1.337.1.5/520-523.Допис и прилози, ПБр. 13577 од 9 април 1930 година.
[448] ДАРМ, 1.337.1.5/554, 563.Допис Бр. 2115, од 21.VI.1930 год., упатен до управникот на Државниот архив од Крал. банска управа на вардарска бановина во Скопје.
[449] ДАРМ, 1.337.1.5/555-562.Предлог на буџет од управникот на Државната архива во Скопје Д. Лазаревиќ до Крал. банска управа во Скопје, бр. 152, од 23.6.1930 година.
[450] Ibidem.

то тоа очекуваме дека ќе го направи новиот закон, кој како проект одамна се наоѓа кај Законодавниот одбор, поради што и ние се воздржуваме и речиси не предлагаме ништо ново, бидејќи се надеваме дека законот тоа ќе го направи во најскоро време.” Д. Лазаревиќ, во тој смисол и во овој “Предлог", личните и материјалните издатоци ги оставал исто такви какви што биле и од претходната буџетска година.

“Предлогот” за неговиот буџет, со своето текстуелно образложение, од своја страна упатува на стручното и домакинско работење на управникот Д. Лазаревиќ во “Државниот архив во Скопје”, а со тоа и на правилниот пат кој од неговата страна бил зацртан за развојот на архивската дејност во “Ввардарската бановина” или “Јужна Србија”.

На еден службен прашалник упатен од Министерството за просвета, од првата половина на февруари 1931 година, во врска со својата работа, Д. Лазаревиќ известувал, дека “Државната архива во Скопје е установена на 16.IX.1926 година. Подоцна, во месецот јули во 1927 година ѝ е отстапен еден дел од просториите на Просветниот дом за потребите на нејзиното Одделение. Нејзините одделенија не се во врска со централната служба во Белград. При оваа архива не се врши реставрација на документите. Покрај архивата постои и прирачна библиотека, која брои 369 книги”.[451]

Од наведениот службен прашалник, како еден од доказите за проблемот на односите и стручната соработка на релацијата “Државна архива во Скопје” - централни архивски установи во Белград, можно е да се констатира, дека не постоела цврста службена поврзаност со централната државна архива во Белград на ниво на Кралството СХС. Таквата состојба упатува на фактот, дека не постоела законска обврска за непосредна или посредна стручна, материјална и друг вид службена архивска поддршка на “Државниот архив во Скопје", од страна на централните архивски установи во државата. “Државниот архив во Скопје”

---

[451] ДАРМ, 1.337.1.6/657-658. Акт.

најмногу бил поврзан, на стручен, финансиски и секаков друг план само со Министерството за просвета, односно неговото "Просветно" и "Општо одделение".

Од друга страна гледано, таквото становиште укажува на фактот, дека не му се придавало посебно значење на развојот на архивската служба и дејност на Вардарскиот дел на Македонија, односно во тогашните т.н. "Јужни краеви" или "Јужна Србија", од причини, што не се намеравало да се зачуваат историски траги за развојот на архивската дејност на македонските простори.

Во текот на март 1931 година, управникот Д. Лазаревиќ побарал од Министерството за просвета во Белград, да му доделело еден службеник, по можност учител, кој ќе му помагал во административните работи, за да тој самиот би можел да се посвети на работите во самата архива.[452] На ова барање од страна на Министерството за просвета му се препорачувало[453], прашањето да се решело со молба и во договор со началникот на Просветното одделение во Кралската банска управа во Скопје, односно кај него да се поднесело конкретен предлог, кое лице од учителите да било доделено за работа во архивот.

Исто така Д. Лазаревиќ се обратил со свое барање на 25.VIII.1931 година, до Министерството за просвета во Белград, каде образложувал, дека тој како управник на "Државниот архив во Скопје", секоја година се обраќал до наведеното Министерство повеќе пати во врска со одобрување на кредит за собирање на архивска граѓа или книги и други стари материјали. За таа цел му одобрувале парична сума од 2.000 динари, но фактички таа сума на скопскиот архив редовно му се скратувала. Тој повторно го молел истото министерството да му обрателo внимание на сметководството да му се доставела соодветната сума, но ситуацијата не се променила.

---

[452] ДАРМ, 1.337.16/722. Допис од Д. Лазаревич, од Скопје, бр. 76 од 31.III.1931 година.
[453] ДАРМ, 1.337.1.6/731. Допис од Министерството за просвета, Општо одделение, од Белград.

Овој факт зборува за несериозниот однос на државното сметко-водство, кое се наоѓало под контрола на Министерството за надворешни работи". кон работењето на "Државниот архив во Скопје". Причината за наведениот однос можела да биде од различен карактер, но последицата на таквото однесување била оневозможувањето на редовното и нормално функционирање на "Државниот архив во Скопје.[454]

Работата при средувањето на граѓата, на одреден начин го уверила Д. Лазаревиќ во фактот, дека било потребно, поради успехот во работата, подобро да се запознаеле со архивистиката. Затоа во текот на 1932 година, тој работел и на соработка со архивите во Белград, Загреб и Љубљана, со цел: да се здобиел со нови искуства, како би можел поефикасно да ја обавува архивската работа врз граѓата. Во тој смисол, особено била значајна соработката што ја започнал со "Кралскиот Државен архив во Загреб", чиј директор го запознал Д. Лазаревиќ со своите стручни искуства и научни погледи, со кои го запознал во јануари 1932 година.[455] Во нив се укажува на значењето на архивите: "Нашите државни архиви не се само мртви ма-гацини на списи, туку се живи извори на нашата народна историја, и многу попвеќе, тие се институти за проучување на народното минато и места за школување на нашите сериозни историчари. Нам ни се многу блиску архивите на нашите градови, општини, бившите црковни средишта, сите судски и политички, архиепискиопски, патријархални и епархиски архиви, потоа семејните и личните архиви, во кои насекаде се крие драгоцено историски богатсво на нашиот народ."

Ова за Д. Лазаревиќ, според нашето мислење, била многу поучна материја и особено допринела за неговото стручно усовршување во архивистиката, посебно за изворите, од каде требало во архивот да се

---

[454] ДАРМ, 1.337.1.6/845. Допис од Д. Лазаревиќ од Скопје до Министерството за просвета, Општо одделение.

[455] ДАРМ, 1.337.2.1/8. Допис од Кралскиот Државен Архив на Загреб до Управникот на Државниот архив во Скопје од Загреб од 11 јануари 1932 година.

прима граѓата и нејзините видови, според дејноста на фондообвразователот.

Потоа директорот на загрепскиот архив предлагал неколку промени во работата и организацијата на архивите, меѓу кои и на следните: Државните архиви да се организирале во посебен "сојуз", како што тоа го сториле библиотекарите; во тој "сојуз" да се примале во прв ред чиновниците на државните архиви и поседувачи на други архиви (регистратури, приватни архиви итн.), и истите што подобро да се упателе во познавањето на документите, кои биле од историско значење; да се упателе во начинот на нивното чување и ракување, а да биделе примени и пријателите на архивската наука, како и активните историчари; ова здружение пред сé да било повикано за унапредување на работата во архивите; да ги штитело и унапоредувало сталешките и интересите на архивското чиновништво, односно наведеното здружение да било меродавен форум за прашања во врска со архивите.

Ваквата содржина на дописот испратена од згрепскиот колега претставувалала ново проширување на стручниот видокруг кај Д. Лазаревиќ, посебно во поглед на гранското организирање и стручната работа во архивите. За наведените предлози, Д. Лазаревиќ бил замолен од својот загрепски колега да му го соопшто своето мислење, бидејќи тој во дописот го изразил своето мислење и се надевал, дека кај Лазаревиќ ќе наиде на разбирање за оживотворување на "оваа потреба" во архивското работење.

Покрај стекнувањето на новите содржини во поглед на извршувањето на архивската дејност, работата на средувањето на граѓата го убедила Д. Лазаревиќ дека било потребно тој и понатаму подобро да се запознае со архивистиката, т.е. со начинот на средувањето и обработката на граѓата што била сместена во архивот.

За реализацијата на наведената цел, во октомври 1932 година[456] тој ги посетил архивите во Белград, Загреб и Љубљана[457]. Увидот во работата врз фондовите во овие архиви му овозможил да се запознае со организацијата и начинот на работата. Посетата исто така му овозможила и стекнување на нови искуства за организацијата во овие архиви, за работата и за начинот на финансирањето, при што можно е да се заклучи, дека овие искуства му дале поголем поттик за понатамошна работа.

Во врска со финансирањето на дејноста на "Државниот архив" за следната 1933/34 година, директорот Д. Лазаревиќ испратил барање до Крал. Банска управа на 27.ВИ.1932 година, покрај другото поднел и писмен "Предлог-буџет", во кој, меѓу останатите ставки, во одделот материјални издатоци побарал 2.500 динари за набавка на стручни книги, 14.000 динари за откуп на документи и за подврзување на книги, 500 динари за фотографии и материјали за фотографирање на документите.

Д. Лазаревиќ во текстуелното образложение, преку својот предлог наведува, дека биле зголемени само ставките за личните принадлежности, според финансиската состојба од претходниот буџет, а дека кај материјалните издатоци немало промени, иако ставките биле малку изменети.[458]

"Предлог-буџетот" изработен од Лазаревиќ бил јасен доказ дека тој реално водел сметка за нормалното одвивање на архивската дејност, со тоа што набавувал стручни книги, предвидувал откуп на граѓа, подврзување на архивските книги и другите материјали, како и фотографирање на документите, како заштитна мерка, што можел да ја преземе преку својата службена надлежност.

---

[456] ДАРМ, 1.337.2.1/199. Одлука за службено патување во Државните архиви во Белград, Загреб и Љубљана, од Скопје, бр. 275 од 3.X.1932 година.
[457] ДАРМ, 1.337.1/17. При посетата на овие архиви Д. Лазаревиќ се интересирал за нивната стручна архивистичка работа, персоналот во архивите, организаицијата на работата и за опременоста во архивите.
[458] ДАРМ, 1.337.2.1/131. Допис од директорот Д.Лазаревиќ на Државниот архив во Скопје до Кралската банска управа.

Во поглед на решавањето на просторниот проблем на архивот, во текот на втората половина на 1932 година, бил продолжен претходно склучениот договор меѓу Министерството за просвета и И. Хаки, закупец од Скопје, за закупување на зградата каде бил сместен архивот.[459]

Во врска со финансирањето на дејноста на архивот за следната 1934/35 година, управникот Д. Лазаревиќ во својот “Предлог на буџетот" за истата година, во делот за материјалните издатоци побарал средства за набавка на книги, откупи на документи и за фотографски материјали при снимањето на документите. Вкупната сума која Д. Лазаревиќ ја побарувал за 1934/35 буџетска година, била вкупно 10.682 динари, од кои само за материјалните издатоци побарувал 4.000 динари. [460]

Претходно наведената состојба, на објективен начин говори за понатамошниот ангажман на “Државниот архив во Скопје" и за редовното одвивање на неговата основна архивска дејност, која се одвивала во континуитет, без поголема јавна потреба и неопходен напор за совладување на одреден број на стручни и архивски прашања во текот на работата.

Државниот архив претставувал институција, која постоела во системот на државната управа во Вардарската бановина, но ни од далеку го немал она значење, кое го имале архивите во Белград, Загреб или Љубљана. Од тие причини, континуитетот во постоењето на оваа архивска институција во Скопје воопшто и во Вардарскиот дел на Македонија, во тоа време назначена како Вардарска бановина, како и нејзиното редовно финансирање и функционирање, го имала и своето најголемото значење, во смисол на одвивање на одреден обем и квалитет на архивска дејност во државата.

Во врска со финансирањето на дејноста на “Државниот архив” за следната 1935/36 година. Д. Лазаревиќ за задоволување на потребите на

---

[459] ДАРМ, 1.337.2.1/207-208.Акт Пбр. 34534 од Белград од 21 септември 1932 година за склучување на Договор за изнајмување простории за Државниот архив во Скопје.

[460] ДАРМ, 1.337.1.3/335. Предлог на буџет за 1934/35 година за Државниот архив, без дата.

архивот во својот “Предлогот на буџетот” за таа година побарувал во одделот за материјалните издатоци за набавка и подврзување на книги 600 динари, за откуп на документи 2.480 динари и за фотографирање 120 динари.[461] Овие ставки во планираниот буџет сведочат за извршувањето на основната архивска дејност во архивот, иако во образложението се наведувало, дека “предложениот буџет е помал од минатогодишниот за 360 динари”. Ова во основа гледано значело дека буџетот незначително се намалува, и можно е да се заклучи дека и архивската дејност се намалувала.

Интересно е да се нагласи дека банот на Вардарската бановина, г. Д. Ѓорѓевиќ, со еден акт од 22 јануари 1935 година, го известил управникот на “Државниот архив во Скопје"” дека на 18 јануари истата година бил поставен за бан на “Вардарската бановина”, со цел да воспоставеле прв контакт и запознавање во интерес на понатамошната службена комуникација.[462] Од напаравениот гест, можно е да се заклучи, дека станува забор за службената почит, која спрема “Државниот архив” ја чувствувал Банот на Вардарската бановина. Меѓутоа, тоа одненсување сепак било куртоазија и бонтон во службените односи, кои не значеле и некоја директна поддршка на архивската дејност во овој дел на Кралството Југославија.

Со актот испратен од страна на Министерството за просвета на 4 јуни 1935 година, до “Управата на Државниот архив во Скопје” му се доставувало решение за склучување на договор помеѓу Министерството за просвета, кој требало да го потпише Д. Лазаревиќ, управникот на Државниот архив во Скопје и И. Хаки од Скопје, за сместување на “Државниот архив во Скопје" во закупената зграда од именуваниот И. Хаки, за времето од 1 јуни 1935 година до 31 мај 1936 година. Со тоа на ар-

---

[461] ДАРМ, 1.337.13/336. Акт.
[462] ДАРМ, 1.337.2.4/646. Акт.

хивот просторното прашање за наведениот временски период му било решено.[463]

Слично решение за обезбедување просторно сместување на "Државниот архив", за периодот од 1 јуни 1936 година до 31 мај 1937 година, било донесено од страна на Министерството за просвета во Белград на 21 април 1936 година, во кое се решавало да се склучел договор за закуп на зграда од Нецмија Исмаил Хаки, жителна на Скопје, за сместување на архивските материјали на "Државниот архив во Скопје".[464]

При финансирањето на дејноста на архивот во следната 1936/37 година повторно, се барале средства за одржувањето на редовна архивска дејност и тоа: за набавка на книги и нивно подврзување 800 денари, за откуп на книги и документи 4.500 динари и за фотографирање 450 динари.[465] Во овој "Предлог-буџет" зголемена била позицијата за откуп на книги и документи, со оглед на новите потреби, кои се јавувале во работата на архивот. Сепак тука најмногу се трошело за плаќањето на службените весници и други печатени материјали, но не и за архивските книги.[466]

Сместувањето на "Државниот архив во Скопје" во текот на годините 1937 и 1938 било регулирано исто така со договор за закуп на зграда за сместување. Договорот бил склучен помеѓу Министерството за просвета и Нецмија Исмаил Хаки од Скопје, за издадената зграда под закуп која се наоѓала во Скопје, а договорот важел за периодот од 1 јуни 1937 до 1 јуни 1938 година.[467]

---

[463] ДАРМ, 1.337.2.4/718-720. Акт.

[464] ДАРМ, 1.337.2.5/868-869. Акт.

[465] ДАРМ, 1.337.3/345. Предлог на буџетот за Државниот архив во Скопје за буџетската 1936/37 година, испратен од управникот Д. Лазаревиќ до "Банската управа" во Скопје, без дата.

[466] ДАРМ, 1.337.2.3/427. Така, Државниот архив од државното тужителство во Скопје во текот на 1937 година ги примал следните печатените списи: "Споменица", Преглед касе, Благовести, "Хришќанско дело", "Соколска корачница", "Јужни преглед", "Правила скопске извозне банке", и други. За жал, овие списанија не се содржани во фондот, инаку би биле богат извор за истражување во неколку области. Акт испратен од Државното тужителство во Скопје од 11 ноември 1937 година, Бр.Кшт.службено.

[467] ДАРМ, 1.337.3.123/570-572. Решение од Министерството за просвета во Белгад ПБр. 20860 од 29 јуни 1937 година.

Во декември 1937 година, на "Државниот архив" можеле да му бидат дадени за користење и други простории од изнајмената куќа, кои во меѓувреме биле ослободени. За ова Д. Лазаревиќ го замолил Министерството за просвета во Белград, меѓутоа му било одговорено, дека "Министерството за просвета смета дека моменталните простории се доволни за сместување на Архивот и дека не може да се даде одобрување за склучување на дополнителен нов договор."[468]

Со "Предлог на буџетот на Државниот архив во Скопје" за 1937/38 година, Д. Лазаревиќ се обратил до "Кралската Банска управа на Вардарската бановина" во Скопје со службен акт од 10.VII.1936 година.[469] Во него тој во одделот за материјалните трошоци, покрај барањата на средства за покривање на трошоците за канцелариски материјали и комунални услуги, побарал и средства за набавка на стручни книги[470], за подврзување на книги, за откуп на документи, за правење на фотографии и за материјали во врска со фотографирањето.

Наведената активност јасно укажува на фактот, дека Д. Лазаревиќ веќе стандардизирал некои од редовните дејности во архивското работење, за кои барал финансиско покритие. Набавката на книги и нивното подврзување, како и вршењето на еден сегмент – фотографирањето - од заштитата на архивската граѓа, го потврдува професионалниот однос и работен морал на управникот и неговите помошници во архивот, кој можел да се движи само во рамките на кругот на добиените овластувања за работа при архивот во рамките на дадениот временски период.

---

[468] ДАРМ, 1.337.3.220/631. Известување од Кралската Банска Управа на Вардарската бановина, Просветно одделение во Скопје, IV бр. 44739 од 25 декември 1937 год.

[469] ДАРМ, 1.337.2.5/904. Акт.

[470] ДАРМ, 1.337.2.3/447. Како и во претходната година и во оваа, тоа била позиција каде најмногу се добивале печатени списи. Така, Државниот архив од државното тужителство во Скопје во текот на 1938 година ги примал следните печатените списи: "Јужна Србија", "Грађевинар", "Скопски Гласник", "Службени Лист", "Јужни преглед" и други. За жал, и овие списанија исто така не се содржани во фондот, инаку и тие би биле богат извор за истражување во неколку области. Акт испратен од Државното тужителство во Скопје од 21.XII.1938 година, Бр.Кшт.службено.

Во врска со финансирањето на дејноста на “Државниот архив” за следната 1938/39 година, управникот Д. Лазаревиќ на 10.ВИИ.1937 година поднел до “Кралската Банска управа во Скопје" “Предлог на буџетот за Државниот архив во Скопје" за идната година[471], во кој барал, покрај личните расходи и материјалните издатоци за набавка и подврзување на книги вкупно 600 динари, исто така и за откуп на книги 2.000 динари[472] и за фотографски материјали 320 динари.

Во образложението кон наведениот “Предлог”, Д. Лазаревиќ наведува, дека “во Скопската област има уште многу важни архивски материјали, кои треба да се преземат во архивот, за што треба да се преземат мерки. На прво место треба да се донесе Закон за архивите, без кој работата не е возможна. Во однос на персоналот треба барем најмалку еден администратор, инаку не е можно да се работи.”

Овие наводи на Лазаревиќ биле доволно индикативни, за да може со сигурност да се констатира, дека тој како овластен сдлужбеник бил на ниво на проблемите во архивот, истите ги сваќал и сесрдно давал усилби да ги постави пред органите на власта и со нејзина помош да ги совлада.

Неговите укажувања за развојот на состојбите во врска со работата на архивот не биле прифаќани, а приликите во доменот на државната управа, кои се однесувале на архивот,во Вардарската бановина очигледно не се менувале.

Во врска со финансирањето на “Државниот архив” во 1939 година, Д. Лазаревиќ во јуни истата година ја известил “Кралската Банска управа, поточно “Просветно одделение” во Скопје, дека до “Министер-

---

471 ДАРМ, 1.337.1.3/341. Акт.

472 ДАРМ, 1.337.2.3/459. Како и во претходната година и во оваа, тоа била позиција каде најмногу се добивале печатени списи. Така, Државниот архив од државното тужителство во Скопје во текот на 1938 година ги примал следните печатените списи: “Економска географија”, “Позоришни годишњак", “Треќи прилог библиографији Скопље”, “Спортска недеља”, “Спортски југ", “Граѓевинар", “Службени Лист”, “Јужна Србија”, “Скопски Гласник” и др. За жал и овие списанија исто така не се содржани во фондот, инаку и тие би биле богат извор за истражување во неколку области. Акт испратен од Државното тужителство во Скопје од 13 септември 1938 година, Бр.Кшт.службено.

ството за просвета" во Белград упатил “Предлог на буџетот за Државниот архив" за 1939/40 година, откако претходно му испратиле упатство за негова изработка.[473]

Со дописот од 5.VI.1939 година, вршителот на должноста Д. Лазаревиќ, од своја страна ја известил “Кралската Банска управа" во Скопје, дека “врз основа на телефонска наредба од Банската управа во Скопје, имам чест да го известам овдешното Одделение дека за ѕидање на зграда на Државната архива е потребно да се обезбеди кредит од околу милион динари. Засега Државниот архив е сместен во приватна зграда, за која плаќа кирија.”[474]

Во врска со финансирање на “Државниот архив” во 1940 година, на 10.VII.1939 година, Д. Лазаревиќ ја известил “Кралската банска управа”, дека непосредно го испратил Предлогот на буџетот за 1940/41 година до Сметководно-комисискиот отсек на Министерството за просвета.”[475] Нешто подоцна на 1.VIII.1939 година истата установа повторно ја известил, дека по “укажаната потреба, на предлог од газдата на куќата Анастас А. Симиќ, Државниот архив да се смести на 1-от спрат од куќата, одлучив селењето на Архивот да биде на истите простории на 1-от спрат на куќата на Анастас А. Симиќ, со иста кирија. Селењето веднаш да се изврши.”[476]

Со наведеното известување, Д. Лазаревиќ на најексплицитен начин ја претставил својата положба и побарал да биде сменет од должноста директор на “Државниот архив"”во Скопје. Фактите изнесени од негова страна потполно го оправдувале неговиот став и барање. Нешто подоцна, по наредба на банот Љ. М. Алекиќ, било известено Министерството за просвета и Општо одделение во Белград, во врска со предло-

---

[473] ДАРМ, 1.337.1.3/638. Допис од управникот на Државниот архив во Скопје Д. Лазаревиќ бр. 136 од Скопје од 30.VI.1938 година до Крал. Банска управа во Скопје.
[474] ДАРМ, 1.337.1.3/713. Допис од Д. Лазаревиќ, вд во Државниот архив во Скопје, од Скопје бр. 57 од 5.VI.1939 година.
[475] ДАРМ, 1.337.1.3/794. Допис од Д. Лазаревиќ од Скопје бр. 77 од 10.VII.1939 година.
[476] ДАРМ, 1.337.1.3.91/793. Допис од Државниот архив во Скопје, бр. 91 од 1.VIII.1939 година до Министерството за просвета, Општо одделение во Белград.

гот на "Кралската Банска управа" во Скопје за укинување на "Државниот архив во Скопје".[477]

Во предлогот се изнесувало: "Крал. банска управа има чест да предложи Државниот архив во Скопје да се укине, со тоа што целата негова сопственост да му ја предаде на Државниот архив во Белград. Укинувањето на оваа установа се предлага од следните причини:

1) Државниот архив во Скопје не располага со значајни документи, затоа што сѐ што било од поголема вредност веќе се наоѓало во Белград, уште пред основањето на оваа установа, или дополнително било испратено.

Во оваа ставка, според нас, со ова образложение де факто се кажува дека Архивот не ја вршел функцијата за која бил наменет, а тоа било замислено уште пред неговото основање. Фактички архивот бил основан за да ја собере граѓата од вредност, која ќе треба да се испрати во Белград од "собирното место" во Скопје.

2) Државниот архив во Скопје ништо не допринесе за развивање на научната работа во Јужна Србија, а не ни можел, кога таа работа ја презел и ја организирал и сега ја води Филозофскиот факултет во Скопје.

Како можела, според наше мислење, да биде изводлива научноистражувачка работа во "Државниот архив" во Скопје, кога немало читална, ниту некаква посебна просторија за користење на граѓата; кој ќе доаѓал да истражува, кога во тој архив, како што се констатира под точка 1) во овој допис, немало вредна граѓа, и како архивот, во вакви околности, можел да организира и води научноистражувачка дејност, која едноставно му била грабната, прво можеби и заради контрола на она што го има во архивот, а второ затоа што на Филозофскиот факултет морало да има поголеми "Срби", отколку што тоа бил чесниот и ра-

---

[477] ДАРМ, 1.337.1.3/794797. Допис од Крал. Банска управа во Скопје, рег. бр. 24818, од 11 јули 1939 година, испратен од Началникот на Просветното одделение при Банската управа во Скопје.

ботниот Д. Лазаревиќ, кој постојано се трудел архивот подобро да функционира, кое на големосрпскиот режим не му одговарало.

3) Севкупната работа на оваа установа се состоеше во подмирување на приходите на управникот и служителот-надничар (само 2 службеници според буџетот), бидејќи годишно никогаш немало повеќе од 120-130 броеви во деловодниот протокол. Оваа година, на пример, актот заведен на 10 јули го носи бројот 77.

Дејноста на секој архив, според наше мислење, па и на "Државниот архив во Скопје" во дадениот период, не можела да биде со поголем обем, бидејќи тој, како буџетска установа, можел да развива дејност со примање на граѓа, откуп на истата и со истражување со цел за дополна на фондовите. Меѓутоа, архивот граѓа не примал ниту од државните институции, кои нему не му ја предавале, ниту од други правни или физички лица. Според тоа, се поставува прашањето: како меродавните фактори во бановината очекувале да функционира овој архив ? Или пак, цел им била да не функционира како што треба.

4) Оваа установа од јуни 1938 година остана и без управник, кој е поставен за директор на 2-та Машка гимназија во Скопје, и сега постојано има само еден службеник-служител дневничар.[478]

Ова е факт, кој "Кралската Банската управа" можела да го очекува, откако не му го исполнила своето ветување, кое при назначувањето му го дала на Д. Лазаревиќ, односно дека тој прифатил да ја врши должноста и во Архивот, само затоа што тоа бил условот да ја добие должноста во гимназијата, но сега не му било можно и понатаму да ги вршел и двете должности, а персонал немал.

5) Заштедата која би се постигнала во персонал и материјални средства, би можела да послужи за зголемување на персоналот и материјалните потреби за средната настава.

[478] ДАРМ, 1.337.1.3/641. Во врска со причините, постои допис од "Државниот архив во Скопје", бр. 143 од 8.VII.1938 година до Министерството за просвета, Општо одделение во Белград.

Ако според точка 3) од овој допис, според наше мислење, во Архивот имало само 2 редовно вработени службеници, тогаш се наметнува прашањето, колкава ќе биде таа "постигната заштеда во персонал и материјални средства", за да се оправдало затворањето на архивот. Ова образложение во точката 5) објективно гледано е без основа.

Причините што се навдувале за укинувањето на "Државниот архив во Скопје", по сѐ судејќи биле реални. Меѓутоа, доколку се анализира дејноста на оваа институција од самото нејзино основање и почеток со работа. веднаш без поголем напор, ќе се воочат и причините, зошто дошло до тоа самиот "Државен архив" да не биде ефикасен во својата работа.

Директорот на архивот Д. Лазаревиќ се обесхрабрил во однос на понатамошно ентузијастичко ангажирање, главно поради одбивањето на неговите барања за подобро функционирање на архивот, во смисол на задоволување на основните потреби, прашањето за простор, персонал и опремување. Од тие причини тој во средината на 1938 година си поднел оставка на должноста.[479]

Д. Лазаревиќ во своето обраќање до Министерството за просвета ја повторува својата молба, "Министерството да постави лице, кое ќе го води и ќе управува со работата во Државниот архив во Скопје, бидејќи не сум во можност и понатаму да ја вршам истата, покрај должноста што ми е доверена во гимназијата. Јас прифатив да ја вршам должноста и во Архивот, само затоа што тоа беше условот да ја добијам должноста во гимназијата, но не ми е можно и понатаму да ги вршам и двете должности, а персонал немам.

Затоа го молам Министерството на ова место привремено да постави еден од професорите од гимназијата, или пак да упати некого од професорите во таа работа и на кому постепено би му ја предала должноста." При тоа тој, со допис доставен до "Управата на Офицерскиот

[479] ДАРМ, 1.337.1.3/641. Допис од Државниот архив во Скопје, бр. 143 од 8.VII.1938 година до Министерството за просвета, Општо одделение во Белград.

дом во Скопје,[480] истата ја известува, дека вршител на должноста на управник на архивот ја вршел директорот на II Машка гимназија во Скопје.

Д. Лазаревиќ го напуштил Државниот архив во текот на декември 1939 година. Понатамошното раководењето со “Државниот архив во Скопје” го презел Р. Ѓорѓичковиќ, професор во гимназија, кого Министерството за Просвета во Белград, со одлука од 25 октомври 1939 година го поставило на работа при “Државниот архив во Скопје”.[481]

Како и во претходните години, Државниот архив до септември 1940 година добивал книги и печатени материјали за неговата библиотека, посебно од Државното “Обвинителство во Скопје".[482] Тие значеле збогатување на неговата библиотека со потребниот книжен фонд и можеле да бидат користени од истражувачите и другите интересенти.

Со дописот од 8 март 1941 година, Министерството за просвета го известило “Државниот архив при Музејот за Јужна Србија” во Скопје, дека за закуп на простории за сместување на архивот требало да се обрати до “Банската управа-Просветно одделение" во Скопје, која била надлежна да го реши тоа прашање.[483]

Граѓата што била собрана и имала најголем број на податоци во врска со дејноста на Државниот архив во Скопје за периодот од 1929 до 1941 година претежно била од стопански карактер. Истата сведочи и за ограничувањето на финансиските средства за издршка на “Државниот архив во Скопје”. При тоа можно е да се заклучи дека архивот бил

---

[480] ДАРМ, 1.337.1.3/648. Допис од Државниот архив во Скопје, бр. 157 од 3.VIII.1938 година до управата на Офицерскиот дом во Скопје.
[481] ДАРМ, 1.337.1.3.144/776. Одлука од Министерството за просвета, Општо одделение, бр. I бр. 38982 од 25 октомври 1939 година; N. Jašar, Državna arhiva NR Makedonije 1926-1951, Arhivist, 1954, IV/1, 94.
[482] ДАРМ, 1.337.2.3/463. Така, Државниот архив од државното тужителство во Скопје во текот на 1940 година ги примал следните печатените списи: “Скопски Гласник”, “Граѓевинар", “Службени Лист”, “Гласник скопског научног друштва”, “Спортски југ”,”Ревија Југ”, “Глас пољопривреде", “Хришќанско дело", “Етнологија”, “Часопис етнолошког друштва у Скопљу” и др. И овие списанија исто така не се содржат во фондот, инаку и тие би биле богат извор за истражување во неколку области. Акт испратен од Државното тужителство во Скопје од 2 септември 1940 година, Бр.Кшт.службено.
[483] ДАРМ, 1.337.1.3/39. Акт.

ограничуван во развојот на својата основна дејност, при што финансирањето било проблематично.

Во врска со административните проблеми на архивот, обично контактите биле на релацијата "Финансиска дирекција на Скопје", "Државниот архив во Скопје"[484] и Министертството на финансии на Кралството СХС во однос на разните финансиски предмети во врска со архивот.[485] Своите барања за доделувањето на финансиски средства Д. Лазаревиќ, најчесто ги упатувал до Министерството за просвета, преку кое добивал одредени наменски средства за одржување на архивот.[486]

Државниот архив ги обавувал и работите во врска со осигурувањето на својот малуброен перонал. Доставувал барања и известувал за набавките на канцелариските материјали (машини за пишување, хартија и сл.); давал месечни и периодични извештаи за финансиското работење; правел разни табели и други документи за докажување на извршувањето на даночните обврски на архивот и сл.

При разгледувањето на прашањето во врска со архивската дејност, на Д. Лазаревиќ, како управник и навистина како прв архивски работник во "Државниот архив на Скопје", можно е да се заклучи, дека во рамките на своето знаење и можности, совесно се ангажирал во решавањето на задачите што му биле поставени и самиот работел врз средувањето на фондовите и граѓата, со оние знаења и искуства што ги имал и што ги стекнал во малата соработка што ја имал со другите архиви.

Архивската дејност на Д. Лазаревиќ во "Државниот архив на Скопје" во времето на неговото работење во него, несомнено дала го-

---

[484] ДАРМ, 1.337.1.1/306. Како на пример многу итниот акт од "Финансиската дирекција" во Скопје, од 28 февруари 1929 г., бр. 4042, со кој Државната архива во Скопје се известува дека ѝ се извршуваат сите расходи до месец април истата година.

[485] ДАРМ, 1.337.1.1/319. Доверливи акт од Министерството за финансии во Белград испратен до Државната архива во Скопје, од 1 март 1929 год., Дв бр. 178896/28., со кој се известува дека ѝ се доставува "Правилник за работата на Отсекот за сметководство" за службена употреба.

[486] ДАРМ, 1.337.1.1/321. Едно од таквите барања, под бр. 45 од 18.3.1929 година, го упатил до Министерството за просвета и со него замолил да му се одобрат кредити на требувања за првото тримесечие од годината. Кредитите требале да бидат отворени преку Финансиската дирекција во Скопје.

лем и значаен допринос за формирањето и работата на првата научна и професионална институција од архивски тип во Македонија, односно појавата на "Државниот архив на Скопје".

Иако Д. Лазаревиќ бил вреден, совесен и за своето време добро остручен архивски работник, разбирливо е дека не можел да постигне поголем успех во својата работа и воопшто во работата Државниот архив, со оглед на скромните можностите за работа.

Равојот на архивската дејност, во времето на неговото работење во "Државниот архив", не можела да постигне поголем напредок, отколку што тоа било можно врз основа на условите во кои можел да функционира Државниот архив како установа од државен тип и посебно како архивска установа со посебен вид на дејност.

Исто така, при развојот на социјално-економските, државно-правните и политички прилики, не било можно да се очекува, дека режимот на Белград во периодот меѓу двете светски војни имал посебен национален интерес да оформи архивска служба и дејност во Вардарскиот дел на Македонија, односно т.н. "Јужна Србија" или "Вардарска Бановина".

## 4.6. СУДБИНАТА НА АРХИВСКАТА ГРАЃА ВО ПЕРИОДОТ НА АПРИЛСКАТА ВОЈНА

Судбината на архивската граѓа настаната во Македонија од органите на управата и другите институции за време на Кралството Југославија до априлската војна во 1941 година, доби други текови со почетокот на Втората светска војна и со навлегувањето на бугарските и италијанските фашистички и окупаторски сили и веднаш потоа со воведувањето на нивната административна, полициска, воена и друга власт од почнувањето на нивното управување и владеење со Вардарскиот дел на Македонија.

Судбината на архивската граѓа што постоеше до април 1941 година, според досегашните сознанија, останува прилично нејасна. За неа не се познати многу поединости и малку се знае за нејзината судбина и исчезнување, во смисол на тоа, колку количински изнесувала граѓата, односно, каков вид граѓа претставувала, каде била однесена, каде се чувала и каква ѝ била понатамошната судбина.

Тоа се непознатици, за кои малку е пишувано до сега, а што се должи на повеќе причини, меѓу кои, меѓу првите доаѓа аспектот на архивската дејност, на архивистите од двете земји, СФРЈ односно Народна Република Македонија и во најново време Република Бугарија. Ова прашање како државно-правен акт писмено не било регистрирано од повоената генерација архивисти и дека истото во дадено време на обостран и прифатлив начин ќе се решело. За жал тоа до денес сè уште не се случило, во рамките на онаа мерка, која би била задоволувачка за македонската и бугарската држава.

Исто така е факт и дека архивските институции во Македонија и Бугарија, во текот на повоените години и до политичките промени во источно-европските земји и на Балканскиот Полуостров, особено кон

крајот на 90-те години, покренувале иницијативи за решавање на значајниот проблем за прашањата за архивите. Во најново време се чувствува подготвеност на поедини раководители во Централнниот Државен Историски Архив во Софија за поискрена и поплодна меѓуархивска соработка и истражувања во архивите.

Во Република Македонија се познати одреден број податоци, кои се основа за понатамошните истражувања или еден вид реституција на граѓата однесена од Вардарскиот дел на Македонија во април и подоцна во 1941 година во Царството Бугарија.

Одредени сознанија и сведоштва за судбината на архивската граѓа затечена во Македонија во априлската војна во 1941 година наоѓаме и во неколку југословенски публикации и периодика. Во нив се констатира дека во текот на Втората светска војна масовно била уништувана српската архивска граѓа од минатото, а голем дел од неа била и однесена. Значаен дел од граѓата бил уништен во земјата во самиот почеток на окупацијата. Ѓраѓата што била однесена од земјата, ни до денешен ден не е целосно вратена.[487]

Исто така индикација за судбината на архивската граѓа однесена во текот на 1941 година и подоцна, утврдува и Неџат Јашар, еден од првите повоени архивисти во Македонија. Работејќи врз граѓата на "Државната архива во Скопје" за периодот од 1926 до 1951 година, тој наведува дека "оние архивалии кои до ослободувањето се наоѓале на теренот (во Вардарскиот дел на Македонија - Ѓ. С.) во најголемиот дел биле однесени или уништени.[488]

Одредени бројчани и други податоци во врска со судбината на граѓата однесена регистрираме во македонската историска литература од понов период. Меѓу другото, се утврдува дека со воспоставувањето на бугарската државно-административна власт во април 1941 година, на

[487] Arhivska služba i arhivistika u SFRJ i oružanim snagama Jugoslavije, M. Jovanović, B. Kresojević, Vojnoistoriski Glasnik, 3/1984, Beograd, 1984, s. 305-313

[488] N. Jašar, Državna arhiva NR Makedonije 1926-1951, Arhivist, g. IV, Beograd, 1954, sv. 1, c. 89-94.

плански начин се отпочнало со уништувањето на духовното и историското наследство, културните установи и споменици на македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија.[489]

Уништувањето на историското наследство почнало во архивите и библиотеките. Тоа се однесува посебно на духовното богатсво што ја претставувала архивската граѓа собрана во црквите и општините.[490] При крајно уништувачката и деструктивна активност во училиштата и книгите кои се наоѓале во нивните простории, особено биле уништувани оние од претходната власт на Кралството Југославија на теренот во Вардарскиот дел на Македонија.

Во текот на наведените активности при уништување на книгите и документацијата, биле уништени или однесени во Царството Бугарија, според одредени податоци околу 24.438 книги и 22 архиви или регистратури на училиштата, со 49 должински метри архивска граѓа. Тоа значи, само врз основа на овој податок, вкупно 490 архивски кутии од архивска граѓа, односно, што значи во архивски просек по 950 листови архивска граѓа во една архивска кутија или по најмалку 300 до 320 документи (предмети) на граѓа од периодот меѓу двее светски војни во рамките на Вардарскиот дел на Македонија.[491]

Покрај архивската граѓа и документарниот материјал, посебно бил уништуван оној печат, т.е. книжниот фонд, во кој се пишувало за Македонија и Македонците како посебен народ, (со потекло од КПЈ и Балканската Комунистичка федерација) а посебно биле уништувани и пострадале и историските и културните споменици.

Уништувањето на архивската граѓа, архивските книги и литературата започнало во средината на април 1941 година, кога навлегла италијанската војска во западниот дел на Македонија и кога по 17 мај 1941 година, со декретот на Мусолини била воспоставена воено-админи-

[489] Историја на Македонскиот народ, том петти, Скопје, 2003, с. 51-82.
[490] Ibidem, с. 70.
[491] Ibidem.

стративна власт и го започнала водењето на своите архиви, при тоа исфрлајќи ги архивите на претходната власт или делумно задржувајќи ги во просториите.[492]

Веднаш по окупацијата на Македонија во 1941 година, од страна на бугарската државна власт била организирана *"Служба за ослободените земји"* при "Дирекцијата за национална пропаганда".[493]

Првите мерки што требало да се преземат од страна на бугарската пропаганда на национален план покрај другото било да се задуши македонското национално сознание. Меѓутоа, увидувајќи дека преку своите окупаторски власти: војската, полицијата, административниот и културно-просветниот апарат, немало поддршка од поголемиот дел на македонскиот народ, бугарската влада преку "Дирекцијата за национална пропаганда" пристапила кон денационализација со сите средства и методи.

При спроведувањето на денационализацијата "Дирекцијата за национална пропаганда" организирала акција за собирање книги и материјали[494], кои се зачувале уште од времето на турското владеење во Македонија. Всушност, тоа бил македонски книжен и библиотечен материјал, чие собирање и уништување значело уништување на делата на македонското духовно творештво и култура. "Дирекцијата за национална пропаганда" за целите на ова собирање, односно одземање на духовните богатства од македонскиот народ, формирала посебен архив при редакцијата на весникот "Целокупна Бњгариц" за собирање на српски, турски и останати книги и материјали. При тоа во овој "архив" биле собирани фотографии на македонски револуцинери и борци, кои се бореле за слобода на македонскиот народ уште во времето на турското владеење во Македонија; фотографии на црковни великодостојници,

---

[492] Ibidem, с. 71.
[493] Р. Терзиоски, Денационализаторската дејност на бугарските културно-просветни институции во Македонија (Скопска и Битолска окупациона област) 1941-1944, Скопје 1974, с. 179-228.
[494] Ibidem, с. 195.

културни дејци и сл. Овие, се разбира заради успехот на целите на пропагандата, биле прогласувани за бугарски.[495]

Акцијата за собирање на материјалите ги опфатила и архивите, писмата од поединци македонски дејци, стари македонски ракописни книги, разни устави на револуционерни и граѓански организации, кои биле организирани и дејствувале во Македонија за нејзиното ослободување за време на турското владеење. При тоа биле собирани и разни печати, документи од српски и грчки установи и службени лица поврзани со ослободителната борба на македонскиот народ.[496]

Во врска со архивските книги и воопшто пишаниот печат, треба да се бележи и уште една друга акција, што исто така ја организираше “Дирекцијата за национална пропаганда". Таа беше наменета за целосно уништување на останатите, затечени српски книги, кои претставувале книжен фонд и друг документарен материјал што се наоѓал на теренот во Вардарскиот дел на Македонија.

За остварувањето на зацртаната цел, наведената “Дирекција”, преку бугарските административни власти на теренот, наредила: сите лица што располагале со книги, а што е мошне значајно, доколку располагале со архивски материјал на српски јазик, биле задолжувани во рок од 15 дена да им го предадат на најблиските административни власти. Лицата што не ќе ја извршеле оваа наредба, биле земани на одговорност.

При собирањето на книгите и архивите, особено била ангажирано бугарското “Министерство за трговија”. Тоа со својата акција најмногу успеало да ги одземе архивската граѓа, архивските книги и документарниот материјал, кој се наоѓал на теренот низ целиот дел на Вардарска Македонија, а бил претходно создаден од фондообразователите во времето на владеењето и окупацијата над македонскиот народ од страна на Кралството Југославија.

---

495 Ibidem.

496 Ibidem, с. 195-196; в. “Целокупна Бьгария", г. I, бр. 67, 1941 г., Софија, с. 3.

Споменатото министерство за собирањето на архивите и книгите издало наредба, според која: 1) Сите книги и архиви на бившите српски власти, општински и автономни установи да не се уништуваат, туку цели да се чуваат за преработка во фабриките за хартија, 2) Старите архиви на државните установи, со исклучок на архивите на "Министерството за правосудство", "Министерството на железниците", "Главната дирекција на поштите и телеграфите", "Министерството за надворешни работи" и "Министерството за внатрешни работи", односно сите настанати во времето на српското владеење да се предавале направо во хартиено-мукавните фабрики.[497]

Од официјално објавената наредба, јасно се регистрирала главната цел за декларираното зачувување, односно земање во свој посед на архивите на претходната државна управа во Вардарскиот дел на Македонија од времето на владеењето и окупацијата на Кралството Југославија или пред април 1941 година и порано.

Посочените архивски материјали претставувале одреден дел од најзначајната архивска граѓа на претходната српска државна управна власт во Вардарскиот дел на Македонија и тие биле непобитно сведоштво за животот и работата на македонскиот народ во периодот пред Втората светска војна и замената на една српска со друга нова бугарска окупација на Македонија во април 1941 година.

При разгледувањето на проблемот во врска со судбината на архивската граѓа, треба да се напомене, дека тој не е статичен, еднаш за секогаш даден факт или закон на појава од завршена состојба, која важи и се однесува само на периодот од април 1941 година и непосредно потоа. Напротив, тоа значајно прашање станало актуелно токму во моментот, кога архивската граѓа, архивските книги, документарниот материјал и другите извори почнале да се собираат од страна на бугарските власти низ целиот Вардарски дел на Македонија и да се пренесуваат

[497] Р. Терзиоски, оп. цит., с. 196.

во Бугарија. Тоа сеуште постои и е актуелно повеќе од шест изминати децении, си останува отворено прашање за судбината на архивската граѓа однесена од Вардарскиот дел на Македонија.

За судбината на архивската граѓа од времето по окупацијата во април-мај 1941 година и подоцна, повеќе од шест децении скоро ништо не се пишува во архивските, научните и стручните кругови. Тоа прашање не се поставило во разработка и решавање во македонската и бугарската архивистика во времето на СФР Југославија, кога не се пишуваше за оваа значајна проблематика во југословенските и бугарските архивски стручни галсила и литература.

Едноставно овој многу значаен проблем за македонската наука, на некој начин се заобиколуваше. Поуспешни и поплодни потези за негово решавање се направија по осамостојувањето на Република Македонија во 1989 година. Од тогаш па наваму, постојано се истражува граѓа во република Бугарија и на тој начин постепено се работи на решавањето на ова прашање за расветлување на судбината на архивската граѓа, која во текот на војната 1941-1944 година беше однесена од Вардарскиот дел на Македонија од државните органи на бугарската окупација.

Досегашната соработка со бугарските архиви, како еден од главните фактори за решавањето на ова прашање, особено во текот на последните десетина и повеќе години, бележи извонредни практични резултати, како на полето на неколку архивски стручни сфери, меѓу кои и заедничко двојазично иадавање на граѓа, исто така и на полето на истражувањето на фондови кои содржат податоци за историјата на македонскиот народ.

Во врска со поновата соработка со бугарските архиви, можно е да се констатира, дека е донесена граѓа од поголем број семејни и регистратурски фондови со податоци за историјата на македонскиот народ во минатото. Со наведената граѓа се посведочува активноста на определени македонски културни, научни, општествени, политички личности,

идеолози од македонското револуционрно минато, револуцииoнерни активисти и други работници, потоа трговци, литерати итн.

Преку архивската граѓа на автентичен начин, како веродостојно постоење се посведочува, легитимира и утврдува нивното дело и придонес во развојот на македонскиот народ низ вековното присуство на неговата национална историја. Истото сведоштво се однесува и за определени граѓански или политички здруженија и групации, кои дејствувале во корист на потребата и идеите за изразување на македонската самобитност и посебност, како и за создавање на македонска национална држава.

Презентираното прашање за македонската историска наука и македонската архивска дејност е значајно и поради причината, што македонското историско минато не е само македонско, туку тоа е истовремено и историско минато на Балканскиот Полуостров и Југоисточна Европа. Како такво е значајно и за проучувањето на минатото на Југоисточна Европа, како дел од Европа, што е потребно и за анализата на историјата на Балканскиот Полуостров, како и други региони во Југоисточна Европа и Европа, да биде веќе целосно разработена и да се користи од страна на сите истражувачи.

Сепак, доколку и покрај добрите односи меѓу државите и архивите од Република Македонија и Република Бугарија, не постои можноста граѓата која се однесува на историјата на македонскиот народ да не биде пристапна за македонските истражувачи уште одредено време, од наша страна тој факт не го примаме како неприфатлив. Сметаме, дека граѓата за Македонија, врз основа на веќе добиените сознанија од секундарни и терциерни извори, се чува во бугарските архиви, меѓутоа, од одредени причини, заради карактерот на деловна тајна, државна тајна, или заради друг државен или архивски пропис, не се дава на користење.

Наведената состојба на архивската граѓа претставува нормална постапка во архивите за граѓа, која има подолги рокови на користење,

поради одредени содржини, кои значат државен, политички или друг значаен интерес на земјата.

# ГЛАВА ПЕТТА

# ВОСПОСТАВУВАЊЕТО НА ОКУПАЦИЈАТА И ПОДЕЛБАТА НА МАКЕДОНИЈА МЕЃУ БУГАРИЈА И ИТАЛИЈА И ПРОМЕНИТЕ ВО АРХИВСКАТА ДЕЈНОСТ (АПРИЛ-МАЈ 1941 ГОДИНА)

## 5.1. ВОСПОСТАВУВАЊЕТО НА БУГАРСКИОТ ОКУПАТОРСКИ СИСТЕМ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОЛЕМОБУГАРСКАТА ПОЛИТИКА ВО СКОПСКАТА И БИТОЛСКАТА ОБЛАСТ

Воспоставувањето на бугарската окупаторска власт во Вардарскиот дел на Македонија започна на 18 април 1941 година, кога навлезе бугарската царска војска во границите на окупираното подрачје определено од Германците,[498] односно претходниот српски окупационен систем беше заменет со бугарски.

Окупацијата се изведувала во три фази, така што во првата фаза навлегле воените сили и воспоставиле воена власт. Таа се воспоставувала напоредно со напредувањето на воените сили, од 18 април 1941 година, прво во поголемите градови и во густо населените места, а потоа сообраќајни јазли и на главните комуникации и завршила на 28 мај 1941 година.[499]

Во втората фаза, во април 1941 година, покрај воената, се воспоставила и полициската власт, која спровела повеќе мерки: воведување полициски час, ограничување и строго контролирање на движењето, издање нови лични исправи, вршење раселувања, апсења и строга цензура, а во случај на непослушност, полициските власти се служеле и со терот и злосторства. Напоредно со таквите активности, бугарските сили правеле и силен психолошко-пропаганден притисок.[500] Со воспоставувањето на воената и полициската власт, се вршила оваа фаза во воспоставувањето на окупациониот систем.

Во третата фаза, која може да се нарече и воспоставување на административната власт, од 25 април 1941 година, почнала да се организира и да се оживува *стопанската дејност*, напоредно со *администра-*

---

[498] Историја на македонскиот народ, том петти, Скопје, 2003, с. 53, 62.
[499] Ibidem, с. 61-63.
[500] Ibidem. с. 63.

*цијата, образованието, црквата, културата, здравството,* како и *уредувањето на информативната, финансиската и некои други дејности* од обласга на цивилниот општествен живот.[501]

Овие области, како основни центри на општествената стварност во окупираниот Вардарски дел на Македонија, по окупацијата претставувале влезна врата преку која започнала да влегува големобугарската пропаганда.

По воспоставувањето на окупациониот систем, бугарската влада извршила еднострана анексија, со еден вид обединување на земјата, а потоа побарала меѓународно признавање на сувереноста врз окупираните територии.

Почетокот на организирањето и функционирањето на бугарскиот окупационен систем, значело дека власта ги презела природните, културните и сите други богатства на македонската територија, и ги прогласила за бугарско наследство, а истовремено почнала да врши и асимилацијата над македонскиот народ.[502]

За овој вид "ослободување", како што се нарекувало влегувањето на бугарските сили на територијата на Вардарскиот дел на Македонија од страна на бугарската пропаганда, бугарската влада веќе имала подготвени сили, кои за кратко време и без поголеми проблеми воспоставиле воена, судска и законодавна, а потоа и административна и политичка власт, како и црковна јурисдикација.[503] На тој начин, животот и функционирањето на бугарската власт требало да течат исто како и во Царството Бугарија.

Од воен аспект гледано, воено-политичкото раководство на Царството Бугарија во почетокот на 1941 година ја упатило својата Петта армија, составена од три дивизии, која добила задача, по навлегувањето во Вардарскиот дел на Македонија, да воспостави прво воена власт и да

[501] Ibidem, c. 63.
[502] Ibidem, c. 60-61.
[503] Ibidem, c. 61.

создаде услови за воспоставување на *полициската, административната, образовната и црковната* бугарска власт.[504]

Освен формациски, во овој дел на Македонија биле упатувани и специјални воени единици за вршење посебни задачи. Освоената територија, од страна на воените власти била прогласена за *Петта армиска област*, со седиште на командата во градот Скопје.[505]

Територијално-организационата поделба на Вардарскиот дел на Македонија била исто така како и во другите армиски области во Бугарија. Тука се формирале три дивизиски области, Скопска, Битолска, а од 1943 и Штипска, со седум полковски воени окрузи. Командниот состав се менувал често и командата на Петтата армија за целото време на окупацијата се наоѓала во градот Скопје.[506]

Со воспоставувањето на воената и полициската власт, завршила *првата фаза* во воспоставувањето на бугарскиот окупационен систем, така да потоа можело да се премине на формирањето на административната власт.[507] Ова било можно, со тоа што воените и полициските сили овозможувале доведување цивилни лица од "старите краеви" на Царството Бугарија и воспоставување *цивилна,* односно воведување *државно-административна власт* во новоосвоените краеви.

Актот на официјалното воспоставување на воената и полициската државно-административна власт во Вардарскиот дел на Македонија го прогласил царот Борис на 25 април 1941 година. Окупираната територија била поделена на две административни области: Скопска и Битолска.[508]

Во рамките на Скопската област влегле и некои делови од јужна Србија и Косово и ја сочинувале 14 околии со 16 градови и 83 селски општини. Кон Битолската административна област власта ја приклучи-

---

[504] Историја на Македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 341-344.
[505] Историја на македонскиот народ, том петти, с. 61.
[506] Ibidem.
[507] Ibidem, с. 63; Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 342.
[508] Ibidem, с. 342-343.

ла Струмичката, Беровската и Царевоселската околија, кои претходно припаѓале на Скопската област.

Во Егејскиот дел на Македонија се формирала Беломорската административна област со седиште во градот Ксанти.

Ваквата поделба на административни единици, бугарската окупаторска власт ја направила во согласност со административната поделба во Бугарија, и истата претставувала само проширување на постојната административно-територијална структура на Царството Бугарија.[509]

Истовремено, со воспоставувањето на државно-административната власт, од есента 1941 година бугарската влада почнала систематски да го воведува бугарскиот образовен систем во Македонија.[510] Таа задача на почетокот ја спроведувале *"Министерството за просвета"* и *"Дирекцијата за национална пропаганда"*, кои тогаш му биле потчинети на Министерството за внатрешни работи, а подоцна поминала под надлештво на Министерството за просвета.

Основната цел при воведувањето на бугарскиот просветен систем во Македонија била да се бугаризираат култура и да се изврши асимилација над македонскиот народ. При реализацијата на поставената политика за развивање на просветата, бил создаден широк систем на училишни институции: основни училишта, прогимназии (осмолетки) и гимназии до факултет, односно формирање и на универзитет во Скопје.[511]

Бугарскиот окупаторски систем во Вардарскиот дел на Македонија целосно се комплетирал кога црквата се вклучила во функција на спроведување на владината политика.[512] При воспоставувањето на црковната власт во анектираните територии, Бугарската православна црква тргнувала од неостварените желби да воспостави јурисдикција над териториите со кои владеел егзархатот.

[509] Ibidem, с. 342-343.
[510] Ibidem, с. 346-347.
[511] Ibidem.
[512] Историја на македонскиот народ, том петти, Македонија во Втората … с. 65; Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 345-348.

По воспоставувањето на воената, административната и полициската власт, Светиот синод на Бугарската православна црква на 8 јули 1941 година упатил своја мисија во Скопје за да се запознае со ситуацијата и да го извести за состојбата пред скорешното донесување на уредбата за воспоставување црковнаа управа во окупираните краеви. Со подготовките за донесувањето на спомenатата уредба, Бугарската православна црква фактички преминала на остварување на желбата да воспостави јурисдикција врз територијата на некогашниот егзархат на македонските простори, што ѝ било овозможено со окупацијата на Вардарскиот дел на Македонија.[513]

Бугарското свештенство на окупаторските власти, во духот на владината политика, им служело како пропагандна машинерија. Бугарските свештеници секогаш го истакнувале "бугарското" потекло на македонскиот народ, организирале масовни проповеди и ја користеле секоја прилика преку богослужбата со верниците да држат пропагандни говори, особено за македонската, односно за бугарската духовна култура.[514]

Со цел да остварела помасовно и поефикасно влијание врз народот, "Бугарската православна црква", во соработка со "Министерството за просвета", преминале кон формирањето на христијански друштва во училиштата. Во друштвата се вклучувале учениците од сите одделенија и врз нив се вршело идеолошко влијание. Програмата за работа на овие друштва ја одобрувала полицијата.[515]

Она што постоело и останало од времето на претходната српска окупаторска власт како културно, духовното и историското богатство, исто така било уништувано од бугарските окупаторски власти во Вардарскиот дел на Македонија или пренесено во Бугарија. Свесно било

[513] Ibidem, с. 65-66. Пред тоа, во контекстот на подгототвките, биле создадени четири епархии: Скопско-Велешка, Охридско-Битолска, Струмичко-Драмска и Марониска (Драмската и Марониската биле во егејскиот дел на Македонија).
[514] Ibidem, с. 66.
[515] Ibidem.

уништувано просветното и научното наследство, културните установи и историските споменици на македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија окупиран од бугарските власти, со цел да се уништи сознанието за коренот на македонскиот народ.[516]

Духовната дискриминација на народот била едно од најголемите злосторства на бугарската политика во Македонија. Тоа се правело преку спроведување систематски мерки на нејзино пљачкосување, преку насилно однародување по пат на задушување на националната култура, со прекинување на традициите и обичаите и со други мерки на терор и застрашување.[517] Тие мерки се спроведувале ригорозно и масовно, преку нив се затемнувала свеста на поединците и колективното паметење на народот, ги прекинувале корените на народното постоење и поврзаноста на потомците со своите предци.[518] Оваа духовна дискриминација се вршела и со промена на имињата и јазикот на народот, со разурнување на училишта и цркви, со опожарување на куќи и книги и со уништување на сите извори на патриотизмот што од претците им останале и им се пренесувале на поколенијата.[519]

Од посебно трагично значење за македонскиот народ, од аспект на историјата и архивистиката, како науки што ги користат библиотечните фондови и архивската граѓа, како извори на сознанија и сведоштва за историското минато на македонскиот народ, претставува историскиот факт што бугарските, слиучно на српските, грчките и италијанско-албанските окупатори, посегнале и по овие богатства на македонскиот народ.

Уништувањето на духовното богатство почнало да се спроведува и во библиотеките и архивите. При тоа, особено богатство претставувала архивската граѓа што била затечена во црквите и општините.[520]

---

[516] Ibidem, с. 69.
[517] Ibidem.
[518] Ibidem, с. 69-70.
[519] Ibidem, с. 70.
[520] Ibidem.

Покрај тоа, власта сериозно се зафатила да ги уништува училиштата и литературата, особено онаа што била пишувана на српски јазик. При ова биле уништени или однесени 24.438 книги, како и 22 архиви со 49 должински метри архивски материјал[521]. Посочените состојби говорат за една невидена суровост во уништувањето на македонското културно и духовно наследство, слично на настаните во времето на Балканските и на Првата светска војна од 1912-13-1914-1918 година, вршено од големосрпската, големогрчката и големобугарската буржоаски и националистчки монархиски црни режими.

Во Вардарскиот дел на Македонија потполно биле разурнати 82 српски училишта, а 26 само делумно и ограбени училишниот инвентар и помагала, кабинетите и сл.

Покрај архивата (водена на српски јазик), како основен извор за сведоштвата за постоењето и идентитетот на македонскиот народ и литературата, посебно бил уништуван оној печат пишуван од КПЈ, Балканската комуинистичка федерација и Комунистичката интернационала, во кого било пишувано за Македонија и Македонците како посебен народ, додека печатот во кој се пишувало од големосрпски аспекти бугарските окупатори го искористувале за антисрпска пропаганда.[522]

Уништувањето што го вршел бугарскиот окупатор во Вардарскиот дел на Македонија ги зафатило и природните музеи. Скопскиот и Струшкиот музеј, со богати археолошки, природни и културни збирки, прво биле ограбени, а потоа уништени.[523]

Во плановите на денационализаторската политика особено внимание се посветувало на уништувањето на историските и културните споменици. Тие требало претходно што повеќе да се ограбат а потоа и да се уништат, а преку нив, се сметало, дека може да се наметнува "бу-

---

[521] Тоа значи 490 архивски кутии архивски материјали, што значи архивска граѓа и документарен материјал, кој денес за нас, според актуелната архивска регулатива во Република Македонија, со оглед на времето на постанок, пред 1944 година, има својство на архивска граѓа од I категорија.

[522] Историја на македонскиот народ, том петти, Македонија во Втората ... с. 70.

[523] Ibidem.

гарското" потекло и спомениците да се користат во пропагандата за остварување на големобугарските цели.[524]

Во поглед на воспоставувањето на бугарскиот окупаторски систем во Македонија во април–мај 1941 година, можно е да се констатира, дека Бугарија, како една од балканските земји-аспиранти за завладување на Македонија, барала да ѝ се исполни големата желба да ја завладее Македонија во нејзиниот Вардарски дел. Од друга страна, сега, во првата половина на 1941 година, "под патронат" на Третиот Рајх, влегла на "светата земја", затоа што како инаку треба да се протолкува значењето на Македонија за Бугарија, кога оваа (Македонија) постојано е доминантен интерес на Бугарија на Балканот: во периодот на турското владеење, во периодот меѓу двете светски војни, па и во текот на Втората светска војна.

Колку и да звучи необично, ова е дел од објективната вистина за односот на Бугарија спрема Македонија. Македонија, како колевка на словенската писменост, култура и уметност, традиција на словенскиот фолклор, претставува сѐ она што Бугарија сака да го претстави како свое изворно. Оттаму и потребата да се ограби и тука на местото да се уништи што повеќе и што побргу сѐ што е македонско.

Спроведувањето на големобугарската политика преку создадените органи на управата, инситуциите и другите окупаторски организации на територијата на Македонија во двете оформени административни единици, Скопската и Битолската област, за доминантна цел ја имаше денационализаторската политика.

За реализацијата на својата цел, бугарската влада окупацијата на Македонија пред светот ја прикажувала како природно проширување и преземање "свои национални територии".[525] Со иста цел бил создаден и голем пропаганден апарат за спроведување на големобугарската политика во Македонија. Тој требало да одигра клучна улога во денациона-

[524] Ibidem.
[525] Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 339-414.

лизацијата на македонскиот народ во наведениот период. Денационализацијата на македонскиот народ систематски се спроведуваше и од страна на разновидни "културни" и други пропагандни институции и организации. Посебно под силен пропаганден притисок беше изложена македонската младина во училиштата, бидејќи училишниот систем на Бугарија всушност претставуваше најорганизиран дел на нејзината денационализаторска пропагандна политика.[526]

Развивајќи интензивна и широка пропагандна дејност против предвоениот великосрпски културно-просветен систем во Македонија, бугарските окупаторски власти преку својата пропаганда пристапија кон создавање на широка мрежа школски институции, која ги опфати речиси сите поголеми населени места во Македонија.

Со слична намера беше и подготвувањето на отворањето на Филозофскиот факултет во Скопје во учебната 1941/42 година, кое уследи во следната 1943/44 учебна година.[527]

Во училиштата во Македонија беа создадени специјални наставни програми, кои требаше да ја обезбедат денационализацијата на македонската младина.[528] Учењето на бугарскиот јазик ја опфати не само училишната младина, туку и возрасните, бидејќи за бугарските окупаторски власти ова претставуваше многу акутно прашање.

Дирекцијата за национална пропаганда, како посебно пропагандно тело, имаше ангажирано голем број научни институции во Бугарија, кои пред јавноста требаше да докажат дека Македонија е бугарска земја, Македонците се Бугари.

Како резултат од испробаните рецепти на пропагандните машинерии и на останатите балкански народи (српскиот и грчкиот) за негирање на македонската националност и посебен ентитет, се користеше и

[526] Ibidem, с. 346.
[527] Ibidem. Причините за долгите подготовки беа во ориентацијата, студентите од Македонија извесно време да се школуваат во Бугарија, за да го совладаат јазикот.
[528] Ibidem.

големобугарската политика и секакви можни методи и средства во спроведувањето на денационализаторска политика во Македонија.[529]

Големобугарската политика, во духот на оваа денационализаторска политика, испраќаше многубројни делегации, носители на културниот и јавниот живот во Бугарија, во посета на Македонија. Учителите, свештенците и другите културно-просветни работници, со спроведувањето на денационализацијата преку училиштата и другите институции, беа задолжувани да даваат известувања за политичкото расположение и убедување на народот и за тоа како гледа тој на бугарската власт.[530]

Осврнувајќи се на другите инструменти, со кои на систематски начин се служела бугарската пропагандна дејност при спроведувањето на својата политика во Македонија, неизоставно треба да ги наведеме и националистичките и фашистичките организации, кои беа создадени во Македонија, како органи на нивната дејност.[531]

Целта на бугарската влада беше со создавање фашистички организации на политички план да го придобие македонскиот народ, бидејќи гаеше илузии дека тој, поради тешката, нерамноправна и ропска положба во Кралството Југославија и Грција, ќе ја поддржува политиката на бугарската буржоазија. За таа цел меѓу младината беа создадени фашистички и националистички организации, кои ѝ служеа на каузата на големобугарската политика. Во нив спаѓаа: “Браник”, “Отец Пајсиј”, “Легионери”, “Ратници” и други. Меѓу граѓанството дејствуваа: “Бојци од фронтот”, “Ополченци”, “Резервни офицери”, “Јунак”, “Труд и радост” и други, чиј вкупен број во 1941 година изнесуваше преку 40 организации и здруженија, кои имаа експозитури во скоро сите градови и места во Македонија.

Основните цели на големобугарската политика сѐ уште ни од далеку не беа исполнети во задоволувачката мерка. Воспоставувањето на

[529] Ibidem, с. 347. За оваа цел, посебно место заземаше во пропагандата Радио Скопје печатот, театарот и бројните фашистички организации и црквата.
[530] Ibidem.
[531] Ibidem, с. 348-414.

бугарскиот окупаторски систем т.е. административно-политичкиот апарат во Македонија и проширувањето на сите државно-правни институции сѐ уште не беа доволни да обезбедат остварување на целите на бугарската буржоазија за целосно инкорпорирање на окупираното подрачје кон Царството Бугарија.[532]

Ова претставуваше изразито силна пресија, под која беше изложена, пред сѐ, македонската младина, учениците и студентите. Школскиот систем на бугарските окупаторски валсти во Македонија претставуваше пропагандна машинерија впрегната во извршувањето на една акција на фашистичка Бугарија.[533]

Како испробан денационализаторски инструмент на великобугарската бугарска политика од минатото, културно-просветниот систем во Македонија требаше да ги докаже историските права (на Бугарија) над Македонија.[534] Со ова докажување, великобугарската политка во Македонија, преку културно-просветниот систем и неговите институции, се стремеше да му даде "правна" тежина и да му обезбеди трајна вредност на правото за присоединување на Македонија кон "мајката родина", кое нестабилно и сомнително ѝ го обезбедуваше единствено нејзината определеност кон Тројниот пакт, врз база на самодонесениот "правен" инструмент, од страна на нејзините сојузници во Оската, за воведување на нов поредок во Европа.[535]

Архивската граѓа настаната од времето и спроведувањето на големобугарската политика преку органите на управата, институциите и организациите во двете области (Скопската и Битолската), сведочи за една политика како неопходен елемент за зацврстување на бугарската власт во Македонија и за преточување на македонскиот народ во "бугарски", што, како што покажа времето, не успеа, и покрај големите притисоци извршени особено во периодот април-мај 1941 година.

---

[532] Р. Терзиоски, Денационализаторската дејност на бугарските ..., с. 15.
[533] Ibidem; M. Apostolski, A. Hristov, R. Terzioski, оп. цит., с. 22-29.
[534] Р. Терзиоски, оп. цит., с. 16.
[535] Ibidem.

## 5.2. УЛОГАТА НА ОРГАНИТЕ, ИНСТИТУЦИИТЕ И ОРГАНИЗАЦИИТЕ КАКО ФОНДООБРАЗОВАТЕЛИ

Улогата на органите, институциите и другите организации на бугарската и италијанската окупатортска власт во Вардарскиот дел на Македонија, кои постоеле и дејствувале како фондообразователи во времето април - мај 1941 година, претставува значајна појава од повеќе аспекти како сведоштво за состојбата во Македонија.[536]

Наведената состојба доведе до поделба на Македонија меѓу окупаторите и до воспоставување и функционирање на новите органи на власта,[537] како и до установувањето на органите, институциите и организациите како фондообразователи кај окупаторите.

Бугарските окупаторски органи на управата, нивните институции и организации, кои почнале да функционираат во Македонија, посебно во нејзиниот источен дел, со создавањето и употребата на документарниот материјал и архивската граѓа, во текот на работењето почнале да ја реализираат својата власт. Тоа се случувало преку организирање на форми на управување и раководење од страна на бугарските власти со помош на нивните човечки и материјални ресурси во Македонија.

Еден од аспектите на значењето на улогата на фондообразователите, во поглед на органите, институциите и организациите на режимот, се однесува на стремежот да ги организираат општественото, јавното, политичкото, стопанското, културното и другите видови дејствување, со цел *да ја реализираат, т.е. наметнуваат и спроведуваат нивната воена и цивилна власт врз народот во Македонија.*

Тоа во најголем обем се реализирало преку: 1) органите на централните државни установи, 2) локалните органи на власта, 3) развие-

[536] Улогата на разните фондообразователи ја одредуваме врз основа на карактерот на граѓата која се создавала кај поедините фондообразователи. Така, фондообразователот може да биде од сферата на државната управа, внатрешните работи, просветата, образованието, стопанството итн.

[537] Историја на македонскиот народ, том петти, с. 51-82.

ниот и многуброен полициски апарат и 4) правосудните органи, како дел од државната власт, која го вршела прогонот на прогресивните елементи меѓу македонскиот народ и ја извршувала казнената политика.

Се разбира дека како претпоставка за одвивањето на нормалните текови на животот во Македонија во сите негови сфери, како меѓу припадниците на окупаторските власти, така и за македонскиот народ, било неопходно потребно постоењето на наведените видови органи и институции. Тие биле воедно и фондообразователите, кои имале најзначајна улога во Македонија во текот на април и мај 1941 година во Вардарскиот дел на Македонија.

Фондообразователите од сферата на (1) централните државни установи на окупаторските бугарски власти кои дејствувале во Вардарскиот дел на Македонија се деловите на бугарските државни министерства, и кои имале многу значајна улога во спроведувањето на власта, односно нејзиното ставање во улога на спроведување на фашистичката идеологија и денационализаторската политика во Македонија.

Така на пример, улогата на Минстерството за надворешни работи и верата, како еден од централните државни органи и како значаен фондообразовател, се состоела во дејствување во сферата на конзуларната дејност и стопанството[538]. Во рамките на овој ресор, за сферата на верата, постоело едно тело, односно Дирекција за верата, преку која се регулирала работата на црквите, манастирите и другите работи во врска со верските обреди и богослужбата во Македонија. Во наведениот ресор, преку Дирекцијата за печатот, која имала посебни овластувања при ширењето на фашистичката идеологија, постоеле повеќе специјализирани служби, чија улога се состоела во вршење на надзорот и спроведувњето на политиката на окупаторските власти во сферата на печа-

[538] М. Константинов, Административно-територијалната поделба на Македонија за време на бугарската окупација, со осврт врз организацијата на бугарската власт и канцелариското работење применувано во периодот од 1941 – 1944 година, Реферат од Републичко советување одржано на 29 и 30 мај 1969 година, изд. Друштво на Архивските Работници на СРМ, Скопје, 1969, с. 13.

тот, културните врски со странство, документацијата и информациите.[539]

Понатаму, улогата на Минстерството за внатрешни работи и народно здравје, еден од централните државни органи и значаен фондообразовател, се состоела во тоа, на окупаторскиот режим да му пружи силна поддршка и да биде енергичен инструмент во реализирање на потфатите против народноослободителното движење на македонскиот народ, како и против прогресивните организации во самата Бугарија.

Потоа, улогата на Минстерството на војната, еден од централните државни органи и значаен фондообразовател, се состоела во отворено и активно служење на целите на националсоцијалистичката идеологија и поддршка на хитлеровата коалиција. Наведеното министерство за остварување на тие цели, освен во Македонија, организирало казнени експедиции и во Србија и во Грција.[540]

Следниот сегмент на фондообразовател претставувало Министерството на финансиите, еден од централните државни органи и значаен фондообразовател, кое ја имало улогата да се грижи за државните долгови и долговите кои ги гарантирала државата: за пензиите, емигрантите и буџетот, што во дадените прилики биле сегменти на режимот со значајна улога во неговото функционирање.

Минстерството за народната просвета, еден од централните државни органи и како значаен фондообразовател, покрај основната задача, да води грижа за процесот на просветување, за културата и науката во Бугарија и на окупираната територија во Македонија, ја имало и улогата да води грижа за спроведување на процесот на фашизирање на младината.[541]

Улогата на Минстерството за земјоделство и државни имоти, исто еден од централните државни органи и значаен фондообразовател,

[539] Ibidem.
[540] Ibidem, с. 15.
[541] Ibidem, с. 16.

била да се грижи за земјоделството, сточарството, земјоделското образование, за земјата, водите, шумите и санитарно-ветеринарната служба, со што ја извршувало својата задача во рамките на органите на државната управа и како такво служело за целосна реализацаија на целите на режимот.

Понатаму, улогата на Минстерството на општествените згради, патишта и благоустројство, како еден од централните државни органи и значаен фондообразовател, главно се состоела во градба и одржување на патиштата во Бугарија и на окупираната територија во Македонија, како и грижата при воспоставување на нови железнички линии.

Минстерството за трговија, индустрија и труд, како централен државен орган и значаен фондообразовател, ја имало улогата да ги уредува работите во областа на трговијата, индустријата и занаетчиството; да води сметка за снабдувањео на земјата; да ја води надворешната трговија, да ги регистрира и контролира природните богатства и да ги регулира односите во трудот во Бугарија и на окупираните територии во Македонија.[542]

Улогата на Минстерството на железниците, поштите, телеграфите и телефоните како централе државен орган и фондообразовател, се состоела во одржување на железниците и пристаништата, ПТТ-службите и радио-врските.

Фондообразователите од сферата на (2) локалните органи на власта, како управни организации на локално ниво, имале мошне значајна улога како фондообразователи и како институции во спроведувањето на државната политика на Бугарија и целите и задачите на окупаторскиот систем на територијата во Македонија на ниво на (1) *област*, (2) *околија*, (3) *градска*, и (4) *селска општина*.[543]

Највисокиот орган и со најзначајна улога како фондообразовател на ниво на (1) областа била Обласната дирекција. Таа имала ингерен-

[542] Ibidem.
[543] Ibidem, с. 17.

ции во областа на уредување на работите во ресорот од Министерството на внатрешните работи и народното здравје, односно при Обласната дирекција дејствувала и Обласната полициска управа со задачи да води грижа за јавниот ред и мир.

При Обласната дирекција исто така функционирал и Одделот за просвета, кој на локално ниво ја имал улогата да се грижи за народната просвета, работата на училиштата, назначувањето на учителите и сл.

На пониско ниво од областа, како органи на државната управа и фондообразователи со своја одредена улога биле (2) околиите, во кои функционираа Околиските управи. Тие во себе ги вклучувале единствено *Околиските полициски управи*, кои се грижеле за одржувањето на јавниот ред и мир. Покрај тоа, нивната главна улога се состоела во вршење на шпионска и претресувачка дејност, апсења, сослушувања, извршување полициски операции и злосторнички дела против активностите на македонскиот народ за неговото ослободување.[544]

Градските и селските општини (3) и (4) беа институции и фондообразователи на бугарскиот окупаторски систем, преку кои власта ја реализираше својата политика во сите нејзини сфери, покривајќи ја целата територија на Македонија.[545]

На чело на градските општини, постоеле повисоките органи на локалната власт, наспроти прокламираната самоуправа, која требала да се извршува преку Градскиот совет. Тие својата улога во заштитата на државните интереси и спроведувањето на државната политика ја вршеле преку надзор врз највисокото училиште во градот, ветеринарната станица, реонскиот шумски инспектор или шумар, државниот инженер или архитект, во синдикатот и кај сопствениците на недвижен имот.[546]

Општинските селски совети, како органи на локалната власт и фондообразователи биле со слична структура како и градските совети,

---

[544] Ibidem.
[545] Ibidem, с. 17-18.
[546] Ibidem, с. 18.

имале улога на општината да ѝ дадат демократска форма, но тие само ги следеле целите што бугарскиот режим си ги поставил во Македонија, така што селските општини биле во целосна служба на бугарскиот окупаторскиот режим во Македонија.[547]

Фондообразователите на органите од сферата на (3) полицискиот апарат во Вардарскиот дел на Македонија под бугарската окупација, од кои Државниот архив на Република Македонија поседува граѓа, се од неколку нивоа на окупаторските органи во Македонија од почетокот на Втората светска војна, од времето април–мај 1941 година до конечното ослободување на Македонија во 1944 година. Наведените фондови содржат граѓа од работата на полициските органи на бугарската полицијата на окупираните подрачја во Македонија.

Нивната улога се состела во одржување на јавниот ред и мир, а посебно се борела да ја сузбива дејноста на КПМ и активностите и борбата на македонскиот народ во народноослободителното движење за ослободување на Македонија.

Во составот на анализираните фондови се среќаваат акти, како што се пријави, решенија, наредби, полициски извештаи од претреси, сослушувања, записници од сослушувања, обвинителни акти и други полициски материјали, кои често пати содржат невистини, со сила или закана изнудени признанија или сведочења и други злосторнички дејствија, кои можат да се претпоставаат за една фашистичка полиција на окупаторот, која со сите сили се обидувала да го спречи ослободувањето на еден народ и формирањето на негова самостојна држава.

Во врска со разгледуваните проблеми се материјалите од групата на фондови Обласни дирекции, и тоа: *Обласна дирекција–Битола* од 1941 до 1944 и *Обласна дирекција–Скопје* од 1941 до 1944.[548]

---

[547] Ibidem.
[548] АМ, Архивски фонддови и збирки 1993-2005, Управа и јавни служби, Скопје, 2006, с. 37-38.

Од фондовите од групата на фондови Обласни полициски управи, во Државниот архив се наоѓаат фондовите: *Обласна полициска управа–Битола*, 1941-1944, и *Обласна полициска управа–Скопје,* 1941-1944. [549]

Од фондовите од групата на фондови Околиски управи, Државниот архив на Република Македонија поседува архивска граѓа од повеќе фондови, и тоа: *Околиска Управа–Берово*, 1941-1944, *Околиска Управа–Битола*, 1941-1944, *Околиска Управа–Гевгелија*, 1941-1944, *Околиска Управа–Кавадарци*, 1941-1944, *Околиска Управа–Крушево*, 1941-1944, *Околиска Управа–Куманово*, 1941-1944, *Околиска Управа–Неготино*, 1941-1944, *Околиска Управа–Берово*, 1941-1944, *Околиска Управа–Охрид*, 1941-1944, *Околиска Управа–Прилеп*, 1941-1944, *Околиска Управа–Радовиш*, 1941-1944, *Околиска Управа–Ресен*, 1941-1944, *Околиска Управа–Свети Николе*, 1941-1944, *Околиска Управа–Струмица*, 1941-1944 и *Околиска Управа–Штип*, 1941-1944 година. [550]

Од фондовите од групата на фондови Околиски полициски управи, Државниот архив поседува архивска граѓа од неколку фондови, и тоа: *Околиска полициска управа–Велес,* 1941-1944, *Околиска полициска управа–Кавадарци,* 1941-1944, *Околиска полициска управа–Струмица,* 1941-1944, и *Околиска полициска управа–Штип,* 1941-1944 година.[551]

Фондообразователите од сферата на (4) правосудните органи во Вардарскиот дел на Македонија, од кои Државниот архив на Република Македонија поседува архивска граѓа, се неколку Првостепените судови од времето април–мај 1941 година до 1944 година. Тоа се фондовите на првостепените судови: *Прокурор при Скопскиот обласен суд–Скопје,* 1941-1944 година и *Нотариус при Скопскиот обласен суд–Скопје,* 1941-1944 година.[552]

---

549 Ibidem, с. 38-40.
550 Ibidem, с. 40-45.
551 Ibidem, с. 45-46.
552 ДАРМ, Водич низ архивските фондови, Правосудство, Скопје, 2002, с. 11.
553 Ibidem, с. 49.

На територијата на Вардарскиот дел од Македонија што ја окупирала италијанската војска, а подоцна, во јули 1941 година, била анектирана кон Албанија, власта формирала свои органи, институции и организации, при што била формирана *Окружна уйрава* со *Префекйура* со центар во Дебар[553], која била највисока административна институција и најзначаен фондообразовател. *Околискийе уйрави* односно *йойпрефекйурийе,* биле составени од повеќе општини (комуни), а тие пак се состоеле од *ѓрадски и селски уйрави.*

Од претходно анализираните состојби, можно е да се констатира, дека органите, институциите и организациите на италијанско-албанските окупаторски власти во Вардарскиот дел на Македонија се јавуваат како фондообразователи на три нивоа и врз основа на тоа имаат и свои посебни улоги како фондообразователи. Најзначајна административна институција и фондообразовател, како што може да се констатира, била Дебарската префектура, која имала улога да ја организира и спроведува власта; да врши пропагандна дејност и да ги оневозможува обидите за дестабилизање на окупаторската власт од страна на народноослободителното движење во овој дел на Вардарска Македонија.

Како управни органи и институции на власта и фондообразователи со значајни улоги од бласта на правосудството на територијата на италијанско-албанската окупација во овој период се јавуваат неколку Првостепени судови.[554]

На прво место доаѓа "Првостепениот суд во Тетово", како правосуден орган и фондообразовател, кој судел за кривични дела, дела со граѓанска парница и дела според исламското шеријатското право. Освен тоа, "Првостепениот суд во Тетово" како фондообразовател, имал и улога да ја заштитува, пропагира и унапредува воспоставената власт и преку својата правосудна дејност да го стабилира окупаторскиот режим

[554] ДАРМ, Водич низ архивските фондови, Скопје, 2002, с. 2. Фондови до 1944, Првостепени судови, Првостепен суд–Тетово, 1941-1944, Истражен суд–Тетово, 1941-1944, Мировен суд–Тетово, 1941-1944, и Јавно обвинителство –Тетово, 1941-1944.

и да ги казнува и оневозможува активностите и борбата на македонскиот народ преку неговото народноослободително движење за ослободување.

Потоа, "Истражниот суд во Тетово", како орган за истраги и прогон по кривични дела и како фондообразовател, со својата дејност ја следел општата судска и казнена политика на окупаторските власти и преку вештачки и монтирани истраги настојувал да ја "докажува" виновноста на македонските граѓани и патриоти. На тој начин, неговата главна улога се состоела во лажно обвинување и неправедно казнување на Македонците за дела кои не биле од негова страна вршени.

На трето место доаѓа "Мировниот суд во Тетово", како орган и фондообразовател од сферата на правосудството, имал главна задача да расправа по граѓанские спорови, а можел да биде активен како пропагатор на големоалбанската идеологија, нејзин експонент и двигател за реализацијата на фашистичкиот режим во Западниот дел на Вардарска Македонија. Сепак, како фондообразовател имал значајна улога во придонесот за одржување на ред и мир, како и смирување на конфликтни ситуации на теренот.

На крајот доаѓа "Јавното обвинителство во Тетово", како институција и фондообразовател од сферата на правосудството, кое се наоѓало во функција на спроведување на албанската квислиншка власт, со тоа што неговаа главна задача била да врши кривичен прогон на сторителите на кривичните дела. Тоа, на тој начин, како фондообразовател се јавувала во улога на пропагатор и заштитник на окупаторската власт, а со тоа работело и на приморување на македонското население да го плаќа данокот десеток.

Архивската граѓа и документација настаната во овој период е од правосуден карактер и сведочи за многу настани кои објективно не биле многу блиску до вистинските. Според сознанијата и заклучоците за улогата на органите, институциите и организациите како фондообразо-

ватели, можно е да се констатира дека улогата на државната управа на окупаторите, полицискиот апарат и правосудството се состоела во наметнување на фашистичката идеологија над македонскиот народ; во прогон и оневозможување на партиската работа и борба против единиците на македонското народноослободително движење.

## 5.3. АРХИВСКАТА ДЕЈНОСТ ПОД БУГАРСКА ОКУПАЦИЈА

Државниот архив во Скопје како самостојна установа постоел уште од 1941 година, кога бил приклучен кон "Музејот на Јужна Србија", во својство на Одделение при Музејот, при што тогаш во него биле сместени архивската граѓа и другите материјали од Архивот.[555]

Архивската служба и дејност во Македонија во времето од 1941 до 1949 година не била обновувана.[556] Во тој однос, важно е да се подвлече, дека еден дел од архивата на Државниот архив на Скопје, како и дел од средената архивска граѓа прибирана и средувана во времето на српската окупација во Државниот архив во периодот меѓу двете светски војни, од неговото основање во септември 1926 година до април 1941 година, на крајот на Втората светска војна била спакувани во сандаци и сместена во помошните простории на Народната Библиотека во Скопје. Дури по 1946 година, новоформираните научни установи во Народна Република Македонија успеале да продолжат со работа и да присоберат граѓа и збирки и конечно во 1951 година, со отворањето на Државниот архив во Скопје, истите да почнат да бидат на архивски начин стручно средувани и обработувани.[557]

За времето на окупацијата на Македонија во периодот од 1941 до 1944 година, не само што не била формирана архивска служба, туку немилосрдно се уништувала и разнесувала архивската граѓа, која се однесувала на историјата на македонскиот народ, што била најдена на теренот.[558] Во текот на Втората светска војна се уништувал најголемиот дел од наследените архиви од претходниот период, а исто така се уништ-

---

[555] Архивски фондови и збирки во СФРЈ-СР Македонија, изд. Сојуз на Друштвата на Архивските Работници на Југославија, Белград 1982, с. 10-11.

[556] Ibidem.

[557] Ibidem.

[558] Ibidem.

тувале и делови од оние архиви што биле создавани.[559] Освен дејноста на продолжување со прибирање на ракописи и стари книги и нивно носење во Софија, не била забележана посебна грижа за преземање на било каква заштита на документарното богатство.[560]

Од овие причини, архивската граѓа на територијата на Македонија, која не ја создавале новите окупаторските власти во Македонија, за време на Втората светска војна многу пострадала. Од тие причини, можно е да се констатира дека не бил сочуван ниту еден фонд во целина од некој орган на власта или од институција, било тој да бил од времето на турското владеење, од времето на Кралството Југославија или од новата окупација 1941-1944 година.[561]

Особено многу граѓа, од претходните југословенски власти останала на теренот, била уништена во голем дел, а друг дел била пренесена во Бугарија..[562] Министерство за внатрешни работи на Бугарија во 1942 година упатило распис до сите установи во "новоослободените земји" целокупниот српски архивски материјал да се концентрира на неколку пунктови и да се уништи. Овој материјал навистина бил концентриран, но не бил и уништен. Благодарејќи на развојот на таквите настани и состојби, Државниот архив денес во Скопје и Република Македонија располага со драгоцени, иако фрагментарно зачувани материјали особено од XIX век, од граѓата што била собрана, зачувана и обработена во Државниот архив на Скопје во периодот меѓу двете светски војни.[563]

По окупацијата на Вардарскиот дел на Македонија во 1941 година, во делот окупиран од Бугарија, започнало дејствувањето на окупаторски власти и во текот на периодот од 1941 до 1944 година и дејствувањето на нивните органи и установи, била создавана документација со

---

[559] Архив на Македонија - 1951 - 1996, Скопје 1996, с. 9.
[560] Ibidem.
[561] Архивистика са основним познавањима библиотекарства. Састављена на основу предавања проф. М. Николића и проф. Синдика, одржаним на Вишем архивистичком течају у Београду, 1952. с. 23.
[562] Ibidem.
[563] N. Jašar, Državna arhiva NR Makedonije 1926-1951, Arhivist, 1954, IV/1, s. 90.

извонредно значење, како историски извор за проучување на историјата на македонскиот народ.

Архивската граѓа од оваа група фондови од бугарската полициска управа, која се состои од 75 архивски фондови и збирки, има свои посебни содржински и архивски карактеристики, кои се одраз на времето на нејзиното настанување. Граѓата од оваа група на фондови и збирки е значајна, посебно како автентичен извор за проучувањето на неколку аспекти на животот и приликите во Македонија под бугарска окупација. Во граѓата е отсликана ситуацијата во Македонија, создадена од окупаторската власт.

Во врска со ова, најпрво, треба да ги одбележиме полициските истраги, кои претставуваат истражувања на комунистичата дејност на одделни македонски личности, кои илегално работеле за ослободувањето на Македонија од бугарската окупација. Во граѓата се регистрирани и прогонувања, затворања и испитувања на најсмелите илегални работници, кои работеле на организирањето на НОВ и Социјалистичката револуција.

Врз основа на наведениот вид значајни податоци, во граѓата прилично автентично може да се проучува развојот на комунистичка активност на македонското напредно движење. Од друга страна, можно е да се регистрираат и мерките, преземани од бугарската полициска власт, со цел да ги спречи и ликвидира партизанското движење и активност на македонскиот народ и дел од националностите.

Од повеќето зачувани фондови за дејноста на полициските управи, обработена е граѓата која се однесува на Околиската полициска управа-Струмица, која е фрагментарно зачувана, само една папка, со разновидни документи од дејноста на Околиската управа во Струмица.[564]

Содржината на граѓата настаната во овој период во околиите и општините е доста разновидна. Преку истата можат да се следат фис-

[564] ДАРМ, Водич низ архивските фондови, Околиски полициски управи, Скопје, 2002, с. 5.

калните давачки што месното население било должно да ги уплатува, од кои биле формирани парични средства за издршка на окупаторските установи.

Од дејноста на обласните дирекции зачуван е дел од граѓата на фондот "Битолска обласна дирекција", создаден во периодот 1941-1944 година.[565]

На територијата на Македонија под бугарска окупација, во составот на обласните дирекции биле формирани повеќе околиски и општински управи, од чија дејност е зачувана граѓа во релативно поголем обем од Околиската управа во Куманово[566] и градската општинска управа во Крушево.[567]

Бугарската Околиска управа во Куманово била основана во 1941 година, веднаш во првите денови по окупацијата, престанала со работа во 1944 година, а територијално и административно потпаѓала под Скопската обласна дирекција. Во овој фонд се зачувани документите од преписката на управата со повисоките и пониските административно-територијални единици. Тука се содржани строго доверливи, доверливи и обични писма, персонална документација, записници од полициските сослушувања, статистички податоци за околијата, политички карактеристики за сослушуваните припадници на партизанското движење и други помалку значајни полициски акти.

Содржината на граѓата јасно ја открива положбата не само во оваа околија, туку и во целиот окупиран дел на Македонија. Тука се среќаваат податоци во врска со процесот на денационализација на македонскиот народ и спроведувањето на фашистичката политика, како и другите активности кои оделе во прилог на одржувањето на бугарската власт.

---

[565] Ibidem, с. 4.
[566] Ibidem.
[567] Ibidem.

Градската општинска управа во Крушево почнала да работи во првите денови по окупацијата во 1941 година. Овој фонд, како и останатите општински полициски управи на бугарската власт не е целосен, но сепак е доста обемен, содржи 15 архивски кутии граѓа од периодот 1941-1944 година и тешко е да се претпостави дека окупаторските власти однеле некој дел од него при повлекувањето.

Оваа претпоставка се поткрепува со фактот, што постои граѓа од сите видови дела, од бр. 1 до бр. 17, што значи од сите дела водени од бугарската администрација.[568] Од овие дела за аспектот на полициското работење може да се заклучи дека имале одредено високо ниво во водењето и дека како документација биле богати со информации.

По организацијата на административно-полициската власт во Македонија, започнало воведувањето и на други институции, како што биле: граѓанските судови (обласни, околиски и и општински), финансиските органи, централното комесарство за снабдување, обласната “сметна” палата, инспекциските служби,[569] а за поцелосно релизирање на власта се започнало и организирање на политичкиот систем, организирањето на црковната власт, просветата, културата и некои останати помошни институции.

Што се однесува до судството во Македонија на просторот под бугарската окупација во периодот 1941-1944 година, можно е да се констатира, дека постоеле само две области, а формирани биле повеќе обласни судови. Обласни судови постоеле во градовите Скопје, Битола, Прилеп и Велес и во други места, иако во некои од нив не постоеле обласни дирекции. Наведените судови според правната инстанца биле највисоки граѓански судови.

[568] Делата водени од бугарската администрација биле: Дело бр. 1-лични документи; бр. 2-буџети; бр. 3-училишни материјали; бр. 4-изборни материјали; бр. 5-воена преписка; бр. 6-воени предмети; бр. 7-реквизиции; бр. 8-даноци; бр. 9-казни; бр. 10-материјално работење; бр. 11-статистика, бр. 12-изнаоѓање на разни изгубени предмети; бр. 13-уверенија; бр. 14 и бр. 15-сé што не припаѓало во понапред наведените дела; бр. 16-општински суд и преписката со него; бр. 17-за судските преписи.

[569] М. Апостолски, д-р А. Христов и Р. Терзиоски, Положбата на окупирана ..., с. 23.

Од дејноста на обласните судови зачувана е граѓата од Обласниот суд во Скопје и од установите кои биле со него тесно поврзани: Обвинителство (прокурор), на Скопскиот областен суд,[570] Нотариусот при Скопскиот областен суд,[571] и Обласниот затвор. Понатаму, Обласниот суд во Прилеп[572] и Обвинителството (прокуророт) при Велешкиот областен суд.[573]

Скопскиот областен суд[574] почнал да работи од средината на април 1941 година, а од архивската граѓа што ја создал зачувана е само една архивска кутија. Иако бил граѓански суд, од граѓата се гледа дека претежно се занимавал со пресудување на кривично-правни предмети, што го сочинуваат поголемиот дел од граѓата.

Од работата на т.н. придружни институции, како што се Обвинителството, Нотариусот при Обласниот суд и Обласниот затвор, зачувани се 10 книги[575] и една архивска кутија од Обвинителството, која главно содржи билтени и статистички карти за осудените, извештаи за обвинетите задржани во затвор и друга помалку значајна граѓа.

Обласниот суд во Прилеп[576] бил основан во 1942 година, со задача да решава по кривичните и граѓанските спорови од поголема вредност и да донесува одлуки од втор степен. Граѓата од овој фонд е фрагментарно зачувана, но сепак треба да забележиме, дека овој фонд е најбогат со граѓа од наведениот период. Граѓата настанувала во кривичното, граѓанското и нотарното одделение, од каде води потекло и содржината на граѓата.[577]

---

[570] Архивски фондови и збирки во СФРЈ-СР Македонија, Првостепени судови, фонд бр. 236, Прокурор при Скопскиот областен суд-Скопје, 1941-1944, Белград 1982, с. 45.
[571] Ibidem.
[572] Ibidem, с. 133.
[573] Ibidem, с. 191.
[574] Ibidem, с. 45.
[575] Влезни инвентари, регистри за заверки, регистар за преводи и др. книги од периодот 1941-1944 година.
[576] Архивски фондови и збирки во СФРЈ-СР Македонија, Историски архив Прилеп, фонд бр. 85, Прилепски областен суд - Прилеп, 1942-1944, Белград 1982, с. 133.
[577] Тука се наоѓаат и предметите за судење на партизаните, кои се издвоени од другите предмети и подоцна по војната биле предадени на Архивот на ЦК СКМ.

За значаен дел од работата со документацијата во Македонија, како што е можно да се регистрира и констатира, работата на архивирањето на документацијата под бугарска окупација се одвивала уредно, посебно во сферата на правосудството. Оваа граѓа е драгоцен извор за истражување на работничкото и антифашистичко движење во Македонија, како и останатите сфери од животот на македонскиот народ.

Од зачуваната граѓа од периодот 1942-1944 година, која е сместена во 11 архивски кутии, очигледно се дефинира активноста на окупаторските обвинителства. Активноста била насочена кон кривичен прогон на македонските партизани, кои со борба ѝ се спротивставувале на окупаторската власт. Со слична тематика е и зачуваната граѓа од овој фонд, а тоа се: обвинителни акти, извештаи за убиства, осудување, прогонување на одделни комунисти, затворање, интернирање и сл.

Според инстанцата пониските граѓански судови, кои решавале граѓански и кривични спорови од прв степен, биле општинските и околиските судови. Од нивната дејност зачувана е архивската граѓа од Скопскиот околиски суд[578] и Околискиот суд од Прилеп.[579] Најверојатно случајно се зачувани и два документа од Околискиот суд во Скопје, со што може да се регистрира дека постоел, а од Околискиот суд во Прилеп зачувана е обемна архивска граѓа од 25 книги[580] и 50 архивски кутии. Ваквата обемна граѓа дава можност да се види активноста на околиските судови во Македонија, а се дава и увид во организацијата на околиските судови, која се состоела од: Казнено (Наказателно) одделение, Граѓанско-приватно Одделение и Нотарно одделение. При решавањето по кривичните и граѓанските спорови создадени се соодветни

---

[578] Архивски фондови и збирки во СФРЈ-СР Македонија, АМ, Централен дел, фонд бр. 231, Околиски суд-Скопје, 1941-1944, Белград 1982, с. 45.

[579] Ibidem, Историски архив Прилеп, фонд бр. 85, Околиски суд-Прилеп, 1941-1944, Белград 1982, с. 133.

[580] Влезни (входјашти) деловодни протоколи од 1941 до 1944 година, излезни (исходјашти) деловодни протоколи од 1941 до 1944 година и архивски книги.

предмети, а одделни архивски кутии содржат и општа преписка и финансиска документација.[581]

За решавање на жалбите против одлуките на граѓанските судови, постоеле апелациони судови и Врховен касационен суд во Скопје,[582] чија дејност може да се види од зачуваниот фонд Скопски апелационен суд[583] и Врховен касационен суд во Скопје.

Од работата на Скопскиот апелационен суд се зачувани 12 книги и 9 архивски кутии граѓа, од кои се гледа, дека судот решавал по жалбите против одлуките на обласните судови. Другиот дел од граѓата го сочинуваат расписи, испраќани до судот од Министерството за правосудство од Софија. Во нив се даваат разни упатства и се бараат одредени податоци од окупираната територија.

Врховниот касационен суд имал специфична улога да решава и да ги укинува по жалбите во втор степен доставувани до Апелациониот суд во Скопје. Од неговата работа зачувани се две архивски кутии на граѓа, од кои може да се види и следи неговата активност.

Паралелно со судството била организирана и адвокатурата. Меѓутоа, не е зачувана доволно, зада може да се види и анализира нејзината улога. Зачувани се само неколку документи од Скопската државна адвокатура од 1943 година и личниот архивски фонд на Ѓорѓи Хаџи Манев, адвокат од Скопје.[584] Во граѓата се наоѓаат кривични дела, граѓански дела, договори, полномоштија, и материјали од неговата адвокатска дејност во периодот од 1941 до 1944 година.

Во врска со понатамошното дооформување на административно-територијалната власт и подобрувањето на нејзината ефикасност во ра-

---

[581] Финансиската документација, во најголемиот дел, нема својство на архивска граѓа. Меѓутоа, бидејќи е создадена во периодот пред 1944 година, се смета за многу значајна и останува во фондот покрај архивската граѓа. Врз овој вид доксументација не се врши шкартирањен на документација создадена пред 1944 година.

[582] Архивски фондови и збирки во СФРЈ-СР Македонија, АМ, Централен дел, фонд бр. 217, Врховен касационен суд - Скопје, 1941-1944, Белград 1982, с. 45.

[583] Ibidem, с. 45.

[584] Ibidem, с. 66.

ботата на просторот под бугарска окупаторска власт во Македонија, треба да забележиме дека се формирани и други помошни институции. Меѓу другите, такви биле даночните управи при административно-териоријалните единици и обласните инженерства. Даночните управи имале задача да вршат разрез (одредување) на данокот и да го прибираат од месното население. Ова може да се види од фондот на Даночната управа на Куманово, кој содржи обична преписка, декларации за данок, списоци за државен заем и други документи со сличен карактер.[585]

Обласните инженерства, формирани во Бугарија биле со задача да ги регулираат и озаконуваат индустриските и занаетчиските претпријатија,[586] како институции биле пренесени и во Македонија. Такви биле формирани во Скопје и во Битола, а од нивната работа е зачувана архивска граѓа.[587] Содржината на граѓата се поклопува со намената на формираните инженерства, а тоа е регистрација на занаетчиски и индустриски претпријатија, записници за нивната состојба, хигиена и др., што го овозможува истражувњето на стопанската дејност во овој период на окупацијата.

Во политичкиот систем на бугарската окупација во Македонија, значајна улога имала и институцијата "кметство" со своето намесништво. Селските и градските кметства претставувале експозитури на централните органи на власта. На чело на општината се наоѓал кметот, кого непосредно го поставувало Министертсвото за внатрешни работи и на кое истиот му одговарал за извршувањето на својата работа. Кметот истовремено му бил потчинет и на обласниот директор, односно на Околискиот началник, со што се вклопувал во хиерархискиот систем на административната власт.[588] Поради тоа, во врска со ова прашање, не се создавале и не се зачувани документи од работата на администрацијата.

[585] Ibidem, фонд бр. 3, Кумановска околиска управа Куманово, 1941-1944, с. 101.
[586] Закон објавен во бугарскиот "Државен весник" бр. 230 од 1935 година.
[587] Архивски фондови и збирки во СФРЈ-СР Македонија, АМ, Централен дел, фонд бр. 131, Обласно инжењерство-Скопје, 1941-1944, с. 14.
[588] М. Апостолски, д-р А. Христов и Р. Терзиоски, Положбата на окупирана ..., с. 23.

# БУГАРСКАТА ЦРКВА ВО МАКЕДОНИЈА

Ценејќи ја улогата на црквата во спроведувањето на денационализаторската политика врз македонското население, со окупирањето на Македонија, Бугарската православна црква во Македонија организирала три епархии: Скопско-Велешка, Охридско-Битолска и Струмичко-Драмска.[589]

Скопско-Велешката епархија во својот состав ги опфаќала архиерејските намесништва: Скопско, Криво-Паланечко, Велешко, Штипско, Кочанско, Кратовско и Кумановско, Охридско-Битолската намесништвата: Охридско, Ресенско, Битолско, Прилепско, Крушевско и Кавадарско, а Струмичко-Драмската намесништвата: Струмичко, Беровско и Гевгелиско.[590] Архиерејските намесништва се делеле на парохии (енории), со назначувани црковните одбори, а секоја црква имала свој свештеник. [591] Зачувана е и граѓа од дејноста на Скопско-Велешката митрополија (Света скопска митрополија) и од Охридско-Битолската митрополија, Архиерејското намесништво во Ресен и од повеќе црковни одбори на целата територија на Македонија.

Од содржината на граѓата од фондот на Скопската митрополија[592] може да се види големината на пропагандна дејност на Бугарската црква во Македонија. Поради фактот, што овој фонд е еден од најобемните зачувани црковни фондови од овој период, неговото значење за историските проучувања е големо. Граѓата била создавана според практиката во бугарската администрација, односно според дела и делоозна-

589 Р. Терзиоски: Бугарската православна црква во окупираната Македонија (1941-1944). ГИНИ, бр. 2/1965, Скопје 1965, с. 48.
590 Ibidem.
591 Ibidem.
592 Архивски фондови и збирки во СФРЈ-СР Македонија, АМ, Централен дел, фонд бр. 506. Света скопска митрополија-Скопје, 1941-1944, с. 56.

ки.[593] Секој проблем со кој се занимавала митрополијата претставува посебно дело. Освен архивската граѓа, која била преписка и друга документација водена по дела, во овој фонд постојат и 14 книги, главно деловодни протоколи и свештенички книги.

Од делокругот на Охридско-Битолската митрополија[594] била зачувана малку граѓа, една папка преписка со Скопската митрополија и некои архиерејски намесништва. Во граѓата се среќаваат документи во врска со склучувањето на бракови.

Иако во составот на наведените епархии (митрополии) во овој период дејствувале повеќе архиерејски намесништва, како хиерархиски подредени црковни органи, зачувана останала малку граѓа од нив. Зачуван е само фондот на Архиерејското намесништво во Ресен, кој содржи една папка граѓа од 1941 до 1944 година и два протоколи. Меѓутоа, иако граѓата се наоѓа во мало количество, можно е да се види работата на намесништвата како пониски црковни институции во организацијата на црковната власт на територијата на окупираната Македонија.

Во составот на архиерејските намесништва дејствувале црквите и манастирите, кои имале свои црковни одбори. Од дејноста на одборите во овој период зачувана е граѓа, главно книги, кои се однесуваат на Скопската епархија.[595]

Зачуваната граѓа од институциите на бугарската црква во Македонија во периодот 1941-1944 година говори за нејзината севкупна активност. Меѓу другото, можно е да се види и составот на свештеничкиот кадар и неговата активност; неговите цели, методите и средствата кои ги ползува црквата во спроведувањето на својата политика, одно-

---

[593] За 1941 година постојат дела од бр. 1 до 24, за 1942 дела од бр. 1 до 25, за 1943 дела од 1 до 23, за 1944 дела од бр. 1 до 5, а има и граѓа во 3 кутии без делоознаки.
[594] Архивски фондови и збирки во СФРЈ-СР Македонија, Белград 1982, с. 95.
[595] Ibidem, с. 57-59.

сот со другите конфесии во Македонија, како и други прашања од нејзината пропагандна дејност. [596]

## ПРОСВЕТАТА ВО МАКЕДОНИЈА

Архивската дејност во Македонија под бугарска окупација може да се прати и врз основа на создадената граѓа за ширењето на бугарското влијание во Македонија преку училиштата.

За таа цел, бугарската власт организирала широка мрежа на разновидни училишта. Училиштата по селата и градовите биле раководени од т.н. централни директори, а нивната работа ја контролирале училишните инспектори, на кои седиштето им се наоѓале во околиите.

Од дејноста на бугарските училишни инспектори зачувана е граѓата од училишниот инспектор во Велес,[597] кој бил формиран непосредно по окупирањето на Македонија во 1941 година. Од зачуваната граѓа на овој фонд, која е сместена во 7 архивски кутии, се гледа дека основната дејност на училишниот инспектор му била назначување, преместување и контрола на учителскиот кадар. Но покрај оваа дејност, која се сметала за основна, училишниот инспектор обавувал и некои други работи, кои немале врска со просветата, а се состоеле во барање од учителите да доставуваат извештаи за партизанските одреди и нивното движење, како и за помошта што на нив им ја давало месното население. На таков начин, веројатно бил зачуван извесен број документи, што се однесуваат на движењето и борбите на одредот "Димитар Влахов", додека другите документи се однесуваат на назначувањето, преместувањето и мобилизацијата на учителскиот кадар во велешкиот крај.

Централните (средишни) директори биле назначувани при одделни општини со задача да раководат со училиштата од соодветната општина. Од нивната дејност зачувани биле 2 папки граѓа, и тоа од Цен-

---

[596] Р. Терзиоски, Бугарската православна црква во окупираната Македонија (1941-1944), на неколку места.
[597] Архивски фондови и збирки во СФРЈ-СР Македонија, Белград 1982, с. 192.

тралниот директор во Битола и од Централниот директор во општината Стругово, кој работел од 1941 до 1942 година.[598]

Мрежата на остварените прогимназии, основни и други училишта била доста развиена, но од нивната дејност била зачувана малку граѓа. Зачуван бил само дел од архивата на Народната прогимназија “Отец Паисиј”[599] во Битола, која се состои од 2 архивски кутии од периодот 1941-1944 година. Зачувана била исто така и граѓата од делови од архивите на 13 основни училишта во Битолско.[600]

Од работата на највисоката просветна институција, тогашниот универзитет “Цар Борис”,[601] зачувани биле 2 книги и 5 архивски кутии, кои се однесуваат претежно на студентски досиеја.

## КУЛТУРАТА ВО МАКЕДОНИЈА

Од установите од областа на културата зачувани се делови од граѓата од Природнонаучниот Музеј во Скопје,[602] во количество од една архивска кутија, како и од Народниот Театар во Скопје,[603] од кој биле зачувани 5 архивски кутии граѓа.

## ЗДРАВСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА

Меѓу побројните, од основните институции на територијата на окупирана Македонија, се установите од областа на здравството. Од нивната дејност фрагментарно биле зачувани архивите на Обласниот хигиенскиот институт - Скопје,[604] Обласната медицинска служба во Би-

[598] Во 1942 год. Централниот директор во Стругово престанал да работи, бидејќи општината Стругово се поделила на 2 општини: Смилево и Лопатица.
[599] Архивски фондови и збирки во СФРЈ-СР Македонија, Белград 1982, с. 84.
[600] Ibidem.
[601] Ibidem, с. 48.
[602] Ibidem, с. 49.
[603] Ibidem, с. 49.
[604] Ibidem, с. 50.

тола,[605] Обласната ветеринарна служба во Битола[606] и на Ветеринарната станица во Кратово, од која не била зачувана граѓа, туку само деловодни протоколи од периодот 1941-1944 година.

Обласниот хигиенски институт бил формиран во 1941 година за целата Скопска област и со него раководел началникот проф. д-р Ташко Петров. Институтот во суштина ја продолжувал работата на поранешниот Хигиенски завод. Архивската граѓа содржи: преписка, срочни документи, месечни статистички прегледи, евиденција за превентива, семејно-здравствени картони и други документи, во количество од 1 архивска кутија.

Од граѓата можно е да се утврди следната организациона поставеност: одделенија-хемиско и бактериолошко; диспанзери-туберкулозен, кожно-венеричен и детски.

Обласната медицинска служба во Битола била основана во 1942 година, а од нејзината дејност се зачувале само три деловодни протоколи, од кои не е можно да се види нејзината целосна активност.

Обласната ветеринарна служба во Битола била основана во 1941 година, со задача да ја организира и раководи работата на лекувањето на домашните животни и да ги сузбива заразните болести. Од овој фонд била зачувана само архивска граѓа од 5 кутии, што ги сочинувале општата и финансиската преписка на ветеринарната служба.

## БАНКАРСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА

За проучување на стопанската дејност на бугарските окупаторски власти, не е доволно архивска граѓа зачувана. Сепак, од областа на банкарството зачувани се позначајни фондови создадени од Бугарската

---

605 Ibidem, с. 79.
606 Ibidem.

земјоделска кооперативна банка-Филијала Битола - Битола[607] и од Популарната банка на Битола.[608]

Бугарската земјоделска кооперативна банка-Филијала Битола почнала со работа во 1941 година, но за разлика од Народната банка во истиот град, од нејзината архива биле зачувани релативно голем број документи, од почетокот на работата на банката па сé до 1944 година. Зачувани биле 27 архивски кутии граѓа со преписка и други банкарски документи, од кои може да се констатира нејзината работа.

## ИНДУСТРИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА

Пред почетокот на Втората светска војна, во 1940 година, на територијата на Вардарскиот дел на Македонија под српска окупација, денешна Република Македонија, постоеле 111 индустриски претпријатија, од кои во Скопје 45, во Битола 9, а другите во останатите места,[609] како и поголем број трговци и занаетчии. За време на бугарската окупација од 1941 до 1944 година, производствените капацитети на индустријата во овој дел на Македонија не претрпеле некои особени материјални штети врз своите основни средства, туку штетите биле повеќе поради слаботo користење на капацитетите.[610] Од тоа произлегува и смалениот обем на создавање архивска граѓа од овој вид, во рамките на овој временски период.

Од зачуваната граѓа во врска со стопанската дејност во периодот на 1941-1944 година, можно е да се заклучи дека, е задоволителна, како на пример од зачуваните делови на архивите од Мелницата "Драгор" во Битола;[611] фирмата СИФ Огњанови од Скопје;[612] трговецот Боце Пет-

---

[607] Ibidem, c. 85.
[608] Ibidem, c. 85.
[609] Н. Узунов: Историското формирање на индустриските центри на територијата на СР Македонија. Јубиларен годишник на Економскиот факултет Скопје, Скопје 1970, с. 330.
[610] Ibidem, c. 337.
[611] Ibidem, c 86.
[612] Ibidem, c. 63.

ков од Скопје; трговецот Киро Војновски од Куманово[613] и Општата занаетско-кредитна кооперација "Победа" во Прилеп.[614]

Од наведените фондови можно е да се види и проучува основната трговска и индустриска дејност. Зачуваните документи главно се од финансиски карактер, а во одреден дел содржат елементи и од друга позначајна преписка.

## АГРОНОМИЈА И ШУМАРСТВО

На крајот на ова претставување на фондообразователите и создадената граѓа формирана на територијата на Македонија окупирана од страна на фашистичка Бугарија, неопходно е да се наведат уште и зачуваните фондови со граѓата од Околиското агрономство во Куманово[615] и Струмичкото административно шумарство во Струмица.[616]

## ОПШТИНСКА СЛУЖБА И АДМИНИСТРАЦИЈА

Во врска со канцелариското и архивското работење во Македонија под бугарска окупација, бидејќи недостасува автентичната шема на организацијата на една општина, можно е да се изврши реконструкција на една од поразвиените општини што постоеле во периодот од 1941 до 1944 година. Таа ја имала следната шема на организациона структура:

Овде во прилог ја наведуваме шемата на организационата структура на општината од обработуваниот период.

## ШЕМА НА ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА НА ОПШТИНА

### ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО

[613] Ibidem, с. 116.
[614] Ibidem, с. 135.
[615] Ibidem, с. 101.
[616] Ibidem, с. 163.

## СЕКРЕТАРИЈАТ

| | |
|---|---|
| **ОДДЕЛЕНИЈА** за: | Правни работи, |
| | Финансии, |
| | Народна просвета |
| | Градежништво и земјоделство |
| | Ветеринарство |
| | Социјални грижи |
| | Граѓанска состојба |
| | Национална пропаганда |
| **ОТСЕЦИ** за: | Административно работење |
| | Лични карти |
| | Воени работи |
| **САМОСТОЈНИ СЛУЖБИ** за: | Комесарство за снабдуавње |
| | Водовод и канализација |
| | Електрична централа |
| | Чистачка колонија |
| | Противпожарна единица |

Водењето на севкупната администрација спаѓало во надлежност на *Отсекот за административното работење*. Во него биле заведувани и разведувани сите сопствени и примени акти на општината во влезните и излезните дневници и потоа беа одлагани во соодветните дела. Според тоа, овој вид на административно работење бил воден строго централизирано, бидејќи по свршувањето на предметите сите акти биле одлагани во овој отсек.

*Основната карактеристика* на наведениот систем, на водење на административното работење, ја чинело здружувањето во предмети,[617]

[617] Здружувањето на сродните акти, како систем на регистратурско работење, во предмети, или со современа терминологија - во архивски единици води потекло од регистратурското работење од периодот меѓу двете светски војни, кога е практикувано во самите државни органи, во министерствата на европските земји, Франција, Англија, Германија и др. Тоа, како елемент на рационализација, подоцна било прифатено и од повеќе други земји, кои, врз основа на соработката со овие напредни европски земји, и по углед на нив, го прифатиле здружувањето на актите во своето канелариско и архивско работење во практиката. За рационализацијата, а при тоа и за здружувањето на еднородните акти во архивски единици, во април 2003 година во Државниот архив на РМ е одржано Советување на архивските работници од Секторот за средување и обработка на архивска граѓа, одржано во Скопје на 15 и 16.4. 2003 година, од кое материјалите сеуште не се објавени. Во нив се изложуваат начините за рационализација во работата, меѓу нив и за здружувањето во архивски единици.

што се вршело во согласност со номенклатурата на делата. За правилното одвивање на оваа активност знатно придонесувал т.н. *Список на делата*, што во суштина претставувал еден вид план за класификацијата на предметите. Овој список имал прворазредно значење за правилното развртување на актите при нивното заведување и групирање во предмети.

Меѓутоа, процесот на одлагањето се вршел во согласност со *специјалните обрасци*, што ги имале следните три рубрики, и тоа: 1)бројот од влезниот и излезниот инвентар; 2) името или називот на кореспондентот со краток опис на содржината на актот, односно предметот, и 3) бројот на целосната усогласена и установена номенклатура.

Практично, "Списокот на делата" и пописната листа (без главните регистратурски помагала), што влијаеле да дојде до содржинско групирање на актите во предмети уште веднаш додека актите се наоѓале во работа и до правилно одлагање по решавањето на секој предмет поодделно.

Од ова прашање јасно произлегува, дека опишаниот начин на административното работење, одн. групирање на актите во предмети бил поедноставен за на работа. Тоа може да се смета како значајна позитивна страна на административниот систем на канцелариско работење во Македонија и како таков, воедно и еден дополнителен, од денешен аспект гледано, значаен елемент во развојот на архивската дејност кај нас, иако применуван во работа на бугарските окупаторски власти во време на Втората светска војна.

Прикажаниот елемент на групирање и здружување на актите, како нов квалитет во канцеларискoто работење, значел и продолжување на наведеното работење на друго, секако повисоко, понапредно ниво на работење со актите, кое понатаму се вткајува во натамошното канцелариско и архивско работење во Македонија. Важно е да се подвлече, дека ваквото канцелариско работење било позитивно во насока на него-

вата константност.[618] Имено, тоа во својата суштина не се менувало, ниту пак под влијанието на административно-територијалните промени.[619] Шифрирањето на делата во најголем број било вршено на начин, што овозможувал според бројот на делото, целосно или приближно да се асоцира за каков вид акти се работи, т.е. на која содржинска целина тие ѝ припаѓаат.

Тоа се вршело на идентичен начин и според единствената методологија, во сите органи на власта или од локалните до највисоките.[620] Последниве, често биле иницијатори за создавање унифицирани видови акти, особено оние што биле од масовен карактер.

Ако се анализира структурата на средувањето, можно е да се констатира дека актите биле строго здружувани по предмети и затоа тие сочинувале групи што ги обединувл содржинскиот момент, што го диктирала состојбата на организационата шема на делата.

Сметаме дека почитувањето на принципот на провениенција претставувал еден од најпочитуваните принципи за работа во архивите во Европа во периодот меѓу двете светски војни и подоцна, сé до денешни дни и истиот бил еден од наједноставните, кој можел да овозможи најправилна и наједноставна работа со актите.

Од документација, која се зачувала до денес и претставува вредна архивска граѓа за историјата на македонскиот народ и воопшто за историјата на Македонија како држава, можно е да се заклучи дека средувањето на регистратурскиот материјал и архивската граѓа (класификацијата и систематизацијата) се вршела на поголем број одделни дела. Како резултат од анализата при работата, исто така може да констатира-

---

[618] М. Константинов, Бугарската окупаторска управа во некои делови на Македонија и Јужна Србија во периодот од 1915-1918 и од 1941-1944 година, Архивист, XX/2'70, Белград 1972, с. 161-165.

[619] Ова, според наше мислење, е многу невообичаено, затоа што административно-територијалните промени, вообичаено и редовно, предизвикуваат промени во организацијата на државната управа и нивните компетенции, така да променетата организациона шема веќе сама со себе ја носи промената во карактеристиките на канцелариското работење.

[620] М. Константинов, Бугарската окупаторска управа ..., с. 162.

ме, дека тематскиот карактер на граѓата бил основниот момент, што диктирал да се дојде до формирање на едно дело како целина.

Во оваа насока има и отстапувања, бидејќи во некои дела се вршела концентрација на две или повеќе содржински целини, што меѓу себе имале незнатна сродност. Меѓутоа, не ретко биле групирани и предмети, кои воопшто немале никаква органска поврзаност со носечката содржина на делото.

Врз основа на постојните параметри, можно е да се заклучи, дека едно дело му припаѓало на граѓа, што на некој начин имала врска со организационо-кадровските прашања.[621] Посебно дело било резервирано исклучиво за граѓа од финансов карактер.[622] Одделна целина претставувало и делото резервирано за документите од областа на културно-просветната, социјалната и верската проблематика во овие фондови.[623]

Понатаму, според постоечките архивски документи, можно е да се констатира, дека одредено самостојно дело било определено за граѓата во врска со изборите или за предметите за добивање и губење државјанство и за издавањето лични карти, пасоши и друго. Според тоа, може да се заклучи, дека едно единствено дело било наменето за собирање на граѓа и останата документација (документарен материјал, од денешен аспект), што се однесувала на регрутирање на соодветни годишта за редовно отслужување на кадровскиот рок во армијата, додека

---

[621] Во состав на ова дело, меѓу другото, биле одлагани сите документи за назначување и разрешување од должност на претседателите на општините, нивните помошници, членовите од општинските совети и други службени лица, што примале личен доход од општинскиот буџет. Во ова дело влегувале и документите за примо-предавање на должност, потоа актите за отсуствата, казните и сл., па наодите на општинските и сметководните ревизии и др. вид инспекции. Покрај овие документи, во ова дело влегувале и сите други акти што биле неопходни за оформување на службеничкото досие, како и персоналните документи на полицијата, потоа регистрите со имињата на заслужни граѓани, културно-историските споменици и др.

[622] Во него биле одлагани сите документи во врска со буџетот, начинот на остварувањето на приходите и нивното собирање, финансиските извештаи и сл. Во ова дело биле одлагани и сите отчетни документи за приходите и расходите, предметите за сите видови такси, парични казни и сл.

[623] Во него биле одлагани и актите што се однесувале на работата на училиштата, воспитните, социјалните и др. слични установи, како и во врска со работата на библиотеките итн.

друго дело содржело акти главно за воени вежби и народна одбрана.[624] Покрај наведените дела, постоело и дело со кое се заокружувала граѓата и останата документација што ги третирала прашањата од воен карактер.[625]

Во врска со претходните заклучоци, треба да се констатира, дека посебно дело било предвидено за одлагање на актите за собирање на државните порези, потоа на документите за работата во монополите за тутун и алкохолни пијалоци, како и документацијата во врска со работата од делокругот на рудниците.[626]

Самостојна целина на архивска документација претставувало и делото во кое се одлагале актите за општонародниот имот; јавните работи (изградбата на патишта, железнички линии, телефонско-телеграфски водови и сл.); потоа и преписката во врска со конфискациите, царинењето, пензиите, бесстопанскиот имот итн.

Во специјално определено дело била одлагана преписката што се однесувала на општествената благосостојба и тоа во врска со одржување на јавниот ред и мир, потоа за здравјето на населението и вкупниот добиточен фонд (вакцинации, карантини си сл.), како и за комуналната хигиена и заштитата на природните богатства.[627]

Едно дело било резервирано за препсиката во врска со утврдувањето на статистиката: на населението, земјиштето, добитокот, шумите, каменоломите, занаетите, трговијата, индустријата, земјоделството и

---

[624] Тука биле одлагани преписката и списоците во врска со мобилизацијата, воените порези, заднинските единици и сл.

[625] Во ова дело, покрај актите за начинот на формирањето на коморите, биле одлагани и сите документи во врска со детално разработената реквизиција, потоа во врска со рационализирањето на снабдувањето со прехранбени производи, добиточната храна и др.

[626] Во ова дело биле одлагани и актите во врска со државните бенифиции, потоа актите од финансиските контроли и сл.

[627] Во ова дело, исто така, биле одлагани и актите во врска со борбата против сите видови криминални појави, против ширењето на алармантни вести и збрки, потоа преписката во врска со населувањето на емигрантите и грижата околу нив, како и преписката во врска со животниот стандард на населението, правилната поделба на рационализираните добра, против проституцијата во сите нејзини форми, хазардерството, алкохолизмот, незаконито одржуваните брачни врски и сл. Покрај ова, во ова дело биле концентрирани и актите во врска со ограничување на движењето и праќањето на цензурирањето на поштенските пратки.

придонесите од него, како и за актите од матичен карактер (евиденцијата во врска со раѓање, венчавање и умирање). Понатаму се правела преписка во врска со боновите за државните заеми, девизните прекршоци, шверцувањето со злато и останати драгоцени метали, уметнички предмети и сл.

Посебно дело служело за одлагање на документацијата што се однесувала на исчезнати и побегнати лица; изгубен добиток и предмети; потерници против воени дезертери; избегани разбојници, убијци, крадци итн.[628] Исто така се формирала и општа преписка, како и копии од разни свидетелства; уверенија за семејна и материјална состојба; добро поведение на граѓаните, патриотизам и сл. и истата била слагана во специјално дело што било претходно одредено за таа намена.[629]

Во посебно дело биле одлагани сите упатства, наредби, расписи, толкувања на законски прописи и друг вид на печатени или шапилографирани акти со општо значење. Кратко речено, ова дело било резервирано за материјали што имале наредбодавен или инструктивен карактер. Интересно е да се подвлече, дека во преписката, која според својата содржина не можела да се распореди ниту во едно од досега спомнатите дела, посебно дело постоело.[630]

Понатаму, самостојните дела биле наменети, како за одлагање на материјалите што биле испраќани или примани од разни организации што се издржувале или биле помагани од општинскиот буџет (Црвен Крст, разни женски организации и сл.), истите служеле исто така и за

---

[628] Делото содржело и акти во врска со истрагите за побегнати затвореници и интернирци, фалсификатори, контрабандисти, и протурувачи на лажни вести. Во ова дело спаѓала и преписката во врска со интернирците.

[629] Во ова дело се одлагала и преписката во врска со издавањето на дозволи за носење на оружје, потоа одобрување за лов и риболов, како и преписката во врска со издавање на соодветни документи за докажување на сопственост на земји (тапии), за добиток (пасоши) и сл. Во ова дело исто така била одлагана и преписката во врска со одобрувањата за обавување на занаетчиска и др. дејност, потоа во врска со издавањето на објави за слободно движење и сл.

[630] Ву суштина, во ова дело спаѓале разни книжевни огласи, препораки и понуди за претплата на весници и списанија, потоа програми за разновидни приредби, прослави, свечености, празници и сл. Во делото спаѓале и материјали во врска со наследување, религиозни обреди, пописите на заветуваните имоти, тестаментите, како и поздравните писма, телеграми, честитки и сл.

одлагање на судските материјали (решенија за општинските совети и сите други документи во врска со процеси против општините, селата, реоните, училиштата, црквите и др. правни лица). Во истото дело се одлагала и преписката во која се зборува за пожари и обештетувања од нив и сл.

Доколку врз основа на претходно изнесеното се направи шематски приказ на делата, тогаш ќе се види дека истите служеле за одлагање на следните содржински целини: Дело број I-персоналии, Дело број II-буџет, Дело број III-образование, Дело број IV-избори, Дело број V-регрутација, дело број VI-воени вежби, Дело број VII-воена комора, Дело број VIII-порези, Дело број IX-други приходи, Дело број X-општа благосостојба, Дело број XI-статистика, Дело број XII-потерници, Дело број XIII-уверенија, Дело број XIV-циркулари, Дело број XV-информативна преписка, Дело број XVI-помош на општи организации и Дело број XVII - судска преписка.

Бидејќи оваа номенклатура на делата практично се применувала во административното работење во времето од 1915 до 1918 година, не е можно со сигурност да се тврди дека ваквиот распоред и број на делата останал неизменет и во времето од 1941 до 1944 година. Меѓутоа, точно е тврдењето, дека административното работење и во двата споменати периоди се потпирало врз основа на идентични принципи на работа.

Архивската дејност во Вардарскиот дел на Македонија под бугарска окупација во периодот 1941-1944 година се одвивала и била најмасовна во институциите. Но исто така била регистрирана дејност и во други приватни фирми на трговци, занаетчии и други облици на работење со значајни дејности, од кои се зачувала граѓа, која дава основа да се заокружи една слика за организационата поставеност на бугарските институции, на трговските и приватните фирми на трговци, занаетчии и сл., при што можно е да се дојде до конкретни сознанија и во поглед на создадените видови архивска граѓа, користењето на деловодните прото-

коли, основните елементи на канцелариското работење, како и начинот на архивирањето на документите.

Во тој однос треба да се нагласи, дека разработката на административното работење од периодот на бугарската окупација и особено делата создавани во работењето на администрацијата, истовремено значат и заокружување на она што навистина претставува потребна материја за разјаснување на текот и развојот на архивската дејност кај нас од периодот на Втората светска војна.

## 5.4. ВОСПОСТАВУВАЊЕТО НА ИТАЛИЈАНСКАТА И АЛБАНСКАТА ОКУПАЦИЈА ВО ЗАПАДНИОТ ДЕЛ НА ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА

Воспоставувањето на италијанско-албанскиот окупаторски систем во Западниот дел на Македонија се одвивало во духот на планот за поделба на Југославија, кој бил подготвен уште на 3 април 1941 година, во согласност со директивите за неговото извршување, кои биле донесени на 12 април 1941 година.[631]

Италијанскиот окупаторски систем се воспоставил во две фази, и тоа: во првата *воено-полициската окупација*, а во втората *државно-административната власт.*[632]

За нападот врз Југославија, односно на Вардарскиот дел на Македонија, италијанската врховна команда ја одредила дивизијата "Фиренца" ("Firenze"). Така, кон средината на април 1941 година, италијанската војска навлегла во Западниот дел на Вардарска Македонија, а на 17 мај 1941 година фашистичкиот диктатор Бенито Мусолини со декрет наредил да се воспостави *воено-административна власт.*[633] Командата на италијанската дивизија цеднаш се дислоцирала во Дебар, а потоа нејзините единици се разместиле и во останатите места според нивното значење и потреба.

Во првата фаза од италијанската окупација над Македонија, покрај *војската* била ангажирана и *жандармеријата*, односно *карабинерите.*

Во понатамошното продолжение на првата фаза при воспоставувањето на италијанската окупаторска власт, на италијанското окупирано подрачје, *воено-полициската власт* траела до јули 1941 година.

---

[631] Istorija na makedonskiot narod, tom petti, Skopje, 2003, s. 51-82.

[632] Ibidem, c. 70-71.

[633] Ibidem, c. 71; Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 339-414.

На почетокот поранешната кралска југословенска власт ја напуштила територијата, а новата сѐ уште не се воспоставила. Поради тоа, италијанските воени органи ги повикале поранешните југословенски општински судски и административни чиновници и понатаму да ја вршат власта, но истовремено да бидат лојални и да соработуваат со италијанската власт.

Со декретот на Мусолини издаден на 17 мај 1941 година, италијанските воени власти, односно командните места почнале да организираат и да поставуваат цивилна и судска власт.[634] Со овој декрет изрично се наредувало, во согласност со Воениот закон, на територијата што ја окупирале италијанските вооружени сили, цивилната власт да ја вршеле *цивилни комесари,* именувани од врховната команда, притоа одредувајќи им ја територијата на којашто ќе ја спроведуваат власта.[635]

На цивилните комесари им се давало право да поставуваат или отпуштаат службеници, во зависност од потребите или според наредбите на врховната команда. Всушност, тие биле задолжени за *регулирање на јавниот ред, мир и безбедност меѓу населението*, како и за одржувањето на активностите на окупаторските сили, односно за одржување на италијанскиот систем на окупација.

Функцијата на високиот цивилен комесар во подрачјето на италијанската зона на окупација, како и во рамките на цивилната и судската власт во општините постоела сѐ до 3.XII.1941 година.[636]

Во текот на јули 1941 година, со декрет на кралскиот претставник на Италија во Албанија, Франческо Јакомини, окупираниот дел на Македонија од страна на италијанските сили бил анектиран кон Албанија, со што се создала т.н. "Голема Албанија", според идеологијата од програмата на Призренската лига. Со оглед на фактот, дека во 1940 година Албанија била анектирана кон Италија, кај фашистичкиот диктатор Б.

[634] Историја на македонскиот народ, том петти, Скопје, 2003, с. 71.
[635] Ibidem, с. 343.
[636] Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 343.

Мусолини се остварила идејата Италија да се прошири и на Балканскиот Полуостров.[637]

Поголемиот дел од албанското население во Македонија, инаку обесправено како и македонското во Кралска Југославија, ја прифатило реализацијата на паролата за "Голема Албанија", а поистакнатите големоалбански националисти што ја прифатиле фашистичката идеологија започнале да ги обесправуваат Македонците.

Во јули 1941 година, по анектирањето на Западниот дел од Македонија кон Албанија, административната власт на теренот ја презело Министерството за "новоослободените" земји на Албанија.[638] По извршената анексија престанале да функционираат претходните органи на административната и судската власт и била воспоставена албанската, проиталијанска, т.е. профашистичка власт.[639]

Од аспект на организацијата на окупаторската власт на територијата на Вардарскиот дел од Македонија окупирана од италијанската војска, подоцна анектирана кон Албанија, италијанската власт за свои потреби во Дебар формирала своја префектура или окружна управа.[640]

Кралските југословенски судови биле дефинитивно укинати со наредбата од 28 октомври 1941 година, а албанските официјално почнале да функционираат на 4 мај 1942 година. При тоа, за судии биле поставувани Албанци од Албанија, при што официјален јазик станал албанскиот и латиничното писмо.[641]

Во поглед на организационата поставеност на управата во окупираните делови на Западниот дел на Македонија, Окружната италијанска управа, односно префектурата, како највисока административна институција и највисок орган на власта, ја сочинувале неколку околис-

[637] Историја на македонскиот народ, том петти, с. 72.
[638] Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 343.
[639] Историја на македонскиот народ, том петти, с. 72.
[640] Ibidem.
[641] Ibidem.

ки управи или т.н. потпрефектури.[642] Истите биле составени од повеќе општини (комуни), а тие се состоеле од градски и селски управи.[643]

Што се однесува до безбедносните органи и сили на административниот апарат, тие ја претставувале жандармеријата и полицијата. Жандармеријата (карабињерите) ја командувале Италијанците, а полицијата (квестурите) се наоѓале под албанска команда.[644]

Во секоја општина заедно со жандармериската станица, значи покрај карабињерите, имало и по една единица на посебна фашистичка милиција, наречена црнокошулци, во чиј состав влегле главно деструктивни лица од албанска народност.[645]

Во секоја потпрефектура имало колаборационистички организации формирани врз верска основа, во кои влегле припадници на албанската, турската и муслиманската младина Во центрите на префектурите биле формирани федерати, односно органи на фашистичките партии, додека во потпрефектурите тие се викале фашии, а во селата имало старешини или т.н.”капо цукла",.кои раководеле со јадрата на фашистичката партија.[646] Во сите хиерархиски органи на фашистичката организација, особено во федератите, се инфилтрирале вршители на военоразузнавачката (СИМ) и контраразузнавачката служба (ОВР).[647]

На раководните места во административно-полициската структура биле поставени лица од Албанија, а од месното население биле поставени главно оние Албанци што ја поддржувале идејата за создавање “Голема Албанија.[648] Покрај тоа, италијанските окупаторски власти преку својата пропаганда настојувале да ја ползуваат заостанатоста на

---

642 Ibidem, с. 72. Во Дебарската префектура влегле 7 потпрефектури (Струшка, Гостиварска, Кичевска, Дебарска, Тетовска и Ростучка), а шест села од Охридскиот регион влегле во префектурата Подградец и биле присоединети кон Албанија.

643 Ibidem. Конкретно, Струшката потпрефектура се состоела од 13 општини, Преспанската од 3, Гостиварската од 10, Кичевската од 10, Тетовската од 9, а Дебарската и Ростушката од по 11.

644 Ibidem, с. 72-73.

645 Ibidem, с. 73.

646 Ibidem.

647 Ibidem.

648 Ibidem.

албанскиот народ, при што врз верска и националистичка основа формирале "доброволни" одреди главно составени од заведени Албанци, кои во функција на поддршка на окупаторот вршеле терор над Македонците, Албанците и Турците што биле вклучени во Народноослободителното движење.

Воспоставувањето на италијанскиот окупаторски систем во Западниот дел на Вардарска Македонија, во соработка со големоалбанските сили во април-мај и подоцна во 1941 година не го одмина и образованието во окупираните подрачја, каде исто така беше вклучен и во спроведувањето на денационализаторските цели.

Во тој смисол, големодржавната политика на италијанската, односно албанската окупаторска власт главно се темелела на денационализацијата и асимилацијата на неалбанското население.[649] Мерките што во таа насока биле преземани од окупаторските власти во областа на образованието имале за цел да се албанизираат младите Македонци, на кои отворено им се пропагирала фашистичката идеологија.[650]

Како најсилен белег и сеопшта карактеристика при водењето на денационализаторската политика во Западниот дел на Вардарска Македонија било школство. Македонските деца биле приморувани да ги посетуваат албанските училишта. Учителите биле доведени од Албанија, а меѓу нив еден одреден дел биле антифашистички расположени.[651] Училиштата требале да бидат претворени во главни центри за ширење на големоалбанскиот национализам и шовинизам меѓу албанското и македонското население.[652] Поради големиот недостиг на учителски кадар се организирале и педагошки курсеви и на тој начин се пополнувале учителските места.[653]

---

[649] Ibidem, с. 74.
[650] Ibidem.
[651] Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 348. Во овој контекст веднаш сакаме да ја дадеме нашата констатација дека во албанското школство продорот на фашистичката идеологија бил релативно прифатен и не наишоло на масовно прифаќање.
[652] Ibidem.
[653] Историја на Македонскиот народ, том петти, с. 74-75.

Учебниците и другата литература доаѓале од Албанија и главно биле во функција на пропагирање на големоалбанската, но и на фашистичката идеологија. Македонскиот јазик бил забранет, а македонските ученици биле приморувани да учат на албански јазик.[654]

[654] Ibidem, с. 75.

## 5.5. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА, ИНСТИТУЦИИТЕ И ОРГАНИЗАЦИИТЕ КАКО ФОНДООБРАЗОВАТЕЛИ

Организацијата на државните органи на управата во Вардарскиот дел на Македонија и на другите институции и организации и нивното функционирање на теренот, како органи на власта на бугарската и италијанско-албанската окупација, ја стекнале и улогата на фондообразователи во периодот април-мај 1941 година, во времето непосредно по извршениот напад од страна на фашистичка Германија врз Кралството Југославија. Овој период, исто така, се карактеризира со воспоставување на новата окуптаторска цивилна и воена власт и нејзина организација во Македонија.

Наведените промени претставувале нови форми и содржини на организационата поставеност на органите на управата и ја внеле новата власт во Македонија, која за македонскиот народ претставувала нова управа на окупаторска власт.

Со цел подобро да се претстават организацијата на органите на управата на бугарските власти во Вардарскиот дел на Македонија, неопходно е материјалите да се разработат во два меѓусебно поврзани делови, кои сочинуваат тематска целина. При тоа треба да се опфатат и претстават позначајните форми на организацијата на управата во двете области во Вардарскиот дел на Македонија, Битолската и Скопската, како и Централните државни органи и Локалните органи на власта.

Во периодот на окупацијата на Вардарскиот дел на Македонија, од 10 април 1941 до 9 септември 1944 година, Бугарија на територијата на Македонија организирала административно-територијални единици какви што ги имала во Бугарија. Со други зборови, ги пренела своите општествено-политичките структури и управата на окупираните територии, при што се довело до воведување на идентичен систем на управа-

та и при формирањето на администрација во Македонија како во Бугарија.[655]

Окупацијата на дел од Македонија од Германија и потоа и од Бугарија, придонесе до проширување на бугарските државни граници и пренесување на ингеренциите на управните административно-територијалните единици врз Македонија. Според новата политичка ситуација, тоа не предизвикало некоја особено нова распределба на власта[656], туку квантитативно надоградување на една веќе постоечка и физиономирана состојба наследена од претходниот српски окупатор на Вардарскиот дел на Македонија.

Организацијата на органите на управата и административната поделба на Македонија беше спроведена веднаш по бугарската окупација и беше воспоставен цивилен и полициски апарат во новоформираната *Битолска и Скопска област.*

<u>Битолската област</u> во себе ги опфаќала *околиите*, кои претставувале пониска форма на власт и тоа: 1) Битола со градска општина и 11 селски општини, 2) Брод со 5 селски општини, 3) Крушово со една градска и 5 селски општини, 4) Охрид со една градска и 2 селски општини, 5) Прилеп со една градска и 9 селски општини, и 6) Ресен со една градска и една селска општина.

<u>Скопската област</u> во себе ги опфаќала *околиите* како пониски форми на власта и тоа: 1) Берово, со 2 градски и 2 селски општини, 2) Велес, со една градска и 9 селски општини, 3) Гевгелија со една градска и 4 селски општини, 4) Кавадарци со една градска и 5 селски општини, 5) Кочани со две градски и 6 селски општини, 6) Кратово, со една градска и 3 селски општини, 7) Крива Паланка со една градска и 6 селски општини, 8) Куманово со една градска и 11 селски општини, 9) Не-

---

[655] М. Константинов, Административно-територијалната поделба на Македонија за време на бугарската окупација, со осврт врз организацијата на бугарската власт и канцелариското работење во периодот 1941-1944 год., Скопје 1969, с. 23.

[656] Покрај Русенската област, што била основана на 24 јули 1941 година, истата година беа формирани уште три области на окупираните територии.

готино со една градска и 3 селски општини, 10) Радовиш, со една градска и 3 селски општини, 11) Свети Николе со една градска и 4 селски општини, 12) Скопје со една градска и 16 селски општини, 13) Струмица со една градска и 8 селски општини, и 14) Штип, со една градска и 3 селски општини.

На претходно прикажаниот начин била организирана територијата на Вардарскиот дел на Македонија, како управно подрачје со органи и институции на бугарската управа, која опфаќала вкупно 14 града, со 16 градски и 83 селски општини[657], однносно делот што го окупирала Бугарија опфаќал 28.250 $км^2$ со над 1.250.000 жители.

Во рамките на организацијата на управата за функционирањето на надлежностите на бугарската државна управа, во окупираниот дел на Вардарска Македонија биле спроведувани: законодавната, извршната и судската власт.

I) Законодавната власт се состоела од Народно собрание, кое го претставувало највисокиот законодавен орган. Во негова надлежност спаѓало и донесувањето на сите законски акти за функционирањето на режимот на окупацијата. Нивната главна цсл била да се заштити државата[658]; да се мобилизира граѓанството[659]; да се обезбеди регулирање на цените[660]; да се заштити нацијата[661], како и низа други закони, меѓу кои, според својата реакционерна содржина, отскокнувале од некои кои биле директно насочени против Евреите.[662]

II) Извршната власт била сконцентрирана во рацете на монархот, Министерскиот совет и владата, кои преку свои специјализирани и

[657] Д. Зографски "За разбивањето на Југославија и поделбата на Македонија", "Нова Македонија", 23 април 1969 година.
[658] Закон за измена на законот за заштита на државата, "Државен весник", бр. 202, од Софија од 12.XI.1941 година.
[659] Закон за граѓанска мобилизација, "Државен весник", бр. 100, од Софија од 4.V.1940 година.
[660] Закон за осигурување на снабдувањето и регулирање на цените, "Државен весник", бр. 110/40, од Софија од 7.VI.1940 година.
[661] Закон за заштита на нацијата, "Државен весник", бр. 16/41, од Софија од 7.IV.1941 година.
[662] М. Константинов, Административно-територијалната поделба на Македонија за време на бугарската окупација ..., с. 12.

апсолутистички потчинети институции[663], функционирањето на власта главно го извршувале преку декрети.

III) Судската власт со сите надлежности му припаѓала на Врховниот административен суд, во чиј состав функционирал и Обвинителскиот надзор. Но, без оглед на тоа што наведениот суд покорно ѝ служел на извршната власт, судската власт ја вршеле т.н. "Воени полеви судови" или преки воени судови, чии екстремно строги, често и недолично неаргументирани пресуди, на најдобар начин ја илустрираат бугарската окупаторска управа и власт во Вардарскиот дел на Македонија.

При анализата на претходните становишта, неопходно е да се регистрира и документира, дека во рамките на организацијата на органите на бугарската управа во новоосвоените краеви сепак највисоко место заземале Централните државни установи.[664]

Речиси сите централни државни установи се стремеле, преку разни форми на дејствување, државната администрација (управа) да ја претворат во средство, со кое најлесно ќе можело да се реализира не само ширењето на фашистичката идеологија, туку и извршувањето на денационализаторската политика во окупираните територии.

Меѓу клучните установи на државната управа од високи ранг биле следните:

И) Министерството за надворешни работи и верата, во чиј состав работеле органите на *Начелството:* а) Дирекција за конзуларно-стопанска, б) Дирекција за верата и в) Дирекција за печатот.[665]

ИИ) Министерство за внатрешни работи и народно здравје, во чиј состав доминантно место заземала Дирекцијата на полицијата. Ова

[663] Ibidem. Какви што беа: "Дирекцијата за национална пропаганда", што се грижеше за целосно фашизирање на земјата, "Дирекцијата за граѓанска мобилизација", што се грижеше исклучиво за задоволување на неопходните потреби од воен карактер, како и други дирекции со слични цели.
[664] Ibidem.
[665] Ibidem, с. 13. Во Дирекцијата за печатот, што имаше посебни овластувања во ширењето на фашистичките идеи, дејствуваа следните потесноспецијализирани служби" 1) за печат, 2) БТА (т.е. Бугарска телеграфска агенција), 3) за културни врски со странство, 4) за документација, 5) за информации и 6) за радиото.

Министерство претставувало најсилна потпора на фашистичкиот режим и најенергичен инструмент во реализирањето на политиката водена против Народноослободителното на македонскиот народ, како и против Бугарската Работничка Партија БРП(к), и многу други прогресивни руски, бугарски и македонски организации, кои дејствувале и во самата Бугарија.

Организационата структура на Дирекцијата на полицијата е од посебен интерес за проучување и тоа главно поради злосторствата, што беа вршени од страна на нејзините потчинети органи во Вардарскиот дел на Македонија. Таа беше формирана од неколку оддели: 1) Централна управа, 2) Униформирана полиција и училишна подготовка, 3) Криминална полиција, 4) Административна полиција, 5) Оддел за снабдување, 6) Државни полициски училишта (какви што имаше во Софија, Скопје и Пловдив, 7) Државна безбедност, и др.[666]

Од сите Оддели, посебно се истакнуваше последниот или Државна безбедност, во чија надлежност спаѓаше директната борба против припадниците на НОБ и членовите на КПЈ и СКОЈ. Со оглед на задачите во врска со обемот и сложеноста на работата, Одделот на државната безбедност бил поделен на пет вида потесно специјализирани Одделенија, што ги носеле имињата “А”, “Б”, “В”, “Г” и “Д”.[667]

Одделот за државна безбедност, како политичка полиција што беила еден вид агентура на Германската Тајна Полиција (ГЕСТАПО), преку илјадници свои агенти, растурени во скоро сите установи, во секој државен орган, институција и организација, претставувала “држава во држава” и сила што го контролирала општество. Трагите од реакци-

---

[666] Ibidem.

[667] Ibidem, с. 14.Одделението “А) се бореше на подрачјето на Македонија главно против членовите на КПЈ и против сите што според нивните критериуми беа евидентирани како политички проблематични. Одделението “Б” се занимаваше со следење на македонската и другите емиграции и нивните организации во Бугарија и со прашањето на националните малцинства и контрашпионажата. Оддедленијата “В”, “Г” и “Д” го следеа печатот, печатените материјали, јавните настапи, спортските, културно-просветните верските и другите организации и сл.

онерното дејствување на овој Оддел во Вардарскиот дел на Македонија останале до денес неизбришани.

Во составот на Министерство за внатрешни работи и народно здравје функционирал и злогласниот "Комесаријат за еврејски прашања".[668] Тој најпрво ги потчинил сите еврејски општини во Бугарија, а потоа и во окупираните делови на Вардарска Македонија и Србија, преку уфрлување на свои луѓе (директно или преку т.н. делегати на Комесаријатот, што биле главно околиски полициски управници), а потоа истите учествувале во директните акции за собирање и депортирање на 11 илјади Евреи во логорите Аушвиц, Матхаузен, Дахау, Треблинка и др. во Полска и Германија.

Покрај наведениот Комесаријат, во состав на ова Министерство дејствувала и Централната служба за "Издржување по воени причини" или т.н. "И.В.П.", што имала воспоставени свои органи во сите градски и селски општини. Со таа служба раководеле кметовите, т.е. претседателите на градските или селските општини.[669]

III) Министерство на војната, отворено им служело на целите на хитлеровата коалиција, претворувајќи ја бугарската војска во послушен жандарм на Балканот. Единиците на оваа војска при спроведувањето на казнени експедиции вршеле масовен терор во Србија, Македонија, Грција, каде биле убиени повеќе илјади лица, запалени голем број населени места и ограбени безброј домови.

Во Вардарскиот дел на Македонија наведеното министерство имало стационирано Штаб на една армија, под чија команда се наоѓаа две пешадиски дивизии и една коњичка бригада.[670] Истата воена ефектива со сета опременост била редовно употребувана против Народноос-

---

[668]Ibidem, с. 14-15. "Закон за наложување на Министерскиот совет да ги земе сите решенија за уредување на еврејското прашање и поврзаните со него прашања"."Државен весник" бр. 148/42, и врз основа на тој закон издадената наредба на Министерскиот совет во "Државен весник" бр. 192.42.

[669] Ibidem, с. 15.

[670] Voena enciklopedija, Kn. VI, Zagreb 1964, 471.

лободителната војска и партизанските одреди на Југославија. И додека редовната бугарска војска вршела функција на воена жандармерија на окупираните територии, во самата Бугарија Министерството на војнана основало Управа на жандармерија.[671] Управата, во соработка со Одделот за државна безбедност, под чија надлежност се наоѓале и специјално обучени единици за борба против партизанското движење во Македонија, т.е. т.н. "контра-чети", составени од Македонци, Албанци, Турци и др. со пробугарска ориентација, претставувале најозлогласени летачки формации, со цел војнички да ги уништат штотуку појавените партизански герилски единици во Македонија и во самата Бугарија.

Паралелно со споменатите министерства, постоеја уште неколку министерства, чии издадени акти можат да се сретнат во вид на циркулари низ сочуваните фондови од периодот на бугарската окупација во Македонија. Тоа се следните:

IV) Министерство на финансиите, под чија надлежност се наоѓале одделите: 1) Оддел за државните и од државата гарантирани долгови, 2) Оддел за пензии,[672] 3) Оддел за имигранти и 4) Буџетско-контролорен Оддел.

V) *Министерство за народна просвета*, кое водело повеќе грижа за фашизирање на младината, отколку за развојот на просветата, културата и науката.

VI) Министерство за земјоделството и државните имоти, во чиј состав функционирале: 1) Дирекцијата на земјоделството, сточарството и земјоделското образование; 2) Дирекција за земјата; 3) Дирекција на водите; 4) Дирекција на шумите; 5) Санитарно-ветеринарна Дирекција.

VII) Министерството на општествени згради, патишта и благоустројство, во чиј состав функционирала Главната дирекција на градежите, што ги имала следните три оддели: 1) Оддел за патишта, 2) Оддел за

---

[671] "Државен весник" бр. 39/44, од Софија од 1944 година.
[672] Во 1942 година овој Оддел прераснал во самостојна Дирекција за пензии.

нови железнички линии и 3) Оддел за водни градби, кој од 1943 година прераснал во Дирекција за водни градби.

VIII) Министерство за трговија, индустрија и труд, под чија надлежност биле: 1) Дирекција за внатрешна трговија, индустрија и занаетчиство, 2) Дирекцијата за организирање и контрола на професиите, 3) Одделот за професионално образование, 4) Главно комесарство по снабдување, 5) Дирекција на надворешна трговија, 6) Дирекција на природните богатства, и 7) Дирекција на трудот.

IX) Министерството на железниците, поштите, телеграфите и телефоните, под чија надлежност биле: 1) Главна дирекција на железниците и пристаништата, која ја координирала работата со Техничката дирекција, Финансиската дирекција и Дирекцијата за врските, што по вода се одржуваат[673], и Главната дирекција на ПТТ. Во нејзин состав функционирале: 1) Централната управа со Одделот "личен состав" и одделенијата за материјално снабдување и за ревизија и контрола на приходите, 2) Буџетско-контролен оддел, 3) Оддел за ПТТ врски, 4) Технички оддел, 5) Оддел за радиоврски и 6) Оддел за штедење.[674]

Наведените министерства и органи на државните служби, како фондообразователи од архивистичка гледна точка, претставуваат огромно богатство на историски податоци за проучувањето на бугарската окупација врз македонскиот народ од страна на фашистичките војски

По централните државни органи во организацијата на управата, на пониско место, следувала и ЛОКАЛНИТЕ ОРГАНИ НА ВЛАСТ.

Највисокиот орган на локалната власт била Обласната дирекција. На нејзиното чело бил Обласниот директор, кому му биле доделени еден или повеќе помошници. Обласните директори, како и сите други раководители на ниво на локалните органи на власта, вклучувајќи ги тука и кметовите на селските општини или директно биле назначувани

---

[673] Од оваа Дирекција во 1921/22 година бил создаден Одделот за воздухопловството, кој во 1927 година прераснал во самостојна Дирекција за воздухопловство.

[674] Овој Оддел во 1943 година прераснал во самостојно правно лице.

од страна на Министерот за внатрешни работи и народно здравје.[675] Во нивната организациона структура се наоѓале, доколку така се оквалификуваат еден вид на минијатурни министерства, т.е. ресорски служби, од кои еден број функционирале како одделни установи.

На понизок степен се наоѓале Околиските управи, кои биле исклучиво составени од околиски полициски управи.[676]

Реализацијата на политиката во сите сфери и домени на власта се вршела преку Градски и селски општини. На чело на градските општини биле поставени повисоките органи на локалната власт, наспроти прокламираната самоуправа во лицето на Градскиот совет. Во неговиот ресорен состав влегувале: Кметот со неговите помошници, директорот на највисокото училиште или Главниот учител, Државниот лекар, ветеринар, Обласниот стопански директор или агроном, реонскиот шумар, Државниот инженер или архитект, по еден претставник на месните кооперации, синдикатот и сопствениците на недвижниот имот, како и обични граѓани според одреден клуч.[677]

Општинските селски совети исто така имале слична структура. Целта на овие структури била, на општините да им се даде демократска содржина. Меѓутоа, поголемата застапеност на државните чиновници во општините, кои биле во целосна зависност од централната државна администарција, од една страна и целите што режимот си ги поставил пред себе, истите ги преобразиле во продолжени раце на режимот за спроведување на фашистичката идеологија.

Во врска со архивската граѓа која се однесува на локалните органи, градски и селски општински совети, значајно е да се подвлече, дека истите претставуваат драгоцен документарен материјал за проучувањето на системот на организацијата и функционирањето на фашистичката окупација во Вардарскиот дел на Македонија.

---

[675] М. Константинов, Административно-територијалната поделба ..., с. 17.
[676] Ibidem.
[677] 6 лица од населено место до 5.000 жители, 9 од населено место до 5.001 жител и 12 за населби со повеќе од 10.000 жители.

## 5.6. АРХИВСКАТА ДЕЈНОСТ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА ПОД ИТАЛИЈАНСКА И АЛБАНСКА ОКУПАЦИЈА

Формирањето на архивската документација под италијанската окупација се извршувало во делот на територијата на Западна Македонија, непосредно по навлегувањето и стационирањето на италијанските војски во периодот април-јули 1941 година, кое претставувало окупационо подрачје на италијанските сили.

Во почетокот на окупацијата, старата српска предвоена административна власт на теренот во Западниот дел на Вардарска Македонија сé уште не била наполно уништена и покрај тоа што најголемиот дел од чиновничкиот апарат на предвоена Југославија ја напуштил наведената територија.[678]

Првото правно регулирање на административно-управните власти било извршено со *Декретот* издаден од страна на италијанскиот фашистички диктатор Мусолини од 17 мај 1941 година, со кој преку општи одредби биле формулирни организацијата и системот на цивилната и судската власт во окупираните подрачја.[679]

Врз основа на наведената регулатива, при нејзиното спроведување било наредено: цивилната власт да ја вршеле *цивилни комесари*, именувани од страна на *врховната команда*, на кои им било определено раководењето и врз територијалното подрачје.[680]

Во јули 1941 година, територијата на Западниот дел на Вардарска Македонија била анектирана кон Албанија, односно по извршената анексија престанале да функционираат сите дотогашни органи на адми-

---

[678] Г. Тодоровски: Прилог кон проучувањето на окупаторскиот систем во Западна Македонија од 1941 до 1944 година. ГИНИ, бр. 2/1963, Скопје, 1963, с. 185.
[679] Ibidem, с. 185.
[680] Ibidem.

нистративната и судската власт, а по нивната замена биле воспоставени новите органи на окупаторската власт. [681]

Од широко разгранетата административна власт на окупаторот во Западниот дел на Вардарска Македонија, зачувана е релативно малку архивска документација, односно од граѓата што не била уништена од времето на војната. Зачувани се само мали делови од архивите на *Кичевската општина* со седиште во Кичево,[682] како и на *Дебарската општина* со седиште во Дебар.[683]

Фондот на Кичевска општина со вкупно 5 кутии на архивска граѓа, содржи документи од 1941 до 1944 година. Настанатите документи во наведената општина во текот на првите години од окупацијата, кога Западниот дел на Вардарска Македонија претставуваше италијанско окупационо подрачје биле пишувани на италијански јазик. Документите главно го прикажуваат настојувањето на окупаторот да воспостави свои органи на власта. Еден дел од граѓата сведочи за случувањето во сферата на економијата, како што се: наредбите издадени од страна на окупаторот за пријавувањето на земјоделските производи, кои биле произведени од земјоделците и сл., а исто така постојат и други, помалку значајни документи од економска природа.

Другата група документи била пишувана на албански јазик. Од нејзината содржина можно е да се види политиката и дејствувањето на големоалбанската власт на овој дел на територијата во Македонија. Посочените документи во однос на тематиката која ја имаат, можно е да се поделат врз основа на следната состојба: 1) воспоставувањето на административно-полициската власт; 2) стопанството; 3) аграрната реформа; и 4) просветата.

---

[681] Н. Велјановски, Еден дел од сочуваниот архивски материјал на окупираната Вардарска Македонија од 1941 до 1944 година, ГИНИ, бр. XVI/1972, Скопје 1972, с. 181-185.

[682] Архивски фондови и збирки во СФРЈ-СР Македонија, Белград 1982, с. 42.

[683] ДАРМ, Водич на архивски фондови, фонд бр. 157. Дебарска префектура - Дебар, 1941-1944, Скопје, 2002, с. 5.

Граѓата која се однесува на развојот на стопанските прилики посебно е бројна и тоа најмногу во врска со десетокот. Овој факт во секој случај гледано, се должи и на околноста, што префектурите по однос на регулирањето на прашањето за десетокот, од своја страна формирале *специјални комисии,* кои требале да се занимаваат со реализацијата на десетокот. За исполнувањето на таа цел, се обрнувало посебно внимание со проучувањето на Декретот, издаден од Кралскиот наместник на Албанија. Освен тоа, исто така и подрачните органи требало да имаат увид во количината на производите од реонот на нивната општина.[684] Од тие причини и овие видови на документи се доста застапени.

Фондот на Дебарската општина со седиште во Дебар не е целосно зачуван. Од него постојат делови на граѓа за 1943 и 1944 година. И содржината на овој фонд документи во голем дел се однесуваат на десетокот и работата околу неговото собирање од селаните.[685]

Покрај воспоставениот административен апарат на теренот во Западниот дел на Вардарска Македонија, на истиот терен биле воспоставени и *полициско-судски органи.* Поради наведената ситуација се појавило едно двојство во владеењето, во смисол на тоа, што во италијански раце останала жандармеријата, а во албански се наоѓала цивилната власт, како и засебната албанска полиција.[686]

Од дејноста на полициско-судскиот апарат зачувани се неколку фондови од судството, додека материјали од полициски архиви не се зачувани. Одделни делови на акти од полициската дејност се среќаваат заедно со судските документи, каде се евидентирани како карабинерска (милиционерска) команда.

*Првостепениот суд во Тетово* бил еден од најбогатите и меѓу најобемните формирани фондови од периодот на окупацијата на оваа

---

[684] Г. Тодоровски, Некои институции во Западна Македонија воведени во времето на окупацијата 1941-1944 година, ГИНИ, бр. 2/1963, Скопје, 1963, с. 111.
[685] Фондот е обработен и затради своето значење се чува во Централниот дел на Државниот архив во Скопје.
[686] Г. Тодоровски, оп. цит., с. 186.

територија.[687] Истиот содржи вкупно 9 архивски кутии и 4 книги, а се однесува на периодот 1942 до 1944 година.

Организациона структура на Првостепениот суд во Тетово ги имала следните одделенија: *кривично*, *граѓанско* и *шеријатско*. Секое одделение создавало посебен вид документи, во зависност од надлежностите кои се обавувале во неговите одделенија. Освен тоа, еден дел од документите, како што била општата преписка, била создадена од судската управа, а еден дел од градската карабинерска команда.

Судот пресудувал по спорови од прв степен и поради тоа ваквите предмети биле побројни. Особено интересни се документите создавани од кривичното одделение. Во нив можно е да се види казнената политика на окупаторот, која била насочена кон одржувањето и зацврстувањето на власта на окупираната територија на овој дел од Македонија.

Тесно поврзан со Првостепениот суд, посбебн со неговото кривично одделение бил *Истражниот суд во Тетово*.[688] Тој отпочнал со работа во исто време кога почнал и Првостепениот суд. Од тригодишната дејност на овој суд зачувана била малку архивска граѓа, од која е можно да се гледа дел од неговата работа.

Содржината на граѓата се однесува на истражените дела, кои ги водел Истражниот суд во врска со решавањето на кривичните дела. Во духот на општата судска и казнена политика, кривичните дела биле честопати вештачки монтирани за да се "докаже" вината на одделни лица.

Од работата на *Мировниот суд во Тетово*[689] се зачувала граѓата од вкупно 9 архивски кутии. Од содржина на документите можно е да се констатира, дека судот расправал во врска со граѓанските спорови.

Како институционално правно поврзано со органите на судовите, со седиште во Тетово дејствувало *Јавното обвинителство*.[690] Од не-

---

[687] Архивски фондови и збирки во СФРЈ-СР Македонија, АМ, фонд бр. 229, Првостепен суд-Тетово, 1941-1944, Белград 1982, с. 45.
[688] Ibidem.
[689] Ibidem.
[690] Ibidem.

говата работа, како архивски фонд, исто така сочувана е граѓа од 3 архивски кутии. Основната задача на обвинителството се однесувала на законскиот прогон на сторителите на кривичните дела, а тоа го потврдуваат и повеќето зачувани документи од дејноста на оваа установа.

Повеќето од документите потврдуваат појави и настани, дека месното население не го прифаќало данокот десетокот, кој бил одредуван од албанската окупаторска власт. Забележани биле напади на магазините. Таков случај се јавил во селото Челопек-Тетовско, каде во селскиот магазин бил сместен прибраниот десеток од страна на закупникот Мехмед Мустафа од Тетово.[691]

Со цел да се извршело видно зацврстување на окупаторскиот систем, на целото подрачје во Западниот дел на Вардарска Македонија најважно било формирањето на *фашистичка организација*. Таа постоела и функционирала во секоја *потпрефектура*,[692] но од дејноста на истата не се зачувани посебно одредени документи. Во овој случај, со оглед на тематиката, можно е да се претпостави, дека голем дел од граѓата бил уништен од страна на самите фашистички активисти, со цел за да не биде запленет.

Архивските материјали и пишаните историски извори, кои се наоѓаат во архивите на Република Македонија и воедно се јавуваат како фондови од архивската граѓа од дејноста на италијанско-албанскиот окупатор во периодот на Втората светска војна од 1941 до 1944 година, не се одликуваат со некоја посебна обемност. Меѓутоа, нивното значење станува посебно, кога се има во предвид фактот дека наведениот период со архивска граѓа доста е оскуден. И покрај оваа констатација, наведената документација поради своето извонредно значење, секако дека дава широки можности за историските проучувања на територијата

[691] Г. Тодоровски, Окупаторски документи од времето на окупацијата на Западна Македонија (1941-1944 год.). ГИНИ, бр. 1/1965, Скопје, 1965, с.292. Во овој труд се објавени неколку покарактеристични документи од овој период.
[692] Г. Тодоровски, Прилог кон проучувањето на окупаторскиот систем …, с. 189.

на Западниот дел на Вардарска Македонија, во времето од 1941 до 1944 година, која се наоѓала под италијанско-албанска окупација.

# ГЛАВА ШЕСТА
# СОЗДАВАЊЕТО НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ВО ТЕКОТ НА НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА 1941-1944 ГОДИНА

## 6. 1. НАСТАНУВАЊЕТО НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ВО КПМ, НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈСКА, ОРГАНИТЕ НА НАРОДНАТА ВЛАСТ И ГРИЖАТА ЗА НЕЈЗИНАТА ЗАШТИТА

### ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА ГРАЃАТА

Настанувањето на документацијата во рамките на дејствувањето на Комунистичката Партија на Македонија (КПМ) на територијата на денешна Република Македнија, потоа во командните тела и органите на народноослободителната војска во Македонија, како и во органите на народната власт, кои поосетно почнале да се формираат како фондообразователи во текот на Втората светска војна, особено во периодот на 1943-1944 година, можно е да се заклучи дека претставува ре.ален процес на развој на едно ново општество, кое нужно водело кон ссоздавање на својата историско-правна и воено-политичка документација.

Уште во текот на Народноослободителната војна кај македонскиот народ и останатите југословенски народи и народдности почнале да се развиваат елементите на новото општествено-политичко и економско уредување на народите во новата држава на поранешното Кралство Југославија. Таквиот развоен пат го прателе и новите форми на канцелариското работење при ракувањето со граѓата, која зависно од приликите нужно настанувала. Канцелариското работење во прво време, посебно во воените услови, не можело да биде регулирано со стручни, а секако не и со единствени прописи за разните настани на животот, во рамките на кои се создавала документацијата во партизанските одреди, како и во разните тела на народната власт при формифрањето на Народноослободителните одбори (НОО) во текот на Народноослободителната војна и револуцијата.

Од аспект на вршењето на канцелариското работење во текот на НОБ и во првите години по ослободувањето, можно е де се констатира, дека биле издавани привремени упатства за обавување на административно-техничките работи, кои се однесувале на решавањето на поедини проблеми од животот. Привремените упатства најмногу биле употребувани врз основа на “Пословникот" од 1931 година, кој бил прилагодуван колку што било можно на новите услови и прилики, кои произлегувале од потребите на воените и повоените настанви.[693]

При крајот на војната и непосредно по ослободувањето, при појавата и функционирањето на службите на КПМ и органите на народната власт, како составни делови од заедничката држава Демократска Федерална Југославија, во периодот на создавањето и развојот на новите органи и тела на народната власт, формирањето на институциите на локално и повисоко ниво сеуште недостасувале прописи за канцелариско работење. Во многу прилики биле користени индивидуални или еден вид интерни прописи и одредени искуства како основа за регулирање на административното работење.

При објаснувањето на ова прашање, неопходно е да се подвлече, дека облиците и методите на канцелариското работење, во текот на војната и непосредно потоа многу заостанувале во односс на новите промени, кои секојдневно настанувале во сите сфери на развојот во ослободителното движење, а потоа и во времето на формирањето на новата држава.[694]

## НАСТАНУВАЊЕТО НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ВО КПМ

Архивската документација која се однесува на македонското комунистичко двожење се формирала во специфични, пред сé илегални и мошне сложени услови. Таквиот систем на работа барал голема дис-

[693] J. Buturac- S. Bačić, Iz historije pisanog dokumenta, Sisak 1966, s. 38.
[694] Z. Nježić, Razvitak sistema upravnih registratura, vo: Arhivist, XX/2’70, s. 166.

кретност, со цел да не се дознае, кога и кој бил покренувач на акцијата, како и со посредство од кого и што било преземено. Имало случаи, кога требало да се изведе акција, да се извршат многу задачи, да се обезбеди успех на ослободителното движење, а при тоа да не се скрене внимание на сето она што ја следело акцијата на Партијата.

Од наведените и слични причини, постанокот на документацијата во редовите на КПМ претставувал еден историски процес, кој не можел да подлежи на одредени, административни и службени регистратурски или архивски закономерности при неговото одвивање. Објективно, таквата констатација е прифатлива, бидејќи добро се познати причините за состојбата т.е. конспирацијата и дискретноста, кои биле императив на времето во илегалната работа.

Документацијата која се однесува на КПМ, во смисол на појавувањето нов фондообразовател, започнала да настанува непосредно пред нејзиното формирање на 19 март 1943 година во Тетово.[695] По краткиок период, кон средината на 1943 година, создавањето на документите за дејствувањето на Партијата на целата територија на Македонија станало сразмерно поголемо. Тоа не значи дека пред формирањето на КПМ не се создавала граѓа во врска со движењето и неговото присуство меѓу народот при пропагирањето на неговите цели и задачи, кое со себе ги носело како идеологија и начин на дејствување за ослободување и национално обединување на територијата на Македонија.

Во содржината на приложениот труд, главно ќе се задржиме на создавањето на документацијата по основањето на КПМ на 19 март 1943 година во Тетово до ослободувањето на Македонија при крајот на 1944 година. Во врска со тоа прашање, најголем акцент ќе ставиме врз

[695] Во март 1943 година бил формиран првиот Централен комитет на КПМ, во кој влегле: Л. Колишевски, кој во тоа време бил во затвор во Бугарија, К. Јосифовски, Ц.Узуновски, С.Гигов, М. Нацева и Б. Андреев. Првата седница се одржа на 19 март 1943 година во Тетово. Со тоа се одбележала принципиелната политика на КПЈ по однос на решавањето на националното прашање и овој настан претставува нов чекор кон решавањето на македонското национално прашање во текот на НОБ.

документацијата, создавана во Партијата за време на нејзиното дејствување во текот на народноослободителната војна.[696]

Во однос на белезите и надворешните карактеристики на документите, кои настанувале во работата на КПМ на теренот ва Македонија во времето од формирањето на 19 март 1943 до ослободувањето на Скопје на 13 ноември 1944 година, кои дати условно се земаат за гранични во поглед на настанувањето на документацијата во КПМ за време на НОВ, можно е да се констатира, дека хартијата на која се пишувало била од различно производство, нееднаков формат и различен квалитет. Таа хартија можела да се најде, на некаков начин била набавена или одземена од непријателот за време на некоја илегална.акција. Имало хартија која потекнувала од западните сојузници во Македонија во 1944 година, како и друг вид канцелариски прибор од установите на окупаторот во Македонија, кои се нашле во рацете на партизаните и Партијата и биле употребани.

При анализата на наведеното прашање, неопходно е да се подвлече, дека во услови на илегалната работа, се среќаваат листови, делови од листови и хартија, кои биле од разни нотеси, тетратки и тенка хартија за пишување на машина, а во најголем дел како хартија намената за копии. Пишувано било со молив, пенкала на мастило, односно користени биле и машини за пишување со црна и сина лента. Имало партиски материјали, реферати и други видови акти, кои се умножувале на шапилограф или со индиго и сл.

Нешто подоцна, на ослободената територија на Македонија, во текот на 1944 година, состојбата била значително променета, со оглед дека веќе имало можности во ослободените места да се најде повеќе оставена хартија и друг канцелариски прибор, кој бил користен од партиските активисти и од органите и телата на КПМ.

---

[696] Архивски фондови и збирки 1993-2005, фонд бр. 427, Централен Комитет на КПМ / СКМ - Скопје, 1945-1990, Скопје, 2006, с. 88.

Во врска со видовите акти кои настанувале во овој период, земајќи ги во предвид пред сѐ условите на настанувањето на самата документација, во илегална работа во градовите и селата, при висок степен на ризик да се биде откриен и секупната работа да се уништи, како и во услови на воени акции на целиот терен на Македонија, по планините, во шумите, по полињата и на други места, каде било неопходно да биде создаден пишан документ, можно е да се констатира дека документацијата била од разновиден карактер.

Од архивската документација создавана од активистите и останатите партиски функционери, најмногу се среќаваат бројни циркуларни писма, одлуки и директиви до организации на СКОЈ, летоци и пропагандни материјали од ЦК КПМ, потврди од командни места, партиски материјали како на пример: Прашањето на ленинизмот, Одлики кои треба да ги има секој партиец, итн.; наредби (Наредба на Штабот на крушевските одреди); поздрави: (Поздрави са I Конгреса КП Хрватске); обраќања: (До сите политички Работници во јединицте на НОВ и ПО на Македонија" кои преминале на грчка територија во јуни 1944 година"), итн.[697]

Покрај останатите материјали, неопходно е да се истакнат и разните видиови државно-правни акти, кои често настанувале во текот на дејствувањето на КПМ во воениот период и биле издавани од страна на воено-политичките реферати[698], кои се однесувале на изградбате на партискиот кадар на единиците на теренот кој сеуште се наоѓал под окупаторска власт.

Се среќаваат исто така повеќе апели, решенија, документи во врска со Главниот штаб, дејноста на македонските офицери, подофице-

[697] ДАРМ, фонд бр. 427, Централен Комитет на КПМ/СКМ, 1943-1945, 1.427.8.34/87-95.

[698] ДАРМ фонд бр. 1.427.8.84/421-422. Реферат од Д. Радосавјевиќ-Орце, во врска со ставот на КПМ за остварување на единството ма македонскиот народ,; ДАРМ, фонд бр.1.427.8.85/423-425, Рефератот на Ц. Узуновски-Абаз, во врска со организационите прашања во партијата од 1939 па понатаму до периодот на НОВ, 1945; ДАРМ, фонд бр.1.427.8.86/426-429,Реферат на Н. Минчев во врска со народната власт и други. Држењето на овие реферати било во рамките на дејноста на Организационо-инструкторското одделение при ЦК КПМ.

ри и војници од првата половина на 1944 година. Како вонредно значајни документи посебно се истакнуваат "Решенијата од I-то заседание на АСНОМ" и "Декларацијата и решенијата од II-то заседание на АСНОМ". Исто така, многу значајни информации се добиваат и од документот "Задачи на НО Одбори на ослободената територија".[699] Се среќаваат и Билтени,[700] материјали од радио емисии, [701]весници,[702] поединечни писма,[703] материјали од функционерите на ЦК КПЈ[704] и повеќе летоци издавани од страна на ПК КПЈ за Македонија од 1942 година.

Сите наведени видови документи и материјали претставуваат непроценлива вредност за деталното запознавање со идејната основа и насоченост на КПМ и нејзините воени и идејни раководители и креатори на идната слободна и независна држава Македонија.

Во документација, понатаму, се среќаваат материјали за Народноослободителниот Фронт на македонскиот народ,[705] потоа писма од познати македонски револуционери и народни херои на Македонија, како што се Мирче Ацев, Страшо Пинџур, Кузман Јосифовски-Питу и други.[706] Во материјалите посебно место заземаат податоците за развојот на нароснoослободителното движење во Македонија и формирањето на македонска држава во југословенската федерација [707]

Посебна група документи во овој период сочинуваат оние, кои се однесуваат на работата на Народноослободителните одбори (НОО),

---

699 ДАРМ, фонд бр. 1.427.8.34/88, Документи од НОБ.
700 Билтен - Кавадарци, од 11.V.1944 година.
701 Радио весник, од 9.XI,1944 год., Радио служба, од 7.XI.1944 година.
702 Востаник, бр. 2 и бр. 3.
703 ДАРМ, фонд бр.1.427.8.34/90, Писмо од П. Пирузе.
704 Џилас и Рибар: Миројубива надворешна политика на СССР; Кардељ-II Заседание на АВНОЈ, итн.
705 ДАРМ, фонд бр.:1.427.8.34/90.Меѓу другите материјали од НОФ, го среќаваме и Летокот на ПК на НОФ; Леток на АНОК на НОФ на Македонија, од 1943 год., НОФ на Велешко и Азот од јули 1944 година, и др.
706 Во истата група на документи, во 1.427.8.34/90.
707 ДАРМ. фонд бр. 1.427.8.34/88, С. Вукмановиќ-Темпо: Тито и национално питање, во архивската единица; потоа, ДАРМ, фонд бр, 1.427.8.34/9-92Развитокот на НО движеније во Македонија; Империјалистичка или ослободителна војна; Одлука за забрана на враќање на кралот Петар; ДАРМ, фонд бр. 1.427.8.34/93, Илинден и денешната борба на македонскиот народ; Новите собитија и Македонија под италијанска окупација од борците од НОФ, и други во групата документи во архивската единица.

кои како носители на моменталната и идната демократска народна власт биле главни столбови на новата народна и демократска власт, формирана врз основа на победата над фашизмот и веднаш започнала со своето функционирање.[708]

Настанатите документи од работата на КПМ во однос на младината во Македонија, најчесто се однесуваат на нејзиното организирање и делување во рамките на КПМ, одржувањето на партиски средби и донесуавњето на одлуки и насоки за работа.[709]

Настанатите документи од работата на КПМ во однос на меѓународните настани на Балканот и во Европа ги одразуваат погледите и ставовите на Партијата по одредени настани и ситуации.[710]

Настанатите документи од работата на КПМ во форма на писма, прогласи и летоци од ЦК КПЈ повеќе се однесуваат на повици за заедничка борба против окупаторите и упатување во целите на борбата: ослободување на народитре на Југославија. Меѓу позначајните документи од оваа група се и следните: Леток на ПК КПМ за Македонија “Македонски народе на штрек” од ЦИ.1941 година, Летокот на ПК КПЈ за Македонија од 7.ЦИ.1942 година, Леток на ЦК КПЈ од јануари 1941 година, Коминике на ЦК КПЈ од јануари 1941 година, препис на писмото на другарот Тито до ПК КПЈ за Македонија, писмо од С. Вукмановиќ-Темпо до сите партизански одреди во Македонија, Проглас на ЦК КПМ од јуни 1944 година, Проглас на ЦК КПЈ од 2.ЦИ.1944 година, како и писмото “Свим окружним и месним партизанским поверенстви-

---

[708] ДАРМ, фонд бр. 1.427.8.34/93. Меѓу документите во врска со работата на НО Одбори се и следните: Што се Народноослободителни Одбори; До сите НО Одбори во Македонија - Ченто; До сите НО Одбори во Македонија-Темпо; До сите овластени другари за организирање на НО Одбори во Македонија; Решење за организирање и работење на Нар. ослобод. Одбори во Македонија, во групата документи во архивката единица.

[709] ДАРМ, фонд бр. 1.427.8.34/93. Дел од настанатите документи во врска со младината во Македонија се и следните: Младински конгрес - децембар 1943 година; трудот на Р. Дугоњиќ, О Савезу младе генерације, ДАРМ, фонд бр,. 1.427.8.34/88Потоа, Напредна омладина Београда по поводу 8.IX.1941 година, и други.

[710] ДАРМ, фонд бр. 1.427.8.34/94. Меѓу овој вид настанати документи се и следниве: Од говорот на Черчил; Политичка криза во Бугарија во 1943 година; Митинг на славјанските дејци; Доклад и заповед на Сталин - ноември 1943 година. Сите овие докуемнти спаѓаат во групата на документи во архивката единица.

ма и партиским комитетима у партизанским одредима-ЦК-а КПМ за Македонију", од 1944 година. Овие писма, прогласи и летоци се пишувани на српско-хрватски јазик.[711]

Бројните документи во форма на прогласи и наредби издавани од Главниот Штаб на НОВ и ПО на Македонија ја претставуваат работата на Главниот Штаб, преку наредби, извештаи, летоци, писма и друго. Меѓу позначајните документи треба да се наведат следните: Наредба бр. 1 Гл. Штаба НОБ и :ПО Македоније од 13.VIII.1943 године, Наредба бр. 2 Гл. Штаба НОВ и ПО Македоније од 19.VIII.1943 године, Писмо официрима бивше Југословенске војске од Апостолски, До македонските официри, подофицери и војници од Апостолски, од ИИ.1944 година, Извештај бр. 2 Гл. Штаба НОВ и ПО Македоније од новембар 1943 године, Главни Штаб-Македонски официри, подофициери и војници од 26.II.1944 година, Манифест, од октомври 1943 година, До пкр. (покраински - Ѓ.С.), Окружним, оперативним и четним руководствима-Покр. Штаб за Макдедонију од 1944 година. И во овие документи, настанати во работата на Главниот Штаб и НОВ и ПО на Македонија е пишувано главно на српски јазик.[712]

Содржината на воени документи се однесувала главно на партизанското движење, како што биле: нареддби од команди, писма и сл. Меѓу овие документи се и следните: "Формације партизанских одреда, Наредба бр. 1, 2 и 3 ИВ Оперативне зоне"; "Позив за у војску ИИ Оперативне зоне, Наредба граѓанству Преспе од 9.И.1944 године:; "О војнореволуционарном раду"; "Свим радницима у јединицама НОВ и ПОМ који прелазе на грчку територију јуна 1944 године".[713]

Се забележува дека воените материјали се пишувани на српскохрватски јазик, кој како и македонскиот бил во употреба во војската во Македонија.

---

[711] ДАРМ, фонд бр.1.427.8.36/ 117.
[712] Ibidem.
[713] ДАРМ, фонд бр. 1.426.8.36/120.

Настанатите материјали, како што се: " Список на паднати борци од кичевска околија"; "Список на жени од с. Вевчани во АФЖ од ноември 1944 година"; Марш на македонската војска од октомври 1944 година"; "Наредба на НО Одбор од с. Белчиште од 16.XI.1944 година", и други материјали од 1944 година, сведочат за мошне засилена и стабилна дејност на КПМ во своите редови и соработка со други организации (АФЖ, НОО).[714]

Богатството од содржината на настанатата документација од работата на КПМ, не само што сведочи за сопствениот раст и престиж на КПМ, во годините на извонредно тешките услови на илегална работа во воено време, туку и за настанување на една радикална промена кај македонскиот народ во Вардарскиот дел на Македонија, односно за формирањето нови погледи на светот, а во тој контекст и за решавањето на националното прашање на македонскиот народ. Од тој аспект, овие документи имаат извонредно значење за историјата на македонскиот народ во разработуваниот период.

Врз основана настанатите документи од органите на Партијата, важно е да се подвлече, дека била формирана основа за комуникација меѓу партиските, воените и народните субјекти за остварување на поставените цели. Настанатата граѓа сочувана во невозможни услови за нејино канцелариско, архивско и било какво административно облиувње претставува сведок за едно сложено време во врска со постанокот и формирањето на државноста на македонскиот народ, во што се одразува и нејзината големина и историска важност.

## НАСТАНУВАЊЕТО НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ВО НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈСКА

Настанувањето на документацијата во текот на НОБ и Народната револуција се одвивало во услови на дејствување на работничко дви-

[714] ДАРМ, фонд бр. 426, ЦК КПМ, 1943-1945, и ДАРМ, фонд бр. 1.427.8.36/123.

жење во периодот од 1941 до 1945 година. Политичките состојби биле неповолни, најмногу поради илегалната работа, што морала да се практикува и поради воените дејствија и сето она што го донела војната и окупацијата во Македонија.

Поради специфичните, вонредно тешки и сложени услови за време на илегалната работа и одвивањето на воените операции во текот на Народноослободителната борба и Револуцијата, останало и постојат релативно малку пишани материјали и документи од старешинскиот кадар на војската. Иако тие се фрагментарно сочувани, како материјали и документи, кои се специфични по својата форма и содржина, често на најдобар начин и најнепосредно ја одразуваат македонската понова историја од револуционерната борба и дејствувањето на народноослободителната војска[715].

Работата со документите во Македонија во текот на Народноослободителната војна од 1941 до 1944 година во партизански единици се одвивала во многу непредвидливи и променливи услови, со оскудица од хартија, моливи, пенкала мастило и друг канцелариски прибор.

На документите што настанувале како потенцијална архивска граѓа, поради специфичноста во развојот на политичките прилики во ситуација на водење партизанска војна, не е можно или тешко можат да им се одредат некои поконкретно установени форми на видови на акти, како и нивниот типизиран начин на архивирање. Исто така не е можно со сигурност многу да се каже ниту за структурата на нивното средување, која настанувала во партизанските единици за време на водење војна, ниту пак за начинот на нејзиното одлагање односно зачувување.[716]

Сосема е разбирливо дека целата документација воопшто и архивската граѓа ги носела белезите на времето во кое била создавана. Во воените услови, заради потребата од максимална будност во случај до-

[715] З. Јанев, Истражувањето на архивската граѓа и комплетирањето на фондовите и збирките од НОВ и револуцијата.Македонски архивист, X (1981), Книга единаесетта, Скопје, 1981, с. 25-28.
[716] Т. Зајковски, Македонија, Архивист, XX/2'70, Београд 1972, с. 158.

кументите да паднат во рацете на непријателот, тие најчесто не ги носеле ниту најелементарни евидентни ознаки, како што се адресат и адресант, датум и место на создавање на документот и сл. [717] Тие најчесто биле пишувани во вид на писмо, иако според внатрешната содржина на истото може да се утврди дека се работи за наредба, некој извештај, одредена директива и сл.

Творецот на фондот настанат во условите на партизанската војна не можел да има одредена организациона структура, но сепак поедини личности имале одредени задолженија. Како последица од овие карактеристики на документацијата и нејзиното евидентирање, не можело да има ниту услови и за редовно канцелариско работење.

Граѓата веќе попримила друг карактер и евидентирање нешто подоцна, во текот на ноември 1944 година, кога документацијата веќе започнала, конкретно писмата, да добиваат административни ознаки за евиденција и почнуваат, врз основа на овие ознаки, да бидат заведувани во деловодниот протокол, кој веќе почнал да се воведува и користи. Заведувањето на документите во деловодниот протокол се вршело хронолошки и според редоследот на редниот број од документот.

Архивската граѓа од партизанските воени единици од крајот на 1943 и почетокот на 1944 година веќе ги носела ознаките за евиденција, како што се: адресат и адресант на документот, начин на испраќање и деловоден број. Од 1944 година веќе се појавува и озваничување на документите со печат, меѓутоа, штембилот многу ретко се среќава.[718]

Поради извонредно тешките услови во војната, војската која била во често движење и постојано прилагодување на дадените услови и главно поради строгата илегалност во работата, сето тоа придонело да се зачува многу малку архивска граѓа од воено и партиско потекло.

[717] Ibidem.
[718] Ibidem.

Делумно зачуваните документи, според својата форма и содржина се мошне специфични и на најверодостоен начин ја рефлектираат историјата на НОВ во Македонија.[719]

Конкретно, што се однесува до обежјата на содржината на архивската граѓа и другата документација од воена и партиска провениенција, истата била своевидна: пишувана со многу кратенки, се разбира, поради немање доволно хартија во условите кои владееле при нејзиното создавање; многу често се среќаваат шифрирани текстови или делови од текстови во поедини документи; многу често или редовно се употребувале псевдоними за лицата на кои се упатувало некое писмо, директива или друг вид пишан акт, (кое во најчест случај може да биде наредба) или од кого и каде се испраќало некое писмо или друг вид акт.[720]

Создавањето на пишаната граѓа во најчести случаи следувало поради потребата од војувањето; одржување комуникација меѓу партизанските одреди; пренесување наредби на командниот кадар или кратко опишување на ситуацијата; давање свој суд; издавање наредба и сл. Граѓата била создавана од повеќе лица, меѓу кои најмногу од командантите на воените единици и организации на НОВ. [721]

Граѓата во народноослободителната војска што настанувала во Вардарскиот дел на Македонија содржи документи, кои во најголемиот дел се однесуваат на работничкото и комунистичкото движење и Народноослободителната војна.

Одреден дел од архивската ѓраѓа настанувала во Вардарскиот дел на Македонија при работата на партиските органи на КПМ-КПЈ, во врска со дејствувањето на воените единици на НОВ и Партизанските Одреди на Македонија (НОВ и ПОМ), Главниот Штаб (ГШ) и останатите воени тела и организации.

---

[719] Т. Зајковски, Архивистичка обработка и изработка на научно-информативни средства на архивска граѓа од НОВ и револуцијата во Архивот на Македонија, Македонски архивист, X (1981), Книга единаесетта, Скопје, 1981, с. 29-33.
[720] Ibidem, с. 29.
[721] Ibidem, с. 30.

Граѓата од македонската народноослободителна војска настаната во Егејскиот дел на Македонија, во составот КПГ и ЕАМ, каде се бореле Македонците била многубројна, а според видовите на актите исто така била разновидна. Таа, главно, била пишувана на грчки јазик, но имало и мали делови пишувани на македонскиот јазик. Во истата се содржани документи за воени дејствија и одреден број политички насоки. Во делот на граѓата создадена од ракодоството на КПГ, до денес се сочувани весници, материјали на емисии од радио-станици и останати материјали.[722] Создадената ѓраѓа од фондот Претседателство на КПГ, за периодот 1941-1944 година, се наоѓа во Државниот архив на Република Македонија во Скопје, во форма на микофилм.[723]

Граѓата што се создавала во врска со органите на НОВ била формирана во составот на *три фондообразователи*. *Првиот* се однесувал на КПМ со нејзините органи и општествени организации, воени единици, установи и останати органи на НОВ; *вториот фондообразовател* биле бугарските окупаторски власти[724] и *третиот* било бугарското судство. Кај него настанувала граѓа и се создал фондот на "Воено-полев суд во Скопје". Граѓата во овој суд се создавала од процесите при судењето на македонските партизани на бугарскиот вопреден воен суд. Во овој фонд настанале судски дела, кои биле според градовите, каде се одржувале судските процеси.[725]

Во граѓата создадена кај органите на НОВ настанувал и печат, весници, партиски и воени, како дел од настанатата граѓа, кои биле издавани во текот на НОВ и ве периодот од 1941 до 1944 и подоцна до

---

[722] Ibidem.
[723] ДАРМ, фонд бр. 1030, Претседателство на КПГ, 1918-1976, со 464 микрофилмови микрофилмувана граѓа, кои се сместени во 29 архивски кутии.
[724] Т. Зајковски, Архивистичка обработка и изработка на научно-информативни средства... , с. 31.
[725] Во едно судско дело настанувала граѓа од сослушување, одн. писмени искази на обвинетите и на сведоци, потоа доказен материјал, одн. записници од извршен личен претрес и претрес на простории и сл.. Потоа граѓа се создавала и при преписка на полицијата со судот во врска со делото, се оформувал обвинителен акт, записник од судскиот претрес и донесената пресуда.

1945 година. Наведените материјали се создавале кај политичките организаиции и кај воените единици на НОВ и ПОМ.

Весниците, според денешните критериуми за архивска граѓа, спаѓаат во библиотечен материјал, меѓутоа според содржина, тие носат карактеристики и на документи, а не само на новински написи. Партиските весници се создавале во градовите од Месните, односно Околиските комитети. Имало чести прекини во нивното излегување, при што им се менувале и заглавијата, а се внесувале измени и дополнувања.[726]

Специфични се воените изданија на весниците, настанувати во илегални услови и постојана опасност на откривање од окупаторот. Затоа намерно биле изоставани значајните елементи на издавањето. Во повеќе весници не се наведени издавачи, членови на редакција, година на издавање, број, место на издавањето, а понекогаш не бил ставан ниту датумот на издавањето. Овие недостатоци се должат на повеќе причини, од кои некои се и сосема разбирливи.

Скоро во сите весници настанати во НОВ, освен за весниците од воените единици, бил даден краток историјат на весникот, чија обемност била во зависност од можностите да се соберат податоците. Во весниците се наоѓаат и весници од другите градови и одласти на Југославија. Кон настанатите воени весници се придружиле и весниците издавани од западните сојузници наменети за подрачјето на Балканот и Југославија, кои биле доставувни преку авиони и сл.

При оценувањето на историската и архивската важност на материјалите, можно е да се наведе констатацијата, дека врз основа на историското, културното и другите значења на архивската граѓа и останатите создадени документи од народноослободителната војска и револуцијата во Вардарскиот и Егејскиот дел на Македонија, тие сами по себе претставуваат главно сведоштво за содржината и степенот на развојот на "канцелариската" и работата со документите на територијата на Ма-

[726] Т. Зајковски, Архивистичка обработка и изработка на научно-информативни средства., с. 32.

кедонија, која во дел повремено била ослободувана, а документацијата настанувала во партизанските единици, штабови и команди во текот на воените операции, движења и стационирања.

Можно е исто така да се констатира дека од денешна гледна точка не треба да очекуваме одреден напредок во развојот на т.н. канцелариско и архивско работење во класичен смисол на зборот. Меѓутоа, за тогашните потреби на воените единици во текот на НОВ се создавала граѓа и други материјали како неопходно потребни документи, кои според обемот, формата и содржина, во дадените воени, специфични услови и развој на околности при создавањето на граѓата, ги задоволувале потребите и одиграле големо значење за успехот на НОВ и Револуцијата во Македонија.

## НАСТАНУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ВО ОРГАНИТЕ НА НАРОДНАТА ВЛАСТ

Архивската граѓа формирана од органите на народната власт во времето на НОВ и непосредно потоа се совпаѓа со зачетоците на формирањето на народната власт и појавата на првите Народноослободителни одбори, како основни келии на народната власт.[727]

Првите директиви за образувањето на наведените одбори, кои ќе бидат никулци на идната демократска власт биле издадени од страна на Покраинскиот Комитет на КПЈ за Македонија во почетокот на 1942 година.[728]

Уште во самиот почеток на НОВ се поставило прашањето за преземањето на власта од страна на широките народни маси и истерување на окупаторот. Напоредно со создавањето на ослободените и полуослободени територии, се создавале и народно-ослободителните одбори.[729]

---

[727] Н. Вељановски, Развојот на локалната самоуправа од Првото заседание на АСНОМ до донесувањето на првиот Устав на НРМ, Симпозиум - АСНОМ - МАНУ, Скопје 1977, с. 7.
[728] ДАРМ, фонд бр. 425, Покраински Комитет на КПМ - Скопје, 1935-1943.
[729] Ал. Христов, Владата на НРМ и политичко-извршните органи, Скопје, 1977, с. 7.

Но, тие се создавале и на неослободената територија, каде дејствувале како илегални одбори.[730]

Со актот на преземањето на власта од страна на одборите[731] се формирале новите органи на власта и потоа се поврзувале во рамките на единствениот систем на новата народна власт.

Народноослободителните Одбори (НОО) најчесто се формирале на ослободената територија и претставувале единствени органи на народната власт, кои во целост го заменувале предвоениот ненароден режим, како и на територијата која била под окупацијата и фашистичкиот државен апарат.

Уште од самото формирање, Народноослободителните одбори, како фондообразователи на архивска граѓа со компетенции, имале повеќе функции, но не ја претставувале и извршувале законодавната, извршната и судската власт, значи не ги содржеле само основните три елементи на секоја власт, туку биле полициска и воена власт. Одвивањето на настаните во врска со преземањето на власта било во услови на водење војна и револуција, и новата власт почнала да функционира во услови на војна.

Народноослободителните одбори како фондообразователи настанувале во текот на 1942 година, а нивното поинтензивно настанување, што е можно да се заклучи врз основа на создавањето на повеќе документи од оваа провениенција, се забележува на почетокот од 1944 година.

Во покренатиот процес од страна на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, во содржината на Циркуларното писмо од 14.III.1944 година,[732] се повикувало на изградба на нова народна власт

[730] Н. Вељановски, Развојот на локалната самоуправа ..., с. 234.
[731] Во овој период се среќаваат повеќе називи во граѓата, како "комитети" и сл., а се однесуваат на формирањето на одборите како органи на власта.
[732] ДАРМ, фонд бр. 157, АСНОМ-Скопје (1944-1945), Циркуларно писмо од Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, к-1, л. 1.

во сите градови и села, што значи дека, во овој период масовно настанувала документација на народната власт во Македонија.

НО Одбори како фондообразователи и како основни органи на државната власт со своја структура, имале задача да ги задоволуваат потребите на населението на просторот за кој биле надлежни.

Документацијата која настанувала во редовите на НО Одбори на територијата во Македонија, според своето административно потекло била создавана во обласни, окружни, околиски, општински, градски, реонски и селски НО Одбори. Покрај оваа документација, со својство на архивски книги, се воделе и книги за евиденција на актите, кои според видот на административното работење биле: деловодни протоколи (обични, доверливи и строго доверливи), регистри, персонални книги, сметководно-финансиски книги итн.

Карактерот на настанатите службени акти бил информативен, извештаен и одлучувачки. Актите кои се од информативен карактер, поради хиерархиската поставеност на НОО, се наоѓале во повисоките обласни и окружни НОО. Актите биле доставувани врз основа на распис или циркуларно писмо од пониските до повисоките НОО.

Според својот вид на општа службена дејност, актите настанати кај НО Одбори биле: планови, извештаи за работа, наредби, записници (од одржани состаноци во рамките на одредена организациона единица со комплетирање на документите според дневниот ред од записникот), анализи, списоци, решенија и општа преписка (класифицирана според тематика).

Документацијата настаната во НО Одбори во 1944 и 1945 година, содржи извештајно-аналитички материјали, а тоа биле: неделни, декадни, петнаесетдневни и месечни извештаи за работа.

Во врска со надворешните белези, односно надворешните карактеристиките на документите кои настанувале во работата на НО Одбори, можно е да констатира, дека била употребувана еден вид стандардна

хартија, и потенка, како и моливи, пенкала со мастило, машини за пишување (со црни и сини ленти) и сл.

Од анализита на документацијата настаната кај НО Одбори во текот на 1944 и 1945 година, можно е да се констатира, дека се работи за органи на власт со развиена структура на овластувања, кои веќе создавале документација со својство на архивска граѓа, од која се гледа зародишот на едно ново државно уредување на македонскиот народ.

Како пример за претставување на поновата и поразвиената организациона поставеност на НО Одбори како фондообразователи, можно е да се претстави “Градскиот Народноослободителен Одбор-Скопје" од 1944-1945 година[733], кој ја имал следната организациона поставеност во “Првиот Состав на раководството на ГНОО-Скопје", и тоа: Претседател на ГНОО-Скопје, Л. Танев, Секретар на ГНОО-Скопје, К. Пену-шлиски, Прочелници на одделите на ГНОО-Сскопје, воедно и членови на Извршниот Народно Ослободителен Одбор на ГНОО: 1. Управен оддел-Д. Зографски, 2. Судски оддел-Н. Мартиновски, 3. Стопански оддел -Т. Зографски, 4. Просветен оддел-Т. Шоптрајанов, 5. Оддел за соопштенија и градежи (Технички оддел)-К. Стефанов, 6. Оддел за социјални грижи и народно здравје-Д. Иванов, 7. Финансов оддел- Д. Константинов, и 8. Оддел за исхрана-В. Мицев.[734]

Градскиот НО Одбор на Скопје создал документација, која како архивска граѓа е сместена во 7 архивски кутии и има 14 архивски книги, од кои 5 деловодни протоколи и 9 други книги.[735] Архивската граѓа од овој фонд ги содржи актите настанати во работата на телата на ГНО-Скопје и тие претставуваат прворазредно сведоштво за работата на си-

[733] АМ, Архив на Скопје, фонд бр. 9, Народен Одбор на град Скопје-Скопје (1944-1945).
[734] Претседателот и Секретарот на ГНОО-Скопје се избрани на И-то заседание на Пленумот на ГНОО-Скопје одржано на 15.ЏИ1944 година, а прочелниците на одделите се именувани на II-то заседание на Пленумот на ГНОО-Скопје одржано на 28.II.1944 година.
[735] АМ, фонд бр. 582, Градски Народно Ослободителен Одбор-Скопје, 1944-1945 (1944-1945), Архив на Македонија, Подрачно Одделение Скопје, НИС (Научно-информативно средство) за фондот, Скопје, 1997, с. 10-11.

те подрачја на општествениот живот на еден веќе развиен орган на народната власт во Македонија во текот на 1944 и 1945 година.

Како критичка оценка и согледување за настанувањето на граѓата кај органите на нарадната власт во ослободителната војна на македонскиот народ и непосредно по ослободувањето, можно е да се констатира, дека настанувањето на документацијата кај народната власт, иако во војна или полуилегални услови, во зависност од тоа дали територијата била ослободена или повторно под окупација, се одвивало постојано, според потребите, затоа што документацијата претставувала основен инструмент за комуникација, известување и наредување. Бил развиен државен административен апарат, кој се трудел да одговори на нараснатите потреби за работа со документацијата.

Иако не се познати условно речено "стручно-методолошки упатства" за канцелариското и архивскотро работење, било водено заведување во деловодни протоколи (обични, доверливи и строго доверливи) и други книги за евиденција, според потребите, при што е можно да се заклучи, дека постоел одреден ред во работата со документацијата.

Несомнено треба да се посочи, дека најголемото значење на оваа документација, како и кај материјалите настанати при работата на КПМ и во текот на НОВ, било и останува нивното историско значење како сведоштва за борбата и создавањето на посебна држава на македонскиот народ, како Демократска Федерална Македонија, во рамките на Демокртаска Федеративна Република Југославија во 1944 година.

## ГРИЖАТА ЗА ЗАШТИТАТА НА НАСТАНАТАТА ГРАЃА ВО ПЕРИОДОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ВО МАКЕДОНИЈА

Заштитата на архивската документација која настанувала во периодот на Втората светска војна во Македонија, главно се однесувала

на чувањето на настанатата документација кај оние субјекти и фактори, кои ја создавале на теренот или на кои им била неопходно потребна за оперативното работење со истата. [736] Таквата практика, која се однесува на периодот од 1941 до 1945 година, објективно ја претставува основната и прва форма на заштитата на документацијата во новоформираната држава на македонскиот народ, односно Народна Република Македонија во рамките на Федеративна Народна Република Југославија.

Во текот на НОВ и Народната револуција, доколку документите паднеле во рацете на непријателот, тие засекогаш ќе биле изгубени за фондообразователот. Со водењето грижа за зачувување на архивата, фактички бил преземен првиот чекор во нејзината заштита.[737]

Во врска со заштитата на архивската граѓа воопшто, долгогодишниот директор на Архивот на Скопје, д-р М. Константинов,. успешен теоретичар и автор на забележани трудови на полето на архивистиката, потенцира, дека "заштитата покрај тоа што се обезбедува со целосна евиденција на архивската граѓа, нејзиното средување, обработување, чување, одржување итн., се реализира и со преземање на сите неопходни правни и други средства со цел да се оневозможи оштетувањето, уништувањето или исчезнувањето на граѓата."[738] Токму овие елементи на заштитата на архивската граѓа, кои се уводни и најзначајни во заштитата, биле спазувани во постоечките услови на војна и елегална работа кај наведените фондообразователи. Бидејќи, носењето на документацијата со себе или криење на претходно избрани и обезбедени места, значело и директно оневозможување документацијата да биде оштетена, уништена или да дојде до нејзино исчезнување. [739]

---

[736] Belenkaja, N. G., Istrubčina, T. V., Smirnova, A. V.: К вопросу о старении бумаги, Проблема долговечности документов и бумаги, Москва-Ленинград, 1964, 15-35, с. 14; Мизин, П. Ы., Церевитинов, Н. А., Технологийа хранена документарних материалов, Главное Архивное Управление МВД СССР, Москва, 1950, с. 20.
[737] М. Константинов, Заштита на архивската граѓа, Скопје 1972, с. 3.
[738] Ibidem.
[739] Ibidem, с. 9.

Ова прашање станува позначајно, ако се земе во предвид фактот, дека од крајот на периодот меѓу двете светски војни на теренот во Вардарскиот дел на Македонија, односно од времето на Втората светска војна, 1941-1944 година, останало мало количество архивска граѓа и документарен материјал. Кон наведената оценка треба да се има во предвид и настојувањето на окупаторите, со сите расположиви средства, свесно и систематски, да се избришат и уништат најзначајните траги и докази, во прв ред архивската граѓа, која сведочела за македонскиот идентитет и нација, како и оние елементи, кои ги илустрирале најсуптилните творечки дострели на македонскиот народ.

Само по себе е станува јасно, дека во периодот на окупацијата од големиот дел од Македонија, од една страна, и постоењето на ослободена територија од страна на НОВ и ПО од друга страна, не е можно да се очекува, дека при тогашните услови постоеле стандардни форми за заштита на документацијата во класичен смисол на зборот. Во сложената ситуација на теренот, не било можно да се очекува поуредна евиденција на документацијата што настанувала, иако нешто подоцна во периодот 1944-1945 година, тоа поредовно се практикува. При тоа, неопходно е да се заклучи, дека не е можно да се очекува некаков вид реставрација или конзервација, бидејќи, фактички ако тоа било потребно, делови од документацијата (што би требало да бидат реставрирани или конзервирани) најпрво ќе требало да бидат земени или собрани од поединци, органи на власта и други создавачи, кај кои се наоѓала или за своите потреби ја создавале документацијата и ја носеле со себе, односно била дислоцирана на места, каде се наоѓала со посебен режим на чување, регистрирана како службена тајна и дискреција.[740] Во овој случај, се разбира дека ниту носењето со себе, ниту чувањето со дискреција или под "тајно", во дислоцирани објекти и на скришни и обезбедувани места во планините, шумите и во населените места, не значело нејзино потполно

[740] Ribkin, T., Čišćenje, dezinfekcija i dezinsekcija arhivske građe i spremišta, Arhivski vjesnik, Zagreb, 1962, IV-V, s. 4-5, 373-395.

зачувување и дека таа се чувала во услови кои за тоа се предвидени, одн. во посебни објекти изградени за таа намена и со обезбедување на услови пропишани за заштита на документацијата (регали, кутии, регулирање на климата и сл.).[741]

Во врска со заштитата на настанатата документација кај органите на КПМ, можно е да се констатира, дека таа во текот на работата на работничкото движење пред неговото формирање во партија во Тетово на 19 март 1943 година, во најголем број случаи била мобилна, т.е. документацијата не се наоѓала на едно место или кај едно лице, туку била кај повеќе поединци и најголемиот дел бил носен со оној кој ја создал или требало да ја предаде на некој друг или на одреден раководител од партиско тело, и сл.

Посебно значајните партиски документи, како манифести, прогласи, наредби и сл., во текот на 1943 година и подоцна, биле криени во кутии или помали сандаци на одредени места на теренот, во планините, во шуми на тешко пристапни места, што биле погодни за таа намена и биле дискретно чувани. Исто така, биле скривани и во куќите или други објекти, кои главно биле сопственост на членови на КПМ, на скришни места (на тавани, во подруми, долапи во ѕидови) или тешко забележливи места за тоа специјално направени.[742]

Заштитата на настанатата документација кај народноослободителната војска била вршена пред сѐ физички, бидејќи не постоеле можности за нејзино хемиско-технолошко (реставрација и конзервација) заштитување, а не постоеле ниту минимални стандардни услови за нејзино сместување, како што се на пример: метални сандаци, посебно опремени простории со режим на клима, рафтови и сл.[743]

---

[741] Priručnik iz arhivistike, Spremišta, SDARJ, Zagreb 1977, s. 102-103.
[742] Bijelić, N.: Faktori koji utiču na postojanost arhivskog materijala i preventivne mere za njegovu zaštitu, Vojno-ekonomski pregled, vo: 1968, XIV, 4, s. 359-366.
[743] Садурска, И.: Микробиологично разлагане на архивните материали, Архивен преглед, 4, 1978, Главно управление на архивите при Министерскиа савет на Булгарийа с. 35-41.

Воените материјали, топографски карти, планови за напади, одбрана, за повлекување и останати начини на партизанско војување, како и други средства и материјали, издадени наредби, изештаи од оперативни штабови и останатите партизански единици и одреди, биле доставувани од командниот кадар, потчинетите партиски и политички началници. Тоа бил најчест и неопходно потребен начин за работа со докуменатцијата и нејзината заштита, бидејќи била потребна за да се користи при спроведувањето на оперативните цели.[744]

За заштитата на настанатата документација кај органите на народната власт, можно е да се констатира, дека таа била вршена пред сѐ физички, со носење со себе, кај повереницитe или другите раководни лица на народната власт, бидејќи им била потребна за водењето на борбените задачи, додека подоцна, по ослободувањето на одреден дел од територијата на Македонија, органите на власта и НОО биле сместувани во куќи или други објекти: (школи, канцеларии од одредено претпријатие и сл.), што значи се вршела на некој начин заштита на документацијата со нејзиното сместување во затворени простории.

На тој начин се чувала документацијата која настанувала и била неопходно потребна за натамошна работа на народната власт. Тоа биле повеќе видови акти, меѓу кои: наредби, одлуки, извештаи, списоци, барања, решенија, жалби, пресуди, прегледи, договори, повелби, акти за изградба и поправка на разни објекти, куќи и останати материјалии.[745]

При спроведувањето во праска на заштитата на документацијата кај органите на народната власт, неопходне е да се констатира, дека таквата задача била спроведувана делумно во услови на војна или општа моболност, што значи најчесто во движење и делумно на ослободена територија партизанските единици. За зачувување на документацијата

[744] Bijelić, N., Faktori koji utiču na postojanost arhivskog materijala i preventivne ..., с. 360.
[745] АМ, Фонд 575, Околиски Народноослободителен Одбор-Скопје, 1944-1945, Одделение-Скопје.

се водела посебна грижа, а најмногу да биде обезбедена од запленување од непријателот.

Значи и при анализата на претходно наведената состојба, како и кај настанувањето на документацијата и кај другите фондообразователи: КПМ, ГШ на народноослободителната војска на Македонија и др., физичката заштита на документацијата била најзначајната, која најмногу во практиката требала да се спроведува.

За некои стандардни форми на заштита или посебно регулирани услови и опрема во класичен смисол на заштита на документацијата, се разбира не може да се зборува, меѓутоа совесната грижа за зачувување и физичко одржување на материјалите од народната власт во Македонија, на лицата определени да работат и да создаваат нови документи за историјата на македонскиот народ, сведочи фактот дека многу им значело нивното постоење а посебно да не се дозволело да паднат во рацете на непријателот.[746]

Во врска со заштитата на настанатата документација кај окупаторските власти во Македонија во периодот 1941 до 1944 година, можно е да се констатира, дека во текот на Втората светска војна територијата на Вардарскиот дел на Македонија беше окупирана од германски, бугарски, италијански и албански воени сили, од кои беше воспоставена власт на цивилна окупација врз македонското население. Секоја власт имала свој систем на работа во администрацијата и заштитата на документацијата што ја создавала.

Настанатата документација кај бугарските окупаторски власти се заштитувала според стандардите за заштита, што значи дека материјалите се држеле во посебни простории, писарници и магацини, поради што не биле директно изложени на атмосферските влијанија (влага,

[746] Ribkin, T., Vlaga u arhivskim spremištima, Arhivski vjesnik, 1960, III, 3: s. 279-288; Беленкайа, Н. Г., Иструбчина, Т. В., Смирнова, А. В.: К вопросу о старении бумаги, Проблема долговечности документов и бумаги, Москва-Ленинград, 1964, 15-35, с. 14; Priručnik iz arhivistike, izd. SDARJ, Zagreb 1977, s. 102-103.

сонце) и физичките фактори на оштетување (прашина, механичко оштетување) и сл.[747] При тоа треба да се наведе, дека документацијата не можела да биде отуѓена или оштетена, ниту било лесно да се уништи, бидејќи постојано била под надзор и редовно и строго чувана.

Наведената граѓа за окупаторските бугарски власти била од големо значење, бидејќи била сведок за работата и животот на окупираните територии во Македонија за кои тие прокламирале дека ги ослободиле. Токму од тие причини, бугарските власти посебно внимание обрнувале на зачувувањето на документацијата, нејзиното сместување, уредно регистрирање и заштита[748]. Кога било потребно документацијата да се транспортира, таа била сместувана во сандаци и добро била затворена за да не се изгуби или оштети.

Германските окупаторски власти што ја создавале документацијата на просторот на Македонија, во најголем дел ја носеле со службите на својата воена администрација, бидејќи не употребиле многу служби и воени трупи, а како последица на таквата состојба, не можело да настане поголем дел граѓа, која посебно требало да се сместува и обезбедува. Исто така, германските власти и трупи користеле телеграфски комуникации, телефонски и радио-врски, од чија употреба настанувала сразмерно помалку документација на хартија.

Кај италијанските и албанските окупаторски власти настанувала многу граѓа од работата на цивилната администрација која била водена на подрачјето од Македонија, но сепак не толку многу, како што бил случајот со бугарската документација.

Во врска со разгледувањето на претходните анализирани состојби можно е да се констатира и заклучи, дека заштитата на архивската граѓа и друга документација од периодот на Втората светска војна во Македонија, настаната како резултат од дејноста на КПМ, НОВ и органите на народната власт, била остварена на одредено и неопходно ниво,

[747] Priručnik iz arhivistike, s. 100-106.
[748] Ibidem, s. 303-305.

кое во рамките на наведениот период било можно и изводливо, според дадените реални услови и прилики, кога била неопходна задача да се спроведуваа заштита. Исто така била создадена и заштитувана и документација и граѓа од окупаторските власти, која како извор е мошне значајна за историјата на македонскиот народ.

Како резултат на формирањето на македонската архивистика, зачуваната документација денес се чува во депоата на Државниот архив на Република Македонија. Онаа која била однесена за време на војната или при крајот на завршните операции, или на некој начин уништена, можно е да се претпостави, дека за расветлувањето на историјата на македонскиот народ во еден свој дел е изгубена.

Оној вид граѓа што е однесена во земјите кои ја окупирале Македонија во текот на Втората светска војна од 1941 до 1944 година, Државниот архив се обидува преку постојана соработка со архивите на други држави или со форми на размена и реституција на граѓата, да ги пополни празнините во своите фондови, истите да ги комплетира со граѓата, со цел се дојде во пресрет на истражувачите.

Врз основа на претходните становишта и заклучоци, можно е да се констатира, дека од периодот од 1941 до 1944 година, посебно од НОВ наследивме мало количество архивска граѓа, како и регистратурски материјал од партиската провениенција.

Граѓата на фондовите настанати од работата на централните органи на Партијата имаат 25 архивски кутии.[749]

Количеството на архивска граѓа и другиот документарен материјал, кој беше наследен од органите на НОВ и Народната Револуција од периодот 1941-1944 година, целосно се состои од граѓата распоредена во неколку групи фондови, кои содржат граѓа од 56 архивски кутии, а фактички бидејќи кутиите не се целосно исполнети, содржат архивска граѓа од 12 архивски кутии, како и друг вид документарен материјал.

---

[749] Водич на архивски фондови, ДАРМ, Скопје, Централен дел, фондови бр. 425, 426, 427 и 429,430-434 и од 435-463, Скопје 2002, с. 22-23.

Количеството архивска граѓа и документарен материјал, кој бил заштитен, зачуван и наследен од народната власт во Македонија за периодот од 1941 до 1944/1945 година, изнесува 1.850 архивски книги и 294 архивски кутии граѓа.

Архивската граѓа и документација зачувана од органите на народната власт во Македонија не е обемен, но според својата важност е доволен, за да се добие објективна и јасна претстава за развојот на тогашните историски прилики и карактерот на НОБ. Се разбира дека на одредени подрачја во текот на НОБ во периодот од 1941 до 1944 година, а нешто подоцна во 1945 година и во цели општини, кои биле порано ослободени, продукцијата на аривска граѓа и водењето на архивските книги за водење на евиденцијата биле многу поголеми, отколку кај оние општини, кои сеуште не биле ослободени. Оттаму потекнуваат и одредени разлики во количеството на зачувана архивска граѓа и книги по разните општини.

Од волуменот на зачуваната граѓа и книги можно е да се констатира, дека била водена нужната грижа за заштита и чување, односно физичко одржување на граѓата, книгите и материјалите од целокупната работа на органите и организациите на народната власт во Македонија.

# 6.2. КОНСТИТУИРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ФЕДЕРАЛНА ДРЖАВА И ПОЧЕТОЦИ НА АРХИВСКАТА ДЕЈНОСТ

## КОНСТИТУИРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ФЕДЕРАЛНА ДРЖАВА

Почетокот на формирањето на македонската федерална држава бил условен непосредно по изведувањето на завршните операции за ослободувањето, во кое активно учествувале многубројни сили на НОВ и партизанските одреди на Македонија.[750]

Конституирањето на македонската држава било реализирано врз основа на решенијата донесени на Првото заседание на АСНОМ, кое се одржало на 2 август 1944 година во манастирот Св. Прохор Пчински, во близина на Куманово.[751] Заседанието било свикано како резултат на едногодишните подготовки, кои се одвивале напоредно со воените активности за конечното ослободување на Македонија.[752]

Документите од Првото заседание на АСНОМ, според важноста на нивната содржина, можат да се групираат во три групи: во првата спаѓаат документи содржани во платформата врз која се конституирала македонската држава[753]; во втората документи со кои тоа го прогласило

---

[750] Историја на македонсксиот народ, том петти, с. 314-317. Операциите за дефинитивното ослободување на Македонија започнаа во октомври 1944 година. Тогаш Главниот штаб и единиците на НОВ и ПОМ од октомври 1944 година влегоа во составот на југословенската војска и официјално станаа Народноослободителна војска на Југославија (НОВЈ). Во завршните операции за ослободување на Македонија, македонската војска го имаше следниот распоред: во Источна Македонија дејствувал Брегалничко-струмичкиот корпус со 50. дивизија на просторот Берово-Пехчево-Делчево, а со 51. дивизија во реоните на Струмица и на Радовиш; 16. корпус одн. Кумановската дивизија дејствувала во реоните на Крива Паланка, Куманово, Бујановац и Скопска Црна Гора, а 42. дивизија на просторот Скопје-Велес-Сува Гора; во јужниот и во западниот дел на Македонија дејствувал 15. Корпус и тоа: 41. дивизија во реонот Плетвар-Градско-Кавадарци-Гевгелија, 48. дивизија во западна Македонија, а 49. дивизија во реонот на Битола и на Ресен.

[751] Ibidem, с. 265-298.

[752] Ibidem.

[753] Историја на македонскиот народ, том петти, ... с. 276.

создавањето на македонската држава и во третата документите со кои македонскиот народ и националните малцинства во Македонија се повикуваат да ја продолжат борбата до конечното ослободување на македонската држава и да се борат за нејзиното зачувување.

Првото заседание на АСНОМ, во вид на решенија или други одлуки, донело девет законодавни акти и тоа: Решение за утврдувањето на АСНОМ како врховно, законодавно и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната власт во Демократска Македонија[754]; Правилник за работа на АСНОМ[755]; Декларација за основните права на граѓаните на Демократска Македонија[756]; Решение за одобрување на решенијата, наредбите и задолженијата издадени од органите на ГШ на НОВ и ПОМ, како и одлуките на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ[757]; Решение за оддавање на признание и благодарност на народноослободителната војска[758]; Решение за државна комисија за утврдување на престапите на окупаторот и неговите помагачи[759]; Решение за образување на законодавна комисија при Президиумот на АСНОМ[760]; Решение за воведување на македонскиот јазик за службен јазик во македонската држава[761] и Решение за прогласувањето на Илинден – 2 август за народен државен празник на македонската држава.[762]

Сите наведени акти, според историската важност, немаат подеднакво државно и конститутивно значење. Во потесна смисла на зборот, клучно значење имаат: Решението за одобрување на решенијата, наредбите и другите активности на ГШ на НОВ и ПОМ; Решението за утврдување на АСНОМ за врховно законодавно и извршно народно прет-

---

[754] ДАРМ, фонд бр. 157, АСНОМ, 1944-1945, к-1 , а/е 16, с. 115-116.
[755]Ibidem, с. 117-120.
[756] Ibidem, с. 121-123.
[757] Ibidem, s. 124-125.
[758] Ibidem, s. 126-128a.
[759] Ibidem, с. 129-130.
[760] Ibidem, s. 131-132.
[761] Ibidem, s. 133.
[762] Ibidem, s. 134-134a.

ставничко тело и највисок орган на државната власт на Македонија; Решението за воведување на македонскиот јазик за службен јазик во македонската држава и Решението за прогласување на 2 август за народен и државен празник на Македонија.[763]

За решенијата и определбите усвоени на Првото заседание на АСНОМ од делегатите се предвидувало во непосредна иднина да се исполнат и реализраат. За поставената цел, Првото заседание на АСНОМ, согласно усвоеното Решение за АСНОМ како врховно законодавно и извршно народно претставничко тело на Македонија, од своја страна избрало свој Президиум (Претседателство).[764] Него го сочинувале 22 члена, од кои биле избрани: претседател Методија Андонов-Ченто и двајца потпретседатели: Панко Брашнаров и Мане Чучков, и двајца секретари: Љупчо Арсов и Владо Полежина.[765]

Со оглед на фактот дека сеуште немало конституирано влада, таа функиција ја извршувал Президиумот на АСНОМ. Претседателот на АСНОМ, Методија Андонов-Ченто, истовремено бил претседател и на Президиумот. Со поверенството за информации раководел Панко Брашнаров, за ресорот на внатрешни работи бил поставен Киро Петрушев; за просвета Епаминонда Поп Андонов; за народно стопанство и обнова Лазар Соколов; за финансии Богоја Фотев; за врски и градежништво Страхил Гигов; за социјална политика и народно здравје Ацо Петровски и за судство Петар Пирузе.[766]

Како резултат на историска мисија, Првото заседание на АСНОМ, покрај другите одлуки ја објавило и прокламација до македонскиот народ,[767] која претставува потврда за постигнатите политички и воени цели на македонскиот народ, а истовремено и повик за општа

[763] Историја на македонскиот народ, том петти, с. 276-277; Историја на македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 395-397.
[764] Ibidem, с. 282-289.
[765] Ibidem.
[766] Ibidem, с. 282-283.
[767] Историја на Македонскиот народ, Скопје, 1972, с. 397.

мобилизација за конечна победа и истерување на фашистичките окупатори од Македонија.

Со одлуките и решенијата донесени на Првото заседание на АСНОМ, како врвно достигнување на НОБ на Македонија, истовремено се одбележува и почетокот на постоењето на сегашната Република Македонија, како тогашен составен дел во федерација со останатите југословенските народи и народности.[768]

Бидејќи на Првото заседание на АСНОМ не се формирала влада, законодавната и извршната власт, како функции ги вршел Президиумот на АСНОМ, кој извесно време ја вршел и правосудната функција како второстепен судски орган во земјата.[769]

Својата законодавна функција Президиумот ја насочил на три основи: натамошно организирање на сите органи на власта во државата, обновување на стопанските објекти разрушени во војната и воспоставување на сите дејности од јавен и општествен интерес и карактер.

Местото и улогата на органите на власта во државата претставувале мошне значајни прашања во регулирањето на состојбата во земјата. Преземањето на власта, најмногу зависело од начинот на кој ќе функционирале Президиумот, неговите поверенства и другите органи на власта. Од успехот на нивното функционирање зависело и опстојувањето на идната македонска држава. За реализацијата на наведената цел, Президиумот усвоил повеќе клучни документи, во кои се расправало за националното организирање, при што биле поставени помошни органи и тела, кои му помагале на АСНОМ во остварувањето на законодваната и извршната власт во земјата.

Како последица на усвојувањето на значајните и клучни документи за организацијата на Президиумот (Владата) на Македонија и поставувањето на помошниот апарат (нејзините неопходни служби), можно е да се заклучи, дека зрелоста на АСНОМ го одредила и остварила како

[768] Ibidem,.
[769] Историја на македонскиот народ, том петти, ..., с. 283.

највисок државен и раководен орган, односно влада која почнала да функционира. Таквата состојба, секако дека произлегла од прекаленоста и способноста на партиското и военото раководство за извојување на вековната борба на македонскиот народ за слобода и формирање на своја нациопнална држава.

Во однос на организацијата и функционирањето на власта, Президиумот на АСНОМ повеќе време им посветувал на организирањето и работата на народноослободителните одбори (НОО).[770] На почетокот сеуште немало формиран посебен орган, односно поверенство за изградба на власта, па таа задача ја презеле органите на Президиумот.

Оценувајќи дека за успешното организирање на локалните органи на власта била неопходна административно-територијална поделба, Президиумот ја извршил првата поделба на Македонија на области. При тоа биле утврдени четири области: Скопската, Кичевско-Дебарската, Битолската и Штипската. Подоцна била укината Кичевско-Дебарската област, а нејзината територија била вклопена во Битолската, односно Скопската област.

Првата административно-територијална поделба на Македонија имала важно и пресудно значење за функционирањето на сите видови народни одбори (месни, околиски, областни). Овластените претставници на Президиумот добивале задача, како искусни политички и воени лица во новата држава, да даваат инструкторска помош во организирањето на народните одбори, т.е. на основните и повисоките елементи на народната власт и нејзиното формирање во Република Македонија.

По утврдувањето на територијалните рамки, Президиумот на АСНОМ се зафатил со прашањето за уредувањето и разграничувањето на најосновните функции на органите на власта. Тоа го направил со донесување на еден посебен акт: Решението за организацијата и работата на народноослободителните одбори, кое било проследено со посебно

---

[770] Ibidem.

Упатство за работата на НОО како органи на државната власт во Федерална Македонија.[771] Со него бил одреден делокругот на работата на основните управни келии на власта во новата држава. Во време на заседанието на АСНОМ присуствувала и делегација од Србија, која го поздравила неговото одржување. На големата антифашистичка скупштина на 12 ноември 1944 година било поздравено создавњето на Македонија како посебна држава и рамноправна членка на југословенските републики.[772]

Потребите на натамошниот развој на македонскта држава водеде кон вториот голем значаен собир на македонскиот народ, Второто заседание на АСНОМ, одржано од 28 до 30 декември 1944 година, на слободна територија во Вардарскиот дел на Македонија, кое претставувало еден од најзначајните, национални, државни и политички настани од поновата историја на македонскиот народ.[773]

Во архивската граѓа Второто заседание на АСНОМ се споменува како "прво вонредно", поради фактот што така било утврдено во правилникот за работа. Второто собрание на претставниците на македонскиот народ го претставувало највисокото претставничко законодавно тело и највлавниот орган на државната власт во Република Македонија. Тоа го претставувало собранискиот континуитет на Првото заседание на АСНОМ, со таа разлика, што последното се одржало во рамките на слободна Македонија и во многу поповолни услови за работа.[774]

Второто заседание на АСНОМ, одржано од 28 до 30.12.1944 година, не усвоило поединечни акти од државнотворно значење за Република Македонија. Неговото значење произлегувало од контекстот на разгледуваните и усвоените материјали. На него биле донесени следните акти: Решение на АСНОМ за одобрување на работата на Президиумот на Првото редовно до Првото вонредно заседание на АСНОМ, донесе-

---

[771] Ibidem, с. 284.
[772] Ibidem, с. 290-298.
[773] Ibidem, с. 397.
[774] Ibidem, с. 361-362.

но на Второто заседание; Решение на АСНОМ за кооптирање на членови на АСНОМ, донесено на Второто заседание; Решение на АСНОМ за избор на другарот Емануел Чучков за нов пратеник на АВНОЈ, донесено на Второто заседание; Решение на АСНОМ за основање на Македонска стопанска банка; донесено на Второто заседание; и Решение на АСНОМ за создавање Суд за судење на престапите против македонската национална чест, донесено на Второто заседание.[775]

Природата на донесените материјали допринела да се свати сериозноста при работата на овој врвен државен орган, што придонело и за меѓународно признавање на Македонија и на идејата за решавање на македонското национално прашање. При разгледувањето на ова прашање, треба да се истакне признанието на Република Македонија за нејзиниот придонес во антифашистичката војна, во која македонскиот народ се борел заедно со сите југословенски народи.[776]

На Второто заседание на АСНОМ пристигнале поздрави од претставници на странски држави, што немале само протоколарно, туку и длабоко суштинско значење за Република Македонија, бидејќи во говорите на претставниците на странските земји пред делегатите на АСНОМ се искажувало јасно признание на македонскиот народ за неговата борба и за успесите што ги постигнал во создавањето на сопствената држава.[777]

Создавањето на заедничката југословенска држава налагало да се почитува сè она што се случувало во сите обединети републики и покраини на југословенската федерација. Како претставник на НКОЈ, врховното југословенско раководство, на Второто заседание на АСНОМ пристигнал Едвард Кардељ, во тој период најдоверливата личност на маршалот Тито во Југославија. Неговото присуство на ова заседание се темелело на две причини: протоколарно да ги поздравел делегатите и

[775] ДАРМ, фонд бр. 157, Антифашисточко Собрание на Народното ослободување на Македонија (АСНОМ)-Скопје, 1944-1945. к-1, а/е 26, л. 379-387.
[776] Историја на македонскиот народ том петти, с. 362.
[777] Ibidem, с. 362-363.

конкретно да се запознаел со "автономистичките" тенденции и струења во Македонија, за кои се искажувало тајно сомнение од југословенското раководство. Кардељ во својот поздравен говор го подвлекол значењето на заедничката борба на југословенските народи и народности, како и изградувањето на југословенската заедница како единствена, централизирана и цврста федерација.[778]

На заседанието биле изнесени и усвоени два реферати: едниот се однесувал на политичката состојба, а другиот на организационите прашања на власта во државата. Всушност, Второто заседание на АСНОМ, објективно гледано, концепциски не се разликувало од Првото заседание, но бидејќи во овој период Вардарскиот дел на Македонија веќе бил слободен, наместо повик за борба за најзиното конечно ослободување и целосно обединување на трите делови распарчени уште со балканските и Првата светска војна, раководтсвото на КПЈ упатило повик за ослободување на Југославија и за зацврстување на маѓунационалните односи меѓу македонскиот народ и малцинствата.[779]

Третото заседание на АСНОМ, кое се одржало од 14 до 16 април 1945 година во Скопје, според важноста заокружува еден многу значаен период од историјата на македонскиот народ, бидејќи почнало со подготовките за свикување на Првото заседание на АСНОМ, а завршило со неговото трансформирање во Народно собрание и со формирањето на првата Влада на Демократска Федерална Македонија.[780]

Наведените факти претставуваат основа за констатација, дека на 16 април 1945 година за македонскиот народ и државата Македонија, беа удрени темелите на македонската државност, кој период истовремено го означува и крајот на Народноослободителната и антифашистичката војна во Македонија и беше ограничен со годините од 1941 до 1945 , а

---

[778] Ibidem, с. 364.
[779] Историја на македонскиот народ том петти, с. 364-365.
[780] Ибидем, с. 390-391.

непосредно потоа започнуваше новиот период или уште познат како повоен развој на земјата.

Третото Заседание на АСНОМ ги усвоило предлог-законот и законот за измена и дополна на Решението за конституирањето на АСНОМ како врховен законодавен и извршен орган на државната власт на демократска Македонија[781], а со тоа и Предлог-законот за народната влада на Македонија.[782] Тие решенија биле најзначајните акти донесени на Третото заседание на АСНОМ и врз база на истите, Првото заседание на АСНОМ станало Народно собрание на Македонија. Президиумот продолжил да функционира и понатаму како Президиум на Народното собрание на Македонија, но сепак со намалени ингеренции.[783]

На седницата на Президиумот на Народното собрание на Демократска Федеративна Македонија одржана на 16.04.1945 година, на дневен ред било издавањето на Указот за формирањето на Влада на Демократска Федеративна Македонија[784], која на истиот ден, врз основа на донесените акти се формирала под името Влада на Демократска Федерална Македонија. Нејзин претседател станал Лазар Колишевски.[785]

Формирањето на Владата на Демократска Федерална Македонија имало длабоко државотворно, политичко и историско значење за македонскиот народ. Без оглед на фактот, што при нејзиното формирање се прифатил новиот курс кој што водел кон административно-централистичко управување, овој чин имал повеќестрано значење за идниот опстанок и развој на Македонија. Иако се нашла во рамките на заедничка федеративна држава, Македонија станала државноправен субјект, а со

[781] ДАРМ, 1.157.18.15/175.177 акт од Скопје од 15.04.1945 година.
[782] Ибидем, к-18, а/е 18, л. 193-208, акт од Скопје од 16.04.1945 година.
[783] Историја на македонскиот народ том петти, с. 392.
[784] ДАРМ, 1.157.18.27/293, акт од Скопје од 16.04.1945 година.
[785] Историја на македонскиот народ том петти, с. 392.

тоа таа изминала уште една етапа од процесот на нејзиното осамостојување.[786]

Во мандатниот период на првата влада, чиј претседател бил Лазар Колишевски, во Македонија биле формирани повеќе клучни државни институции од сферата на образованието и науката, меѓу кои треба да се регистрираат следните: основањето на Филозофскиот, Филолошкиот и Медицинскиот факултет во текот на 1946 година, Институтот за национална историја во 1948 година, Државниот архив на Република Македонија во 1951 година, и други.[787]

Президиумот на Народното собрание на Македонија, со Указот од законот на Народната Влада на Федерална Македонија, на 16 април 1945 година ги именувал следните лица:

Претседател на Владата: Лазар Колишевски;

Прв Подпретседател на Владата и министер на финансиите Љупчо Арсов; втор Подпретседател: Абдурахман Мехмед; Министер на внатрешните работи: Киро Петрушев; Министер на Просветата: Никола Минчев; Министер на Правосудието: Д-р Павел Шатев; Министер на Индустријата и Рударството: Страхил Гигов; Министер на Трговијата и снабдуењето: Тоде Ношпал; Министер на Земледелието и шумарството: Богоја Фотев; Министер на Народното Здравие: д-р Вукашин Попадиќ; Министер на Социална Политика: д-р Нeџат Аголи; Министер на Градежите: Инж. Георги Василев.[788]

Со именувањето на Првата Народна Влада на Македонија, историскиот процес на конституирањето на Државата Демократска Федерална Македонија бил завршен. Нешто подоцна, кога на 31 јануари 1946 година бил донесен Уставот на ФНРЈ, Демократска Федерална Македонија, врз основа на тој Устав, влегла во составот на новата држава на ју-

---

786 Ibidem, с. 393.
787 Македонски влади, 60 година, ДАРМ, Скопје, 2005, с. 20.
788 Ibidem, с. 23.

гословенските народи и народности - Федеративна Народна Република Југославија.

Во поглед на внатрешното уредување, ФНР Југославија била сојузна или федеративна држава со републикански облик на владеење и се состоела од шест рамноправни народни републики и две автономни покраини.

Според развојот на настаните и промените од Втората светска војна, посебно на Балканот, правилно било решено националното прашање на народите во југословенската федерација, бидејќи секој народ добил своја народна република, односно независна држава во рамките на новоформираната заедницата ФНРЈ, за која во текот на народноослободителната борба од 1941 до 1945 година, во заедничка борба се избориле. Секоја република си избрала свои органи на власта и свој устав, кои уставотворните собранија на народните републики го донеле кон крајот на 1946 и почетокот на 1947 година.

## ПОЧЕТОЦИ НА АРХИВСКАТА ДЕЈНОСТ ВО МАКЕДОНСКАТА ФЕДЕРАЛНА ДРЖАВА

Почетокот и равојот на архивската дејност во младата македонска држава по ослободувањето во 1944 година, непосредно беа поврзани со создавањето и развојот на денешната Република Македонија.[789]

Богатата традиција кај македонскиот народ да се чува пишаниот збор и документ, најчесто и од злонамерните раце кои посегале да го уништат секое сведоштво што зборува за него поинаку од нивните интереси, беше една од најдрагоцените заложби во креирањето на една архивска служба, што стручно и научно ќе ја евидентира, заштитува, собира, средува, обработува, дава на користење, публикува и чува архивската граѓа што настанала во нашата земја со текот на векови.

---

[789] Герасимова В., Архив на Македонија - Archives of Macedonia 1951, Скопје 1996, с. 10-11.

Потребата од прибирањето и заштитата на архивската граѓа дојде до израз додека сè уште траеше Втората светска војна. Тогаш на 3 мај 1945 година Министерството за народна просвета и официјално ја обелоденило намерата за формирањето на Архив на Народноослободителното движење на Македонија во состав на Народната библиотека во Скопје.[790] Оваа иницијатива не била реализирана веднаш поради низа причини, но набрзо потоа со одлуката на владата од 31 мај 1946 година,[791] Министерството за народна просвета формирало Комисија за прибирање на архивска граѓа.

Комисијата развила активности во ангажирање просветни работници за извршување на поставените задачи за иницирање и собирање архивска граѓа. Меѓутоа, начинот на работа сè уште не можел да даде позитивни резултати. Затоа кон оваа дејност активно се пристапило во текот на 1946 и 1947 година, од неколку професори од Филозофскиот факултет во Скопје, како и одреден број научни соработници од Институтот за национална историја од Скопје.[792]

Во 1949 година при Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија бил формиран Историски архив, со задача да собира и обработува архивска и мемоарска граѓа во врска со историјата на работничкото движење, Народноослободителната војна и Комунистичката партија на Македонија. Фондовите што се зачувале во овој архив и денес се чуваат во депоата на Државниот архив на Македонија.

Донесувањето на Општиот закон за државните архиви на Југославија[793] беше основа на 6 јануари 1951 година Народното собрание на

---

[790] Писмо од Министерството за просвета, бр. 2500 од 3 мај 1945 година, со кое се известува Главниот штаб на Југословенската армија за Македонија за намерата да се формира Архив на Народноослободителното движење на Македонија во Составот на Народната библиотека во Скопје.

[791] Сл весник на НРМ, бр. 19 од 18 јуни 1946 година.

[792] В. Герасимова, Архив на Македонија - Archives of ... , с. 11.

[793] Сл. весник на ФНРЈ, бр. 12 од 18 февруари 1950 година.

НР Македонија да го усвои Законот за државните архиви,[794] со кој беше поставено и формирањето на “Државен архив на НР Македонија”.

Потребно е да се подвлече дека, почетоците на архивската дејност по конституирањето на македонската федерална држава во себе ја носат карактеристиката и насоченоста кон пронаоѓање и прибирање архивската граѓа од окупаторските власти на Македонија, односно фондообразователите на Кралството Југославија, окупаторските власти, како и граѓата од поединци и слични фондообразователи на теренот во Вардарскиот дел на Македонија.

При разгледувањето и анализата на наведените прашања, неопходно е да се заклучи, дека во почетниот период ниту просторните можности, ниту стручните познавања од архивистичкото работење не претставувале солидна основа за проширување на собирачката дејност во Македонија.

Во периодот пред конституирањето на македонската федерална држава и започнувањето на архивската дејност под српската власт во периодот меѓу двете светски војни (1918-1941), Државниот архив во Скопје не примал граѓа од постојните регистратури, во денешен смисол на зборот со стандаризиран опис и попис на граѓата.

При постоечките услови во Државниот архив на Скопје во периодот меѓу двете светски војни и пред ослободувањето до 1944 година, не можел да се развие поголем интерес за граѓата од регистратурите, а најголем дел од архивите што биле наследени и оние што тогаш се создавале во голема мерка биле уништувани.

Во денешниот Државен архив на Република Македонија, како наследство од Државниот архив во Скопје во годините непосредно по ослободувањето на Македонија, во рамките на неговите почетни дејности, биле примени фондови, кои значат сведоштво за македонското постоење, живот и борба за социјално-економска и културна афирмација

---

[794] Закон за државните архиви, Сл. весник на НРМ, бр. 1 од 12 јануари 1951 година.

и еманципација и добивање на национална слобода Тие претпоставуваат гордост на Државниот архив и Македонија и се втемелени во неговото значење и вредност како архивска институција и истите важат како посебно културно и архивско национално богатство. Тие се следните:

- Фондовите на турските канцеларии во Македонија од 1896 до 1912 година[795]; Фондот на Битолските кадиски дефтери (сицили) од 1607 до 1912 година; Збирката вакуфнами од 1574-1859 година; Збирката фермани од 1646-1859 година; Збирката берати од 1702-1911 година; Фондот на Митрополиите од 1705-1917 година (Пелагонискаta, Велешката, Дебарско-кичевската, Кратовската, Криво-паланечката, Тетовската и др.);[796] Фондот на Мухаџирската комисија од 1878-1912 година, Таписките книги на Битолскиот вилает.[797]

Понатаму, во содржината на останатите архивски богатства спаѓаат и: Граѓата поврзана со национално-ослободителното движење на македонскиот народ, меѓу која посебно значење имаат писмата на Гоце Делчев и многу други истакнати македонски револуционери, културни и просветни дејци; Граѓата за развитокот на македонското работничко движење; Граѓата од НОВ и Револуцијата, како и документите за конституирањето на македонската државност (АСНОМ); Фондовите од највидните македонски трговски семејства, како и оставнината на многумина македонски дејци од минатите векови; Фондовите од бугарските трговски агенти од 1900 до 1908 и бугарските икупаторски валсти од 1915 до 1918[798] година; Граѓата од НОВ и Граѓанската војна во Егејскиот дел на Македонија, и останати значајни архивски фондови и збирки.

Овде спаѓа и еден дел од многу значајната граѓа на верските установи и институции, како што биле Бугарската егзархија од 1889 до 1912 година.

---

[795] Водич на архивските фондови, Скопје 2002, стр. 1.
[796] Архивски фондови и збирки во СФРЈ-СР Македонија, Белград 1982, АМ, с. 56.
[797] Ibidem, Фондови на турската управа до 1912, фондови бр. 13 до 16; Водич на архивските фондови, Скопје 2002, стр. 1.
[798] Ibidem, с. 1-4.

Во збирката карти, која се наоѓа во депоата на Државниот архив, посебна историска вредност имаат картите кои се однесуваат на Македонија и балканските земји, како и картите од средновековните држави на Балканот и Европа.

Наведените регистрирани значајни фондови, со кои се "легитимирал" Државниот архив во почетокот на неговата дејност непосредно по ослободувањето на Мајкедонија во 1944 година, со право му одредуваат значајно место во земјата како установа од архивски тип, бидејќи секој архив, според архивистичките мерила е значаен толку, колку што располага со значајна архивска граѓа.

Државниот архив на НР Македонија во првите години на постоењето бил сместен во зградата на Народното собрание, а потоа сѐ до катастрофалниот земјотрес од 26 јули 1963 година, се наоѓал во зградата на министерствата на Владата на Македонија.[799] Во текот на 1952 година, Архивот располагал со два вработени архивисти, кои имале завршено едногодишен стручен курс за архивисти во Дубровничкиот државен архив.[800] Веќе по три години (1953-1954 година), Државниот архив на Република Македонија бил во состојба сам да организира повеќемесечен курс за архивски помошници, со ангажирање на професори од Универзитетот во Скопје и на тој начин да оспособува потребен број на свои кадри за обавувањето на архивската дејност.

Со самиот акт на формирањето на Државниот архив на НР Македонија пред него биле поставени главните задачи да се евидентира, собира, чува, заштитува, обработува и овозможува користење на архивската граѓа за потребите од проучувањето на историјата на македонскиот народ.[801]

Опишаните скромни почетоци биле поттик за ангажиранат дејност на првите големи архивистички ентузијасти, како на пример Неџат

---

[799] Герасимова В., Архив на Македонија - Archives of ..., с. 12-18.
[800] Ibidem, с. 14.
[801] Т. Талески, К. Илиевска, Развојниот пат, Архив на Македонија 1951-1986, с. 7-14.

Јашар, Тодор Талески, Димче Стојанов-Мире, Трајко Зајковски, Милош Константинов и уште неколку архивисти, кои во македонската архивска дејност и служба важат како основоположници на архивската дејност, за таа и понатаму да се развива и со текот на времето да дојде на нивото, кое било потребно за решавање на поставените научни методи и задачи на архивската дејност во Република Македонија во годините непосредно по ослободувањето и потоа.

При разгледувањето на односниот проблем, неизбежно е да се подвлече ангажираноста и помошта која во 1948 година и подоцна му беше пружена на Државниот архив од страна на Филозофскиот факултет во Скопје, во рамките на едукацијата на првите научни архивски кадри, како и систематизирањето и организирањето на работните задачи во архивот при самиот почеток од неговата исклучителна општествена дејност.

Во овој контекст треба да се наведе и ангажираноста на КПМ, која од своја страна оформила партиска документарна служба за собирањето и проучувањето на грађата за развојот на македонското работничко движење сé до формирањето на КПЈ, која располагала со свои простории и персонал и на тој начин функционирала како составен дел од државната служба на архивската дејност во Република Македонија.

# ЗАКЛУЧОК

Обработката на тематиката за развојот на архивската дејност во Македонија од крајот на Првата светска војна, периодот меѓу двете светски војни, Втората светска војна и почетокот на повоениот развој со конституирањето на македонската федерална држава, претставува клучен период во врска со проучувањето на архивската дејност во Република Македонија.

Оваа тематика, бидејќи на одреден начин малку е обработувана од архивистички аспект, претставува реална потреба за осознавање на историскиот развоен пат на архивската дејност и неопходност да се проучат, анализираат и дефинираат научните елементи на сознанијата за развојот на архивистичката дејност, служба, теорија и паркса во Република Македонија.

Бидејќи прашањето во врска со развојот на архивската дејност до сега интегрално не беше разработувано во Република Македонија како посебна студија, се појави објективна потреба да биде разработено, со оглед на потребите кои се јавуваат во поново време во нашиот државен, научен, културен и просветен развој.

Во содржината на <u>првата глава</u> под наслов "Вардарскиот дел на Македонија во новоформираното Кралство на Србите, Хрватите и Словенците од 1918 до 1921 година и почетоците на архивската дејност", разгледани и анализирани се неколку прашања. На прво место се истакнува проблемот на "Унитаристичкото и централистичкото уредување во Кралството СХС", при што, како *критичка констатација,* можно е да се заклучи, дека во исполнувањето на желбата за превласт во државата, кралот и големосрпската буржоазија наметнале *унитарно и централистичко уредување*, притоа исфрлувајќи ја или воопшто не земајќи ја во предвид можноста за некој друг (федеративен или конфедеративен) начин на уредување на државата.

Во рамките на следниот поднаслов проучена е “Големосрпската политика на централните државни органи", кога со големодржавниот акт во 1922 година бил донесен З*аконот за колонизација* и била создадена правна рамка за спроведување на аграрната реформа во Вардарскиот дел на Македонија, која требало да се изведува во функција на *големосрпската политика за денационализација и асимилација на македонскиот народ.*

Третиот поднаслов се однесува на “Административната поделба и организирањето на локалните органи на власта”, кога бил донесен *Видовденскиот устав* на 21 јуни 19121 година, односно целата новоформирана држава Кралство СХС била поделена на 33 *области*, од кои само три го сочинувале *Вардарскиот дел на Македонија*, и тоа: *Битолската, Брегалничката и Скопската.* Помала административна единица во рамките на областа била *околијата,* или во составот на Вардарскиот дел на Македонија имало вкупно 31 околија, од кои 14 во Битолската, 6 во Брегалничката и 11 во Скопската област.

Четвртиот поднаслов го разгледува проблемот на “Основање на научните и културните институции”, од каде е можно да се заклучи, дека основањата на институции од овој вид и покрај денационализацијата на македонскиот народ претставувале поволен момент за развојот на науката и културата. Тогаш бил основан Филозофскиот факултет во Скопје како прва високошколска факултетска установа, а почнала да функционира и библиотеката при Филозофскиот Факултет, започнал со работа Народниот универзитет, односно почнале со работа наведените научни и културни институции. Тие одиграле важна улога и при формирањето и работата на гимназиите во Битола, Кавадарци и Штип, кои го претставувале главниот правец за натамошното ширење на гимназиското образование во составот на Вардарскиот дел на Македонија.

Петтиот поднаслов го проучува и следи “Карактерот на институциите-фондообразователи и почетоците на архивското работење”, се

однесува на периодот од 1918 до 1921 година, кога се појавуваат институции-фондообразователи и почетните фази на архивското работење во Вардарскиот дел на Македонија и се започнува со процесот на собирање архивска граѓа од работата на државните служби, установи и институции.

При разгледувањето и анализата на ова прашање, важно е да се подвлече моментот, дека биле донесувани и користени во најголемиот дел прописи, односно уредби за канцелариското и архивското работење, кои се движеле во рамките на задоволување на јавните потреби во управните и самоуправни органи на државната администрација.

Во содржината на <u>втората глава</u> анализирани се прашањата во врска со "Архивската дејност и политичко-правната положба во Вардарскиот дел на Македонија од донесувањето на Видовденскиот устав до воведувањето на Шестојануарската диктатура во 1929 година". Од податоците на првиот поднаслов "Промените во организацијата на локалните административни органи по донесувањето на Видовденскиот устав", можно е да се констатира, дека промените во организацијата на локалните административни органи во Вардарскиот дел на Македонија по донесувањето на Видовденскиот устав од 1921 година придонеле за функционирање на локалната самоуправа во рамките на законските одредби.

Во вториот поднаслов "Законските прописи за органите на управата и нивната улога како фондообразователи во државната управа", се проучени законските прописи од работата на органите на управата и останатите институции, кои имале законски ингеренции за зачувување на документацијата.

Во врска со претходните становишта, потребно е да се наведе, дека со Уредбата за административната поделбата на земјата донесена на 26.04.1922 година, државата била поделена на 33 области, кои функционирале во периодот од 1924 до 1929 година. Организацијата, делокругот

и начинот на работа на областите, а со тоа и нивниот состав, собранија и одбори, како и околиските (среските) собранија и одбори, биле одредени врз основа на “Законот за обласната и среска самоуправа", донесен на 26.04.1922 година.

Како втор проблем од наведениот поднаслов анализирани се органите на управата и други институции како фондообразователи во државната управа на Кралството СХС, каде се дефинирани разните видови архивска граѓа настаната во рамките на овој период од работата на државните, воените, полициските и судските органи, како и културно-просветните институции и друштва во Вардарскиот дел на Македонија.

Во содржината на третиот поднаслов “Карактеристиките на канцелариското и архивското работење до 1926 година”, наведени се оценки за основањето на Државниот архив во септември 1926 година во Скопје како главен административен центар на Вардарскиот дел на Македонија и започнувањето на неговата работа со двајца вработени, управникот Д. Лазаревиќ и службителот С. Нешиќ.

Имајќи ги предвид елементите на потешкотии со кои се соочувала архивската дејност во Вардарскиот дел на Македонија на самиот почеток од својата работа, тој момент сепак претставува еден од главните факти во проучувањето на историјата на архивската дејност, нејзината улога, значење и развој во Република Македонија.

Четвртиот поднаслов “Основањето на Архивот во Скопје како прва професионална институција од архивски тип и неговата улога во првите години (1926-1929)”, го констатира почетниот импулс од работата и развојот на архивската дејност и служба во Република Македонија.

Третата глава од трудот посветена е на проучувањето на “Архивската дејност во Вардарската бановина за време на монархофашистичката диктатура во Кралството Југославија (1929-1934 година)”, каде во составот на првиот поднаслов се дадени оценки за “Укинувањето на Видовденскиот устав и управувањето со кралски и владини закони и ука-

зи". Овде се истакнуваат состојбите во врска со експлоатацијата на работниците и незадоволството на селанството; борбите на политичките партии; нерешеното аграрно прашање и посебно, појавата и присутноста на националистичкиот и шовинистичкит став на владеачката големосрпска буржоазија кон решавањето на македонското национално прашање.

Во вториот поднаслов од истата глава анализирани се "Новата административно-територијална поделба и организацијата на канцелариското и архивската работење", кој период траел од 1929 до 1941 година и бил мошне важен во развојот на архивската дејност во Вардарскиот дел на Македонија, се однесува на организацијата на канцелариското и архивското работење во рамките на т.н. "Вардарска бановина", како составен дел на Кралството Југославија. Во наведениот период биле донесени одреден број законски прописи, правилници и службени акти за канцелариското работење на државните и административни служби, кои во голем степен влијаеле и врз работата на Државниот архив во градот Скопје.

Канцелариското и архивското работење во Вардарската бановина во периодот 1929-1934 година, според карактеристиките и системот на работа, се надоврзува на архивското и канцелариското работење во Вардарскиот дел на Македонија од претходниот временски период од 1918 до 1926 и потоа сé до 1929 година. Најважното решение за начинот на работата и извршувањето на канцелариското работење во тој период, дало министерството за финансии, со донесувањето на "Правилник за деловен ред" во мај 1930 година.

Во текот на 1931 година се направил првиот сериозен чекор кон воведувањето на еднообразниот канцеларски деловодник, односно бил предложен "Деловник за општи управни власти", донесен од министерскиот совет во октомври 1931 година. Овој "Деловник" со своите рационални решенија послужил како појдовна основа во понатамошниот раз-

вој на канцелариското работење во повоениот период, а пред сé претставува значајна развојна етапа во архивската дејност во периодот меѓу двете светски војни.

Третиот поднаслов се однесува на улогата и значењето на "Подарениот (Октроираниот устав) од септември 1931 година и архивското работење", каде се разгледани последиците за македонскиот народ од донесувањето и примената на наведениот устав и архивската граѓа настаната во овој период, како и водењето на администрацијата, службеното, канцелариското и архивското работење во составот на Вардарскиот дел на Македонија.

Во однос на административното уредување, уште во текот на 1929 година, државата била поделена на девет бановини и истата поделба со донесувањето на т.н. "Октроиран устав" и понатаму останала во сила.

Четвртатата глава го разгледува прашањето во врска со "Враќањето на партискиот плурализам и парламентарниот систем во Вардарската бановина до пропаѓањето на Кралството Југославија од 1935 до 1941 година", каде во неколку поднаслови се дадени оценки за развојот на политичките и социјално-економските настани и прилики во споредба со состојбите и работата на архивските служби и канцеларии во Вардарскиот дел на Македонија.

Во рамките на првиот и вториот поднаслов презентирани се "Барањата на опозицијата за воведување на федеративен и демократски принцип на уредување и донесувањето на новиот устав", и "Промените во внатрешното уредување во државата по спогодбата Д. Цветковиќ - В. Мачек и формирањето на Хрватската Бановина", каде се дадени анализи и оценки за значајните историски настани и прилики во земјата, додека во содржината на третиот поднаслов "Органите на управата и другите институции и организации во Македонија како фондообразователи и извори на документација", проучени се аспектите на неколку видови прашања и проблеми во врска со настанувањето на архивската до-

кументација во институциите на системот, односно органите на управата и другите државни служби и орaганизации, потоа стопанските претпријатија, задруги и акционерски друштва, културата, просветата и верската организизација, како фондообразователи и извори на документацијата што настанувала во Вардарскиот дел на Македонија во периодот од 1935 до 1941 година.

Четвртиот и петтиот поднаслов од истата глава ги следат и проучуваат развојните етапи на " Карактеристиките на канцелариското и архивското работење во Македонија до април 1941 година" и "Дејноста на Архивот во Скопје до април 1941 година", во кои се објаснуваат елементите, принципите и прописите на канцелариското работење и квалитетот на понудените решенија, кој службен процес означувал воведување нови стандарди во работата на писарниците и давање конкретни насоки за начинот и содржината на канцелариското работење во државните органи и воопшто во администрацијата на Кралството Југославија во периодот од 1931 до 1941 година.

Во петтиот поднаслов кој се однесува на "Дејноста на архивот во Скопје до април 1941 година", во периодот од септември 1926 до април 1941 година, анализирани се напорите и активното работење на управникот Д. Лазаревиќ во текот на поголемиот дел од наведениот период, кога со својата самопрегорност и во служба на српската власт, овозможил, со променлив успех, архивската дејност да го одржи својот континуитет во Вардарскиот дел на Македонија.

Самиот начин на работа, управникот Д. Лазаревиќ го уверил, дека било неопходно потребно, подобро научно да се запознае со архивистиката и затоа во текот на 1932 година започнал да соработува со архивите во Белград, Загреб и Љубљана, со цел да се здобиел со нови искуства и сознанија од областа на архивистиката.

При оценувањето на претходните прашања, оценки и становишта, неопходно е да се констатира и нагласи, дека Државниот архив во

Скопје претставувал институција, која постоела во системот на државната управа на т.н. “Вардарската бановина”, но го немал значењето како архивите во Белград, Загреб или Љубљана. Од тие причини, континуитетот во работата и постоењето на оваа архивска институција во Скопје и воопшто во Вардарскиот дел на Македонија, како и нејзиното редовно финансирање и функционирање, своето најголемото значење го имала, во одвивањето на одреден обем и квалитет на архивска дејност во овој дел на државата. Активноста на управникот Д. Лазаревиќ во текот на 1937 година, стандардизирала одреден број редовни дејности во архивското работење, за кои оправдано барал и финансиско покритие.

Последниот шести поднаслов од оваа глава на одреден начин го дефинира проблемот на прашањето во врска со “Судбината на архивската граѓа во периодот на Априлската војна”, кога архивската граѓа, архивските книги, документарниот материјал и другите изворни податоци од прворазредно значење почнале да се собираат од бугарските окупаторски власти низ целиот Вардарски дел на Македонија и да се пренесуваат во Бугарија, кое архивско прашање, како актуелен проблем сеуште постои повеќе од шест децении и понатаму останува отворен во однос на судбината на архивската граѓа однесена од Вардарскиот дел на Македонија.

Содржината на петтата глава ги проучува и анализира проблемите во врска со “Воспоставувањето на новата окупација и поделба на Македонија меѓу Бугарија и Италија и промените во архивската дејност (април-мај 1941 година)”, при што во рамките на првиот поднаслов се следи “Воспоставувањето на бугарскиот окупаторски систем и спроведување на големобугарската политика во Скопската и Битолската област”, при што е неопходно да се заклучи, дека претходниот српски окупационен систем бил наполно заменет со бугарскиот и истовремено претставувал организациона поврзаност на власта со повеќе области на

општествената дејност: политичката, воената, полициската, државно-правната, административната, социјално-економската, образовната и црковната.

Вториот поднаслов "Улогата на органите, институциите и организациите како фондообразователи", се осврнува врз анализата на состојбите настанати непосредно по почетокот на Втората светска војна и воспоставувањето на бугарската окупација во Вардарскиот дел на Македонија, односно формирањето на архивската документација од наведениот период.

Во третиот поднаслов кој ја обработува "Архивската дејност под бугарска окуопација", дадени се становиштата и оценки за односот на бугарските власти кон српските архивски фондови и документација, за полицискиот апарат, судството, црквата, просветата, културата, здравството и други сфери на општествениот живот, како и организацијата на општината во Македонија.

Во четрвтиот поднаслов "Воспоставувањето на италијанската и албанската окупација во Западниот дел на Вардарска Македонија" е анализирано воспоставувањето на италијанскиот окупаторски систем, т.е. воената, цивилната и судската власт, анектирањето на Западниот дел на Вардарска Македонија кон Албанија, формирањето на префектура или окружна управа до Дебар. Посебно е даден осврт и анализа на политиката на италијанската и албанската окупаторска власт кои спроведувале денационализација и асимилација.

Во петтиот поднаслов "Организција на органите на управата, институциите и организациите како фондообразователи: се анализирани организационата поставеност на централните државни и локалните органи на власта, нивните комопетенции и нивното значење како фондообразователи на значајна граѓа за историјата на македонскиот народ во обработуваниот период.

Во шестиот поднаслов “Архивската дејност во Вардарскиот дел на Македонија под италијанска и албанска окупација” се обработени настанатите фондови со граѓа во правосудството од дејноста на окупаторските власти, која е од извонредно значење за проучување на Западниот дел на Вардарска Македонија во времето од 1941 до 1944 година.

Шестата глава од трудот под наслов “Создавањето на документацијата во текот на Народноослободителната војна 1941-1944 година”, се посветува на проучување на почетоците од формирањето на македонската национална архивистика и документација на македонски јазик во текот на НОБ и Народната револуција, каде во првиот поднаслов “Настанувањето на документацијата во КПМ, Народноослободителната војска, органите на Народната власт и грижата за нејзината заштита”, се проучени општите елементи на карактеристиките во врска со настанувањето на граѓата и документацијата во рамките на дејствувањето на КПМ на територијата на денешна Република Македонија или во командните тела и органите на НОВ, како и во органите на народната власт, кои почнале да се формираат како фондообразователи во текот на Втората светска војна, посебно во периодот на 1943-1944 година. Таа претставуваат клучна историско-правна и воено-политичка документација за конституирањето на македонската државност. При анализирањето на наведените состојби и прашања, посебно се истакнуваат етапите од настанувањето на документацијата од дејноста на КПМ, органите на народната власт и граѓата настаната во текот на НОБ.

Во состав на вториот поднаслов од последната глава “Конституирањето на македонската федерална држава и почетоци на архивската дејност”, изложени се два вида научни факти. Првиот е непосредно поврзан со појавата на македонската држава, врз основа на историските решенија донесени на Првото заседание на АСНОМ, одржано на 2 август 1944 година во манастирот Св. Прохор Пчињски - Кумановско, и

вториот, кој се однесува на формирањето и изградувањето на македонската документарна и архивистичка дејност.

Како што се гледа од содржината на претходно направениот преглед, врз основа на извршената анализа на наведените становишта и оценки, кои се однесуваат на рефлексијата од објаснувањето и проучувањето на развојните етапи на македонската архивистичка дејност и при тоа разгледувајќи го делокругот на историските и националните интереси од нејзиниот развој, можно е да се заклучи и констатира, дека тие претставуваат чекор напред кон стејнување нови научни сознанија за развојот на архивската дејност во Македонија, како и задоволување на потребите на македонската историографија при проучувањето на наведениот проблем.

# ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## I. ИСТОРИСКА ЛИТЕРАТУРА

### А) НЕОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

1. Државен архив на Република Македонија

Фондови:

Државна архива на Скопје ( 1926-1939), (337),
Филозофски факултет - Скопје (1920-1941), (323),
Библиотека на Филозофскиот факултет - Скопје (1920-1941), (336).

2. Архив на Србија и Црна Гора

Фондови:

Министарство просвете (1918-1941), (66),
Министерство унутрашњих послова (1918-1941), (14),
Министарство правде (1918-1940), (63),
Министарство вера (1918-1940), (69),

### Б) ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ


- Петреска, Д., Сведоштва за претставници на великосрпскиот режим за самоволијата и насилството на српските контрачети во Брегалничката област во 1923-1924 година, "Историја", XXX/1-2, Скопје, 1994, 89-101.
- Тодоровски, Г., П. Домазетовски, Окупацијата на Западна Македонија 1941-1944, Документи, Струга - Јабланица, 2003, 303.
- Закон о називу и подели Краљевине на управна подручја. Народна одбрана, Београд, IV, 1929, ббр. 41, 674-677.
- Закон о чиновницима и осталим државним службеницима граѓанског реда, Београд 1923.
- Закон о личним именима, Збирка закона, св. 16, Београд 1929.

- Извештај о раду Народног универзитета у Скопљу и Јужној Србији 1923-1928, Скопље 1928.
- Извештај о проучавању Јужне Србије на терену, Гласник СНД, кн. XI, Скопље 1932.
- Меморандум о Филозофском факултету у Скопљу, Скопље 1933.
- Petranović, B,, Istorija Jugoslavije 1918-1988, Knjiga prva, Kraljevina Jugoslavije 1914-1945, Beograd 1988, 431.
- Резолуција на внатрешната и меѓународната положба на Македонија. Зборник на документи за создавање на македонската државност (1893-1944). Избор и редакција проф. Христов д-р Александар, Скопје 1970.
- Скопско научно друштво, Годишњак I-VIII (1921-1928), Скопље 1928.
- Српски извори за историјата на македонскиот народ, 1912-1914, избор, редакција и коментар: д-р Глигор Тодоровски, ИНИ, Скопје 1979.
- Уредба о подели земље на области. Закон о општој управи. Закон о обласној и среској самоуправи, уред. Михаило Илиќ, Збирка закона, св. I, Београд 1927.
- Устав Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца (Обнародован у бр. 142-а Службених новина на Видов - дан 28 јуна 1921 год. У Београду, Београд, 1919.
- Čulinovič, Prof. dr. F., Dokumenti o Jugoslaviji. Historijat od osnutka zajedničke države do danas, Zagreb, 1968.
- Čulinović, F.,Jugoslavija između dva rata, I, Zagreb, 1961, 550.
- Čulinović, F., Jugoslavija između dva rata, II, Zagreb, 1961, 340

## В) ЗБОРНИЦИ ОД НАУЧНИ СОБИРИ И ЗБОРНИЦИ НА ДРУГИ МЕТАРИЈАЛИ

- ВМРО ( ОБЕДИНЕТА ) Документи и материјали, Книга III, Избор, редакција и коментар Иван Катарџиев, изд. ИНИ, Скопје, 1992, 386.
- Vrčinac, J., Spoljna politika Jugoslavije u periodu 1919-1941 godine. Iz istorije Jugoslavije 1918-1945. Zbornik predavanja. Beograd, 299-313.

- Iz istorije jugoslavije 1918-1945. Zbornik predavanja. NOLIT, Beograd, 1958.
- Katardžiev, I., Makedonsko pitanje u odnosima antantinih saveznika u toku 1918 god.. Istorija XX veka, Zbornik radova, VII, Beograd, 1966.
- Пачемска,Д., ВМРО (Обединета) и државноста на македонскиот народ. Зб.: АСНОМ во создавањето ..., 277-283.
- истата, Улогата на ВМРО (Обединета) во запознавањето на меѓународното работничко движење меѓу двете светски војни, Зб.: Десет дена Крушевска република, Скопје, 1983.
- Терзиоски, Р., Некои аспекти на отпорот на македонскиот народ против денационализаторската политика на бугарскиот окупатор во окупирана Македонија (1941-1944), ГИНИ, XV, Скопје, 1971, бр. 3, 71.

## Г) СТАТИИ ВО СПИСАНИЈА И ЗБОРНИЦИ

- Апостолов, А., Вардарска Македонија до изборите за конституанта - 28 декември 1920, Годишен зборник на Филозофски факултет, кн. 13, Скопје 1962.
- истиот, Обиди за колонизација на Македонија во условите на националните пропаганди на соседните држави, Годишен зборник на Филозофски факултет, кн. 15, Скопје 1963.
- истиот, Специфичната положба на македонскиот народ во Кралството Југославија, ГИНИ, бр. 1, Скопје, 1972.
- Apostolski, M., Hristov, A., Terzioski, R., Položaj okupirane Makedonije u Drugom svetskom ratu 1941-1944. JIČ, Beograd, 1963, br. 3, 43.
- Битоски, К., Положбата во Вардарска Македонија за време на бугарската окупација (1915-1918). ГИНИ, Скопје, V, 1960, бр. 1-2, 41-81.
- Vrčinac, J., Kraljevina Srba, Hrvata i Slovenaca od ujedinjenja do Vidovdanskog procesa, Beograd, 1956.
- Главни извештај Кола Српских Сестара у Београду. Вардар, Календар за просту годину 1925, Београд, XIV, 1924, 123-135.
- Gligorijević, B., Parlamentarni sistem u Kraljevini SHS (1919-1929), Politički

život Jugoslavije 1914-1945, Zbornik radova, Beograd 1973.
- Грујић, М., Рад., Скопско научно Друштво, Јужна Србија, Скопље, 1925, бр. 48, 54-55.
- Doklesič, Lj., Kroz historiju Makedonije. Izbrani izvori. Makedonski narod pod vlašču susednih država (1912-1941). Školska knjiga, Zagreb, 1964, 204-238.
- Елезовић, Г., Скопље као културно средиште. Гласник Професорског Друштва, Београд, V, 1952, knj. V, sv. 4, 276-281.
- истиот, Скопље као културно средиште. Скопље и Јужна Србија, Београд, 1925, 116-121.
- Жикић, Б., Национализам и просвета у Македонији. Народна просвета, III/1921, бр. 13, 3-4.
- Извештај Скопског Народног Универзитета 1923-28 г., Скопље. Јужни Преглед, Скопље, IV, 1929, бр. 3, 139.
- Јанев, Ј., Улогата на "автономистичката" ВМРО во изборите за Конституанта во Вардарска Македонија во 1920 година, ГИНИ, XXX, бр. 1-2, Скопје, 1986.
- Јелачић, д-р А., Народни универзитет у Јужној Србији. Јужни Преглед, Скопље, VI, 1931, бр. 3, 131-135.
- Krizman, dr. Bogdan, Stvaranje Jugoslavije. Iz istorije Jugoslavije 1918-1945. Zbornik predavanja. Beograd, 1958, 147-184.
- Лапе, Љ., Придонес на македонските студенти во странство за развитокот на македонската национална мисла и одбраната на македонскиот национален индивидуалитет. Историја, год. VI, бр. 2, Скопје, 1970.
- Миноски, М., Погледи и барања за решавање на македонското национално прашање во рамките на југословенската држава во времето на Парискатa мировна конференција во 1919 год. ГИНИ, год. XXX/2, Скопје, 1987.
- Митровски, Б., Поважни настани во Народноослободителната борба во Западна Македонија, ГИНИ, Скопје, III, бр. 1, 1959, 7.
- Сланкаменац, Д-р П., Библиотека Универзитета у Скопљу и Јужној

Србији, Књига I, 1928, Јужни Преглед, Скопље, II, 1928, бр. 8, 377-378.
- Пачемска-Петреска, Д., Македонската федеративна група во Виена и весникот "Македонско сознание" во периодот 1923-1925 год., ГИНИ, год. XXXI, Скопје, 1987.
- Popović, I., Desetgodišnjica Skopskog Filozofskog fakulteta, Smena, mart-feb-ruar 1931.
- Popović, V., Podela zmelje na oblasti, SKG, V/I, 1. Januar 1922.
- Наумовски, С., Напредното учителство во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни (1918-1941), ИНИ, Скопје, 1992, 243.
- Сидовски, К., Преглед на прехранбената индустрија во Н. Р. Македонија 1912-1940, ГИНИ, бр. 2, Скопје 1958.
- Сланкаменац, П., Извештај скопског народног универзитета 1923-28 г., Скопље.
- Slijepčević, P., Kolonizacija u Južnoj Srbiji, Glasnik SND, knj. V, Skoplje 1929.
- Соколов, д-р Л., Бројната состојба и социјалната структура на средношколската интелигенција во Вардарска Македонија. ГИНИ, Скопје, IV, 1960, бр. 1-2, 230-241.
- Терзиоски, Р., Некои аспекти на отпорот на македонскиот народ против денационализаторската политика на бугарскиот окупатор во окупирана Македонија (1941-1944), ГИНИ, XV, Скопје, 1971, бр. 3, 71.
- Тодоровски, Г., Просветната политика на Кралството Србија во Македонија по балканските војни (1913/14 г.). ГИНИ, Скопје, X, 1966, бр. 1, 95-134.
- Тодоровски, З., Воената организација, стратегијата и тактиката на ВМРО во период 1925-1934, ГИНИ, год. 38, бр. 1-2, Скопје, 1994.
- Уредба од 2 фебруара 1920 о Филозофском факултету у Скопљу и Правном факултету у Суботици. Службене новине,.Београд, 7 децембар 11920, бр. 37.
- Устав у Маћедонији. Социјалистичка Зора, Скопље, XI, 11920, бр. 11, 1- 2.

- Ц.К. В.М.Р.О. (Обединета). Апел свим напредним организацијама, групама и пријатиљима угнетених и поробених народа. Балканска федерација, IV, 1 јуни 1928, бр. 93, 1982-1983.
- Чинговски. Н., Коминтерната и македонското прашање од 1919 до 1924 година. Работничкото движење на Македонија до 1929 година, Скопје, 63-75.

## Е) МОНОГРАФИИ

- Апостолов, А., Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија, "Култура", Скопје, 1966.
- Глигоријевиќ, Б., Парламенти и политичке странке у Југославији (1919-1929), Београд, 1979.
- Пачемска,Д., Внатрешната Македонска Револуционерна Организација (Обединета), Скопје, 1985.
- Ивановски, д-р В., Активноста на СКОЈ и народната младина на Македонија во Народноослободителната војна и револуцијата (1941-1945), изд. Просветно дело, Популарна историска библиотека, Скопје 1980, 29.
- Lukič, D-r P., Političke stranke, Beograd, 1975.
- Цветковска, д-р Н., Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, изд. ИНИ, Скопје 2000, 228.
- истата, Граѓанските партии во вардарскиот дел на Македонија (1935-1941). изд. ИНИ, Скопје, 1996, 235.
- Терзиоски, д-р Р., Денационализаторската дејност на бугарските културно-просветни институции во Македонија, изд. ИНИ, Скопје 1974, 424.
- Зографски, Г. Т. и Зографски, А. Д., КПЈ и ВМРО (Обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930. Институт за национална историја, Скопје, 1974.
- Историја на македонскиот народ, кн. трета, Период меѓу двете светски војни и Народната ревоуција 1918-1945, Скопје, 1969, 488.

- Историја на македонскиот народ, Просветно дело, Скопје, 1972, 417.
- Историја на македонскиот народ, изд. Институт за национална историја, том четврти, Македонија меѓу Балканските војни и Втората светска војна (1912-1941), д-р Иван Катарџиев, Скопје, 2000, 586.
- Историја на Македонскиот народ, том 5, Скопје, 2000, 362.
- Jovanović, V., Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929, Makedonija, Sandžak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd 2002, 403.
- Јанев,Ј., КПЈ во парламентарните изборни борби во Вардарскиот дел на Македонија (1919-1921), ИНИ, Скопје, 1992, 251.
- Јовановиќ, М., Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија (1919-1929), Скопје, 1983.
- Картов, В., Борбата на македонскиот народ за национално самоопределување (1912-1941), Култура, Скопје, 1987, 483.
- Катарџиев, д-р И., КПЈ во Македонија до Обзнаната. "Култура", Скопје, 1961.
- Мојсов, Л., Околу прашањето на македонското национално малцинство, Скопје, 1954.
- Цветковска, Н., Политичките партии во парламентарните изборни борби во Вардарскиот дел на Македонија (1919-929), ИНИ, Скопје 2004, 322.
- истата, Политичката активност на македонската емиграција во Бугарија од 1918 до 1929 година, ИНИ, Скопје, 1990, 226.
- Simeunović, V., Stanovništvo Jugoslavije i Socijalističkih Republika 1921-1963. - Ukupno stanovništvo , polna i starosna struktura. - Sacezni zavod za statistiku, Beograd, 1964.
- Сидовски, К., Развитокот на индустријата во НР Македонија во периодот меѓу двете светски војни (1918-1041), Економски институт - Скопје, 1960.
- Strugar, V., Rat i revolucija naroda Jugoslavije 1941-1945, Beograd, 1962.
- Тодоровски, д-р Г., Просветната политика на Кралството Србија во

Македонија по Балканските војни 1912-1915., “Просветно дело”, Скопје, 1975.
- Šulinovič, F., Jugoslavija izme|u dva rata, Zagreb, I, 1961.

## II. АРХИВИСТИЧКА ЛИТЕРАТУРА

## А) ОСНОВНА ЛИТЕРАТУРА

- Antoljak, S., Pomocne istorijske nauke, Kraljevo, 1971.
- Beuc, I., Arhivistika, Zagreb, 1968.
- Brenneke, A. - Leesch W., Archivkunde (Arhivistika), Leipzig, 1953.
- Vilfan, S. - Žontar J., Arhivistika, Ljubljana, 1984.
- Константинов, М., Заштита на архивската граѓа, Скопје, 1972.
- Константинов, д-р М., Административно-териториjалната поделба на Македонија за време на бугарската окупација, со осврт врз организацијата на бугарската власт и канцелариското работење во периодот 1941-1944 година. Републичко советување одржано на 29 и 30 мај 1969 година, изд. Друштво на Архивските Работници на СРМ, Скопје, 1969.
- Žontar, J,, Arhivistika, Ljubljana, 1984.
- Из архивистике, Приручник за службенике архива, Београд, 1959.
- истиот, Архивистика, Скопје, 1986.
- Nježić. Z., Razvitak sistema upravnih registratura, Arhivist, XX/1970, br. 2, Beograd 1970, 134-141.
- Приручник из архивистике, Теорија и пракса у државним архивима, (превод од фрнацуски), Београд, 1982.
- Priručnik iz arhivistike, SDARJ, Zagreb, 1977.
- Поповиќ-Петковиќ, Р.,Постанак и развој архивистике у Србији и Македонији, Београд, 1972.
- Rječnik Arhivske Terminologija Jugoslavije, Zagreb, 1972.
- Schellenberg, Th., Modern archives (Sovremeni arhivi), Chicago, 1957.
- истиот, The management of Archives (Архивско работење), New York - Paris, 1965.

- Стојчевски, Ѓ., Прирачник по Архивистика I за студентите од III година, смер: Историја со архивистика, Скопје 2003, 178, за интерна употреба.

- Кирјазовски, Р. Административно-територијалната поделба на Македонија во времето на турското владеење од 1871 до 1912 година, Скопје, 1972, Македонски архивист, 1973.

- Зајковски, Т., Административно-територијална поделба, организација на власта и канцелариско работење во Македонија од 1918 до 1941 година. Републичко советување одржано на 29 и 30 мај 1969 година, изд. Друштво на Архивски Работници на СРМ, Скопје, 1969.

- истиот, Проблеми во врска со средување и обработка на архивска граѓа од социјалистичкиот период, Скопје, 1981.

## Б) ПРИРАЧНИЦИ ПО АРХИВИСТИКА

- Arhivistika za osnovna poznavanja bibliotekarstva, Beograd 1952, 172,

- Iz arhivistike, Prirucnik za službenike arhiva, Beograd 1959.

- Iz arhivistike, Prirucnik za službenike arhiva. (Priredili Jaćimovič O., Jelisavetov, O. i Petranovic A.), Beograd 1959, 270.

- Naucno-informativna sredstva i njihova primena u arhivu (Predavanja održana u Državnom arhivu Srbije na Seminaru za upravnike arhiva u Srbiji od 22-25.IV.1959.), Beogad, 1959, 33.

- Beuc, I., Arhivistika, Predavanja na arhivističkom tečaju u Zagrebu 1968 (ciklostilom), Zagreb 1968, 170.

- Butorac, J. i Bačić S., Iz historije pisanog dokumenta, Zagreb 1966, 110.

- Schellenberg, T. R., Modern archives, Principles and techniques. Chicago 1957, 248, Prijevod: Moderni arhivi. Principi i tehnika rada. Preveli: S. Davidovic i K. Nemeth, Beograd 1968, 257.

- Vilfan, S. - Žontar, J., Arhivistika, Ljublana 1973, 170.

# II. БИБЛИОГАРФИЈА ПО ПОДРАЧЈА

## 1) АРХИВИ

- Архив на Македонија 1951-1986, Развојниот пат–Архивско законодавство–Средувањето и обработката на архивската граѓа како приоритетна задача на Архивот–Научно-информативни средства–Истражувачка дејност–Издавачка дејност, Јубилејно издание по повод 35-годишнината на Архивот на Македонија, Архив на Македонија, Скопје,1986, 7-89,
- Arhiv na Makedonija, Archives of Macedonia 1951, Arhiv na Makedonija, Skopje 1996, 5-30,
- Дојчиноски, д-р К., Актуелните задачи на архивите во времето на транзицијата, Меѓународна тркалезна маса, Архив на Македонија, Охрид, 10-12 јуни 1996, 29-43,
- Papritz, J., Grenzbereiche des Archivgutes, ARCHIVAR, 3/1973, 379-390.
- Vilfan, S. - Žontar, J., Arhivistika, Ljublana 1973, 9-12.

## 2) НАСТАНУВАЊЕ НА АРХИВСКАТА ГРАЃА

- Bačić, S., Evidentiranje arhivske gradje izvan arhiva, Arhivski Vjesnik (AV), X/1967, 135-138.
- Vilfan, S., Kancelarijsko poslovanje i arhivska sluzba, A, 1-2/1958, 29-41.
- Milošević, M., Za efikasniji nadzor nad privatnim arhivima, Arhivist (A), 3-4, 1957, 16-24.
- Константинов, М., Архивски прописи, Заштита на архивската граѓа, Историски Архив – Скопје, Скопје 1972, 77-134,
- Taleski, T., Utvrdjivanje registratura koje stvaraju arhivski gradju i odabiranje arhivska gradje iz registraturnog materijala u Makedoniji, A, 1/1969, 65-73.
- Stulli, B., O valorizaciji i kategorizaciji arhivske gradje (AV), XIII/1970, 463-485.

## 3) КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ

- Vilfan, S., Kancelarijsko poslovanje i arhivska služba, Arhivist, 1 - 2/1958, 29-41.
- Z. Nežić, Razvitak sistema upravnih registratura, Arhivist, Beograd, Godina XX/1970, br. 2, 233.

## 4) ОДБИРАЊЕ И ИЗЛАЧУВАЊЕ

- Bačlć, S., Fondovi u registraturama ustanova i organizacija republićkog značaja, A, 2/1961, 58-81.
- истиот, O propisima za odabiranje i izlučivanje registraturne gradje, Arhivski Vjesnik, Zagreb,15/1972, 255-264.
- istiot, S., O vodjenju evidencija u arhivima, Arhivski vjesnik, 6/1963, 250 - 267.
- Vilfan, S., Škartiranje, A, 1-2/1957, 31-46.
- Gavrilovč, D. J., Metodologija škartiranja, Arhivski pregled, Beograd, 1-2 / 1966, 25-35.
- Георгиевски, К., Постапката и подготовките при одбирањето на архивската граѓа од регистратурсиот материјал во регистратурите, согласно Упатството на Архивот на Македонија, Прилози 16/1971, 63-67.
- Талески, Т., Одабирање на архивската граѓа од регистратурскиот материјал во работните организации, Архивист, 19/1969, 65-73.
- Smith, W., Archival Selection: A Canadian View, JO, 6/1967, 275-280.

## 5) СМЕСТУВАЊЕ НА АРХИВСКАТА ГРАЃА ВО ДЕПОТО

- Беклемишева, М., А., Шаранов, Ф., И., Рационалное размечение документалних материалов в хранилчах ЦГАНХ СССР, СДА, 4/1067, 78-81.
- Константинов, М., Заштита на архивската граѓа, Чување, Скопје, 1972, 39-42.
- Stefanović, M., Uputstva za čuvanje arhivske građe , A, 1/1955, 63-68.

## 6) АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕРИТОРИЈАЛНА ПОДЕЛБА, ЗНАЧАЈНИ ФОНДООБРАЗОВАТЕЛИ И КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА


- Стојчевски Ѓ., Државниот архив на Република Македонија и неговата улога во развојот на македонската култура и наука, Скопје 2002, за интерна употреба.
- Кирјазовски, Р., Организацијата и надлежноста на општинската управа во Македонија од втората половина на XIX век врз основа на архивски материјали што се чуваат во Архивот на Македонија, МА, 1973 / 2, Скопје 1973, 224.
- Константинов, д-р М., Административно-територијалната поделба на Македонија за време на бугарската окупација, со осврт врз организацијата на бугарската власт и канцелариското работење во периодот 1941-1944 година, Републичко советување одрзано на 29 и 30 мај 1969 година, изд. Друштво на Архивските работници на СРМ, Скопје 1969, 23.
- Зајковски, Т., Административно-територијална поделба, организација на власта и канцелариското работење во Македонија од 1918 до 1941 година, Републичко советување одржано на 29 и 30 мај 1969 година, изд. Друштво на Архивските Работници на СРМ, Скопје 1969, 64.
- Уредба за канцелариско и архивско работење, Сл. весник на РМ, 58/96.


## 7) НАУЧНО-ИНФОРМАТИВНИ СРЕДСТВА И НАУЧНА ДЕЈНОСТ НА АРХИВИТЕ


- Biljan F., Vilfan S., Miloševič, M., Obaveštajna sredstva arhiva u službi nauke (Referat na VII Medjunarodnom kongresu arhiva u Moskvi 1972), Arhivist, 1-2/1973, 21-56.
- Jačimović, O., Arhivske publikacije, AP, 1/1969, 34-53.
- Milošević, M., Tendencija razvoja nekih naučnoobavestajnih sredstava, Arhivist, Beograd 3-4/1958, 133-161.

- Nemeth, K., Uputstvo o vodjenju nekih evidencija arhivske gradje i izradi naucnoinformativnih pomagala, AV, 3/1960, , 497-505.
- истиот, Arhivska pomagala, AV, 11/12/1968--1969, 325-354.
- Nikiforov-Belov, Teorija i praksa arhivske službe SSSR, Informativna sredstva, prevod s ruskog, Beograd 1976, 144-293.
- Popović, N., Zainteresovanost istorijske nauke za izradu naučnoobaveštajnih sredstava u arhivima, Materijali sa Saveznog savjetovanja arhivskih radnika Jugoslavije u Ohridu 1969. godine. Ohrid, 1969. .
- Taskon, A., M., Arhivske publikacije, Arhivist, Beograd, 1-2/1964, 69-91.

## 8) АРХИВСКИ ИНФОРМАЦИИ

- Stamatović, D., Naučnoinformacialna delatnost i informaciona delatnost biblioteke, *Bibliotekar,* Beograd, 1950, 5.
- Brooks, PH., Research in Archiveswthe use of Unpublished Primary sources, , The University of Chicago Press, 14-36.
- Kundeli, W., To serve Scholarship, AA (American Archivists), 4/1967.

## 9) КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА

- Arhivska tehnika, Arhivsko društvo Sloveije, Ljubljana, 1972.
- Беленскайа, Н, Г., Иструбцина, Т. В., Смирнова, А. В., К вопросу о старении бумаги, Проблема долговечности документов и бумаги, Москва-Ленинград, 1964, 15-35,
- Kathpalia, Y. P., Conservation et restauration des documents d'archives, UNESCO, Paris 1973.
- Мизин, П. Ю., Церевитиноц, Н. А., Технологиа хранениа документалних материалов, Главное Архивное Управление МВД СССР, Москва, 1950, 20.
- Ribkin, T., Vlaga u arhivskim spremištima, Arhivski vjesnik, Zagreb, 1960, III, 3, 279-288.
- Садурска, И., Микробиологично разлагане на архивните материали, Архивен преглед, 4, 1978:35-41. Главно управление на архивите при Министарскиа

савет на Булгарийа (39).

## 10) АРХИВСКА ЗГРАДА

- Voronin, I., La construction des batiments d'archives en USSR, ARCHIVUM, VII/1957, 3-9.
- Granier, G., Zur Magazinierung moderner Akten, AZ, 64/1968, 69-78.
- Haase, C., Raumverteilung in Archivbauten, ARCHIVAR, 2/1967, 115-140.

## III. ДРЖАВНАТА УПРАВА И АРХИВИТЕ

### А) ЛИТЕРАТУРА

- Гелевски С., Гризо Н., Давитковски Борче, Управно право, Скопје 1997, 385.
- Давитковски, д-р Б., Организација на управата во Република Македонија, Годишник на Правниот факултет во Скопје, 1996/98, 116 - 129.
- Сланинка-Динева, м-р М., Правната положба и организација на јавната управа во Република Македонија, Годишник на ИСППИ, Скопје, 1998, 257-275.

### Б) НОРМАТИВНИ АКТИ

- Општ закон за државните архиви во Југославија, Сл. весник на ФНРЈ, бр. 12 од 18 февруари 1950.
- Закон за државните архиви, Сл. весник на НРМ, бр. 1 од 12 јануари 1951.
- Закон за архивската граѓа и архивите, Сл. весник на СРМ, бр. 16 од 21 април 1965.
- Закон за архивската граѓа, Сл. весник на СРМ, 36/90,
- Закон за изменување и дополнување на законот за архивската граѓа, Сл. весник на РМ, 36/95,
- Закон за културата, Сл. весник на РМ, 31/98,

- Уредба за Архивскиот Совет на Народна Република Македонија, Сл. весник на НРМ, 3 од 18 февруари 1952,
- Решение бр. 2543 од 31 мај 1946, со кое Министерството за народна просвета на НР Македонија формирало Комисија за прибирање на архивска граѓа, Сл. весник на НРМ, бр. 19 од 18 јуни 1946.
- Писмо од Министерството за народна просвета, бр. 2500 од 3 мај 1945 година, со кое се известува Главниот штаб на Југословенската армија за Македонија за намерата да се формира Архив на Народноослободителното движење на Македонија во составот на Народната библиотека во Скопје.